# Штипските Евреи



11.03.1943

ЕВРЕЈСКА ЗАЕДНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

За Еврејската заедница во Македонија
ВИКТОР МИЗРАХИ
ПЕПО ЛЕВИ

Уредник:
ЛИЛЈАНА ШАРОВИЌ

Рецензенти:
ЉУБОМИР ГЕРАСИМОВСКИ
МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ

Ликовно обликување на корица
СТАНИСЛАВА ШАРОВИЌ

# ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ И СЕЌАВАЊА**

УЧЕНИЧКИ ТВОРБИ ОД ФОНДАЦИЈАТА
"11 МАРТ 1943 - ШТИП"

Еврејска заедница во Македонија
Скопје, 1999

# ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ И СЕЌАВАЊА**
УЧЕНИЧКИ ТВОРБИ ОД ФОНДАЦИЈАТА
"11 МАРТ 1943 - ШТИП"

11 03 1943

Еврејска заедница во Македонија
Скопје, 1999

## *Предговор*

*Два милениума македонскиот народ го дели овој простор со изгнаници од еврејскиот раселен народ. Нивни видни претставници оставиле историски белег во историјата на Македонија. Дури, според Александар Матковски, можно е и самите солунски словенски просветители Светите Кирил и Методија да имале еврејско потекло, а архиепископскиот стол во Охрид долго го држел покрстениот Евреин Леон Леунг (1107-1120). Во истиот Охрид во 1328 година е роден и на времето прочуениот лекар и знаменит талмудист и филозоф Јуда Москона. Видни трговски и занаетчиски семејства ја држеле чаршијата, а легендарни станале специфичните еврејски маала што им давале печат на низа македонски градови. Независно од конфесионалната сепарираност, Евреите во Македонија секогаш биле вклучени во сите пори на животот на населението во Македонија, па и во борбите на Македонците за слобода и човечки правдини. Затоа и не беше осамен битолчанецот Рафаел Камхи што имаше видна улога во илинденските вриења и беше близок со корифеите на Македонската револуција Груев, Делчев, Тошев и други. На беше случајна соработката на Јане Сандански со солунските Евреи и создавањето на заедничката народно-федеративна партија, а кукушкиот пратеник во Парламентот во Цариград Димитар Влахов стана не само трибун на еврејското културно-национално движење и личен доживотен пријател со основачите на современата еврејска држава Израел. Најпосле, видни еврејски интелектуалци беа вклучени во прогресивното движење во периодот меѓу двете светски војни, а случајно спасените од холокаустот во 1943 година станаа истакнати борци и раководители во Националноослободителната борба на македонскиот народ и потоа во изградбата на македонската држава и култура.*

*Бројот на еврејското население во Македонија варира во текот на историјата. Но рапидно се зголемува по големиот*

*прогон на сафердските Евреи од Шпанија по 1492 година. Тие преку Солун ја преплавуваат Европска Турција и формираат моќни заедници во Скопје, Битола и Штип. Штипското Еврејско Маало со своите околу 160 семејства со над 550 членови и со нивните 27 разновидни трговски и занаетчиски дуќани ѝ даваше белег на штипската чаршија до Втората светска војна, а нивните интелектуалци често беа иницијатори или носители на најпрогресивни идеи и движења.*

*Објавувањето мемориjален зборник на геноцидната трагедија на штипските Евреи претставува не само израз на пиетет кон жртвите на една идеологија, туку и историски показ пред поколенијата за да не се заборави дека и под Исарот едно моќно Еврејско маало со векови ја делело судбината на градот и дека во еден ден, на 11 март 1943 година тие беа собрани од сопствените мирни домови и преку голготата на скопскиот Монопол, со вториот транспорт, на 23 март тргнаа кон фашистичкиот логор во полската Треблинка, каде што веднаш по пристигнувањето на 1 април 1943 година го завршија животот во гасните комори и логорскиот крематориум. А се работеше за наши луѓе, наши блиски пријатели, комшии и соборци - другари, наши сограѓани што имаа само една вина што наместо в црква се молеа во синагога.*

*Ова е мал зборник за голема историја, исполнет со стари и нови прилози за животот, битот, обичаите, културата, борбата и трагедијата на Евреите во Штип, како сведоштво и предупредување, како споменик на совеста на Човекот. Во него се одразени не само мислите и чувствата на постарата генерација штипјани, туку и односот на најмладото поколение со конкурсните лични творби на посебниот мемориjален фонд за обележување на денот на разделбата. Тој бездруго ќе биде жив сведок за налудничавите идеи на хитлеризмот во едно жестоко време, за трагичната историја на штипските Евреи, за културно-економската и демографската историја на Штип, за самозапознавање на секој граѓанин на современа Македонија.*

*Блаже Ристовски*

# БАШКА И БАРАБАР

*Ме прашуваа религиозните, дали е религијата таа што ги одржа Евреите да не исчезнат од овој свет? Одговорив да, ама не е само религијата.*

*Ме прашуваа лингвистите дали јазиците хебрејски, јидиш и ладино, се тие што на Евреите им даваа сили за опстанок? Одговорив да, ама не се само јазиците.*

*Ме паршуваа музичарите дали Евреите треба да ѝ благодарат на својата песна па успеаја вечно да живеат? Одговорив да, ама не е само песната.*

*Ме прашуваа стопанствениците дали феноменалната способност за трговија ги куртули Евреите од уништување. Одговорив да, ама не е само трговојата.*

*Евреите во светот во минатото се одржаа и во иднина вечно ќе опстојуваат благодарение на чудесната способност да живеат во "галут" односно во туѓина и башка и барабар. Животот башка без барабар за Евреите е гетоизација. Животот барабар без башка за Евреите е асимилација. Животот едновремено и башка и барабар за Евреите е еманципација. Тоа е нивната долговечна историска филозофија.*

*Земете ги на пример Сефардите во Македонија, односно Евреите по потекло од Шпанија. Преку пет векови тие овде живееја и башка во своите еврејски општини, синагоги, маала, чаршии, училишта и друштва во Битола, Скопје и Штип, но едновремено тие живееја и барабар со Македонците како интегрален дел на сличните судбини.*

*Сé уште не можам да се помирам со фактот дека од овој простор исчезнаа сите Сефардци. Утеха наоѓам во Македонците. Останаа само незаборавни спомени.*

*На прагот на дваесетиипрвиот век, длабоко сум уверен дека големината на малите земји се огледа во мудроста да го сочуваат мирот, во храброста да се спротивстават на војната и деструкциите во светот и во умеењето да ги усогласуваат башка и барабар интересите на сите свои жители. Во тоа и ќе биде големината на Македонија.*

*Мориц Романо*

# ПРИЛОЗИ

*Трајко Донев*
ГРАДОТ ШТИП

Распространет на разиграната Брегалничка котлина, или на тромеѓето од Лакавичката, Овчеполската и Кочанската котлина, Штип и Општината ја зафаќаат територијата на средното сливно подрачје на реката Брегалница со нејзините притоки Крива Лакавица, Злетовска Река, Отиња и други помали. Ограден е со високо издигнатата планина Плачковица на исток, Криволакавичката котлина и Овчеполската. Се протега на левата и десната страна на реката Брегалница и од левата и десната страна на нејзината притока Отиња. " Иако спрема Овчеполската котлина делумно го затвора, градот го краси и посебна убавина му дава средновековната тврдина "Исар.

Градот има поволна регионална положба и поставеност што секогаш му обезбедувале својот растеж и развој по долината на реката Брегалница и Отиња, а едновремено и развој како општествено-економски и образовно-културен центар во овој дел на Република Македонија.

Така поставен, низ него со векови се вкрстувале познати патишта што воделе кон трансверзалниот пат што доаѓал од Стоби и одел преку Астибо (Штип) кон Бугарија. На тој начин ги поврзувал котлините на реката реката Вардар и реката Струма. Големиот пат што од Овче Поле минувал низ Штип и Лакавичката котлина водел кон Серес-Грција, поврзувајќи го со Радовиш, Струмица и натаму.

Градот Штип денеска го поврзуваат и други патишта и како крстопат низ него минуваат патиштата: Штип, Кочани, Делчево, Бугарија и Средна Европа; Штип, Кочани, Виница, Берово-Бугарија и Средна Европа; Штип, Радовиш, Струмица,

Дојран, Гевгелија - Грција, а оттаму со Блискиот Исток и Штип, Велес, Скопје, Ниш, Бугарија, односно Белград и Средна Европа. Значи градот Штип има положба која може само да се посака.

За сето време на своето постоење и живеење се ширел и растел, зафаќајќи нови простори на двете страни на Брегалница и Отиња.

Неговиот развој е тесно поврзан со најстариот дел на градот-тврдината"Исар", која се спушта сé до сегашната главна траса. Се оценува дека тука, во овој дел од градот, никнале првите маала: Исарско, Грнчарско, Старо коначко, Шпиталето, Варош до црквата Свети Никола, Дамјаница и дел од Штипско Ново село на патот за Радовиш до самата црква Свети Јован под самата тврдина "Исар".

Новите маала во градот никнале, главно, по неговото совладување од Турците, како: Кр-теќе, Ашај-теќе, Бокли дере, Кадидере и други.

Денешното Штипско Ново село било стара населба што се вклучувала во рамките на градот Штип.

Најстарите податоци покажуваат дека дека градот го сочинувале девет муслимански маала и шест христијански.

Бројот на маалата се менувал. Растел бројот на турските маала за сметка на христијанските, особено во втората половина на XVI век.

Кон крајот на XVIII век и почетокот на XIX век, присутна била силна миграција на селското население во градот при што дошло до формирање на нови маала, претежно македонски, како што се: Црква, Јавор, Ново село, Ридарско маало, Топола, Саат маало, Горно маало, Бело брдо, Кара-таш, Црни камен, Коџали маало и други.

Голем број патеписци[1] кои минувале низ градот во овој период за него оставиле вредни забелешки, опишувајќи го како убав и уреден град, град со убава чаршија и голем број трговски и занаетчиски дуќани, убави калдрмисани улици и уредени плоштади на кои блескале шадрвани, го опишувале

---

[1] Евлија Челебија, Патепис, Сараево, цитирано дело, Штип, стр. 20, дел I; издание 1986 година.

како град на безистени и други објекти од значење за развитокот на градот.

Со општествено-економските, политичките, куклтурните и образовните промени што настанале и настанувале, градот растел, се развивал и се трансформирал во културен центар на Источна Македонија.

По доаѓањето на Турците, од крепосен град, Штип станал град со ориентален изглед. Му припаѓал на Ќустендилскиот санџак и броел околу 2.240 куќи и имал 24 маала, 7 теќиња, 1 сарај 7 анови, 2 градски амами, 50 дуќани и безистен. Со текот на времето, градот се развивал и растел. За време на балканските војни (1912 и 1913) имал 32 маала со околу 900 дуќани и друго, што го карактеризирало и му давало изглед на град.

Според најстариот попис на населението извршен од Ќустендилскиот санџак во кој е и Штипската нахија со својот административен центар во 1519 година, градот имал 201 турско семејство со 17 нежените лица, 6 христијански маала со 333 христијански семејства од кои 20 биле нежените и 30 вдовици, како и едно Еврејско маало со 15 семејства. Градот Штип броел преку 2.700 жители од кои 1000 биле муслимани, 75 Евреи, а сите други биле христијани.

Присуството на еврејските семејства во Штип се спомнува уште во 1519, што значи дека Евреи во Штип започнале да се населуваат, по само 21 талкање по светот, по нивното протерување од Шпанија во 1498 година.

Според наредниот попис извршен во Штип во 1530 година, Штип имал 17, односно 21 семејство. Евреите биле поделени во два џемаати. За сите нив е ојаснето во пописот дека во градот Штип се доселиле од градот Солун, каде што го плаќале арачот.

Ако се претпостави дека секое еврејско семејство во тоа време имало од 4 до 6 членови, се смета дека бројот на Евреите во Штип изнесувал околу 200 души.

Бројот на еврејските семејства во Штип се зголемувал. Во 1550 година во Штип живеело 41 еврејско семејство (еден џемаат) со близу 200 души Евреи, од кои едно семејство било дојдено од Пловдив - Бугарија, едно семејство било дојдено од Скопје, а сите други 39 биле дојдени од Солун.

Во ова време градот живеел и како земјоделско-занаетчиски град и како град со прилично добро развиена трговија.

Од занаетчии имало: мутафчии, кројачи, житари, шивачи. чевлари, сарачи, јажари, дрндари, налбатчии, казанџии, сапунџии. бојаџии, касапи, алваџии, сарафи, месари-преработувачи и тенекеџии и други, а меѓу Евреите имало и еден бербер.

Според последниот попис организиран во 1570 година. Еврејската колонија во Штип се намалила на 21 семејство со 11 неженети. За ова намалување на бројот на Евреите не се забележени посебни коментари. Бројот на жителите на градот според овој попис изнесувал 3.800 души, а Евреи имало 140.

Миграцијата на селското население била особено забележана кон крајот на XVII и целиот XVIII и XIX век. Донесувањето на лица од село во градот особено било присутно. Се доселувале од Овче поле, Лакавица и Плачковица.

Мигрирањето на селското население и нивното населување во градот бројно го зголемувало население и тоа сега изнесувало меѓу 3.000 и 4.000 души. Во периодот на силната миграција на селани во градот, особено се развило трговијата, земјоделството и занаетчиството. Градот Штип во ова време имал околу 500 дуќани. Суровините на ова подрачје и потребите на пазарот главно ги диктирале занаетчиството и неговиот силен развиток.

Особено била развиена воденичарската дејност поради тоа што постоеле сите услови за тоа (камења, водни течениja на Брегалница, Отиња и Крива Лакавица, на Козјачка река и сл.). Меѓу сопствениците на воденици имало и Евреи.

Разновидноста на земјоделските и занаетчиските производи и добрите сообраќајни врски што ги имал градот со околните градови, овозможувале добар развој на трговијата. Штип тргувал со голем број Балкански земји, со земји на Средна и Источна Европа и други. Се тргувало со жито (осатка, 'рж, јачмен, овес), афион, катран, волна, кожа, месо, а посебно се носела и штипска пастрма која со ништо не се разликувала од тогаш познатата кратовска. Градот располагал со голем број дуќани, маази, анови и слично, што им овозможило на тогашните трговци да го посетуваат градот и да ги користат сместувачките услови за своите производи.

Штипските трговци ги посетувале пазарите во Костур, Петрич, Воден, Неврокоп, Серез, а се посетувале и градови од Средна Европа и Русија. Во градот се донесувало сапун, газје, сол, шеќер, кафе, текстил, порцелан, гајтани, стакло, лим и друго за потребите на градот.

Меѓу познатите семејства во градот Турци и Христијани имало и Евреи, меѓу кои особено биле познати: Арон (Аврам) Леви, на штипјани познат како "Евреинот со жолта брада"; Исак Давид; Давид Паланка и други.

Со изградбата на вардарската железница Солун-Скопје, патот Прилеп-Штип добил во својот интензитет. Криволак и Неготино како сообраќајни врски станале и сообраќајни собирни центри. Ова им овозможило на многу балкански фирми од Солун да отворат свои испостави и собирни пунктови на стоки во овие градови и не само тоа, туку започнале и да ги населуваат. Случајот со Евреинот Аврам Конфорти кој ова го сторил со своите пет сина бил типичен пример за тоа време.

Трговците од Штип имале добри трговски врски и со трговците од Македонија. Исак Давид, трговец од Штип, откупувал жито, пченка, ориз, афион и друго.

Поволната географска положба и на Штип му овозможила во XIX век и самиот силно да се развива. Во 1820 година градот броел околу 5.000 жители, за само 30 годинии да израсне во град со 20.000 жители.

Во 1783 година во Штипско Ново село започнало со работа првото основно (ќелијно) училиште, а во првата половина на XIX век такво работело и во градот, во Варош маало.

Со доаѓањето на работа во Штип на Ѓорче Петров, Даме Груев, Гоце Делчев, Туше Делииванов и други како учители, во градот започнал периодот на револуционерното дејствување за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

Меѓутоа, Балканските војни и поделбата на Македонија на сфери на влијанија и управување помеѓу балканските земји со кои македонскиот народ војувал рамо до рамо (Србија, Грција, Бугарија и Албанија), не ја промениле положбата на македонскиот народ. Таа не само што не се подобрувала, туку

се влошувала. Таа положба не се изменила ни по Првата светска војна. Таа на македонскиот народ му донела нови страдања.

Народот во Македонија заедно со сите други народности со кои живеел, меѓу кои и со Евреите, не минал добро. Напротив, сите заедно, вклучувајќи ги и Евреите со кои имале многу добри односи, ја поделиле заедничката судбина.[2]

Вака Евреите во градот Штип, заедно со Македонците и другите националности и народности што го населувале градот живееле сé до 1941-та година, кога градот Штип по Шестаприлското бомбардирање бил нападнат и опседнст од германските, а потоа од бугарските окупаторски војски, полицијата, жандармеријата и другиот бугарски државен апарат.

Со доаѓањето на окупаторските војски, а потоа и на бугарската војска, полиција и жандармерија, вклучувајќи го тука и бугарскиот административен апарат, животот не само на Евреите, туку и на Македонците многу се изменил. Завладеал стравот, бидејќи окупаторот при воспоставувањето на својата власт не избирал средства.

Ваквите состојби на Евреите посебно ќе траат сé до нивата депортација - до 11 март 1943 година.

[2] Штип, издание на Општина Штип, 1986 година, глава I-ва, дел V, период на XIX век, стр. 336

*Методија Соколовски*
# ШТИП И ШТИПСКО ВО XVI ВЕК

Во првите децении на XVI век градот Штип бил седиште не само на нахија, најмала адмиснистративно - територијална единица, туку во исто време и седиште на каза или кадилак. Во 1519 година во Штипската каза биле опфатени следниве три нахии: Штипската, кочанската и Нагоричанската (т.е. Кумановската). Штипската каза со трите приведени нахии била во рамките на Ќустендилскиот санџак. Санџаците во Османлиската империја се административно - територијални единици од повисок ранг, составени или поделени на повеќе нахии. Во текот на XV век, па сѐ до 1563 година, целата територија на Македонија, односно сите формирани нахии на територијата на Македонија биле во три санџаци: Паша Санџакот, Охридскиот и Ќустендилскиот санџак. Паша санџакот е најголем и називот го добил по тоа што седиштето на Румелискиот беглербег со титула "Паша", било во тој санџак. Во втората половина на XVI век се создадени и два нови санџака: Скопскиот и Солунскиот, во чиј состав се опфатени повеќе соседни нахии. Во 1519 година во рамките на Ќустендилскиот санџак, покрај Штипската каза, влегувале и Струмичката каза во чиј состав, покрај Струмичката, биле и нахиите Малешево, Бојмија, Конче, Тиквеш и Петрич; потоа казата Илиџа (т.е. Ќустендилсата каза) со нахиите Илиџа, Славиште, Пијанец, Дупница, Радомир, Горно Краиште и Серишник; како и казата Врање со Прешевската и Врањската нахија.[1] Во составот на

[1] Во "Тари Defter" N° 74, стр. 1 е даден список на казите и нахиите во Ќустендилскиот санџак. Овој санџак е извод (icmail)од опширниот пописен дефтер N° 170 од 1519 година.

Ќустендилскиот санџак влегувала и Кратовската нахија, која не била вклучена во ниедна од постоечките кази, а постоела самојно. Градот Кратово и селата во Кратовската нахија, по ова време биле вклучени во гасовите на падишахот. Во 1519 година, на територијата на Штипската нахија биле застапени трите категории феудални лена: хасовите, зеаметите и тимарите. Во хасовите биле вклучени вкупно 14 села, од кои 11 биле во хасовите на падишахот, заедно со Злетовските рудници кај Гребене. Во зеаметите биле вклучени 6 села, а сите други населени места биле вклучени во тимари. Вкупниот број на тимари во Штипско во ова време изнесувал 80, од кои 56 биле користени од поединци, останатите 24 тимари биле заеднички, така што 9 од нив им припаѓале на по двајца спахии - тимариоти; 12 на по тројца и 3 на повеќе од тројца корисници.

Меѓу притежателите на тамарите се среќеваат голем број јаничари и други службени лица, а помеѓу притежателите на зеамети бил и старешината на Овчеполските Јуруци, кој бил задолжен да зема активно учество во воените походи, како и останатите притежатели на други феудални ленови.

Во 1573 година населените места, мезрите и Јуручките џемати во Штипската нахија се вклучиле, исто така, во трите категории федални ленови. Самиот попис започнал најнапред со селата, нивните жители и разните видови даважки што биле вклучени во хасовите на падишахот. Падишах, односно силтан, во тоа време бил Селим II (1566-1574), наследникк на Султан Сулејман Величествени (1520-1566). Во хасовите на падишахот биле вклучени вкупно 25 села и тоа: Тушилово, Куково, Бориловци, Зарапинци, Стубиле, Трохале, Кондово, Кирликово, Злетово, Древени, Лешка(?), Јамиште, Штавкулица, Марино, Близанци, Дреник, Свети Димитри, Дамјан, Јарчево, Горна Калуѓерица, Тополница, Брест, Горанци, Петрово и Лесковица. Потоа следуваат селата што биле вклучении во хасовите на великиот везир Мехмед Паша. Тоа се селата: Гаинци, Судик и Мало Мечкуевци. Понатаму хасовите на Ќустендилскиот санџак-бег по име Јунуз-бег, во кои биле вклучени градот Штип и селото Крупиште, и најпоскле хасовите на Скопскиот санџак-бег по име Али-бег, во кои

биле вклучени селата: Стравиловци и Макреш. По пописот на селата што биле вклучени во хасовите, следува пописот на селата што биле во зеаметите. Бројот на таквите села изнесува 30. Како притежатели на зеамети се јавуваат главно службеници при Високата порта, како и при Румелискиот беглербеглак. Меѓу нив бил и субашијата на Овчеполскиот Јуручки санџак.

Сите преостанати села и јуручки џемати се вклучени во третата категорија феудални лена. наречени тимари. Вкупниот број на тимарите во 1573-та изнесува 86. Од овој број 55 биле притежавани и користени од од поединци, додека 31 тимар бил заеднички, т.е. им бил доделен на двајца, тројца или повеќе лица од редот на спахиите - тимариоти.

Во сумарниот пописен дефтер број 74 од 1519 година на страниците 210 и 211 се регистрирани спахиите - тимариоти, кои биле чувари на крепоста во Штип. Командант (диздар)на крепоста бил некојси Кара-Бали, кој притежавал тимар со годишен приход во износ од 8.228 акчиња, кој се земал од населението на село Новоселани и дел од селото Бела, кои во тоа време спаѓале во Кочанската нахија. Всушност тимарот во кој биле вклучени селата Бела и Новоселани бил заеднички. Вкупната сума со која било задолжено населението од овие две села, изнесувала 10.310 акчиња од кои, селоот Новоселани, кое во тоа време имало 52 семејства, било задолжено со 6.396 акчиња, а селото Бела, кое имало 56 семејства, било задолжено со 3.914 акчиња. Другите двајца корисници на заедничкиот тимар биле чуварите на крепоста, Хазма Горани, кому му припаѓал дел од 1.082 акчиња и Иса Бели, корисник на дел од 1.000 акчиња. Покрај овој тимар, имало уште пет други тимари што ги користеле чуварите на крепоста. Вториот тимар го користеле 6 души, од кои пет биле чувари на крепоста (Махмуд, Али, Мурат, Скендер и Хизир Бали), како и имотот[2] што вршел верска служба за муслиманските чувари. Во овој заеднички тимар било вклучено само селото Трахинци, што

---

[2] Имам (Imam)- ар. Муслиманско духовно лице, раководи со задолжителните молитви во џамијата, се смета за главен службеник во џамијата.

стаѓало во Штипската нахија, а имало 53 семејства и било задолжено со 6.626 акчиња. Делот на имамот изнесувал 616 акчиња, а на останатите се движел од 739 до 1.400 акчиња. Третиот тимар му припаѓал на Хамза, син на диздарот, кој бил помошник (кетхуда) во самата Штипска крепост. Во овој тимар спаѓало селото Пештериште, Штипско, кое имало 18 семејства и било задолжено со 1.733 акчиња. Четвртиот тимар бил заеднички, а го користеле Караѓоз, старешината на булукот (ser-i bülük)[3], како и чуварите Хасан и Мехмед. Во тимарот било вклучено селото Криводол, Штипско, кое има 52 семејства, задолжено со 3.500 акчиња. Старешината на булукот користел 1.416 акчиња, чуварот на крепоста Хасан 993, а другиот чувар Мехмед 1.091 акча. Во петтиот тимар ебило вклучено селото Драгорич, Штипско, кое имало 5 муслимански и 57 христијански семејства, задолжено со 5.336 акчиња. Кон овој тимар бил вклучен и дел од 223 акчиња од село Пештериште. Корисници на тимарот биле: Ќатиб Махмуд, Пир Ахмед, Лутви Мурат и Берак. Висината на годишните приходи на првите тројца чувари изнесувала по 1.400 акчиња, а на последните двајца била во вкупен износ од 1.369 акчиња. За шестиот тимар, регистриран кај чуварите на крепоста (страна 211), не би можело да се каже дека бил тимар на чуварите на крепоста, бидејќи меѓу корисниците не се среќава ниеден како таков. Еве како е запишано во дефтерот: "Тимар на Мехмед, хатиб[4] при џамијата во Штип; Шемсудин, имам при истата џамија; Махмуд муезин[5] и Мехмед, имам во крепоста на Штип" Во овој тимар било

---

[3] Сер-и булук (ser-i bülük) - старешина на одред од азапи. Азапите подоцна претставувале посебна пешадија, ангажирана во самите крепости. Овие старешини се викале и булукбашии или одабашии.

[4] Хатиб (Hatib) - ар. Проповедник во џамија, кој секој петок и на двата бајрама држи проповеди пред верниците. Секоја џамија имала свој хатиб.

[5] Муезин (Muezzin) - ар. Муслиманско духовно лице што ги вика верниците од минарето на џамијата на молитва.

опфатено и селото Ак Герекли[6], Штипско, населено со 27 муслимански семејства и 20 неженети, задолжено со 2.572 акчиња. Потоа е додадено дека на хатибот му следувало по 3 акчиња (секако на ден), на имамот на џамијата во Штип, исто така по 3 на ден, додека на муезинот и имамот во крепоста им следувао по 2 акчиња на де. Податоците што ги среќаваме во последниот тимар во врска со принадлежностите на верските службеници било во џамијата во Штип или во крепоста се секако интересни и како појава досега за прв пат ја среќаваме во Македонија. Познато е инаку дека верските службеници биле плаќани главно од увакуфените имоти, било при џамии, месџиди[7], медреси[8], имарети[9] и слично, а во Штипско, како што гледаме, е создаден специјален тимар за нивно надградување за вршење на верската служба.

*Градот Штип*

Како што веќе нагласивме во почетокот, градот Штип бил седиште не само на Штипската нахија, туку и на Штипската каза. Од околу 1512 до 1573 година градот Штип бил постојано вклучуван во хасовите на Ќустендилскиот Санџак-бег. Во 1519 година Ќустендилски Санџак-бег бил некојси Јунус-бег, а во 1573 година Мехмед-бег

Според бројот на регистрираните жители во поголемите градови во Ќустендилскиот Санџак во 1519 година, Штип доаѓа на четврто место, бидејќи повеќе жители имало во градовите: Кратово, Мелник и Петрич, додека во Струмица, Ќустендил и

---

6 Ак герекли - Читањето на ова село е сосема точно. но под ист назив такво село во Штипски не сретнавме.

7 Месџид (Mescid) - ар. Назив за мала џамија, без минаре, каде што не се служи служба в петок и за време на бајрами.

8 Медреса (Medrese) - ар. Муслиманско средно училиште кое главно има верски карактер.

9 Имарет (Imaret) - ар. Јавна кујна, најчесто отворена при медресите или џамиите, со цел да им се помогне на бедните со доделување оброци, како и за прибирање патници или други верници коишто навраќале таму и им давале бесплатни оброци.

Дупница, бројот на регистрираните жители бил помал од бројот на градот Штип. Во 1573-та, по број на регистрирани жители, Штип доаѓа на првоо место во целиот Ќустендилски Санџак. Како се движел бројот на населението во Штип во текот на XVI век, најдобро ќе се види од следниов табеларен преглед:

| | Христијани | | | Муслимани | | Евреи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Број на пописниот дефтер и година | | | | | | | |
| Сумарен пописен дефтер бр. 167 од околу 1512 г. | 274 | 39 | 37 | 143 | 14 | 38 | - |
| Опширен пописен дефтер бр. 170 од 1519 год. | 333 | 30 | 20 | 201 | 17 | 15 | - |
| Опширен пописен дефтер бр. 85 од 1573 год. | 238 | 12 | 115 | 449 | 45 | 28 | - |

*Христијани* 1. семејства 2. двовици 3. неженети; *Муслимани* 4. семејства 5. Неженети; *Евреи* 6. семејства 7. неженети

Следејќи го составот на градското население преку овој табеларниот преглед, доаѓаме до следниве констатации: Бројот на христијанскиет семејства (вклучувајќи ги во нив и вдовиците) од 1512-1519 се зголемува од 313 на 363, а бројот на муслиманските семејства од 143 во 1512 се покачува на 201 семејство во 1519 година. Што се однесува бројот на еврејските семејства во 1512 година тој изнесува 38, а во 1519 опаѓа на 15.

Во сумарниот пописен дефтер од 1512 година[10] е нагласено дека Евреите се доселиле во Штип од градот Солун. Во 1573-

[10] Овој сумарен пописен дефтер за ќустендилскиот санџак се чува во Архивот на Претседателството на Владата (Basbakanlik Arsivi) на Р. Турција во Истамбул. Дефтерот е копија од 1530. Некои наши автори кои користеле податоци од овој дефтер ги ставаат во 1530. Меѓутоа вршејќи споредба на податоците од овој дефтер со податоците од дефтерот бр. 170 од 1510., можеме да констатираме дека дефтерот број 167 не е од 1530, туку негде од почетокот на 1512., составен непосредно по смртта на Султан Бајазит II 1512. Копијата значи е направена во 1530., веројатно поради тоа што бил изгубен предходниот примерок. Познато е дека секогаш пописните дефтери се составувале во два примерока. Едниот останувал во финан-

та бројот на христијанските семејства е 295, што значи дека во споредба со 1519 година е смален за 68, а во споредба со 1512 е намален за 18 семејства.

Што се однесува до бројот на муслиманските семејства, нивниот број во 1573 година изнесува 449, што значи дека во споредба со 1512 година е утроен. Извесен пораст имаме и кај регистрираните Евреи, кои од 15 во 1519 година се покачува на 28 семејства, плус 11 неженети, што значи дека и нивниот број за временски период од 54 години скоро се удвојува. Во градот Штип ги имаме вклучено и четирите муслимански маала што биле во непосредна близина на самиот град, а ги имале следниве називи: Маало чифлик на Иштип Заде, со 21 семејство; Маало чифлик на Мустафа Мирахор Заде со 8 семејства; Маало Махмуд кое уште го викале и Оруч-Хан со 10 семејства и Хаџи Мурат, кое не постоело во предходниот попис, што значи дека била формирана населба со 17 семејства. Значи, во овие четири маала имало вкупно 56 муслимански семејства. Давачките од овие 4 маала биле вклучени во приходите на Санџак-бегот, Јунус-бег.

Појавата на постојано стагнирање на христијанскиот елемент по градовите, особено по 1520-та, е карактеристична не само за Штип, туку и за сите поголеми градови во Македонија, за разлика од муслиманскиот елемент, кој бил во постојан растеж, како во XV, така и во XVI век. Намалувањето на христијанскиот елемент е последица на исламизацијата на христијанскиот елемент, по градовите и по селата, која по 1520-та зела широк замав.

Така, на пример, од вкупно 201 муслиманско семејство во градот Штип во 1519-та, за 30 од нив констатиравме дека се исламизирани христијани. Од вкупно 449 муслимански семејства

---

сиската служба во Истамбул, а другиот се доставувал кај беглер-бегот при неговиот дефтердарлак. Ваков случај имаме и со општирниот пописен дефтер број 25 од 1583 година, кој се чува во Катастарската управа во Анкара. Копија од овој дефтер има од 1613 година. Дефтерот се чува во Архивот во Цариград под број 722. При истражувањето и споредувањето на податоците констатиравме дека е во прашање дефтерот од 1583 година, а не нов дефтер од 1613.

во 1573 година, за 106 констатиравме дека се исламизирани, бидејќи кај сите стои презимето "Bin Abdullah", а такво презиме им било давано на исламизираните немуслимани. Според тоа, во 1573 година, скоро секој четврти Муслиман од Штип е исламизиран христијанин. Бројот на исламизираните е секако многу поголем, бидејќи во пописните дефтери[11] можат да се издвојат новоисламизираните, додека синовите на оние жители, порано исламизирани и кои со постанувањето работоспособни подлежеле на попис како муџереди, за презиме го имаат турското име на исламизираниот татко, а не на "Bin Abdullah". За одбележување и тоа дека помеѓу регистрираните муслимани во градот Штип имало и Јуруци. Вкупно биле 46, од кои 16 биле ешкинџии и 30 јамаци.

Градско население во пописните дефтери е регистрирано или расапределено по маала (mahalla). Така на пример, во 1512 година во Штип имало 8 муслимански и 5 христијански маала. Во 1519-та имало 9 муслимански и 6 христијански, а во 1573-та бројот на муслиманските маала заедно со четирите придружни, изнесува 19, а бројот на христијанските 5[12]. Во 1512 година муслимански маала се: Џамија, Синан-бег, Мехмед Челеби, Черибаши, Јеген Заде, Ибрахим-бег, Кади(ја), Хаџи Кирамедин. Во 1519 година, покрај гореспоменатите маала, формирано е уште едно со назив Хамза Факих: Во 1573 година со исклучок на маалото Кади, сите други повторно се јавуваат.

Новоформираните маала во ова време имаат називи главно на новоподигнатите месџиди, завие[13] или џамија. Ете зошто во 1573 година. Ете зошто како нови маала се среќаваат следниве: месџид на Хаџи Караман, месџид на Фахредин Ефенди, Света Џамија на покојниот Хусам Паша, завие на покојниот Хусам Паша, месџид на черибашијата, месџид на

---

[11] Оригиналот се чува во Архивот на Претседателството на Владата во Истамбул. Од овој дефтер е сосвен и сумарен, во цариградскиот архив заведен под број 74. Микрофилм од овој дефтер има во Архивот на Македнија во Скопје.

[12] Оригиналот на овој филм се чува во Катастарската управа во Анкара. Ние го користевме филмот што се чува во Архивот на Македонија.

[13] Завие (Zavie) - Дервишко теќе, збирно место на дервишите.

Хусеин Кетхуда. Новоформираните маала во 1573-та говорат за зголемувањето на месџидите, за подигање нова џамија, како и за отворање дервишко теќе (завие). Скоро при сите месџиди, џамиите и текињата, како и при постојната медреса и основното училиште, приклучени се вакафски имоти или парични средства за издршка на персоналот што бил ангажиран со верска, образовна или друга служба при овие објекти. Во продолжение ќе се задржиме на некои од најстарите вакафи и вакафски имоти во Штип. Во сумарниот пописен дефтер од 1512-та на фотокопиите број 202 и 206 се среќаваат следниве вакафи:

1. Вакаф при џамијата на Султан Мурат во градот Штип, за издршка на разните верски и други службеници, како и на обичните работници. За да се исплатат сите тие лица, од собраните пари од градското население на име џезие, се издвојувале 3340 акчиња годишно.

2. Во вакафот на мевланата Нуредин при Светата џамија (Cami-i serif) биле вклучени приходите од стариот хахам (топла бања) во градот Штип, кој изнесувал 3.500 акчиња годишно: потоа 20 дуќани во градот со приход од 1033 акчиња, како и приход од повеќе воденици во износ од 800 акчиња.

3. Вакаф на мевланата Мехмед Челеби, син на мевланата Нуредин, познат како "Иштип Заде". Овој вакуф бил приклучен кон медресата во градот Штип. Увакуфен имот - новата бања во Штип со годинишен приход од 3.050 акчиња; 30 дуќани во Штип со приход од 1.304 акчиња и од едно ќархане[14], приход 680 годишно.

4. Вакаф при меџидот на черибашијата[15] Хамза во Штип. Увакуфен приход од воденица во износ од 700 акчиња и 7 дуќани во градот, со приход од 420 акчи.

---

[14] Ќархане (Karhane) ар. - Работилница. Меѓутоа за каква работилница станува збор не може да се утврди.

[15] Черибашија (Çeribasi) - Воен старешина. Овој назив се употребувал за старешини на воени одреди, составени било од војници, или од јуруци или спахии.

[16] Терџуман (Terdzeman) - преведувач, толкувач.

[17] Кервансарај (Kervan-saray) - Зграда во која отседнувале керваните т.е. трговците што доаѓале од разни места.

5. Вакаф при месџидот на Јеѓан Заде, увакуфени со 20.000 акчиња, како и 4 дуќани со приход од 288 акчиња.

6. Вакаф во училиштето (mualimhane) на Муслихудин, терџуман[16] при Високата Порта. Увакуфени пари во износ од 30.000 акчиња.

7. Вакаф при месџидот на Ибрахим-бег. Увакуфени 20.000 акчиња, како и 5 дуќани.

8. Вакаф при месџидот и завието на покојниот Хусам-Паша. Увакуфени пари во износ од 110.460 акчиња, кои носеле лихва по 10% или годишно 11.046 акчиња. Кирија од соби во Керван-сарајот[17] во износ од 1.400 акчиња. Од 10 дуќани увакуфени при завието приход од 1.008 акчиња.

Има и други вакафски имоти воградот Штип. Ние се задржавме само на ние најважните и оние кои имат врска со називите на маалата во Штип. Називите на христијанските маала во Штип се следниве: Трговиште, Мраморја[18], Хотино, Перина фурна и Кади маало.

Заслужува внимание податокот во врска со увакуфените дуќани во Штип. Од горенаведените 8 вакуфи, во 6 од нив има увакуфени дуќани, чиј што вкупен број изнесува 76. Овој податок говори дека дуќаните биле сопственост на членови на владеачката класа, било да се тоа високи државници, провинциски или локални воени или административни службеници, или збогатени феудалци, кои располагале со чифлиците и другите недвижни имоти, како и со големи парични средства, така што од целиот тој имот имале огромни приходи во вид на натурална или парична рента. Оваа појава не е карактеристична само за градот Штип, туку и за сите поголеми градови како што се Солун, Скопје, Битола и други.

---

18 Може да се прочита и како Мраморино.

19 Мухасил (Muhasil) - Собирач; собирање даноци; производител.

20 Целеп (Celep) - Трговец со добиток.

21 Каим (Kaim) - ар. Човек кој се грижи за нешто; прислужник во џамија или друга верска установа, кој се грижи за хигиената, осветлувањето и друго.

Од самиот опширен пописен дефтер од 1573 година можеме да констатираме дека 60 души вршеле некој занает; 9 од нив биле христијани, а другите муслимани. Помеѓу занаетчиите се среќаваат: сарачи, табаци, чевлари, терзии, бојаџии, сапунџии, налбати, самарџии, ножари, шапкари, алваџии, касапи, ќурчии и други. Помеѓу самите муслимани има и голем број верски, просветни, финансиски и други службеници. Така на пример, за 32 души констатираме дак биле имами; 14 муезини; 26 мухасили[19]; 11 џелепи[20]; 4 кaими[21]; 2 учители; 2 хатиби, а 9 души биле ангажирани во крепоста на Штип, најверојатно како мајстори за вршење разни поправки.

*Обврски на градскоūо население*
*кон неūосредниоū феудален госūодар*

Вкупниот годишен приход на Ќустендилскиот санџак-бег, во чиј што хас бил вклучен градот Штип, околу 1512 година изнесувал 56.680 акчиња; во 1519 година 58.783, а во 1573 година 110.000 акчиња, што во однос на 1512 година значи двојно поголем приход.

Ние ќе се задржиме само на некои од давачките на градското население, кои се во исто време и најголеми. Тоа се: уштурот (десеток) од жита; уштурот од лозја и на трошарина. Во 1519 година градското население било должно да му даде на феудалниот господар вкупно 469 товари жито, од кои 267 товари пченица, 193 товари мешано жито (јачмен, овес, 'рж и слично) и 9 товари граор. Во 1573 година е задолжено со 665 товари, од кои 410 пченица, 250 мешано, 4 граор и 1 товар леќа. Четирите приградски маала биле задолжени со 171 товар жито, од кои 95 пченица и 76 товари мешано. Од горните податоци гледаме дека во 1573 година само градското население било задолжено со 1/3 повеќе жито од 1519 година. Во самиот општирен пописен дефтер, покрај житото, изразено во товари, во исто време е дадена и нивната парична вредност,

изразена во акчиња. Така, на пример, 1 товар пченица се пресметувал по 25; 1 товар мешано по 15; 1 товар граор по 30; а еден товар леќа по 50 акчиња. Вака пресметано, целото жито што му следувало на непосредниот феудален господар изнесувало вкупно 14.170 акчиња.

Ушурот од лозја (вино) во 1519 година изнесувал 2485 медри[22]. Една медра се пресметувала по 5 акчиња, што всушност изнесува 12.425 акчиња. Од муслиманите не се земал десеток, а се наплатувало по 5 акчиња за секој донум[23] лозје. Бидејќи во ова време муслиманите од градот Штип имале 425 донуми лозја, затоа се задолжиле со 2105 акчиња. Спред тоа, вкупниот износ што му следувал на феудалниот господар во 1519 година во врска со давачките за лозја, изнесувал 14.530 акчиња. Во 1573 година, христијанското градско население било задолжено со 3.300 медри вино. Во ова време една медра се пресметувала по 6 акчиња, или вкупно 19.800. Муслиманите биле задолжени со 1.550 акчиња, штоо значи дека тие притежувале вкупно 310 донуми лозја. Вкупниот приход од лозјата во 1573 година изнесувал 21.350 акчиња. Овој податок во врска со приходите од лозјата недвосмислено говори дека лозарството во синорот на градот Штип било мошне развиено.

Приходот од трошарината, бидејќи е даден заедно со даноците за свадбарина и нијабет, не може сосема точно да се определи. Во 1519 година тој приход изнесува 16.320, а во 1537 година 26.000 акчиња. Ваквиот соодност во врска со трошарината убедливо говори дека во 1573 година во градот биле мошне развиени трговијата и прометот воопшто.

Покрај горенаведените обврски на градското население, во пописните дефтери се внесени и некои други давачки, како на пример: данок за свињи, ушур од градинарски култури, ушур од овошје, ушур од памук, данок за зимски пасишта (за

---

22 Медра (Medre) - Мерка за течност рамна на половина ведро.

23 Донум (Dönüm) - Мерка за површина, која имала 40 аршини (или чекори) во должина и 40 во широчина, или околу 900 м$^2$.

овци што биле доведувани во текот на зимата од други подрачја), данок за воденици, ушур од улишта и уште некои сосема незначителни давачки.

Познат е инаку данокот наречен "испенџе", што се земал само од христијанското население. На име испенџе од секое женето и неженето работоспособно лице се наплатувало по 25 акчиња годишно, а од вдовиците по 6 акчиња. Дервенџиите во Штипско на име испинџе плаќале само по 10 акчиња годишно.

*Составот на селското население*

Околу 1512 година (TD N° 167) во Штипската нахија биле вклучени 126 села, а во 1573 година 137 села и 25 јуручки џемати. Во 1512 година вкупниот број на семејства во сите 126 села изнесувал 3.883, од кои 3.549 христијански и 334 муслимански, а во 1573 година во 137 села и 25 јуручки џемати се регистрирани 6.880 семејства, од кои 5.659 христијански и 1.221 муслимански.

Ако вкупниот број на муслиманските семејства од околу 1573 година, кој изнесувал 1.221, го споредиме со вкупниот бројот на муслимански семејства во 1512-та, ќе констатираме дека за временски период од 60 години тој е зголемен скоро за четири пати. Што се однесува до христијанското население, видовме дека бројот на христијански семејства во 1512 година изнесувал 3.549, а во 1573 5.659, што значи зголемување за 2110 семејства за временски период од 60 години.

Ако претпоставиме дека едно семејство имало 5 членови, во тој случај во 1512 година во сите села на територијата на Штипската нахија имало вкупно 19.415 жители, од кои 1.670 муслимани, а во 1573, бројот на жителите би бил 34.400, од кои 6.105 муслимани. Помеѓу регистрираните муслимани по селата во 1573 година се среќаваат 135 души кои се исламизирани христијани. Села со над 100 семејства воо 1512 година се следниве: Гаинци со 138 семејства, од кои само 1 муслиманско; Горобинци со 122 семејства, од кои 6 муслимански; Свети Николе со 148 семејства; Трохоле со 109 семејства; Гузумелци со со 108 семејства од кои 1 муслиманско. Другите села се со

помалку од 100 семејства. Во 1519 година, села со над 100 семејства се: Голем Балван со 101 семејство, од кои 7 муслимански; Гузумелци ао 134 семејства; Гаинци со 148 семејства; Горобинци со 137 семејства од кои 7 муслимански; Крупишта со 102, од кои 2 муслимански; Свети Николе со 171 семејство и Трохоле со 115. Во 1573 година, села со над 100 семејства се: Голем Балван со 124, од кои 2 муслимански; Барбарево со 141 семејство; Гаинци со 235 од кои 8 се муслимански; Горобинци со 201 семејство, од кои 29 се муслимански; Драгоево со 116, од кои 1 муслиманско; Свети Николе со 215 семејства; Трохоле со 111 и Гузумелци со 151 семејство, од кои 4 муслимански.

*Југуци во Шійийскаійа нахија*

На територијата на Штипската нахија во 1512 година среќаваме и Јуруци[23a]. Утврдувањето на нивниот точен број е доста тешко, бидејќи за добар дел од Јуруците не се даваат показатели за нивниот број, а само износот на приходите што му следувале на непосредниот феудален господар што биле должни да му го дадат Јуруците. Ако Јуруците притежавале земја од 1 чифлик (60-120 донуми) плаќале на име земјарина по 12 акчи, ако имале помалку земја или пак биле на привремен престој на тој терен како сточари, тогаш плаќале по 6 акчиња. Во сумарниот пописен дефтер од 1512 година среќаваме податоци дека имало три џемати Јуруци во синорот на селото Богословец, но каков бил тогаш нивниот број не знаеме. Чисто јуручко село било Дели Хусеинли, каде што во 1512. имало 17 Јуруци, од кои 6 неженети, а во 1573 ги имало вкупно 26. Во 1512 година се среќаваат 5 Јуруци во село

---

[23a] За Јуруците, нивната организација, задолженијата и привилегиите, изразени со даночни олеснувања или целосно ослободување од државните даноци, поопстојно во статијата на М. Соколовски "За Јуруците и јуручката организација во Македонија XV-XVIII век", во "Историја", списание на историските друштва на СР Македонија, год. IX, бр. 1, Скопје 1973.

Жидмирци. кои во 1573 година веќе ги нема таму, веројатно се преселиле на друго место. Во 1512 година во синорот на село Минино се среќаваат 43 Јуруци, а во село Саро Хамзели (во картата Сарамзалино) имало 19 Јуруци. Може со сигурност да се претпостави дека регистрираните муслимани во селото Бешерли. 12 на број, а во селото Смоква 15 души, биле Јуруци, бидејќи во 1573 во овие исти села фигурираат само Јуруци.

Од наведените податоци гледаме дека во Штипската нахија околу 1512 година во 7 села, или во нивните синори се населиле Јуруци. Со исклучок на Јуруците што биле населени во синорот на селото Богословец, чиј број не е можно да се утврди (имало 3 џемари), во останатите 6 села имало вкупно 111 Јуруци. Според тоа, бројот на Јуруците во 1512 година претставува 1/3 од вкупниот број на муслимани во селата во Штипско. Она што може да се извлече како констатација во врска со колонизацијата на Јуруците во Штипско, а тоа веќе го имаме констатирано и на некои други подрачја во Западна Македонија (Прилепско, Битолско, Леринско и Скопско) е дека колонизацијата на Јуруците во текот на XV век и првите децении на XVI век имала широк замав и дека некаде по 1520 година ќе почне да зема големи размери.

Јуруците на територијата на Македонија се опфатени во два санџака: Овчеполскиот јуручки санџак и Солунскиот. Јуруците од Штипско биле во составот на Овчеполскиот јуручки санџак, а седиштето на главниот старешина на Овчеполските Јуруци т.е. јуручкиот бег или уште наречен субашија, било во градот Штип. Во Овчеполскиот јуручки санџак (или субашилак) покрај Јуруците од Штипско биле вклучени и Јуруците од Скопско и Кумановско. Јуруците биле распределени по одреди, наречени "оџаци" со по 25-30 Јуруци. Старешините на ваквите одреди ги викале "черибашии".

Според податоците од опширниот дефтер (1573), следејќи го составот на населението по селата, можеме да констатираме дека на целата територија на Штипската нахија во 1573 година имало околу 608 јуруци, а вкупниот број на сите муслимани по селата во ова време изнесува 1327, од кои 106 се неженети (mucerred). Ско се има предвид дека не го знаеме бројот на 15

јуручки џемати населени во Сланидол, каде што стои дека биле задолжени со 700 акчиња годишно, а тргнувајќи од претпоставката дека тие таму се сметале за привремено населени и оти како тавки плаќале само по 6 акчи на име "resm-i duhan", или "ресм-и хаѕмане", во тој случај би требало да се смета дека вкупниот број на Јуци во тие 15 џемати изнесувал околу 120 души. Според тоа, заедно со останатите 608 Јуруци, произлегува дека на теренот во Штипско во 1573-та имало 728 Јуруци.Со други зборови, над 50% од вкупниот број на муслиманите по селата во Штипско се Јуруци. Според тоа, во споредба со бројот на Јуруците околу 1512-та, кога нивниот број бил 111, произлегува дека бројот на Јуруците за временски период од 60 години се зголемил повеќе од 6 пати. Ова е најдобар доказ дека масовната колонизација на Јуруци во Штипско почнала да се спроведува по 1520 година.

Врз основа на податоците од опширниот пописен дефтер од 1573 година, Јуруците би можеле да ги распоредиме во три групи, според нивната појава и местото на живеење, и тоа:

1. Села само со јуручко население. Нив ги има 5, населени со 108 Јуруци. Тоа се селата Дестемали (се викало и Смиквиште), Будимир (со втор назив Џелах Ибрахим), Дели Хусеин, Саро Хамзали (во географската карта се води како Сарамзалино) и селото Беширли (во географската карта се води како Пеширово).

2. Села во кои, покрај муслиманската раја, односно земјоделци муслимани што не се Јуруци, имало и Јуруци, а во некои од нив и христијанско население. Бројот на таквите села е 17. Во сите тие села имало 165 Јуруци, од кои 10 ешкенџии и 155 јамаци, потоа 214 души муслиманска раја и 282 христијански семејства. Еве некои од нив: Хаџи Ахмедли со 7 Јуруци и 11 муслиманска раја, Дикенлер (или Черневиште) со 7 Јуруци и 35 муслиманска раја, Тополница со 7 Јуруци, 13 муслиманска раја и 23 христијански семејства. Други такви села се: Љуботен, Софиларе, Хамза Бејли, Добришани и др.

3. Јуручки џемати (групи) населени во синорот на одделни села, или во одделни месности. Според податоците од пописниот дефтер можеме да констатираме дека во Штипско имало 40 такви џемати. Исклучувајќи ги сите 15 јуручки

џемати што биле населени воо месноста Сланидол за кои немаме податоци со колку Јуруци биле, во преостанатите 25 џемати биле населени 348 Јуруци. Во продолжение ќе приведеме дел од тие џемати, кои подоцна станале населби и денес се познати како називи на села: џемат[24] Дурфули со 7 Јуруци, Ќоселер со 11; Едеклер со 4; Бекерле со 23; Караџа Али со 45; Кара Синанлер со 10; Хаџи Џамзали (во географската карта Аџамзалџи) со 19; Хаџи Бејли (во картата Хаџи Бекли) со 32; Хаџи Сејли (во картата Сејдили) со 11; Хаџи Јусуф (во картата Хаџи Јусуфли) со 10; Саро Хамзали (во картата Сарамзалино); Шеих Обаси и др.

Најголем дел од јуручките џемати се населени во подрачјето на селата: Богословец, Минино, во мезрата Смоквиште или уште наречена Уџман, во синорот на селото Убога и во месноста Сланидол.

Одделно треба да се подвлече дека огромниот број од Јуруците околу 1537 година се ориентирани и кон земјоделско производство. Познато е дека тие се преселени како сточари. Тоа најдобро се гледа од нивните давачки во вид на ушур или разни такси на непосредните феудални господари, спахиите-тимариоти. За илустрација ќеземеме неколку примери. Во пописниот дефтер под реден број 81 на лист 368 е даден пописот на јуручкото село Саро Хамзали. Поимenично се регистрирани 20 јуручки семејства и тоа 16 јамаци и 4 ешкинџии, како и 1 од муслиманската раја, кој не бил Јурук. Селото било вклучено во тимарот на некојси Ќатиб Мустафа. 16 души од Јуруците биле задолжени со по 12 акчиња на име "resm-i çift", што значи дека тие притежавале земја во размери на еден чифлик. Четворица се прикажани како бенаци[25], што значи дека имале

[24] Џемат (Cemaat) - ар. Собир, група, социјална или територијална група; воена единица составена од повеќе мали одреди.

[25] Бенак (Benak) - тур. Назив за муслимански земјоделец, кој поседувал земја помалку од еден чифлик. Како такви, тие плаќале 50% од предвидената такса за земјата, наречена "ресм-и чифт"

земја помалку од еден чифлик, па поради тоа биле задолжени да платат по 6 акчи годишно, додека муслиманската раја е задолжена со 22 акчиња на име "resm-i çift", како и сите други муслимани што не биле вклучени во некои од воените или полувоените организации.

Понатаму воо пописниот дефтер стои дека целото население од ова село е задолжено со 96 товари пченица или проценета во пари 2400 акчиња, бидејќи еден товар пченица се пресметувал по 25 акчи. Целото село било задолжено уште со 16 товари мешано жито (mahlut), подразбирајќи тука и јачмен, 'рж и овес. Еден товар мешано жито се пресметувал по 15 акчиња. Селото било задолжено уште со 1 товар леќа, потоа со 10 медри вино во износ од 60 акчи, со ушур за бостан во износ од 17 акчи, како и со давачките нијабет, свадбарина, полјачина и преносни такси за земја (tapu-i zemin). Вкупниот износ на давачките изнесува 3.000 акчиња.

Ист е случајот и со јуручкото село Беширли, во кое се регистрирани 15 души, сите јамаци, кои притежавале по цел чифлик и плаќале по 12 акчиња. Жителите биле задолжени со 60 товари пченица, 27 товари мешано жито, како и со некои други давачки. Вкупниот износ на давачките што му следувал на непосредниот федерален господар е проценет на 2.200 акчиња.

На листот 410, под реден број 179 е даден пописот на јуручкото село Смоквиште кое имало и втор назив Дестемали. Регистрирани се вкупно 30 души, од кои 20 јамаци, 7 ешкинџии, 1 имам, 1 хајмана (без постојано место на живеење) и 1 муслиманска раја. 23 души од Јуруците имале по цел чифлик земја, а 5-мина помалку од чифликот (бенеци). Покрај данокот за земјата, биле задолжени уште со 43 товари пченица, 55 товари мешано, со 50 акчиња за притежавањето на 10 донуми лозја т.е. по 5 акчиња за секој донум, понатаму со ушур за бостан, со ушур за лен и други вообичаени давачки во пари. Вкупната сума со која е задолжено целото население од ова село изнесувала 2.739 акчиња. Ист е случајот и со Јуруците кои биле населени како џемати во одделни мезри[26] или во синорите на одделни села.

[26] Мезра (Мезра) - ар. Поле; обработлива површина; испустено село.

Така, на пример, за 15 јуручки тајфи (џемати) што се населиле во мезрата Сланидол во текстот што следува по набројувањето на називите на џаматите е нагласено дека Јуруците кои држеле цел чифлик земја плаќале по 12 акчи земјарина, наречена "resm-i çift", додека бенаците плаќале по 6 акчиња на име "resm-i duhan"[27].

Во текстот е стриктно нагласено дека Јуруците од земјоделските производи давале и ушур (десеток). Неоженетите, а работоспособни синови на Јуруците не плаќале никаков данок, како што е запишано во пописот[27а] на џематот наречен Догушлар, кој имал и втор назив Бекирли, а бил вклучен во тимар на чувари на крепоста на град Штип.

Во опширниот пописен дефтер број 170 од 1519-та само на едно место сретнав податок за Јуруците во Овчеполието. Имено, на лис бр. 122 лист од дефтерот стои "зеаметот на Овчеполските Јуруци" што го уживал Ферхад-ага, син на Даут-Паша.

Во дефтерот е стриктно нагласено дека Ферхад-ага бил должен да учествува во воените походи. На листот број 123 стои: "Јуруци во зеаметот на Ферхад-ага" и притоа под наслов Нахија Овче Поле е регистриран поединечно 41 Јурук, од кои тројца биле исламизирани христијани. Покрај овие Јуруци во зеаметот иле вклучени и Јуруците од Скопско, Кумановско и Острово. Вкупниот број на Јуруците што биле во зеаметот изнесувал 112.

Секој од Јуруците му давал на својот главен старешина ферхад по 50 акчиња годишно, или вкупно 5.600 акчиња. Пописот на Јуруците не е даден според нивното местоживеење во ова време, туку како припадници на јуручката организација.

---

[27] Ресм-и духан ("resm-i duhan"), - назив за данок што го плаќале оние лица кои немале свое постојано местожителство, како што биле на пример некои од јуруците, од циганите и други скитници. Овој данок изнесувал 6акчи за лице годишно.

[27а] Запишано на лист бр. 410, под реден рој 180.

Секако во ова време најголема концентрација на Јуруци имало во подрачјето на селото Минино, каде што уште во 1512 година се покажале повеќе јуручки тајфи (џемати), од кои подоцна станале и населбите, какошто се: Караџ-Али, (Караџилино); Ќоселер, Бркелер, Турханли и други. Впрочем, не е случајно што селото Минино, со колонизацијата на Јуруците муслимани, го добило вториот назив - Татар Обаси.

Покрај Јуруците, на територијата на Штипската нахија, во 1573 година среќаваме уште и соколари, војници, дервеџии и мартолози.

Во 1573 година биле регистрирани вкупно 101 соколар, од кои 42 неженети и тоа: во селото Тушилово вкупно 61 соколар, од кои 33 неженети; во село Петрово (втор назив Дадулци) имало 22 соколари, од кои 8 неженети; во село Барбарево 4; во село Аргулица 7; во село Големо Мечкуефци 6, како и еден соколар-ѓорунџија, кој притежавал и берат. Во селото Тушилово соколарите се како посено маало во кое се регистрирани по име и презиме сите соколари. Кај пописот на соколарите е стриктно нагласено дека данокот "џизие" го предавале во градот Врање, додека испенџето и другите давачки им ги давале на непосредните феудални господари во чие што феудално лено биле вклучени.

Војници во 1573 година среќаваме во селото Чашинци, каде што се регистрирани поединечно вкупно 33 души. На територијата на Штипската нахија во 1573 година среќаваме две лица што вршеле мартолошка служба т.е. биле мартолози. Едниот е од село Лесново, другиот од село Мушково.

Во текот на XVI век се среќаваат 3 села што вршеле дервенџиска служба. Така, на пример, за селото Ново Село во пописниот дефтер број 167 од околу 1512 година на лист број 270 ги среќаваме податоци дека ова село имало и втор назив Ќопри Ќој (KØpr KØy), што значи "Село кај мостот" и дека е дервенџиско. Понатаму стои дека покојниот султан Бајазит-хан (1481-1512) решил или определил населението од ова село да врши поправки на мостот што се наоѓал во близината на самиот град Штип. Жителите на ова село кои живееле кај самиот мост биле задолжени да го надгледуваат мостот и да

вршат поправки. Врз основа на она што веќе било вообичаено за дервенџиите, секој од регистрираните жители плаќал по 10 акчи годишно на име испенџе. Оние од регистрираните, што биле женети, давале годишно уште по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен (1 денк-половина товар). Годишните приходи од селското население во износ од 1084 акчиња биле трошени за поправките што се вршеле на мостот, најверојатно за набавка на материјал. Како компензација за чување на преминот и вршење на поправки на мостот, населението било ослободено од сите редовни и вонредни државни даноци. Бидејќи султанот бил известен дека населението си ја исполнувало својата обврска беспрекорно, затоа било наредено повторно во новиот пописен дефтер да бидат задолжени и понатаму како дервенџии. Уште пред 1512 година ова село станало бакаф на Султан Бајазит-хан, што било регистрирано во опширниот пописен дефтер број 170 од 1519. По ова време, селото имало 21 христијанско семејство и било вакаф на покојниот султан Бајазит-хан[28].

Второто дервенџиско село што се среќава во текот на XVI век е селото Почивало, што се наоѓа источно од Штип, близу селото Кошево. Во пописниот дефтер од околу 1512 година стои дека ова село имало 36 семејства, меѓутоа, во тоа време не било дервенџиско. Во 1519-та имало 45 семејства и тогаш вршело дервенџиска служба. Во што се состоела нивната обврска како дервенџии во дефтерот не е регистрирано. Во пописниот дефтер од 1573-та не стои дека било дервенџиско. Во ова време селото имало 35 христијански семејства. Во синорот на ова село уште пред 1512-та имало населено Јуруци и тоа 5 булуци или групи, додека во 1573 година има само една група од 11 муслимански семејства, наречена Хаџи Сејди.

Третото дервенџиско село е Лозница, кое од 1512 до 1573 година било постојано дервенџиско. Ова село Александар Стојановски во својата студија за дервенџиството во Македонија го предава со назив Бозница. Точното дешифрирање на ова село е навистина многу тешко, бидејќи допушта да се прочита

---

[28] Опширен пописен дефтер број 170, лист 485.

и како Божица и Боженци. Во 1512 година ова дервенџиско село било вклучено во зеаметот на Ферхад-ага, заим на Овчеполските Јуруци и имало 25 христијански семејства, а во 1573 година 41 семејство и 39 неженети. Во самиот дефтер број 167, фотокопија 264 од околу 1512 година, како и во дефтерот од 1573 година е изрично одбележено дека како женетите, така и неженетите плаќале по 10 акчиња на име испенџе, а само женетите уште по еден денк пченица и еден денк јачмен. Покрај тоа, во дефтерот стои дека населението од ова дервенџиско село плаќало данок за улишта, данок за свадбарина, данок за свињи, како и такси за увезено вино. Вдовиците не плаќале ништо. Селото не успеавме да го убицираме, бидејќи село со назив Лозница, Боженци или Бозница во Штипско во географската карта нема. Во дефтерот од 1573 година стои дека ова село е додадено кон селото Дедино, кое во тоа време спаѓало во Струмичката нахија. Овој податок може да биде индикатор дека селото веројатно се наоѓало некаде југоисточно од градот Штип.

Што се однесува до давачките на непосредниот феудален господар, регистрираните жители во 1573 година се задолжени со 800 акчиња годишно за испенџе, односно, секој женет и неженет плаќал по 10 акчиња, како што е заведено и во самиот дефтер. Во однос на давачките од жито, само жените се биле задолжени со 20 1/2 товари пченица и 20 1/2 товари мешано жито. Ова количество наполно одговара на она што веќе го рековме, односно на фактот дека секој женет давал по еден денк пченица и по еден денк јачмен, со таа разлика што овде стои мешано жито, место јачмен. Вкупното количество, всушност, изнесува 82 денка жито. Бидејќи еден денк претставува половина товар, оттаму при дефинитивното пресметување имаме 41 товар, односно 20 1/2 пченица и 20 1/2 машано жито.

Вредноста на пченицата е изразена во пари и тоа во износ од 512 акчиња, а вредноста на мешаното жито изнесува 307 акчиња, сметајќи еден товар по 15 акчиња. Покрај овие давачки, во дефтерот се регистирани и следниве: такса за вино (bac-i hamr) 40 акчиња; данок за бостан 72 акчиња; данок за

свињи 41; понатаму половина нијабет, данок за свадбарина, за полјачина и преносни такси за земја во износ од 255 акчиња.

Попишувачот на крајот сумирал дека вкупните давачки изнесуваат 2.027 акчиња. Од приведените податоци се гледа дека населението на ова дервенџиско село давало и данок за бостан, нијабет, полјачина, како и такса за земја при нејзината купопродажба за добивање тапија (tapu-i zemin).

*Обврските на селското население кон непосредните феудални господари во 1573 година*

Сумирајќи ги податоците од опширниот пописен дефтер број 85 од 1573 година, констатиравме дека целокупното селско население на територијата на Штипска нахија било задолжено со 19.307 товари жита од кои 9.380 товари пченица, 9.560 мешано жито (јачмен, 'рж и овес), 275 товари граор и 92 товари леќа. Ако кон ова количество се додаде и количеството со кое било задолжено градското население, во тој случај вкупното количество жито изнесувало 19.972 товари, од кои 9.790 пченица, 9.810 мешано, 279 граор и 93 товари леќа. Ние веќе нагласивме дека еден товар пченица во ова време се пресметувал по 25 акчиња, еден товар мешано по 15; еден товар граор по 30, а еден товар леќа по 50. Според тоа, вкупното количество жито што им следувало на непосредните фиудални господари во Штипската нахија, било тоа да се притежатели на хасови, зеамети или тимари, пресметано во пари изнесува 404.920 акчиња и тоа: за пченицата 244.750, за мешаното 147.150 акчиња; за граорот 8.370 и за леќата 4.650 акчиња. Еве некои на селата што биле задолжени со најголемо количество жито:

1. Селото Ѓузумелци било обврзано да даде 350 товари пченица, 380 товари мешано, 6 товари граор и 1 товар леќа.
2. Селото Свети Николе е задолжено со 300 товари пченица, 300 товари мешано и 10 товари граор.
3. Селото Трахинци е задолжено со 220 товари пченица, 350 товари мешано и 15 товари граор.

Што се однесува до ушурот од лозја што сеземал од христијанското население во натура. т.е. како шира, мерена со мерата медра, ја имаме следнава ситуација: целото селско христијанско население во Штипско било задолжено со 21.932 медра вино. Една медра се пресметувала по 6 акчиња, што изнесува вкупно 131.592 акчиња. Муслиманите во Штипско не се замени предвид, бидејќи тис не давале во натура, туку плаќале по 5 акчиња за секој донум лозје. Да дбележиме дека бил извонредно мал бројот на селата што не се занимавале со лозарство. Веќе наведовме дека само градското население било задолжено со 3.300 медри вино (шира). Ако ова количество го сумираме со она што го давало селското население, ќе видиме дека вкупното количество изнесувало 25.232 медри или 151.392 акчиња. Со најголемо количество вино биле задолжени селата: Свети Николе, со 1.237 медри; селото Преход со 800 медри; селото Злетово со 918 медри; селото Трохоле со 500 медри; Лесковица со 480 медри итн. Вкупниот износ од улишта, пресметан во пари, изнесува 7.728 акчиња. Со оваа давачка биле задолжени 104 села во Штипско, што е најдобар знак дека пчеларството било мошне застапено. Со најголеми износи биле задолжени селата: Стубиле со 300 акчиња; Јамиште со 250; Свети Николе со 305; Трехинци со 230 акчиња итн. Податоците говорат дека во Штипско било мошне развиено и одгледувањето свињи. Целокупното селско население во 1573 година било задолжено со 6.024 акчиња на име "данок за свињи". Овој данок бил застапен во 108 села со христијаниско население. Со производство на памук во Штипско се занимавале 46 села. Приходот на феудалните господари од оваа култура изнесувал 2.928 акчиња. Најголемо количество памук било произведувано во селата Гаинци и Свети Николе.

Со производство на лен се занимавале 28 села. Ленот се мерел на оки и за секоја ока се наплатувало по 2 акчиња. Вкупниот износ на лен од целокупното население ви Штипско, изнесувал 2.030, што претставувало 1.015 оки лен. Покрај горенаведените давачки, имало и други. Од нив, значајни биле и: ушурот од градинарски култури; овошје; данокот за воденици; за пасишта; ливади и некои други.

Како заклучок на оваа студија за Штип и Штипско во текот на XVI век би можеле да го подвлечеме следново: Статијата дава можност да се согледа тимарско-спахискиот систем во текот на XVI век, категориите на феудалните влијанија на тој терен, како и обврските на градското и селкото население кон непосредните феудални господари. Според тоа очигледно е дека градот Штип за временски период од 60 години е во постојан растеж, како на економки план, така и во однос на бројот на жителите. Имено, градот Штип во 1573 година по бројот на населението во целиот Ќистендилски санџак е на прво место. Во овој град, како во скоро сите поголеми градови во Македонија, во втората половина на XVI век преовладувал муслиманскиот елемент над христијанскиот, како последица на масовната исламизација на христијаните. Статијата дава можност да се востановат точните називи на многубројни села на територијата на Штипската нахија, кои се мошне лошо и неточно претставени во постојните географски карти. Секако, од посебен интерес е масовната колонизација на Јуруците, особено по 1520 година, бидејќи над 50% од муслиманското население во Штипско се Јуруци, а во оние другите 50% муслимани, со сигурност може да се претостави дека една третина од нив биле исламизирани христијани.


ולכל רכושינו : איזו היא דרך ישרה שיבור לו האדם :

„Дерех јешера„ – книга на Реувен бен Аврахам од Штип, прв пат печатена во Солун во 1785 година


הקדמת המחבר בשפה רפה מדבר

Од насловната страница на оваа книга се гледа дека местото на раѓање на Реувен е Штип
(од книгата на Жени Лебл „Плима и слом„ Дечје новине, Горњи Милановац

*Исак Сион*
*Хаим Леви*

# ДОАЃАЊЕТО, ЖИВОТОТ И ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ ОД ШТИП

На историјата ѝ е познато дека еврејски населби на бреговите на Медитеранот постоеле пред новата ера, уште во времето кога Евреите живееле во Израел. До поголема миграција на Евреите доаѓа во I и II век, по конечното освојување на Палестина од страна на Римјаните, кога непокорените Евреи присилно ги раселуваат низ тогашните големи римски провинции во Европа, како Италија, Франција, Германија, Шпанија и други земји. Од тоа време потекнуваат и првите мали еврејски населби во Македонија. Археолошките ископувања во реонот на Повардарие, на еден столб открија важен запис дека во тогашната римска колонија Стоби имало синагога. Овој столб со грчки запис се чува во Археолошкиот музеј во Белград.

Движење на еврејските заедници од Западна Европа кон Полска и Русија почнува уште во X век, со пробивањето на првите трговски каравански патишта кон Исток. Во реонот на Кримскиот полуостров, уште многу векови пред тоа веќе постоеле еврејски заедници. Одржувајќи ги духовните и работни врски со левантските Евреи, европските еврејски трговци биле најпогодни посредници помеѓу Европа и Левант. Тие одиграле пионерска улога во Европа во развојот на манифактурното производство на свила, стакло, оптика, златарство, обработка на скапоцени камења, уметнички и други занаетчиски изработки. Особен подем во тој развој еврејските заедници доживеаја на

Иберискиот Полуостров, во Шпанија и Португалија и за време на арапското владеење во тие земји и потоа. Во тоа време се појавуваат редица истакнати Евреи во разни научни дисциплини и во духовното творештво.

*Доселувањето на Евреите во Македонија*

Крстоносните војни во XII, монголската наезда на Џингискан во XIII, честите верски прогони и особено инквизицијата во XV век, довеле до влошување на положбата на Евреите во некои земји во Европа и до нивни нови миграции, од кои најмасовни биле миграциите од Шпанија во 1492 и од Португалија во 1497 година. Папата Климент VI со специјална була ја овластил инквизицијата да ги прогонува Евреите. Фердинанд и Изабела од Шпанија, во март 1492 година издале декрет според кој сите Евреи во рок од четири месеци мораат да го примат христијанството или да се иселат. Се цени дека по тој повод Шпанија ја напуштиле околу 300.000 Евреи. Овие, како и оние од Португалија, во најголем број барале засолниште во Северна Африка и во Турција. Во помал број тие оделе во Франција, Белгија, Холандија и Англија. Султанот Бајазит II (1481-1512) им одобрил вселување на Евреите во Турската империја, поаѓајќи од фактот дека тие како покултурни и подобри трговци и банкари ќе придонесат за општиот прогрес на Турција. Се проценува дека во тој бран во Турција се населиле околу 100.000 Евреи, од кои околу 90.000 на Балканскиот Полуостров, а најголем дел во Солун и Цариград. Нивното доселување во помали размери продолжило и во XVI век. Помали групи доаѓаат и преку Дубровник.

Како емигранти тие во новите краишта го донеле својот дух на иницијатива и претприемчивост, своето знаење како хемичари и техничари, го пренеле занаетот на манифактурата, особено на текстилната обработка и печатарството, а некои од нив и своето богатство. Меѓу нив имало и медицинари и аптекари, кои се стекнале со високо образование и имале завршено шпански или португалски универзитети, а владееле

и со повеќе јазици. Меѓу нив имало професори на високи школи и универзитети.[3]

Во Македонија мали еврејски заедници постоеле уште пред масовното доселување на шпанските Евреи. Така во 1107 година се спомнува Меир Костурски како главен рабин во Охрид. Од 1107 до 1120 година на чело на Охридската архиепископија, архиепископ бил покрстениот Евреин Леон (Лев) Мунг. Прочуениот еврејски лекар, талмудист и филозоф Јуда Москона бил роден во 1328 година во Охрид, каде се школувал и од каде во 1360 година се иселил и живеел во разни земји. Многубројните апокрифи од Стариот и Новиот завет укажуваат на влијанието на средновековната еврејска култура врз македонската средновековна книжевност. Општо земено, еврејската и македонската средновековна култура взаемно се дополнувале и влијаеле.

*Турски извори за Евреите во Штип*

За многу избегани еврејски семејства Солун бил најпогоден прифатен пункт од каде веднаш, или по извесно време биле префрлувани во други градови во Македонија, или пак оделе понатаму. Така во еден турски попис од 1530 година за Евреите од Штип е објаснето дека се дојдени од Солун. Според еден збирен турски пописен дефтер од околу 1519 година, во Штип живееле 38 еврејски семејства. Во исто време во Штип имало 274 христијански и 143 муслимански семејства. Врз основа на еден друг таков дефтер, во 1573 година бројот на еврејските семејства во Штип изнесувал 28, бројот на христијанските 283, а бројот на муслиманските семејства 449.

Се констатира дека градот Штип во временски период од 60 години е во постојан растеж, како на економски план, така и по бројот на жителите. Мошне голема измена во конфесионалната структура на населението се одиграла со големите зафати на исламизацијата на христијаните, карактеристични за сите поголеми градови во Македонија во втората половина на векот.

По своето доаѓање, Евреите во Македонија го развиле внатрешниот промет и придонеле за заживување на балканскиот пазар, да се зголеми извозот на кожи, волна, камили, восок, памук, покривки и ориентални ткаенини од Турција кон Европа што ги носеле од Блискиот Исток, а увезувале метали, занаетчиски производи, луксузни ткаенини, стакло и други производи. Како сарафи и кредитори, ги развивале паричните операции во границите што ги дозволувале феудалните рамки на турското општество. Се смета дека Евреите биле први во Македонија кои во трговијата ја воведле примената на меници, чекови, осигурувања и слично. Караванската и прекуморската трговија биле главно во рацете на Евреите.

Како занаетчии, Евреите се вклучиле во изработката на барут, оружје, кожа, чоја, свила и други занаетчиски производи и поставувале добри основи за текстилното манифактурно производство. Чојата што се изработувала во еврејските манифактурни работилници служела не само за опрема на целиот тогашен турски јаничарски корпус, туку се разменувала за колонијални производи од далечни земји. Постојат повеќе фермани во кои им се наредувало на кадиите од разни градови во Македонија, меѓу кои се спомнува и Штип, да им забранат на трговците од тие градови да купуваат волна, додека не се задоволат потребите на работилниците на чоја во Солун.

Диме Бојановски - Дизе, во детали ги расчленува сите поединечни фази на производството на разни видови шајаци од страна на еврејските занаетчии во Солун, не како дополнително, споредно занимање на жените кое дотогаш и потоа било раширено во Македонија, туку како почетни форми на масовното манифактурно индустриско производство. Тоа се гледа од зачуваните еврејски извори во препораките или решенијата на главните рабини на еврејската општина во Солун во XVI век. "Во почетокот на XVI век, еврејското население почнува да се раширува и по другите градови, Костур, Битола, Штип, Скопје, но дали со тоа се пренесувал и во колкава мерка овој занает, објавените материјали досега не расветлиле."

Општо земено, еден од четирите фактори кои придонеле за тоа градовите во Македонија во XV и особено во XVI век да станат вистински економски центри во земјата, се наведува масовното доселување на Евреите, искусни трговци, занаетчии и претприемачи и кои располагале со големи капитали, што придонело за стопански развој на градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век.

Класичниот век на еврејската култура во Македонија е XVI и првата половина на XVII век. Потоа започнува опаѓање, кое особено е изразено во XVIII и XIX век. До средината на XIX век еврејските и грчките трговци доминирале во македонската трговија, но во втората половина на XIX век оваа предност сé повеќе преминува во рацете на македонската буржуазија. И покрај тоа, Евреите како трговци имале големо влијание на македонскиот пазар сé до 1941 година, кога започнуваат прогонувањата на Евреите од страна на фашистите.

Се разбира дека не треба да се сфати дека меѓу Евреите имало само трговци, сафари, индустријалци и други богати луѓе. Како кај секој народ, така и меѓу Евреите во Македонија преовладувале сиромашни слоеви, кои живееле во бедни куќички со многу деца и без никакви хигиенски услови, неретко масовно десеткувани од честите епидемии, од кои најмногу страдаа градските жители. Најголемиот број еврејски жители во Македонија ја делеле судбината на македонскиот народ.

Според Тодор Симовски, мнозина Евреи од Костур, Солун и Битола го симпатизирале македонското националноослободително движење. Особено место во тоа имал Рафаел Камхи од Битола, близок соработник на Даме Груев, Гоце Делчев, Пере Тошев и други великани на македонската НОБ. Под име "Скендер-бег" бил активен борец во четата на Ѓорче Петров и учесник во Илинденското востание во 1903 година. Според многу усмени преданија и кажувања на постарите Евреи, а ги има многу, во Штип имало припадници на еврејскиот народ многу блиски на македонското НОД.

Во втората половина на XIX век, во Македонија се јавуваат еврејски индустриски претпријатија во кои биле вработени многу еврејски работници. Тие се меѓу првите во Македонија

коиштo почнале да се организираат во работнички организации и синдикати, а дури потоа почнале да се организираат и македонските работници. Еден од главните социјалистички центри во Османлиското царство станува Солун. Меѓу првите пропагандисти на социјалистичките идеи во Солун се спомнуваат Аврам Бенарое, Јосиф Нехама, Васил Главинов, Димитар Влахов, Ангел Томов и други.

Непосредно пред Балканските војни во Штип имало 500 Евреи.




Разгледница од Штип во издание на книжарницата Ассаел и Леви

Еврејското маало во Штип со векови постоеше на релативно мал простор во центарот на градот, на десниот брег на реката Отиња. Помеѓу двете светски војни, маалото со педесеттина куќи се прошири и на нејзиниот лев брег. Пред Втората светска војна тука живееја околу 160 семејства со околу 500 жители. Поголемиот број штипски Евреи се занимаваа со ситна трговија, а имаше и неколку трговци на големо. Не мал број беа занаетчии, некои живееја од ситни услуги, а поголемиот дел беа сиромаси. Повеќе по сеќавање, може да се наведе дека Евреите во Штип држеа околу 27 дуќани на мало од кои 13 бакалници, 5 дуќани со памучен текстил, 2 со галантерија и технички предмети, 2 дуќани за брашно, 1 дуќан со канцелариски материјал, весници и списанија, 1 со стакларија и бижутерија, 1 со градежен материјал и 2 со овошје и зеленчук. Неколку Евреи се занимаваа со откуп на жито и други земјоделски производи. Афионот едно време беше значаен за трговијата, но со ограничувањата за негово производство, кон средината на триесетите години, трговијата со афион наполно замре.

Во првите години по Првата светска војна меѓу Евреите имаше сафари, но со воведувањето на девизни ограничувања тие престанаа со работата, или работеа полулегално. Од сафарите најпознати беа: Хаим Бохор Леви и неговиот помлад брат Јуда Бохор Леви. Како сафар "пазарџија", Јуда во пазарните денови редовно одеше во Кочани и Виница. Околу седум еврејски фирми се занимаваа со ангро трговија: Јаков и Јусуф Леви, Мошен Јаков Сион наречен "Беџанот" и синовите на Мордо Јаков; трите фирми со колонијални и други стоки; Жак Хаим Леви наречен "Дел Сафар", со брашно, жито и други производи; Давид Мошон Сион наречен "ЕлРојо" или "Жолта брада", со брашно; Мордо Сион со нафтени деривати и петролеј и со камионски превоз што го вршеше со својот возен парк и Барух Менахен Сион со трговија на тутун, цигари и сол. Неколкумина се занимаваа со посредништво во откупот на жито, семиња, сурови кожи, шпедиција и слично.

Во некои од наведените дуќани беше ангажиран уште еден голем број Евреи по роднинска линија, како помошници, ортаци или врз друга основа. Некои Евреи беа во ортачки односи со многу Македонци. Така, Челебон Бохон Леви со години работеше заедно со Ристо Јанев на откуп на разни земјоделски производи. Во годините на Големата криза, тие од тоа не можеа да живеат, па купија и инсталираа моторна мелница во селото Мустафино, во Овче Поле. Извесно време живееја од "ушур", но пред конкуренцијата на поголеми и помодерни мелници мораа да ја ликвидираат.



Куќата на Хаим Рафаел Леви, чичко на Хаим (Јуда) Леви, подоцна зграда на музичкото училиште во Штип

Од индустриски објекти, Штип имаше само една полуиндустриска мелница на Брегалница. Околу 1930 година таа беше сопственост на еден Македонец, но интерес во неа во тоа време имаше и еден богат Турчин. Давид Мошон Сион, наречен "ЕлРојо" или "Жолта брада", како брашнарски трговец тесно соработуваше со двајца сопственици. Тројцата секојдневно се собираа кај "Жолта брада"и се договараа за работата на мелницата. Во чаршијата Никогаш не се слушна за некакви несогласувања меѓу нив. Напротив. Беа и лични пријатели и многу често се посетуваа. Двајцата браќа Јаков и Јусуф Леви од истоимената фирма беа акционери и членови на Управата на Брегалничката банка. Безмалку, сите Евреи трговци во Штип, со само неколку исклучоци, своите работни книги го водеа на еврејско-шпански јазик, наречен ладино.

Занаетчии, сметано во поширока смисла на зборот, меѓу Евреите во Штип, можеа да се набројат до 45, но тој број во одделни години меѓу двете светски војни варираше. Најбројни, околу 13, беа касапите. Заедно со еден број касапи Македонци, тие беа здружени во две заедници. Побројната заедница во чаршијата беше позната под името "Компанија". Таа, меѓу другото, беше главен лиферант на месо на тогашниот гарнизон и на други поголеми потрошувачи во Штип, а вршеше и откуп на добиток во источниот дел на Македонија и беше голем извозник во Грција. И втората, нешто помала заедница се занимаваше со слични работи. Меѓу занаетчиите Евреи, имаше 6 опинчари, 4 тенеќеџии и 4 кафеџии. Еден од опинчарите со мошне бројна фамилија, во 1935 година се исели во Израел. Меѓу спомнатите тенеќеџии беше и стариот "кломфер" Саламон Салтиел, кој умре околу средината на триесеттите години и беше познат како еден од првите пожарникари доброволци во Штип. Шивачи имаше двајца, а беа браќа, работеа заедно и шиеја ефтина машка конфекција. Својата конфекција ја продаваа преку еден трговец Евреин Давид Леви, наречен "Ел Хаџи", во пазарните денови на пазарите во градовите близу Штип. Такси шофери имаше тројца. Еден од нив умре пред Втората светска војна, еден се исели од Штип, а третиот пак, долго време беше пајтонџија. Печатари имаше двајца (татко и

син) кои во првите месеци на окупацијата (1941) во Штип се доселија од Битола. Продавачи на солени семки и слаткарски производи имаше двајца, бербер беше еден и ќебапчија еден. Шивачки со постојано занимања имаше пет. Едно десетина млади Еврејки само повремено се занимаваа со шиење за да обезбедат дополнителни приходи за своите фамилии. Ќебапчија беше Хаим Капуано, наречен "Ла Турка", постар Евреин со брада. Немаше дуќан, а ќебапчиња печеше само наутро, под една стреа, на улица. Беше познат како духовит човек. Својот производ наглас го рекламираше на македонски: "Кој ќе купи, тој печали". Со разни ситни услуги се занимаваа двајца арабаџии, 3-4 амали и 2-3 чистачи на чевли. Еден долго време го држеше стариот турски амам, еден по улиците во кошница носеше и продаваше семки, печени јајца и друго. Амалите имаа посебно изработни самари за поголеми товари. Меѓу Евреите во чаршијата беа познати како Синто "Ел Пато", Есха "Ел Пио" и Јуда "Ел Пашарико". За тешката работа што ја вршеа не беа Голијати. Напротив, беа мошне слаби, а носеа товари и од по 100 килограми. Во саботите и на празниците облекуваа чиста испеглана облека, а понекогаш носеа и вратоврски.

Меѓу Евреите во Штип имаше и многу работници од кои 6 беа постари, некои од нив беа квалификувани работници, околу 18-20 беа млади калфи вработени во разни работилници и трговски дуќани, а околу 10 беа чираци. За да дојдат до приходи, неколку постари самохрани жени по неколку денови во неделата работеа во еврејски куќи за дневница ("а џирнал"), или од некои трговци земаа семки од кајсии, ги кршеа и им ги вадеа јатките. Една жена беше позната како каначка за разни приредби, свршувачки и свадби, а една постара жена беше приучена за бабица итн.

Кога ќе се собере, во трговските дуќани и работилници, и како работници во други дејности, се чини дека не мал број од членовите на еврејската заедница во Штип беше вклучен во некој вид стопанисување. Времињата беа такви што голем број членови на домаќинствата мораа максимално да се ангажираат, за семејствата да можат скромно да опстојат.

Еврејските дуќани и работилници, во саботите и на еврејските празници, по правило не работеа. Работеа само мал број од нив, само оние кои по карактерот на својата работа мораа да работат. Во неделите и на државните празници голем број Евреи работеа интерно во своите работилници и дуќани, ги средуваа стоките, евиденциите и преписките и се подготвуваа за работните денови што следеа. Во саботите и на еврејските празници, на улиците во Еврејското маало се чувствуваше голема живост и празнична атмосфера. Еврејските кафеани беа полни, се пиеше кафе, се коментираа новостите, се договараа деловни зделки, и се играа карти или табла. "Шамашот", односно поклисарот на синагогата, во петоците, приквечер, го обиколуваше Еврејското маало и од средината на секое од неколкуте заеднички дворови што имаа свои посебни имиња, како "Ел Кортишо Гранде", "Ел Авли", "Ла Кашета" и други, го најавуваше доаѓањето на саботниот ден, при што гласно извикуваше: "Асиндиено ке ја ес тадре!" или "Палете (светла) оти е доцна!"

Посебно место меѓу еврејските празници имаше Песах - Песка. Подготовките за празникот беа долги и обемни. Се носеа и се печеа разни јадења, а се сукаа и кори, кои за тој осумдневен празник се користеа место леб. Сето тоа заеднички го вршеа повеќе здружени домаќинства во оние еврејски куќи, кои имаа мали домашни фурни. Само овој дел од подготовките траеше по десеттина дена. Со исклучок на верскиот празник "Јон Кипур", сите други традиционални историски еврејски празници имаа општествено значење и карактер на свечености.

Старата еврејска синагога во Штип, пред, или во текот на балканските војни, беше запалена и заедно со повеќето еврејски куќи околу неа беше целосно изгорена и урната. Тогаш речиси сите Евреи во Штип беа избегани во Солун. По повеќемесечното талкање по Солун како бегалци, тие се вратија повторно во Штип. Во Солун останале неколку фамилии и поединци. За жал, нема податоци ни кога беше изградена, ни

како изгледаше таа синагога. По Првата светска војна, беше покренато прашањето за изградба на нова синагога. Иницијатор и главен организатор за изградбата беше Давид Менахен Сион, наречен "Хаџи Давид". Беше многу иницијативен човек, во тоа време претседател на Еврејската општина. Новата синагога беше изградена околу 1925 година. Беше голема и убава, а освен за редовни потреби, служеше и за разни пригодни собири. Почесно место во неа доживотно му беше доделено на "Хаџи Давид", кого Евреите во Штип високо го ценеа и почитуваа. Должноста на рабин во Штип многу години ја вршеше Давид Менахен Натан. Тој меѓу другото ги водеше и матичните книги на Евреите. Околу 1937 година, по завршување на сараевското училиште за рабини, за нов рабин во Штип дојде Маир Косорла од Битола.

По "Хаџи Давид", претседател на Еврејската општина во Штип беше Давид Мошон Сион, наречен "ЕлРојо", или "Жолта брада", трговец на големо на брашно, а во 1937 година го замени Менахен Јаков Леви, трговец со текстил. Менахен беше последен претседател на Еврејската општина во Штип.

Еврејското училиште во Штип, како институција, егзистираше многу децении, ако не и векови. Тоа не беше некое современо училиште, ниту беше од некој висок ранг. Неговата програма опфаќаше читање на хебрејски, читање и пишување на еврејско - шпански, односно "ладино" со адаптирани хебрејски букви, елементарна аритметика и учење на делови од најстарата еврејска историја. Имаше двајца учители.

Сите еврејски деца, и машки и женски, од петата до десетата година го посетуваа училиштето. Учителот за време на часовите го подучуваше секое дете, посебно, според возраста и според тоа како ја совладува наставата. Средствата за школувањето ги обезбедуваше Еврејската општина во Штип.

Општествениот, културниот и забавниот живот беше развиен според големината на заедницата и според можностите на Штип како градски центар. Во текот на долгите зимски вечери Евреите по разни поводи се собираа по куќите на вечеринки. Едно од собиралиштата на Евреите беше и Еврејскиот клуб, каде им беа дадени на располагање весници, списанија и други

еврејски публикации. Поради малиот простор во кој беше сместен, клубот повеќе служеше за општествени договори.


Ovaj broj stoji 2 krune.

ŽIDOVSKA SVIJEST

ŽIDOVSKI KULTURNO-POLITIČKI TJEDNIK

Broj 58. i 59. Sarajevo, 17. ševata 5680. 6. februara 1920. God. I

Зар и ти, Југославијо?

Насловна страница на „Жидовска свијест„ од 1920 година, едно од списанијата што го читале Евреите во Штип

Во рамките на еврејската заедница во Штип, со различен успех дејствуваа и општествени организации. Така, организацијата на еврејските жени беше ориентирана кон организирање помош на најсиромашните членови на заедницата. Им даваше подршка на иницијативите на еврејската младина и на акциите на Еврејската општина.

Меѓу 1925 и 1930 година во редовите на еврејската младина беше организирана аматерска драмска секција, која успеа да подготви и на единствената сцена во тоа време во Штип, во зградата на тогашниот хотел "Гранд", да изведе неколку

драмски претстави на еврејско-шпански, односно "ладино". Според сеќавањата, се спомнуваат само две и тоа - едната со содржина од животот на Евреите во царска Русија, а втората од животот на кралицата Естер од најстарата еврејска историја. Во тоа време постоеше и еврејски младински хор. Зачувана е една фотографија од тој хор од околу 1929 година. Организатор на драмската секција и на хорот, но и на другите општествени активности меѓу Евреите во Штип во тоа време беше многу претприемчивиот и образуван млад човек Бесалел Симантов Асаел, со уште неколку другари. За стручните работи, режијата, изработката на сценографијата, изработката на музиката и друго, Басалел се консултираше со свои пријатели Македонци. Тој беше еден од главните носители на ционистичкото движење меѓу Евреите во Штип, а беше успешен и како трговец. Продаваше канцелариски материјал, весници и списанија.


№ 1 Anio I

La renassencia djudia en Escopia

Editada por la organisation Sionista Locala en Escopia

Насловна страница на „La reneccancia djudia en Escopia„ (Еврејска преродба) од Скопје, од 1927

Во тоа време постоеше и еврејски младински фудбалски клуб под името "Хакоах". Капитен на тимот беше Исак Барух Леви, кожарски трговец. Тимот на "Хакоах" често играше со тимот на "Брегалница", чиј капитен во тоа време беше Павле Хаџикимов. Целата генерација на Баселел и фудбалерот Исак Барах Леви и даваа голема подршка на НОБ и на борбата против бугарскиот и германскиот окупатор.



Еврејски младински хор од Штип. Седи, четврти од десно Бесалел Симантов Ассаел. Фотографијата била објавена во „La renessencia djudia en Escopia". Објавена и во книгата на Жени Лебл, „Плима и слом„ Дечје новине, Горњи Милановац 1990

Во 1934 година, самоиницијативно од Штип отиде во една еврејска земјоделска фарма во Словенија, наречена "хахшара", на практична обука, младиот професионален возач Менахен Моиjон Сион. Тој дотогаш во Штип имаше свое такси, а извесно време вршеше и превоз на стоки со својот камион. Од "хахшарата" Менахен во 1935-та се пресели во Израел во еден од еврејските кибуци.

Во 1937-38 година младинците од Штип: Аврам Барух Сион, Хаим Јуда Леви, Моис Давид Сион и Хаим Моис Леви, сите ученици, формираа друштво на марксистички ориентираната организација "Хашомер хацаир", која пропагираше вселување на младите Евреи во Израел. Во новото друштво кое разви голема разновидна активност, се беа собрале доста младинци Евреи, од кои еден број учествуваше во летните младински логори на оваа организација.

Паралелно со ова, во Штип во тоа време беше организирана и слична младинска организација под името "Техелет лаван". Од штипските членови на организацијата во 1939

година, беа примени во еврејските фарми во Словенија (хахшари) на практична обука за понатамошно организирано вселување во Израел, следните еврејски младинци: Менахеј Сабетај Натан, шивачки работник; Монс Давид Рубиса, бравар; Витал Семуел Сион, трговски работник и Исак Хаим Леви, работник. Менахем по извесно време се врати во Штип, поради болест, а Монс Рубиса беше повикан на отслужување на редовниот воен рок. Априлската војна го затекна во војската и по капитулацијата на стара Југославија, беше одведен во заробеништво во Германија. По војната се врати во Штип, кадешто живееше и почина. Со него се врати од заробериштво во Германија и Нисин Давид Сион, берберски работник од Штип, кој во 1948 година се исели во Израел, каде живее и сега. Исак Леви и Витал Сион, по капитулацијата на Италија во 1943 година стапија во партизанските единици во Далмација. Витал Сион сега живее во Риека, а Исак Леви умре во 1973 година како активен интендантски мајор.



Пепо Леви, најстар брат на Хаим Леви во гимназијата во Тетово, крајот на 30-ите, протеран од Штипската гимназија поради напредни идеи и активности (стои меѓу двете соученички во новата средина)

Инаку, еврејската работничка и школска младина активно учествуваше во сите општи, работнички, школски, спортски и други акции, излети и приредби на напредната младина во градот. Особено тоа важи за повеќето години пред Втората светска војна. Сите младинци Евреи организирани во војната во спомнатите две организации во Штип, од самиот почеток на организираната борба против окупаторот беа активни учесници во НОБ во Штип.

*Евреите во Штип под бугарската фашистичка окупација*

Во текот на Априлската војна во 1941 година, како војници на старата југословенска војска, загинаа тројца Евреи од Штип и тоа: Јосеф Мошон Леви, неговиот брат Јаков Мошон Леви и Дарио Мошон Леви наречен "Буте". Јосеф загина на 6 април пред Соколаната во Штип (денес зграда на Народниот тетар), а другите двајца не се знае ни во кои единици биле, ниту каде загинале. Со пропаста на кралска Југославија во април 1941 година, и со окупацијата на поголемиот дел на Македонија од страна на фашистичка Бугарија, еврејската заедница во Штип, како и другите во Македонија, се најде во тешка, особено тешка економска положба. Во првите денови на окупацијата, сите еврејски и трговски занаетчиски дуќани беа целосно ограбени. Окупаторската власт уште од првите денови, во април и мај 1941 година секојдневно мобилизираше група Евреи и Роми за кулучка работа и расчистување на урнатините настанати од бомбардирањето на градот и расчистување на материјалите останати и расфрлени низ градот по сломот на кралската југословенска војска.

Бугарската окупаторска власт уште на почетокот донесе редица антиеврејски закони со кои се организираше целокупниот политичко-економскиии живот на Евреите во Македонија, потоа донесе прописи за еднократен данок на имотите, за плаќање на разни такси и вонредни даноци, за забрана на движење, потоа задолжително носење на значка со еврејски знак, воведување на полициски час за Евреите и низа други мерки. Во Зборникот на документи "Евреите во Македонија

во Втората светска војна (1941-1945)", Скопје, 1986, во редакција на Жамила Коломонос и д-р Вера Весковиќ Вангели, а во издание на Македонската академија на науките и уметостите, објавени се законите, прописите, наредбите и мерките на фашистичка Бугарија против Евреите во Македонија. "Обмислено, систематски, секојдневно се донесуваа нови дополнителни прописи од бугарските окупаторски власти за ограбувањето и целосното осиромашување на еврејското население. Но сите тие антисемитски мерки придонесоа уште повеќе да се прошири отпорот на еврејското население и неговото сé поголемо врзување кон борбата против фашизмот, заедно со македонскиот народ и југословенските народи и народности."

На Евреите не им беше дозволено да работат, така што голем број сиромашни семејства се најдоа во тешка ситуација. Еврејската заедница во Штип, за разрешувањето на тешката економска положба на семејствата беше доста ангажирана и солидарна. Еден број такви фамилии беше помаган од роднините, а за обезбедување на поминок на оние што се наоѓаа во најтешка положба, во рамките на заедницата веше организирана мошне ефикасна помош.

*Учесшвошо на Евреише од Шшиџ во НОБ и револуцијаша*

Народноослободителното движење во Штип, уште од првите денови по Априлската војна разви голема активност во мобилизирањето на масите, особено на работничката и школската младина против бугарската окупаторска власт. Таа активност се засили и прерасна во масовно, особено во текот на јули и август 1941 година кога започнаа да допираат вести за оружената борба и за востанијата во Србија, Црна Гора и во другите делови на Југославија под раководство на КПЈ. "Еврејската младина уште во првите денови на германската и бугарската фашистичка окупација јасно се определи за борба против фашизмот, зашто во таа борба го гледаше единствениот излез за спасувањето на големиот живот.

"Еврејската младина посебно се истакна во многу активности на НОБ од 1941-1945 година. Еврејста заедница од

Битола, Скопје, и Штип дадоа виден придонес во таа борба". Споменатиот зборник на документи "Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945) донесува документи или делови, што зборуваат или се однесуваат на учеството на Евреите во Народноослободителната војна во Македонија. Еден број млади Евреи организирано се вклучија во народноослободителото движење во Штип уште од август 1941 година. Во тоа време Исак Сион, како член на КПЈ беше поврзан во една партиска келија во Штип и водеше партиска група од Евреи младинци. Во таа група беа Исак Јаков Леви, трговец, Пепо Јуда Леви, апсолвент по медицина, Хаим Јуда Леви, трговски помошник, Аврам Барух Сион, студент по рударство и Моше Давид Сион, матурант. Сите членови на групата имаа за задача да ги запознаат своите блиски и пријатели за вестите од фронтовите, да го прошируваат кругот на симпатизери на НОБ, да собираат оружје и помош во материјали и да ја пропагираат беспоштедната борба против окупаторот. Освен партизанските материјали, во групата се обработуваа и некои брошури што се однесуваа на правилата на старата југословенска војска за поединечна и групна воена обука, како и на ракувањето и примената на некои видови оружје. Групата имаше развиено голема активност.

Во првите денови на октомври 1941 година беа почнале да се вршат подготовки за организирање вооружено востание и за исфрлање партизанки одред. Организацијата за исфрлање на одредот ја вршеше Месниот комитет во Штип. По тој повод, тие денови во Штип престојуваше Мирче Ацев, испратен од Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Беше одреден воен штаб на Месниот комитет. Исак Сион беше избран за член на штабот, задолжен за материјално обезбедување на одредот, а одделно од тоа беше предвидено раководство на одредот. Во составот на одредот меѓу другите, беа предвидени и сите пет члена на партиската група Евреи што ја водеше Исак Сион, кој ги извести за тоа и ги повика да се подготват и да излезат во одредот, кога ќе бидат повикани. Сите пет членови на групата дисциплинирано го примија овој

распоред и без колебање ја прифатија поканата да стапат во одредот и да учествуваат во првата акција.

Според планот се предвидуваше дел од одредот во кој влегуваа и петте активисти Евреи да изврши напад на бугарскиот полициски участок во градот, по што партизаните требаше да се повлечат кон Плачковица. Таму требаше да се здружи со вториот дел од одредот, кој во меѓувреме требаше да изврши друга задача. Меѓутоа, поради немањето услови, до организирање на партизанскиот одред во тоа време не дојде. Во ноември 1941 година беше обновена организационата работа на партиските ќелии и групи во Штип, со цел, подоцна одново да се организира оружена борба.

Зимата во почетокот на 1942 година, во Штип дојде Страхил Гигов и изврши темелна реорганизација во составот на партиските ќелии и на партиските воспитни групи. Меѓу другото и партиската група на петмината Евреи што ја водеше Исак Сион, да се подели: Исак Јаков Леви, Аврам Барух Сион и Моис Давид Сион, како партиска воспитна група да ја води Васил Доганџиски, во тоа време политички секретар на Месниот комитет, а Пепо Јуда Леви и Хаим Јуда Леви да ги преземе Тошо Арсов и да ги вклучи во партиската воспитна група што веќе ја водеше. По месец-два потоа, Тошо Арсов ги предложи Пепо и Хаим и беа примени во Партијата. По приемот тие беа распоредени: Хаим во ќелијата што ја водеше Славчо Стојменски, а Пепо во ќелијата што ја водеше Ленче Арсова. Во април 1942-та Исак Сион стана член на Месниот комитет во Штип, беше секретар на една ќелија и го водеше Народноослободителниот одбор за народна помош, кој дотогаш работеше веќе неколку месеци под раководство на Киро Кукушов.

Васил Доганџиски редовно одржуваше состаноци со тројца млади Евреи што му беа доделени да ги води како партиска воспитна група. Исак Јаков Леви, Аврам Барух Сион и Моис Давид Сион од таа група во меѓувреме формираа свои подгрупи од младинци Евреи, секоја соо по 4 до 6 ена, што ги водеа како членови на СКОЈ. Контактите со тројцата Евреи што ги водеше Васил Доганџиски не беа лесни, бидејќи тие

врски можеа да укажат дека тој, како доста познат комунист во градот, развива политичка дејност. Освен тоа, тој и инаку имаше голем број обврски и задолженија како политички секретар на Месниот комитет и редовната работа како раководител на Шивачката задруга, беше оптоварен преку глава. Затоа во август или септември 1942 година му даде задача на Исак Сион, тој да да го преземе водењето на групата младинци Евреи. Задачата Исак ја прифати.

Пепо и Хаим Леви, како членови на Партијата и активисти беа нашле два револвера, од кои еден на буренце од голем калибар за кој долго не можеше да се најде муниција. Во 1942 година организацијата дојде до мала количина на такви куршуми и Благој Јанков Мучето, како илегалец во Штип, често го носеше тој револвер. Помошта собирана од овие активисти Евреи, значајна по своите ефекти, беше придонес за јакнење на материјалната база на Народноослободителната борба во Штип и претставуваше видна манифестација на солидарноста и на единствените стремежи на македонскиот народ и на народностите во Штип, со заеднички напори и преку заедничка борба да се извојува слободата од бугарските фашистички окупатори. Во таа смисла, овие активисти, со својата дејност го даваа својот придонес во омасовувањето на народноослободителното движење и неговиот подем во градот и околијата.

Покрај споменатите организирани младинци активисти можат да се набројат најмалку 50-60 Евреи и Еврејки од средната генерација кои беа активни симпатизери и даваа видна подршка на целите на НОБ и кои без колебање беа подготвени да го следат патот кон реализацијата на ослободителните цели.

### *Прилози на Евреите во злато во 1942 година за НОБ*

Според лични сеќавања, во Штип меѓу неколку Евреи од средната генерација, дојде до покренување акција за собирање прилози во злато за НОБ. Едно попладне, некаде кон крајот на летото 1942-та, Исак Сион, Пепо Леви, Аврам Сион, Хаим Леви, Моис Сион и Исак Леви, на една седенка, во неврзан разговор ги коментираа мошне неповолните вести што доаѓаа

од главните фронтови против Германија и нејзините сојузници. Германците беа направиле продор до Кавказ и до руските нафтени извори во тој реон, а на Исток напредуваа кон Сталинград. Во Северна Африка, едно време, беа стасале близу до Александрија. Вториот фронт слабо беше спомнуван. Некако, како и секогаш, на борбата против фашистичките сили како да се гледаше како на дефанзивна. Во разговорот Аврам Сион изнесе едно мошне оригинално гледање на целата ситуација и истакна дека фашистичките сили се јаки и дека ќе бидат нужни многу големи напори и жртви и од страна на поробените народи и од страна на целата Антифашистичка коалиција фашистичките сили да бидат совладани. Ако сакаме и ние да дадеме свој скромен придонес во тоа, истакна Аврам Сион, мораме под раководство на Партијата најрешително да се определима за беспоштедна борба против бугарските фашистички окупатори. Тоа за Евреите е животно прашање, прашање на опстанок. За таква борба треба војска, оружје, храна, опрема. За тоа се нужни големи средства. Средствата што редовно се собираа во тоа време во вид на прилози за НОБ беа значајни, но не беа ни приближно доволни. За вистинска борба беа потребни големи средства. Тоа не беше најважното во борбата против окупаторот, но сигурно беше дека можеше да го олесни и да го забрза организирањето на борбата. Прашање беше дали постои можност такви средства да се обезбедат и како? По тој повод тој ја спомна француската поговорка "Парите ја чинат војната".

Сите се сложија и целосно ја подржаа ориентацијата и сугестијата што ја изнесе Аврам и се разгледаа некои можности за пристапот кон нивното реализирање. Хаим и Исак Леви, кои уште од поранешната работа во чаршијата подобро ги знаеја побогатите Евреи од средната генерација, оценија дека добро обмислување на акцијата може да биде мошне успешно. Беа набележани петнаесеттина лица кои по разни основи беа блиски до некои од нас. Беше направен распоред кој од нас поединечно со кого ќе контактира и како да му пристапи. Беше договорено за поефектен придонес, прилозите првенствено да бидат во неколку златници, или во левови, по желба на

дарителот. Прилозите во левови во оваа акција, беше решено, секој од нас да ги предаде по редовна линија заедно со останатите редовни прилози. Собраните прилози во златници секој од нас, беше предвидено, да ги предаде на чување кај Пепо, а тој, како носител на оваа акција, редовно да го известува Исак Сион за текот на самата акција. Така се тргна во акцијата без брзање и без многу бука.

Со акцијата Исак Сион навремено ги запозна Благоја Јанков-Мучето и Славчо Стојменски, кои го беа изразиле своето нескриено задоволство за преземената иницијатива. Нив Исак редовно ги информираше за текот на самата акција и за собраните средства.

Се спомнуваат следните Евреи од средната генерација, кои во оваа акција дадоа поединечни прилози во златници за Народноослободителната борба во Македонија: Семуел Мордо Јакар, Жак Хаим Леви, наречен "Бел Сафир", Арон Јосеф Леви, Исак Мордехај Бонано, наречен "Ел Прето", Мордо Јаков Сион, Семуел Јанков Леви, Бесаел Симантов Асаел, Менахен Семуел Капуано, наречен "Мишел", дентист, Алберто Исак Леви, Анри Давид Сион, наречен "ДелРојо", Исак Барух Леви и уште неколкумина.

Во декември 1942 година беа собрани преку 60 златници, најголемиот дел во наполеони. За ова Исак го извести Благој Јанков, кој пак за акцијата го известуваше Покраинскиот комитет.

Во јануари 1943 година, Благоја Јанков-Мучето и Славчо Стојменски му кажаа на Исак дека од Покраинскиот комитет, како курир дошол во Штип Тило Кошевалиски, со специјална задача да ги прими собраните златници и да ги пренесе во Покраинскиот комитет во Скопје. Му рекоа, од собраните златници, 50 наполеони, завиткани во фишек, во точно одреден ден и време, во улицата на казанџиите, во чаршијата, да му ги предаде на Тило Кошевалиски. Исак ги зеде златниците од Пепо и во договореното време и место му ги предаде на Кошевалиски.

*Едномесечна принудна работа на Евреите од Штип во Скопје*

Во летото 1942 година, бугарската окупаторска власт мобилизираше 30-40 Евреи од Штип меѓу 25 и 35 години на едномесечна принудна работа во Скопје за пробивање на патот за Водно. Партиската организација во Штип не водеше никаква акција меѓу повиканите да не одат на таа работа, бидејќи немаше можност толкав број да илегализира и да заолни. Секој од повиканите доби писмен повик и упат за Скопје. Секој поединечно се јавуваше на работното место во Скопје, а во работата гледаа што повеќе да "забошотат". Спиеја во бараките на градилиштето, а добиваа и дозволи да одат на спиење кај роднини или познати во градот. По еден месец сите се вратија во Штип.

*Ноемвриската провала во Штип*

Во познатата ноемвриска провала која опфати голем број активисти од Кочани, беа провалени и Васил Доганџиски, Славчо Стојменски и Хаим Леви од Штип. Пред тоа, во возот од Кочани за Штип, од будгарската полиција беше фатен и Киро Бихач, член на Месниот комитет во Штип и беше одведен во затворот во Скопје. Хаим и Славчо беа фатени и затворени на 21 ноември 1942 година. Хаим беше болен со висока температура, а Славчо, по еден час од апсењето успеа да избега од затворот и да помине во илегалност. Хаим беше одведен во Скопје и во затворот изложен на невидено мачење. Тој тортурите ги издржа и со своето држење придонесе провалата да не се прошири во штипската партиска организација.

На 6 февруари 1943 година, беа донесени од Скопје во Штип и изведени пред бугарскиот окупаторски суд членовите на Партијата и на СКОЈ од Кочани и Штип, кои беа затворени од бугарската полиција во текот на провалата од ноември 1942 година. Судењето траеше 4-5 дена. На судењето, поради немање докази, Хаим Леви беше ослободен и по 2 - 3 дена беше пуштен од затворот во Скопје. По неколку дена по ова,

тој во Штип беше пак фатен од бугарската полиција и испратен во политичкиот концентрационен логор во Јениќој, во близина на Ксанти.

*Положбата пред депортацијата на Евреите*

Во декември 1942 година Штипската партиска организација направи повторен обид за исфрлање партизански одред. На 15 декември 1942 година излезе на Плачковица Првиот штипски партизански одред на чело со Васил Доганџиски, како командант. Во одредот беа четворица борци како основно јадро, кон кое требаше да им се придружат нови борци од Штип, меѓу нив и еден број од организираните млади Евреи. Меѓутоа уште пред да успее во тоа, четвртиот ден по излегувањето на теренот на Плачковица, Одредот беше нападнат и разбиен од Бугарите. Во борбата двајца борци, меѓу нив и Васил Доганџиски, загинаа, еден беше ранет и фатен, а потоа убиен од бугарските фашистичкит окупатори, а само еден успеа да се спаси.

Бугарските окупаторски власти и во 1942 и во почетокот на 1943 година донесуваа нови мерки за ограничување на работата и на движењето на Евреите.

Се чинеше дека бугарската окупаторска власт подготвува блокада на целиот град, а тоа наведуваше на помисла дека ќе го претресуваат целиот град. Такви блокади бугарскиот окупатор пред тоа спроведе во Велес и во некои други градови во Македонија. Набавениот бензин за околу 100 километри, наведуваше на тоа дека камионите можеа да бидат користени од Штип до Скопје, чија релација е токму толку долга. Со нив и под стража можеа да бидат превезени релативно ограничен број луѓе. Таков беше начинот на интерпретацијата на информациите и резонирањето на споменатата група еврејски активисти кој што со одминувањето на времето внесуваше сé поголемо неспокојство и грижа околу тоа, што ќе стане и што треба да се преземе. Се заклучи преку организацијата за организираните Евреи треба да се побара и да се обезбеди, ноќта да бидат сместени во куќите на активистите во градот.

Во меѓувреме Исак Сион го побара, го најде и го запозна Васил Златев со информацијата добиена попладнето и го замоли да види дали ќе може да обезбеди еден број младинци Евреи таа ноќ да бидат сместени во куќите на активистите Македонци. Се со цел, за во случај на општа блокада да не биде тешко да се објасни дека случајно се нашле на вечера, или пак на седенка кај своите пријатели. Но, поради мошне кусото време, како и поради наближувањe на полицискиот час за Евреите, во тоа не се успеа. Во меѓувреме градот вриеше од најразлични вести од типот дека се подготвува блокада, дека сите возрасни мажи Евреи, но и сите Евреи ќе бидат интернирани и дека со нив ќе ги интернират и сите компромитирани комунисти. Полицискиот час веќе беше почнал. По улиците околу, како и во самото Еврејско маало, веќе беа поставени полициски стражи, така што не можеше да се превземе ама баш ништо. Ноќта со Евреите завладеаја немир и неспокојство, поради стравот и неизвесноста на случувањата со нив.

По полноќ, бугарската војска почна да се распоредува по градот, а во утринските часови беа собрани сите Евреи заедно со сите еврејски активисти. На сите семејства им беше наредено да се облечат и со себе да ги понесат најнужни прирачни предмети и во рок од еден час да излезат на плоштадот.

Кога го видоа ова Исак, заедно со брат му Аврам и со некои младинци и други Евреи се обидоа да изнајдат начин за бегство или тоа да го сторат во текот на спроведувањето во групите под стража на патот кон железничката станица, напаѓајќи ги бугарските фашистички стражари за да избегаат.

Повозрасните во групата изразија целосна подготвеност да се впуштат во таквите акции. За жал од тоа мораше да се отстапи, поради големиот ризик и крајно неизвесниот исход. Беше оценето дека планираните обиди ќе бидат неуспешни. На патот кон железничката станица само Исак Сион искористи прилика и успеа да избега од колоната. Ја прегази реката Брегалница и се засолни кај Фируз Демир. Само Исак Леви таа ноќ се смести кај едно македонско семејство, но по два

дена самиот ѝ се пријави на полицијата, која го спроведе во логорот во Монополот во Скопје.

Овие детали се изнесуваат фрагментално, само за да ја илустрираат ситуацијата што со сета своја сложеност и со тешките дилеми, наеднаш и неумоливо се испречи пред Евреите активисти на НОБ во Штип, поставувајќи ги, во најкусо време, речиси во минути, пред судбинското одлучување.

### *Акцијата на Партијата и СКОЈ во Штип во март 1943-та за вадење на еврејското злато*

Од акцијата за собирање прилози за Народноослободителната борба во пари и злато, што во текот на есента и зимата 1942/43 година меѓу Евреите од средната генерација ја покренаа штипските еврејски активисти, поголемиот дел од собраните златници, како што веќе истакнавме, во јануари 1943 година беа испратени по курир во Покраинскиот комитет во Скопје. Другиот помал дел беше оставен во домот на Пепо Леви, а тој пак со другите штипски Евреи, на 11 март 1943, беше одведен во логорот во Монополот во Скопје. На неколку дена пред депортацијата на Евреите од Штип во Скопје, во Месниот комитет се постави прашањето за тоа колку е останатиот дел од собраните прилози во златници и има ли смисла да се направи обид да се дојде до остатокот. Бидејќи еднократната акција меѓу одреден број Евреи за собирање на прилози во злато, уште пред депортацијата беше при крајот, се оцени дека тој остаток не надминува десетина златници и дека за таа скромна количина не се исплаќа партиската организација да се ангажира во комплицираната и ризична акција. Меѓутоа, при разгледувањето на ова прашање се дојде до идеја дека би имало многу повеќе смисла да се направи обид за да се стапи во врска со Пепо Леви во логорот во Монополот во Скопје. Тој заедно со останатите активисти како Аврам Сион, Моис Сион, Исак Леви и други во логорот, да ја испита можноста дали некој од штипските Евреи, симпатизери на НОБ, биле подготвени своите скапоцености оставени, односно скриени во своите домови, да ги ставаат на

располагање на народноослободителното движење во Штип и дали за таа цел сакаат да ги посочат местата каде што ги оставиле скапоценостите, што партиската организација ќе се обиде да ги најде и извади. Притоа беше оценето дека ваквата акција ќе има одреден одзив и резултати.

Идејата беше прифатена. Во оваа смисла беше напишано едно кратко писмо за Пепо Леви. Благој Јанков - Мучето и Славчо Стојменски, уште на состанокот на Месниот комитет, како најпогоден за реализирање на овој потфат го одредиле Васил Златев, член на Месниот комитет во Штип, со задача да оди во Скопје и да се обиде да стапи во врска со Пепо Леви во логорот во Монополот, да му го предаде писмото и да извиди што може да се направи.

Васил Златев со писменцето уште утредента тргна за Скопје. Откако темелно ги разгледал околината и стражите околу Монополот, успеал да се доближи до оградата на логорот во Монополот и преку едно младо штипско Еврејче да го пронајде и да го повика Пепо Леви. Во првиот контакт Васил, во една кутија со цигари, на Пепо му го дофрлил писмото, а успеале преку оградата да поведат и краток разговор. Се договориле следниот ден во одредено време пак да се видат преку оградата. Пепо лично и со активно ангажирање на другите организирани младинци Евреи од Штип, разговарал со дел од Евреите од Штип, кои изразиле подготвеност да придонесат за јакнењето на материјалната основа на НОБ и за таа цел дале точен опис на местата во своите куќи во Штип, кадешто ги оставиле своите скапоцености, златниот накит и златниците.

Утредента, на следната договорена средба, во тешки и ризични услови, преку оградата на логорот од Монополот Пепо успеа на Васил Златев да му фрли едно кратко писменце во кое прецизно беше опишано дека во шест еврејски куќи, на осум места се оставени скапоцености. Во писмото стоеше порака дека Евреите сопственици што ги дале податоците, скапоценостите ги оставаат на располагање на народноослободителното движење, како нивен придонес во борбата против бугарскиот фашистички окупатор. Истовремено Пепо во писменцето го даде и описот на местото во неговата куќа

кадешто заедно со партиските материјали ги државеше и десетината златници останати од акцијата спроведена меѓу Евреите од средната генерација есента и зимата 1942/43 година за собирање доброволни прилози во пари и злато. Во таа прилика Васо и Пепо успејаа да водат сосема краток разговор.

На вторага договорена средба истиот ден, Васил Златен успеа на Пепо да му дофрли две опаковки цигари и големо ќесе со јаболки. Според куќите и местата наведени во писменцето на Пепо, скапоценостите во куќите на располагање на НОБ ги оставиле: Алберто Исак Леви, Жак Хаим Леви, наречен "Дел Сараф" Семуел и Исак Јаков Леви, Челебон Бохон Леви, Анри Давид Сион, наречен "Дел Ројо"и други.

Васил Златев по успешно извршената задача се врати од Скопје во Штип и писменцето на Пепо Леви веднаш го предаде на Месниот комитет. Врз основа на податоците во писменцето, партиската организација и СКОЈ во Штип, по задача на месниот комитет и на Благој Јанков - Мучето и Славчо Стојменски, презедоа мерки, Васил Златев и Исак Сион, во тоа време илегалец, со посебно одредени ударни групи од членовите на Партијата и СКОЈ, во ноќните акции во текот на втората половина на март 1943 година, по одреден план, илегално, ноќе да се префрлуваат во инаку напуштените еврејски куќи, да ги најдат и од нив да ги ископаат скапоценостите наведени во писменцето на Пепо. Како резултат на акциите, на пет места во три еврејски куќи беа најдени три големи и две мали тегли полни со златен накит и златници, кои веднаш беа предавани на Месниот комитет на Партијата.

Во куќата на Пепо, по описот даден во неговото писмо, беа пронајдени и партиски материјали, кои со остатокот од десеттина златници останати од доброволните прилози собирани во 1942 година, беа земени и дадени на Месниот комитет. Грубо може да се оцени дека во оваа акција беа пронајдени над десет килограми златници, златни предмети и накит. После значителните прилози во пари и злато што Евреите ги даваа за НОБ додека беа во Штип и писмото што Пепо успеа од логорот во Монополот да му го дотури на Васил Златев, по што беа собрани скриени скапоцености, како и нивната порака

дека тие свои вредности ги ставаат на располагање на македонската Народноослободителна борба само за себе говори за големата активност што Евреите членови на Партијата, партиските групи и СКОЈ ја развивале по своите средини, за безрезервната доверба што младите и старите Евреи ја имаа во НОБ и нејзините цели и посебно за нивната голема доверба во честитоста и чесноста на луѓето ангажирани во неа.

Нема многу примери во минатото како овој на штипските Евреи кои своите скапоцености во златоо и златни предмети ги ставиле на располагање на Партијата. Тие тоа делумно го правеа и пред нивната депортација, а во целост за време на престојот во привремениот логор во Монополот во Скопје.

*Евреи од Штип-учесници во НОБ кои ја преживеаја Втората светска војна*

Многу малку Евреи од Штип ја избегнаа депортацијата и трагичната судбина на безмалку целата штипска еврејска заедница и ја преживеаја Втората светска војна. Тоа се Исак Сион, Хаим Витал Сион, Исак Хаим Леви, Моис Рубиса, Нисим Давид Сион и Леон Капуано. Сите тие биле борци во НОБ или учесници во народноослободителното движење.

Исак Сион по преминувањето во илегалност во март 1943 година по распоред на Месниот комитет - Штип, на 17 мај 1943 година беше повикан да се подготви за излегување во партизани. На 19 мај 1943 година вечерта, излезе од Штип и се упати кон Плачковица во Вториот плачковички партизанскии одред "Гоце Делчев". Одредот имаше девет борци, а меѓу нив и Исак Сион. На чело на Одредот беше Ванчо Прке. Таа и следната ноќ Плачковичкиот партизански одред имаше многу усилени маршеви, кои Исак, со својата ослабната кондиција, по еден ипол месец поминати во исклучително тешки услови во една визба, тешко можеше да ги издржи. Втората ноќ пред разденување, Одредот стаса близу Виница каде што го чекаше договорената врска. По краткиот договор, Одредот веднаш продолжи, а Исак, поради премореност беше оставен, односно

засолнет во една грмушка на ќошето од една нива, со тоа, навечер преку врска пак да му се приклучи на Одредот.

На 21 мај вечерта, Одредот беше откриен и нападнат од бугарските окупаторски сили. Во борбата која се разви, Одредот беше разбиен, тројца од борците, меѓу нив и Ванчо Прке загинаа, а тројца беа ранети и фатени, а потоа убиени од бугарскиот окупатор. Се спасија само двајца и Исак Сион кој ден пред тоа, утрото беше оставен поради премореност. Бидејќи истиот ден вечерта не дојде врската што требаше да дојде по него, Исак тргна назад во Штип и рано наутро на 23 мај се јави кај Фируз Демир. Како илегалец во Штип, потоа беше распоредуван во разни куќи.

По големата провала во Штип, во август 1943 година, Исак како илегалец преку јавки и врски, преку Скопје, рудникот Радуша и селото Вратница- Тетовско, стапи во Шарскиот партизански одред. Потоа, по распоред поминува во составот на Кумановскиот партизански одред, а потоа и во составот на Првиот кумановски баталјон. Како борец и политички комесар на чета, учествуваше во сите борби на овие единици, од кои ќе ја спомнеме само големата борба против балистите во Пешкопеа во Албанија, борбата на Дренак против четниците и борбата во селото Пелинце, против еден бугарски полициски одред.

Во февруари 1944 година, при формирањето на Третата македонска бригада, влегува во нејзиниот состав како заменик политички комесар на нејзиниот Трет младински баталјон. Во борбата на бригадата против концентрираните сили на четничкиот Вардарски крпус, кај селото Сејаце кај Врање, беше на неколку места ранет во десната рака со преломи. Како ранет се движел со бригадата во текот на целата Пролетна мајска офанзива во 1944 година до Грција и назад до Козјак, Кумановско. Тој исто така е еден од делегатите на Штип на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, АСНОМ, на 2 август 1944 година, во манастирот Свети Прохор Пчински. Потоа, како член на III Обласен комитет на КПМ работи на формирањето на органите на народната власт во штипската

област. На таа должност го затекнува ослободувањето на Штип, а на крајот на војната беше на должност политички секретар на Окружниот комитет во Струмица.

Во почетокот на 1944 година, Хаим Леви под многу тешки околности успеа да избега од политичкиот концентрационен логор Јениќој во кој беше дотогаш и како илегалец се вклучи во антифашистичката борба во Пловдив. Тука тој работи како командир на саботажна чета, а потоа како командир на чета во Мараш. По капитулацијата на Бугарија, во составот на Македонската бригада "Гоце Делчев", како комесар на еден од нејзините баталјони, се враќа во Македонија и како комесар на Пионерскиот баталјон на 50 девизија на НОБ учествува во завршните операции за ослободување на Кочани, Штип, Велес, Скопје и Тетово. Крајот на војната го дочека на должноста шеф на Персоналниот отсек на III армиска штипска област.

Исак Сион и Хаим Леви се носители на "Партизанска споменица 1941" и на воени и други одликувања и признанија.

За време на Априлската војна 1941-та, Витал Самуел Сион и Исак Хаим Леви од Штип, се затекоа во Далмација. Веднаш по капитулацијата на Италија, во септември 1943 година тие стапија во единиците на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија во Далмација и учествуваа во борбите на тие единици до крајот на војната. Витал живее како пензионер во Риека, а Исак Леви умре во Ниш во 1973 година, како активен интендантски мајор на ЈНА.

Леон Капуано, апсолвент по ветерина од Штип, за време на Априлската војна во 1941-та беше во Загреб. Тогаш тој со семејството избега во Далмација, каде што беше интерниран во логорот на Раб. По капитулацијата на Италија во 1943-та успеа со семејството да се префрли во Швајцарија, каде што до крајот на војната беше во еден прифатен логор. Во тој логор со една група Југословени работеше за НОД. Веднаш по војната тој се врати во Загреб каде и сега живее.

Моис Давид Рубиса, бравар и Нисим Давид Сион, берберски работник од Штип, Априлската војна во 1941-та ги затекна во старата југословенска војска, како војници на отслужување на редовниот воен рок. Оттаму беа одведени во заробеништво во

Германија. Како и мнозинството југословенски заробеници во заробеничките логори, и двајцата во логорот во кој што беа, даваа активна подршка на НОВ во Југославија. По капитулацијата на Германија, тие се вратија во Штип. Нисим во 1948-та се исели во Израел, каде и сега живее а работи како бербер, а Моис живее во Штип.

*Депортацијата на Евреите*

По долги меѓусебни консултации, на крајот на 1942 година, бугарската фашистичка влада и Германија во најголема тајност влегоа во директни и конкретни преговори за предавање на еврејското население на Германците. На 22 февруари 1943., меѓу нив е потпишана "Спогодба за иселување на првата етапа на 20.000 Евреи во германските источни области", всушност се работи за депортирање и ликвидација на Евреите од Македонија и од другите територии окупирани од фашистичка Бугарија. Министерскиот совет на Бугарија, на 2 март 1943-та ја одобрува оваа спогодба и одредува организациони и други мерки за нејзиното непосредно спроведување. За депортирањето на Евреите забрзано се вршат подготовки, кои почнале пред тоа, при што бил предвиден начинот на собирање, биле утврдени местата за формирање привремени концентрациони логори, а биле одредени и специјални возови за транспорт.

Ноќта, помеѓу 10 и 11 март 1943-та, Скопје, Битола и Штип беа блокирани од бугарската фашистичка војска и полиција и на 11 март, во раните утрински часови, почна собирањето на Евреите. Откако рано утрото, во групи и под стража, штипските Евреи беа доведени на железничката станица крај Штип, бугарските полицајци почнаа, без разлика на полот и возраста, и мажите, и жените и најмалите деца, на најбесрамен начин да ги претресуваат до гола кожа и да им ги одземаат парите, накитот, златото и сите повредни предмети до најмали ситници. Тоа траеше пет часа. Потоа ги натоварија во товарни вагони и под стража ги одведоа кон Скопје. Во Велес вагоните ги прикачија кон возот во кој беа сместени битолските Евреи и така ги доведоа до Скопје, во импровизираниот логор во Монополот.

Тука веќе беа собрани скопските Евреи. Така тој ден од Штип биле иселени 131 семејство со 551 лице.

Во врска со теророт над Евреите, штипската партиска организација во својот илегален весник "Народен глас", број 1 од мај 1943 година пишува: "Еден ден уште рано изутрина го блокираа целиот град, зачукаа на еврејските куќи побеснелите гестаповци и проклетите бугарски агенти и жандарми, и почнаа да ги исфрлаат на сокак, како добиток, жените, децата и мажите од сопствените куќи. А жандармите почнаа да ги гонат на станица со штикови на пушките, како да направиле којзнае каков престап. Ненаситните фашисти ги собираа сите Евреи од тука со кои со век си живеевме. Ги одведоа на станица каде ги соблекоа до гола кожа да ги претресуваат. Им зедоа сѐ што им најдоа за носење, за јадење и парите до последен лев. Им ги оставија само алиштата на грбот и по еден душек и јорган и така ги однесоа во скопскиот Монопол, каде ги собраа Евреите од цела Македонија. Таму ги држеа некое време како добиток, настегани еден врз друг, гладни, голи и боси. Потоа сите Евреи од Македонија ги испратија во разни логори, кадешто опколени од жандарми и со по сто грама леб ќе ги тераат да работат додека не паднат. На тој начин систематски еден по еден ќе ги уништат. Додека Евреите ги одведоа по логорите да ги уништуваат, дотогаш овде на нивните имоти се нафрлија да ги ограбуваат разни кметови, началници, агенти, жандарми, офицери и други. Ненаситните ограбувачи со коли ја издигаа еврејската сермија, разни мебели, храна и друго."

Овој напис е сведоштво и сликовито говори и за ненаситниот грабеж од страна на припадниците на бугарските окупаторски власти на имотите на штипските Евреи, по нивната депортација. Од материјалите на Федеративната комисија за утврдување на злосторството во врска со геноцидот над македонските Евреи и изјавите на некои преживеани Евреи кои беа во логорот, се констатира дека однесувањето на бугарската војска и полиција и нејзините агенти спрема очајните мајки, деца, старци, болни и воопшто спрема сите Евреи во концентрациониот логор во Скопје, било исклучително грубо и крајно безмилосно.

На Евреите во логорот им беше одземено речиси сé. Беа сместени по 300 до 500 души во една соба на голи штици без покрив и во студ. Четири дена не добија никаква храна. Немаше вода ни за пиење, а за миење никој и не ни помислуваше. Лекарската помош, доколку ја имаше, беше формална и без лекови. Затворениците во логорот ги пуштаа надвор само еднаш дневно, зграда по зграда, само на половина час. Не беа обезбедени услови ни за најелементарните хигиенски потреби. Депортацијата на Евреите од Македонија од логорот во Монополот беше организирано од страна на германските и бугарските фашистички органи во три воза. Првиот воз со скопските Евреи тргна на 22 март 1943 година. Вториот воз тргна на 25 март со дел од скопските, со сите штипски и со група битолски Евреи. Третиот воз тргна на 29 март со околу 2500 души. Возовите беа придружувани од бугарски полицајци, а вториот беше преземен веднаш од гестаповците. Од запленетите германски документи се установи дека првиот воз стигнал во Треблинка на 28 март 1943 година во 7 часот и е предаден на командантот на логорот. Вториот пристигнал во Треблинка на 31 март 1943 година во 18.30 часот. Истоварени се 20 вагони, а на 1 април во 6.30 часот останатите. Третиот воз во Треблинка стигнал на 5 април 1943 година година во 7 часот.

Сите Евреи од Македонија се депортирани во логорот Треблинка во Полска, во тоа време под германска окупација, каде беа задушени во гасни комори. Од Треблинка не се врати никој, не остана ниту еден сведок да раскаже за стравотиите на уништувањето на еврејското население од Македонија.

По депортацијата на Евреите, бугарските окупаторски власти од Штип, во летото 1943 година организираа уривање на сите куќи во Еврејското маало на десниот брег на Отиња до темелите. По којзнае каква случајност неурната остана една единствена еврејска куќичка, која и сега уште стои. Бугарските окупатори во исто време организираа демолирање, сквернавење и растурање на речиси сите гробници во еврејските гробишта, кои со векови постоеја надвор од градот, на левиот брег на Брегалница, на патот кон Радовиш. Не беа урнати само десетина слабобетонски гробници, изградени претежно

во 1941 и 1942 година. Поголемите мермерни плочи од растурените гробници беа преклесани и употребени за обложување на базенот на термалната бања Кежовица. Таков беше трагичниот крај на еврејската заедница која со векови постоеше во Штип.

### *Општествената заедница и организацијата на борците од Народноослободителната војна*

Училиштата и работничката младина и граѓаните на Штип го одбележуваат денот на депортацијата 11 март и секоја година им оддаваат почит на своите убиени граѓани Евреи. Во спомен на Евреите жители на Штип, жртви на фашистичкиот терор, во Штип беше подигнат споменик уште во првите години по ослободувањето, во поранешното Еврејско маало. Бидејќи споменикот не беше целосно доградeн, а и поради изменстата урбанистичка конфигурација во текот на досегашната изградба на делот на градот во кој беше поставен, со ангажирање на Сојузот на борците и со директна подршка и помош на општествените организации и на Собранието на општина Штип, изграден е на истото место нов споменик во 1985.

*КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА:*


1 Војимир М. Шобајиќ, Јеврејство и Израел, Београд, 1982 година;
2 А. Матковски, Историја на Евреите во Македонија, Скопје, 1983 г.
3 Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV и XVII век -демографски проучувања, Скопје, 1981 година;
4 Методија Соколовски, Штип и Штипско во текот на XVI век, "Историја", списание на историското друштво на НРМ, год. X, бр. 2, Скопје, 1974.
5 Диме Бојановски-Дизе, "Прилог кон изучувањето на општественоекономските односи во Македонија во XV-XVI век", Скопје 1974 година.
6 Жамила Коломонос, д-р Вера Весковиќ-Вангели, Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945), Зборник на документи, I,II, Скопје, 1986.
7 Исак Сион, Учество на Исак во Народноослободителната војна во Штип и Штипско (1941-1945), Сеќавања, 10 март 1980, Белград. Ракописот е во Историскиот архив во Штип;
8 Хаим Леви, Учество на Хаим Леви во Народноолободителната војна во Штип и Штипско од 1941 до 1945 година, Сеќавања, 22 деќември 1980, Сараево. Ракописот е во Народниот архив во Штип;
9 Исак Сион "Јевреи Штипа у рату и у миру, Сеќања, Београд, 2 септембар 1985. Ракописот е во Еврејскиот музеј во Белград.

*Благоја Цветковски*

# СОСТАВОТ И СТРУКТУРАТА НА ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ*

Во Македонија (Вардарска) имало околу 8.000 Евреи. Тие главно живееле во Скопје, Битола и Штип. Појавата на Евреите во Македонија е забележано уште во античкиот период. Појавата на Евреите во Макеонија е забележана уште во античкиот период. Од тоа време, па до трагичниот ден, нивниот број постојано се зголемувал[1]. Тоа посебно е забележено по прогонот на Евреите од Шпанија и Португалија во 1492 година. Евреите во Македонија главно се населувале преку Цариград и Солун. Новодојдените шпаски Евреи во Македонија биле помногубројни и покомпактни и тие успеале на сите Евреи да им го наложат шпанскиот јазик, обичаите и културата[2].

Во античкиот, особено Римскиот период, еврејскиот елемент во Македонија бил широко распространет и спаѓал меѓу најстарите етнички групи. Од тоа време, со сигурност не може да се посочи постоењето на еврејската општина во Штип и покрај постоењето на такви во градовите во Солун, Бер, Филипи и Стоби.[3]

---

* Текстот е објавен во списанието "Историја", год XIX, бр. 2, Скопје, 1983.

1 Поширoко за Евреите од Македонија и нивното трагично уништување: Александар Матковски, Трагедијата на Евреите од Македонија, Скопје, 1962; Благоја Цветковски и други, Во пламенот за посреќна иднина (Зборник на паднатите борци од НОБ од Штип и Штипско.), Штип, 1975; Александар Матковски, Историја на Евреите во Македонија, Скопје, 1983 (авторот на текстов немаше можност да ја консултира, бидејќи овој текст е создаден пред нејзиното излегување од печат)

2 Аарон Асса, Македония и евреиский народ, Ерусалим, 1972 год.

3 Александар Матковски, Трагедиата на Евреите од Македонија, н.д. 9

Во византискиот период Евреите навлегле и во внатрешноста на Македонија. Во овој период тие имале оформено повеќе свои општини и во други градови на Македонија, меѓу кои и во градот Штип. Евреите кои тогаш се колонизирале во Македонија биле главно од француско, германско и италијанско потекло и тие бегале пред крстоносните дружини.[4]

За време на османлиското владеење во Македонија, еврејскиот елемент значително се зголемил, особено со новиот прилив на бегалци од Шпанија и Португалија. Во овој период положбата на Евреите во споредба со периодот пред тоа, кога биле прогонувани, значително се изменила. Евреите добиле еднакви права со другото немуслиманско население во духовен и световен поглед. Тие добиле право да си создадат и да си имаат свои посебни општини (главно верски) наречени "таифе" и самостојно да управуваат со истите.

Од посебно значење е што тие добиле право да тргуваат без пречки низ целата Османлиска империја и во тој однос станале сериозни конкуренти и соперници на дубровничките трговци. На таков начин било овозможено Евреите во Македонија да станат претприемлив елемент и фактор на стоковно-паричните манипулации и во создавањето на првите основи на индустриското производство во Македонија[5].

Во овој период видлив е и значителен е порастот на еврејската општина во Штип со извесни осцилации во одделни периоди. Постоењето на еврејската општина во Штип е регистрирано и во официјалните пописни дефтери во тоа време[6].

---

[4] Исто, 10-11

[5] Исто, 13-16

[6] Во прашање се опширни сумарни пописни дефтери на Ќустендилскиот санџак. Во составот на овој санџак влегувала и Штипската каза. Оригиналите се во Архивот на Претседателството на владата (Basbakanlik Arsivi) на Турција, во Истанбул. Види: Методија Соколовски, Штип и Штипско во текот на XVI век, сп. Историја, год. X, Скопје, 1974, 128.; Д-р Александар Стојановски, материјали во ракопис за пишување на историја на Штип и Штипско во периодот на османлиското владеење до XVII век - матетријалите се рецензирани и доставени на Одборот за пишување на Историја на Штип и Штипски, во Штип, 1983 година.

Во еден збирен пописен дефтер од околу 1512 година, покрај наведеното муслиманско и христијанско население во Штип, биле наведени и 38 еврејски семејства (хане). Во пописот биле воведени само главите на семејствата. Објективно, ако едно семејство се состоело од 5 членови, излегува дека во Штип живееле околу 200 Евреи. Во дефтерот изрично е нагласено дека Евреите се доселиле во Штип од градот Солун (ан Селаник)[7].

Во најстариот од познатите пописи на Ќустендилскиот санџак од 1519 година, во Штип се регистрирани 9 турски маала, 6 христијански и едно еврејско ммало. Во еврејското маало имало 15 семејства со околу 80 лица. Очигледно е извесно намалување на еврејското таифе во Штип. Намалување е забележано и кај христијанското население, додека кај муслиманското имало зголемување[8].

Во наредниот зачуван попис од 1530 година, кој исто така е збирен е наведено дека во Штип имало веќе две еврејски маала. Во едното маало живееле 17 семејства, а во другото 19 семејства или вкупно 39 еврејски семејства со околу 200 лица. Исто така, било наведено дека од сите наведени семејства (хане) бил собиран харач. Харачот го плаќале по имотни категории. Сите Евреи биле поделени во три категории. Од најбогатата категорија се земало по 48 драма сребро, од средната по 12 драма, а од сиромашната по 6 драма. Секој Евреин бил должен, данокот џизие да го плаќа во својата општина, а таа му го предавала на џизиедарот, службеникот задолжен за собирање на џизието[9].

Во четвртиот попис од 1550 година, кој исто така е збирен, во Штип е регистрирано 41 еврејско семејство, со околу 200

---

7 Сумарен пописен дефтер бр. 167 од околу 1512 година за Ќустендилскиот санџак. Basbakanlik Arsivi, Istanbul. Види: Методија Соколовски, н.д. 128.

8 Опширен пописен дефтер бр. 170 од 1519 година, за Ќустендилскиот санџак. Basbakanlik Arsivi, Istanbil. Микрофилм од овој дефтер има и во Архивот на Македонија во Скопје. М. Соколовски, н.д. 128-130.

9 Сумарен пописен дефтер од 1530 година за Ќустендилскиот санџак. Basbakanlik Arsivi, Istanbul. Д-р А. Стојановски, наведен ракопис. За плаќањето на џезието види: А. Матковски, н.д. 15.

лица, сите запишани како еден џемаат. Притоа се спомнува еден Евреин, бербер по занимање. Повеќето биле од Солун (ан Селаник), а само по едно семејство било од Пловдив (Филиби) и од Скопје, Ускуб[10].

И во последниот познат попис од 1573 година, кој исто така е збирен се забележани 28 еврејски семејства и 11 неженести лица или вкупно околу 150 лица. Забележливо е намалување на еврејската општина, што покажува дека истата била мошне пропулзивна и динамична, во зависност од условите за живот и работа[11].

Големата Австро-Турска војна (1689-1699) и поразите на османлиската војска, како и општествено-економската анархија што ја зафатило Империјата во XVIII век и во првите децении на XIX век, имале далекусежни последици во развојот на државата, во тие рамки и во развојот на Штип и неговата Еврејска општина. Во овој период се забележува извесно намалување на Евреите во Штип. Податоците од Николаиди, дека во градот имало само 30 еврејски куќи, го потврдуваат тоа[12]. Меѓутоа, од средината на XIX век, градот повторно заживува. Посебен процут бележат занаетчиството и трговијата коишто им одговарало на Евреите.

Од овој период, еврејскиот елемент во градот се наоѓал во постојан растеж, така што, според Васил К'нчев во 1899 година, тој го бележи својот максимален растеж од 800 Евреи во градот[13].

Во првите децении на XX век, поради зачестените настани на Балканот и во Македонија и поради личната и имотната несигурност, многу еврејски семејства и поединци, ја напуштиле

---

10 Сумарен пописен дефтер од 1550 година за Ќустендилскиот санџак Basbakanlik Arsivi Istanbul. Д-р А. Стојановски, н.д.

11 Сумарен пописен дефтер бр. 85 од 1573 година за Ќустендилскиот санџак. Basbakanlik Arsivi, Istanbul. Оригинал на микрофилмот се чува во Катастарската управа во Анката. Микрофилм од овој дефтер има и во Архивот на Македонија во Скопје, М. Соколовски, н.д. 128-130.

12 К. Костиќ, Наши нови градови на југу, Београд 1922. 108; Ј. Павловиќ, Брегалничка област, Београд 1924, 48-49.

13 Македонскија като природно и стопанско цјало. Софија 1945, 119.

Македонија и градот Штип. Првото поголемо емигрирање на Евреите од Македонија е забележано уште во 1910 година. Потоа, за време на Балканските војни 1912-1913 година и на крај за време на Првата светска империјалистичка војна 1914-1918.[14] Во овој временски период, посиромашните Евреи емигрирале во Америка, додека побогатите оделе во Франција, Грција или Италија. На таков начин еврејските општини во Македонија значително се намалиле. Штипската еврејска општина непосредно пред војната од 6 април 1941-та имала 140 семејства со 551 лице. Во истите списоци е наведено дека во Македонија имало 2.150 семејства со 7.762 лица и дека еврејски вероисповедни општини имало само во градовите Скопје, Битола и Штип. [15]

### *Шӣийскаӣа еврејска оӣшӣина ӣред ликвидирањеӣо во 1943 ӣодина*

Наведените збирни податоци се само општи индикатори за присуството на еврејската народност во македонската средина. Во прилог ќе се обидеме да навлеземе во составот и структурата на Штипската еврејска општина и да направиме еден социоретроспективен преглед на лисата. Податоците дека во Штип живеел 551 Евреин и дека толку се уништени по депортацијата, во потполност се точни.

Тој податок се однесува на лицата кои на трагичниот 11 март 1943 се затекнале во своите домови и биле собрани од окупаторот. Тој број е регистриран и во списоците на окупаторските власти, за време на престојот во логорот во скопскиот Монопол. Всушност, еврејската општина во Штип имала десеттина лица повеќе и нејзината точна бројка се движела околу 560 лица. За десетина лица логорската евиденција не дава податоци поради тоа што тие лица од разни причнини не биле собрани и не биле евидентирани. Ќе ги наведеме лицата

---

[14] Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969, Ааарон Асса. н.д., 65-80.

[15] А. Матковски, Трагедијата, 21.

кои, не еден или друг начин го избегнале депортирањето о уништувањето:

- Исак Барух Сион, бил собран, но побегнал од редицата што ја спроведувале кон железничката станица во Штип. Бегството го извршил по преминот на мостот на реката Брегалница и примремено се скрил во грмушките крај реката. Живееше во Белград (покоен).

- Хаим Јуда Леви, во моментот не бил во Штип. Како напреден активист во 1942-та бил затворен, а потоа интерниран во логорот Јени Ќол во Грција. Живее во Сараево.

- Леон Капуано бил офицер. Живее во Загреб.

- Витал Сион во Штип бил бакал, а во својот дуќан продавал и весници. Живее во Риека.

- Исак Леви бил офицер и живеел во Ниш. Сега е покоен.

- Исак Хаим, нема податоци за местото на живеење.

- Бејка Ребуса-Бека, мажена Ибраим, Турчин од Штип, во тоа време работник во Ашај амамот во Штип. По ослободувањето се преселиле во Турција. Денес живее во Измир.

Моис Давид Рубиса-Моше, единствен од преживеаните Евреи, живее во својот роден град Штип, со стан на улица "Сане Малинов" 2, Ново село. Ја избегнал трагедијата како војник на бившата југословенска војска. Бил заробеник во Германија. Во април 1945-та се вратил во Штип. Има свое семејство и беше активен општествено-политичкии работник и претседател на Месната заедница Ново село, сега е покоен.

*Преглед на Евреите од Штип по пол и возраст*

Во приложената табела е дадена полова и старосна структура на Евреите од Штип (и во проценти).

| | | | | пол и возраст | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 1-5 | 6-10 | 11-15 | 16-20 | 21-25 | 26-30 | 31-35 | 36-40 |
| М | 9 | 18 | 43 | 33 | 27 | 19 | 20 | 21 |
| Ж | 5 | 21 | 35 | 40 | 35 | 23 | 11 | 23 |
| Сѐ | 14 | 39 | 78 | 73 | 62 | 42 | 31 | 44 |
| % | 2,50 | 6,96 | 13,92 | 13,12 | 11,07 | 7,50 | 5,70 | 7,5 |

| Пол | | 41-45 | 46-50 | 51-55 | 56-60 | 61-65 | 66-70 | 71-75 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | | 14 | 15 | 11 | 12 | 3 | 6 | 8 |
| Ж | | 10 | 20 | 13 | 11 | 9 | 6 | 8 |
| Сé | | 24 | 35 | 24 | 23 | 12 | 12 | 16 |
| % | 4,30 | 6,20 | 4,30 | 4,10 | 2,13 | 2,13 | 2,85 | |

| Пол | 76-80 | 81-85 | 86-90 | 91-95 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М | 14 | 6 | 1 | 0 | 288 | 51,43 |
| Ж | 7 | 1 | 1 | 1 | 277 | 48,57 |
| Сé | 21 | 7 | 2 | 1 | 560 | 100,00 |
| % | 3,75 | 1,25 | 0,35 | 0,17 | | 100,00 |

Ако сите лица се поделат во старосни групи, ќе се види дека:
- млади од 1 до 30 години се 308 Евреи или 55%
- средни од 31 до 60 години се 181 или 32,40%
- стари од 61 до 95 години се 71 или 12,60%

Некои карактеристични случаи:
- деца до 5-години:
1. Сион С. Барух 1 година
2. Давид Естеро 3 години
3. Сион Менахен 3 години
4. Леви Рашел 3 години
5. Натан Барух 3 години
6. Капуано Сара 3 години
7. Понано Рашел 4 години
8. Лијала Кала 4 години
9. Сион Менахем 4 години
10. Натан Јаков 5 години
11. Мушон Микада 5 години
12. Барух Жана 5 години
13. Руфел Бесале 5 години
14. Сион Грасија 5 години

- стари лица над 80 години:
1. Леви Луна домаќинка на 93 години
2. Саманто Бесале работник на 87 години
3. Бонино Луна домаќинка на 87 години

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Рубиса Меркадо | крчмар на 84 години |
| 5. | Леви Исак | бакал на 83 години |
| 6. | Леви Паломба | домаќинка на 83 години |
| 7. | Сион Пинкос | трговец на 83 години |
| 8. | Капуано Естеро | работник на 83 години |
| 9. | Муслинос Хаим | трговец на 82 години |
| 10. | Сион Мусон | трговец на 81 година |
| 11. | Коен Мирал | домаќинка на 80 годин |
| 12. | Леви Јаков | брашнар на 80 години |

*Преглед на Евреите по занимања*

Членовите на Еврејската заедница од Штип според професионалната определеност, односно занимање и социјална структура го имале следниот состав:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Домаќини-ки | 164 лица | 17. Ситничари | 3 |
| 2. | Ученици-чки | 159 лица | 18. Носачи (амали) | 3 |
| 3. | Трговци | 72 лица | 19. Студенти | 2 |
| 4. | Шивачи-чки | 35 лица | 20. Свештеници | 2 |
| 5. | Деца | 27 лица | 21. Крчмари | 3 |
| 6. | Бакали | 19 лица | 22. Шофери | 2 |
| 7. | Касапи | 10 лица | 23. Бербери | 2 |
| 8. | Работници | 9 лица | 24. Опинчари | 2 |
| 9. | Брашнари | 7 лица | 25. Житари | 2 |
| 10. | Чевлари | 6 лица | 26. Надничари | 2 |
| 11. | Тенекеџии | 5 лица | 27. Печатари | 1 |
| 12. | Трг. помошници | 4 лица | 28. Книжари | 2 |
| 13. | Златари | 3 лица | 29. Пајтонџии | 1 |
| 14. | Кафеџии | 3 лица | 30. Содаџии | 1 |
| 15. | Овоштари | 3 лица | 31. Сарафи (менувачи) | 1 |
| 16. | Семкари | 3 лица | 32. Неодредени | 3 |

Внимание заслужува и прегледот на застапеноста на одделни професии - занимања според половата припадност. Во тој однос најмногубројните (во пет групи) го имаат следниот состав:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Домаќини-ки: | машки - 9 | женски -155 | вкупно: 164 |
| 2. | Ученици -чки | машки - 81 | женски - 78 | вкупно: 159 |
| 3. | Трговци | машки - 72 | женски - 0 | вкупно: 72 |
| 4. | Шивачи-чки | машки - 6 | женски - 29 | вкупно: 35 |
| 5. | Бакали | машки - 19 | женски - 0 | вкупно: 19 |

Ако се прави подетална општествено-економска и социјална слика на Евреите во Штип, тогаш таа би изгледала вака:

1. Повеќе од половината Евреи жители на Штип биле непродуктивен субјект во заедницата (домаќинки, ученици, деца и студенти) што изнесува вкупно 352 лица (62,86%). Останатите 208 лица, односно 37,14%, главно биле трговци, занаетчии и работници.

2. Трговскиот субјект кој изнесувал 25%, главно го сочинувале ситни и средни трговци, претежно препродавачи на колонијална, текстилна и прехранбена стока. Гросисти имало малку.

3. Занаетчискиот субјект, кој изнесувал околу 7%, го сочинувале главно ситни услужно-преработувачки занаетчии. Повеќето од занаетчиите биле сиромашни граѓани.

4. Во редовите на еврејска општина имало и извесен број работници (3,60%). Во оваа категорија спаѓале трговските помошници, калфите, чираците, општите работници, надничарите, амалите и други.

5. Лица со слободни професии скоро да немало, со исклучок на двата свештеника.

Еврејскиот елемент во Штип, како социјален субјект, главно бил сиромашен со сосема мал број средно имотни семејства и лица.

*Ученици и студенти*

Конкретни податоци за учениците од основната училишна возраст нема. Децата на оваа возраст главно се регистрирани како деца, а многу од нив и како ученици. Има индикации дека многуу деца од оваа училишна возраст учеле во домашни еврејски училишта. Еврејско основно училиште од затворен

тип фактички постоело во Штип. Училиштетоо работело во "Аварата". Извесен број деца на таа возраст не посетувале никакво училиште. Од тие причини тешко е да се определи колкав број од тие деца биле, или не биле ученици.

И за децата од средната училишна возраст нема целосни податоци. Се знае само за оние кои учеле или ја завршиле гимназијата во Штип. Во последната 1942/43 учебна година, еврејски деца- ученици, во Штипската гимназија имало вкупно 31 ученик Евреин, односно 5,54%[16].

| Ученици | класови - гимназија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас: I | II | III | IV | V | VII | VIII | Сé |
| Машки: 7 | 7 | 2 | 3 | 1 | 2 | 1 | 23 |
| Женски: 3 | 2 | 1 | - | - | 1 | 1 | 8 |
| Вкупно: 10 | 9 | 3 | 3 | 1 | 3 | 2 | 31 |

Во Штипската гимназија реалниот курс го завршил и матурирал на 5 април 1944 година и ученикот Евреин од Скопје Леон Арон Сури. Истиот имал белешка од полициските власти на Скопје и Штип со која му било одобрено одење и учење во Штип. Во Штип времено живеел во куќата на Сане Филов, касап. Денес живее во Загреб[17].

Првиот клас го посетувале следните ученици Евреи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Капуано Пилкас | 4. Сион Арон | 7. Сион Оро |
| 2. Леви Дона | 5. Леви Давид | 8.Леви Моше |
| 3. Сион Ана | 6. Сион Моше | 9. Сион Ана |
| | | 10. Сион Пинхос |

Вториот клас го посетувале:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Јакар Исак | 4. Леви Естерина | 7. Леви Давид |
| 2. Коен Сара | 5. Леви Менахем | 8. Леви Исак |
| 3. Леви Давид | 6. Сион Аврам | 9. Леви Моис |

16 Список на учениците Евреи, службено заведен од гимназијата: "Славчо Стојменски" во Штип. Историски архив во Штип, фонд Евреите во Штип.

17 Авторот лично ја видел главата матурска книга и белешката. Во 1983 година Леон Сури на два наврати престојувал во Штип.

Третиот клас го посетувале:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Сион Жулија | 2. Сион Пинхас | 3. Натан Хаим |

Четвртиот клас го посетувале:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Леви Барух | 2. Леви Шамоел | 3. Сион Јаков |

Петтиот клас го посетувал само: 1. Леви Исак

Шестиот клас немал ученици Евреи.

Седмиот го посетувале следните ученици Евреи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Леви Моис | 2. Леви Дудан-Пава | 3. Леви Менахем |

Седмиот клас го посетувале:

| | |
|---|---|
| 1. Сион Матилда | 2.Сион Моис |

Студенти биле:

1. Аврам Барух Сион — Рударски факултет
2. Пепо Јуда Леви — Медицински факултет, работел и како аптекар во аптеката на Банванлиеви во Штип[18].

*Општествено-политичка и друга активност*

Евреите во Штип имале своја верска општина. Со општината раководел Одбор или Конзисторија. На чело на Одборот бил Арон Леви[19], познат трговец - гросист, менувач и лихвар. Во почотокот седиштето на Одборот се наоѓало во куќата на Арон Леви. Со изградбата на новата синагога - Аварата, Одборот се преселил во неа[20].

Општината ја негувала еврејската култура, обичаите и јазикот. Се грижела за верската, културно - просветната и хуманитарната дејност во своите редови. Во таа смисла таа

---

[18] Од посебните изјави на Исак Сион и Хаим Леви, браќа на студентите. Документационото одделение при Општинскиот одбор на Сојузот на борците од НОВ од Штип. Изајавите се отчукани на машина.

[19] Куќата на Арон Леви со проширувањето на двориштето на гимназијата, пред некоја година била срушена.

[20] Новата Авара била изградена во 1936-1937 година. Се наоѓала во градот, пред новиот Културен дом.

самоиницијативно отворила и го издржувала еврејското основно училиште, кое имало затворен карактер и било сместено во приватна еврејска куќа, а потоа во старата синагога. Тоа било еден вид домашно училиште. Со свои прилози, Општината ја изградила новата синагога - Авара и ги издржувала рабините. Општината покренувала и спроведувала акции од хуманитарна природа и особено се грижела за помагање и заштита на сиромашните, изнемоштени и болни сонародници и семејства. Општината формирано имала и некои постојани фондови за помош. Во таа смисла од посебно значење биле личните дарувања и помошта од страна на побогатите Евреи. Изворот на фондови бил од доброволни прилози ("печа") што ги давале сите Евреи во согласност со своите материјални можности. Релативно малиот броен состав на штипската еврејска општина не вродил со забележителна активност на културно-образовно, спортско и друго поле. Сепак, Евреите од Штип не биле изолирани и затворени во тесни етнички рамки. Учествувале во општествениот живот на градот и во создавањето организации во тоа време. Заедништвото и соработката со Македонците, посебно меѓу младината, биле блиски и другарски.

Ненародните режими и сиромаштијата на поголемиот дел Евреи во Штип, еднакво лошо се одразувале и кај двата народа. Заедничката судбина и положба ги обединила и ги зближила општите и посебните интереси на македонскиот и еврејскиот народ. Здружени наоѓале допирни точки, не само за општествена, стопанска, деловна и друга дејност, туку и за политичка дејност и активност. Политичката дејност посебно била изразена во редовите на младината. Придонес кон братското сожителство, заедништво и работа давала КПЈ со својата јасна програмска и практична политичка активност и борба. Еврејската училишна и работничка младина, заедно со македонската младина, учествувала во сите организирани акции на Партијата, СКОЈ и на работничките синдикати: излети, екскурзии, протести, штрајкови, демонстрации и друго. Во редовите на еврејската младина, преку неа, се прифаќала идејната и политичка платформа на Партијата.

Биле формирани посебни еврејски антифашистички организации, како што биле "Хомер Хациар" (Чувари на земјата) и "Тхелет - Лавани"(Сино-бели). Членовите на овие младински организации биле симпатизери на КПЈ, СКОЈ и УРС-овите синдикати. Од нивните редови биле и првите членови на СКОЈ и КПЈ во градот. Први Евреи, членови на КПЈ биле Исак Сион и Хаим Леви. Двајцата истовремено работеле и раководеле со повеќе младински воспитни групи на млади Евреи, од кои потоа станувале скоевци.

*Учеството на Евреите од Штип во НОБ*

Евреите во Југославија дошле на удар во времето на профашистичките режими на владата на Милан Стојадиновиќ и Цветковиќ - Мачек. Во 1939 година почнале и првите прогони на Евреите. Положбата на Евреите во Југославија особено се влошила за време на фашистичката окупација. Подготвувајќи ги народите и народностите на Југославија за отпор, вооружено востание и војна, КПЈ ги повикувала сите во заедничка борба. ПК на КПЈ за Македонија, кон крајот на 1942 година, упатил посебен повик до Евреите во Македонија за да се вклучат во НОБ. Во повикот се укажувало на страшната трагедија што ги очекува Евреите, а ја подготвувале германско-бугарските фашисти. "Треба да се мисли дури има време! Утре може да биде доцна! Евреи од Македонија, дигнете ја гордо главата! Македонскиот народ ви дава братска рака и ве вика во борба..."[21]

Во Штип, уште од првите денови на окупацијата и почетокот на НОБ, имало видливо определување на Евреите за КПЈ и НОД за вооружена борба. Во таа смисла од посебно значење била работата ии активноста на Исак Сион, Хаим Леви, Пепо Леви, Аврам Сион и други, кои заедно со Тошо Арсов, Ванчо Прке, Славчо Стојменски, Васил Доганџиски, познати активисти на КПЈ и НОД, ја објаснувале ситуацијата

[21] Целиот текст на повикот е поместен кај А. Матковски, Трагедијата... 27-30. Инаку оригиналот на овој документ се чува во Институтот за национална историја на Македонија во Скопје.

и ги прифаќале и организирале определените младинци и граѓани за во НОД. Тошо Арсов бил посебно задолжен од страна на МК на КПЈ за Штип, да работи во еврејската средина. Исак Сион станал член на Воениот штаб при МК, на крајот на 1941 година. Во мај 1943 година Исак Сион бил и еден од деветмината борци на Вториот плачковички партизански одред "Гоце Делчев". Хаим Леви, по една провала, бил затворен во ноември 1942 година. Тој бил одведен во логорот Јениќој, Константиново-Грција, каде останал сè до септемврискиот преврат во Бугарија. Веднаш потоа и тој се вклучил во НОБ. Двајцата Евреи комунисти, заедно со Тошо Арсов, организирале повеќе воспитни групи со еврејската работничка и ученичка младина.

Во воспитната група што ја водел Исак Сион, формирана во 1941 година, членувале следните младинци:

1. Пепо Јуда Леви - студент по медицина;
2. Аврам Барух Сион - студент по рударство
3. Исак Јуда Леви - трговски помошник
4. Моис Давид Сион - завршен матурант.
5. Хаим Јуда Леви, завршен матурант, набргу скоевец, а на 16 декември 1941 година примен за член на КПЈ.

Тошо Арсов во 1942 година раководел три воспитни групи:

| I група: | II група | III група |
|---|---|---|
| 1. Исак Сион Леви | 1. Исак Сион Леви | 1.МатилдаБарухСион |
| 2. Бирја Бонано | 2. Витал Мушон Сион | 2.АделаЦелебонЛеви |
| 3. Барух Исак Леви | 3. Давид Самуел Сион | 3. Ана Мордо Јака |
| 4. Жак Давид Сион | 4. Давид Хаим Леви | 4. Пава Хаим Леви |

Подоцна оваа група била расформирана и првите тројца ги превземал да ги раководи Васил Доганџиски[22].

[22] Податоците во врска со учеството на Евреите од Штип во НОД и НОВ се користени од реконструкцијата на партиската организација во Штип. Примерок, отчукан на машина, се чува во Народниот музеј - Штип. Користени се и посебните изјави - спомени на Исак сион и Наим Леви, документационо одделение на Сојузот на борците на НОБ во Штип. Изјавите се отчукани на машина.

Активноста на воспитните групи мошне илустративно го прикажува расположението на младите Евреи и нивната вклученост во НОД. Меѓутоа и постарите Евреи на посебен начин биле вклучени во НОД, помагајќи го материјално и финансиски движењето. Исак Сион во своите сеќавања наведува цел еден список на Евреи - дарувачи на средства за помош на движењето.[23] Колку судбината на Евреите била дел од судбината на целиот македонски народ, сведочи грижата на МК на КПЈ за Штип, за нивното засолнување и излегување во партизани. Околу 60 Евреи од Штип, на некаков начин биле вклучени во НОД, а 20 до 30-мина од нив требало да заминат во партизани. Некои од нив биле сместени во илегални станови и очекувале заминување во партизани. Во текот на тие подготовки била извршена рација, така што желбите и плановите не се оствариле. Одделувањето на Евреите од родната средина и нивното трагично уништување било болно за сите граѓани на Штип. Партиската организација на Штип, преку објавената статија за нивното уништување, во првиот број на весникот "Народен глас" од мај 1943 година, ја известил јавноста за тој трагичен чин[24].

### *Еврејското маало во Штип*

Евреите во Штип биле групирани, односно живееле на релативно мал и тесен градски простор, во најстрогиот центар на градот. Мнозинството еврејски семејства и куќи се наоѓале на десната страна на реката Отиња, а помал дел од спротива.

Куќите на Евреите биле сместени на десет улици и тоа: на седум од десната и на три од левата страна на Отиња. Поради големите урбанистички промени на градот во сегашно време, англомератите на еврејскиот кварт, односно маало, денес тешко можат да се определат со новите градски улици и ознаки.

---

23 Исто

24 Оригинален примерок од овој весник и број се чува во Народниот музеј во Штип.

Поголем дел еврејски куќи бил концентриран на просторот на денешениот плоштад "Тошо Арсов", или поточно на местото на кое денес се нааат хотел "Астибо", Работничкиот универзитет "Ванчо Прке" и Културниот дом "Ацо Шопов". Фактички и овој дел на градот носел име "Еврејско маало". Куќите од левата страна на Отиња биле пораспрснати по должина на улиците. Овој факт зборува дека Евреите во Штип фактички биле групирани во две маала.

Најголема концентрација на еврејски куќи имало во "Еврејското маало" и тоа, главно на 3-4 улици. Само во три најгусто населени улици живеле околу 86% од сите Евреи во градот. Во пет живеалишта, кои имале посебни куќни броеви, живееле околу 120 лица, што претставувало 1/5 од сите Евреи во градот. Во едно живеалиште со еден куќен број живееле групирани во 30 семејства. Четириесет семејства живееле во куќи со по две семејства, а околу 60 семејства живееле во куќи со по три и повеќе семејства. Вкупно имало 55 порти, односно улични влеза, нумерирани со посебни броеви. Во еден влез во просек живееле по три семејства, или по 10,5 лица. На тогашната улица "Бенито Мусолини" број 11, каде што денес се наоѓа зградата на гимназијата, живееле 10 еврејски семејства, а на тогашната улица "Тодор Лазаров" број 33, просторот кај денешен хотел "Астибо" живееле 9 еврејски семејства итн. Еврејските куќи во поголемиот број биле со приземје и кат.

Таквата концентрација на еврејски куќи и семејства во Штип, дава основа да се констатира дека тие живееле и биле групирани во своевидно "гето", во строгиот центар на градот, од обете страни на Отиња. Тука била сконцентрирана и нивната севкупна стопанска и друга дејност. Скоро по правило во приземните простории на куќите се наоѓале и нивните стопански објекти. Тука се наоѓала и нивната Општина и духовното средиште Аварата и училиштето.

Денес од тоа Еврејско маало нема траги. Во градот има само десеттина еврејски куќи од левата страна на Отиња, каде урбанизацијата на градот сѐ уште не стигнала, а се разбира останал и убавиот спомен на братското сожителство и вечната тага на трагичкиот 11 март 1943 година.

*Киро Цацков*

# ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Познато е дека покрај Скопје и Битола, во периодот меѓу двете светски војни бројно еврејско население живеело и во Штип. За тоа како и кога дошле Евреите во Штип најверојатно е дека тие во овој град се доселиле од Солун. Во прилог на оваа претпоставка се многуте документи од кои ќе ги спомнеме двата турски пишани документи - пописните дефтери од 1512 и 1530 година., според кои во Штип живееле 35 еврејски семејства дојдени од Солун. Еврејското население во Штип живеело во центарот на градот и главно било сместено на десната страна на реката Отиња.

Еврејската заедница Штип меѓу двете светски војни, и покрај сите политички и економски тешкотии, успевала не само да му обезбеди сигурен опстанок на своето население, туку да организира и богат општествен живот. Евреите во градот имале своја Еврејска општина, синагога, училиште и други институции. Својата сиромашна егзистенција, ја обезбедувале најмногу преку трговија и занаетчиство. Во составот на еврејското население и неговата структура влегувале домаќини (164), ученици (159), трговци (72), шивачи (35), бакали (19), касапи (10), работници (9), брашнари (7), чевлари (6), тенекеџии (5) трговски помошници (4), златари (3), кафеџии (3), овоштари (2), житари (2), надничари (2), по еден печатар и сафар и други.[1]

---

[1] Податоците се земени од списоците подготвени за депортација на Евреите од Штип (Историја, бр. 2, 1987 година).

Имало и случаи Евреите да работат заедно со Македонци. Карактеристичен е случајот на Богдан Леви и Ристо Јанев, кои работеле на откуп на разни земјоделски продукти, како и мелницата за брашно на Јордан Пуздерлиски и Давид М. Сион. Мелницата се наоѓала на десниот брег на реката Брегалница, во непосредна близина на камениот мост.

Афионот бил еден од главните производи на населението на Штип. Евреите трговци исто така биле вклучени во трговија на опиум, кој им овозможувал забележителни финансиски резултати. Еврејските трговци покажувале голем интерес за вложување акции во Брегалничката акционерска банка, чии финансиски резултати биле исто така видливи. Во банката, меѓу првите, свои акции имале откупено и следните еврејски трговци, акционери: Јусуф Д. Леви, Јако Д. Леви, Арон Ј. Леви, Давид М. Сион, Хаџи Давид Сион и други. Акционери во банката во наредните години биле и Исак М. Бонано, Јусуф Моша Сион, Деви Мушон Сион, Мушон Ароести, Дон аџи Леви Сион, Хаџи Давид Сион и други.[2]

Според сеќавањата на Јордан Зуламов[3], автентичен сведок на ова време, Евреите биле снаодливи и отпорни и вешто умееле да ја остварат својата цел. Тој лично другарувал со нив и навлегол во психологијата на овој народ. Еврејските дуќани и работници во саботите и на еврејските празници по павило не работеле, со исклучок на оние кои заради своите производи морале да работат. Зуламов се сеќава дека најомилено место во летните горештини за излет и одмор им биле селото Лесковица и бањата Кежовица. Често наминувале во неговиот дуќан со овошје и зеленчук, а потоа заминувале во своите дуќани. Фатално, а најчесто од суеверие, верувале дека првиот човек што ќе влезе во нивниот дуќан мора нешто да купи, па макар и по било која, па и најниска цена.

Исто така имало случаи деца од штипски семејства да изучуваат занаети во еврејски семејства. Таков е случајот и со штипјанката Даница Пампелејска, која од 1943 до 1938

---

[2] Податоците се однесуваат на 1922 година.

[3] Јордан Зуламов изјавата ја дал на 92-годишна возраст

година, изучувала шивачки занает кај тогаш познатата шивачка Треја Мошон. Иако веќе во години, сеќавањата на Даница Пампелејска се сѐ уште живи и свежи. За овие денови од нејзиното чиракување кај семејството Мошон, таа кажа: "Работев двократно. Од повеќето шивачки само јас бев Македонка. Работев без пари, а единствениот надомест изразен во пари го добивав поради тоа што секоја сабота наутро го палев огнот од причина што саботите на Евреите им беа неработни, па не палеа ни оган." Пампелејска кажува дека најмногу била импресионирана од многу културното однесување спрема неа, од култот кон чистотата во домот и од специјалитетите во исхраната, особено од познатите 'еврејски семки', кои во Штип и ден денес претставуваат вистинско задоволство. "Најмногу шиевме невестински фустани, за нив мојата мајсторка добиваше модни журнали од Париз". За одбележување е дека штипјаните биле во пријателски односи со еврејските семејства. За периодот за кој станува збор не е забележан некој потежок инцидент, или било каква конфликтна ситуација. Чудно звучи и фактот дека не е забележено склучување на ниту еден мешан брак меѓу млади од македонско и еврејско семејство.

Единствен бил случајот со девојката Жана од еврејско семејство, која побегнала за еден српски воен музичар. За овој настан пишува и белградска "Политика"[4]. Текстот е објавен под наслов "Бегањето на младата штипска Еврејка за воен музичар". Во дел од текстот се вели: "Сензацијата во Штип настанала кога убавата Еврејка, ќерка на Давид Сион, побегнала со поднаредникот на воена музика Јован Ѓорѓевиќ. Еврејката била многу убава, вредна и почитувана во градот."

Во периодот меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија постоеле три еврејски општини: во Скопје, Битола и Штип. Евреите во Штип имале своја општина, синагога, училиште и други организирани институции. "Овие општини ги негуваа еврејската култура и јазик и развиваа голема кул-

---

[4] Политика бр. 7387 од 10 ноември 1928 година, стр. 6.

турно-образовна дејност меѓу своите припадници."[5] Општината располагала и со своја фондација чии средства биле искористени во хуманитарни цели: за згрижување на болни и изнемоштени лица, помагање на деца од најсиромашни еврејски семејства за школување и помагање на духовни активности изразени преку бројните институции од ваков карактер.

Синагогата во Штип има подолга историја. Старата синагога изгорела во балканските војни. Во Првата светска војна беше покренато прашање за изградба на нова синагога. Иницијатор за и главен организатор за нејзината градба беше Давид Менахем Сион, наречен "Хаџи Давид", претседател на Еврејската општина во Штип. Новата синагога била изградена во 1925 година.[6] Меѓу најпознатите работници е Давид Натон. Во Штип останал повеќе години.

Покрај верската служба, рабините воделе и матична книга за Евреите. Освен верските обреди, во Синагогата се одржувале и други собири и тоа најчесто со културно - просветен карактер. Еврејското училиште како образовна и воспитна институција, во градот постоела повеќе години. Според податоците на Исак Сион "училиштето не било од современ тип, ниту пак со некаква верификација од познат ранг или степен на образование. Програмата што се реализирала во училиштето овозможувала најелементарни познавања од писменост, од еврејската историја, читањето и пишувањето на хебрејски јазик. Се изучувало читање и пишување и на хебрејско-шпански јазик со прилагодени еврејски букви. Училиштето го посетувале сите еврејски деца од 5 годишна до 10 годишна возраст. Наставата, главно, имала индивидуален карактер, во зависност од возраста и можноста учениците да ја совладаат. Во училиштето работеле двајца учители со

---

[5] Забележано во Трагедијата на Евреите во Македонија од Александар Матковски, 1962 година, стр. 17.

[6] Исак Сион: "Учеството на Исак Сион во НОБ во Штип, 1941-1945", Сеќавања, 13 март 1985 година, ракопис, Градски архив на Штип.

педагошка подготвеност, а ги финасирала Еврејската општина во Штип.

Од главните книги на училиштето може да се констатира дека во периодот меѓу двете светски војни, го посетувале учениците: Пилкас Капуано, Дона Леви, Арон Сион, Ана Сион, Давид Леви, Моше Сион, Оро Сион, Мошон Сион и Нинсас Јакар (I клас); Исак Јакар,Сара Коси, Давид Леви, Естерина Леви, Менахем Леви, Аврам Сион, Давид Сион, Исак Леви, и Моис Леви (II клас); Жулија Сион, Пинхас Сион и Хаим Натон (III клас); Барух Леви, Шамоел Леви и Јаков Сион (IV клас); Исак Леви (V клас); Моис Леви, Пава Леви и Менахем Леви (VII клас) и Матилда Леви и Моис Сион (VIII клас).

Списокот на еврејски ученици, запишани во училиштата во 1941/1942 година[7]:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Дона Самоил Леви | родена: | 29. 5. 1934 |
| 2. | Марика Самоил Сион | родена: | 14. 5. 1935 |
| 3. | Марина Леви Капуака | родена: | 17. 4. 1935 |
| 4. | Ребека Чел Леви | родена: | 9. 5. 1933 |
| 5. | Жана Давид Леви | родена: | 23. 6. 1933 |
| 6. | Рафаел Исак Сион | роден: | 3. 10. 1935 |
| 7. | Рахела Давид Сион | родена: | 3. 10. 1935 |
| 8. | Брондеј Махон Леви | родена: | 16. 4. 1933 |
| 9. | Аврам Давид Леви | | |
| 10. | Джаја Нисил Рубеса | родена: | 22. 2. 1933 |
| 11. | Жулија Давид Леви | родена: | 21. 4. 1931 |
| 12. | Джулија Соломон Сион | родена: | 30. 6. 1932 |
| 13. | Луга Босале Кажуана | родена: | 29. 3. 1932 |
| 14. | Тахана Аврам Леви | родена: | 22. 6. 1932 |
| 15. | Сиела Мажон Коси | | |
| 16. | Јусуф Арон Леви | роден: | 6. 9. 1932 |
| 17. | Барух Морде Сион | родена: | 30. 11. 1933 |
| 18. | Давид Аврам Сион | роден: | 9. 5. 1933 |
| 19. | Пилхас Аврам Сион | роден: | 30. 5. 1933 |
| 20. | Давид Јосиф Сион | роден: | 1. 1. 1933 |

[7] Податоците се земени од главната книга на училиштето. Се чува во Завод- Музејот во Штип.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. | Саломон Давид Кануале | роден: | 3. 3. 1934 |
| 22. | Ана Дарион Кануале | роден | 11. 6. 1932 |
| 23. | Жана Мошин Леви | родена: | 15. 8. 1933 |
| 24. | Мери Алберт Леви | родена: | 26. 2. 1933 |
| 25. | Жана Давид Коен | родена: | 14. 4. 1931 |
| 26. | Ражица Носил Леви | родена: | 24. 11. 1932 |

Од материјалните можности на еврејската општина, зависел севкупниот општесвен, културен и јавен живот на еврејското население во градот. За богатиот духовен живот, можеби најмногу придонесувал еврејскиот клуб кој постојано бил посетуван од Евреите. Клубот бил претплатен скоро на сиот дневен печат, а ги добивал и сите списанија и публикации што излегувале на еврејски јазик.

Меѓу другите културно-образовни активности, посебно треба да се издвои работата на аматерскатата драмска секција на еврејските младинци, кои меѓу 1925 и 1930 година, во хотелот "Гранд" развиле интензивна драмска активност. Посебен интерес поттикнале драмските дела "Животот на Евреите во царска Русија" и "Животот на кралицата Естер". Речиси целокупната реализација на драмските изведби на оваа секција ја реализирал Басалел Симанте Асаел, којшто со неа истовремено и раководел.

Придонес на културниот живот на Евреите во Штип остварувал и хорот, формиран во 1929 година. Во него членувале скоро сите младинци Евреи. Хорот со својот богат репертоар, заедно со драмската секција гостувал и во повеќе градови во Македонија со еврејско население, како Скопје, Битола и други места во Кралството.

Во севкупната општествена културно-образовна и забавна активност, посебно треба да се одбележи работата на друштвото "Хашомер Хасаир", кое ја опфаќа марксистички ориентираната еврејска младина. Друштвото во 1937 и 1938 година со својата насоченост, организирало и агитирало иселување на младите Евреи во Израел[8]. Ова го потврдува и податокот

---

[8] Според книгата на Жени Лебл "Плима и слом, Горњи Милановац, 1990: "Во Штип дури во 1937 година е организиран хашомерскиот кен.

дека "меѓу двете светски војни и меѓу еврејското население созрева сваќањето за борба против фашизмот и се создаваат подготвени борци, особено меѓу младината, за активно учество во настаните што дојдоа во Втората светска војна[9] "Во Штип веднаш беа извршени подхотовки за заминување во партизани на 20-30 Евреи" [10]

За жал, и Евреите од Штип ја доживеаја истата судбина, како и другите Евреи од повеќе земји на Европа, на кои беше извршен геноцид од страна на Хитлеровска Германија. Во Крематориумот во логорот во Треблинка, беа усмртени 7.132 Евреи од Македонија, меѓу кои и 121 семејство со 555 Евреи од Штип.

---

Во приквечерјето на Втората светска војна, броел околу 30 младинци и младинки. Просториите на кенот биле во приземјето на помошната синагога, каде била сместена и "Ла скола џудео"-мелдар. Раководител на кенот (Рош кен), сѐ до заминувањето во на студии во Љубљана, бил Аврахам-Алберто Барух Цион (1921-1943). Тој со неколку младинци (Хаим Јехуда Леви, Моиз Давид Цион, Хајим Моиз Леви и Жули, ќерката на учителот Менахем Меркад Цион) учествувал на неколку хашомерски логорувања. Сите членови на "Хошомер Хасаир", без исклучок, по окупацијата на Југославија се приклучиле на НОД (н.з.)

9 Жамила Колономос и д-р Вера Весковиќ - Вангели: Евреите во Македонија во Втората светска војна, 1941-1945 година, Скопје, 1986, стр. 17.

10 Запишано во книгата "Во пламенот за среќна иднина", Штип, 1977, стр. 68.

*Вера Весковиќ - Ванѓели*

# АНТИСЕМИТСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ФАШИСТИЧКА БУГАРИЈА - ФАКТОР ЗА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Историските меѓаши кои ги маркираат така значајните настани од минатото на Евреите, како што се неколкуте големи преселби и раселувања, во кој контекст е нивното доаѓање на Балканот, до животот во дијаспората македонска, носат заеднички знаци, искуства, вредности. За тоа сведочат археолошите наоди, византиското и османлиското законодавство, патеписите и другата архивска граѓа, меѓу кои спаѓаат и документите за провиниенција на националоослободителното движење и Илинденското востание, драмата на раздробената етничка целина преку делбата на Македонија преку Букурешкиот мировен договор од 1913 година, заедничката судбина во двете светски војни.

Меѓутоа, иако се знае, се чувствува потребата одново да се проговори за влијанието и придонесот на еврејската дијаспора во Македонија, во контекст на квалитетот врз општествениот живот, врз фундусот на нивните сознанија од научно-истражувачкиот процес, сè во функција на горенасловената тема.

Имено, во развитокот на општествените односи и во преродбата, Евреите имаат големо значење, независно од фактот дали станува збор за економскиот, социјалниот или духовниот аспект, особено од времето на Сафардите на Балканот, по нивниот прогон од Шпанија во 1492 година. Тие, преку "солунската порта" го "донесоа Западот на Исток".

Еден снажен интелектуален потенцијал се рашири меѓу царството на султаните. Талмудските мудреци, филозофи и полиглоти ја крстосуваа Османлиската империја. Лекари и аптекари, печатари и издавачи на весници и списанија, ситни индустријалци и занаетчии се изнаселија по македонските градови, но особена виталност покажаа трговците и банкарите. Сите тие заедно го збогатија етничкиот колорит и се вклучија во стопанскиот и политичкиот живот на мултинационалното македонско општество.

Во милениумското заедничко живеење на испреплетените и заеднички судбини и опстојувања во кои наизменично се менуваше трепетот на животот и смртта, на создавањето на високи научни и културни вредности, а помеѓу нив, прогони, беспаќа, но, секогаш и надежи дека ќе се успее во одбраната на национот кога неговата егзистенција стануваше арена на непрекинати војни, се водеше и борбата за слободното утре.

Потребата од овој вовед ја условува повеќеколоритниот мозаик на заедничкото живеење, транспонирано во взаемните прегнувања во создавањето на културното наследство на тлото на Македонија кое се здоби со атест на универзално. Заедничкото љубоморно чување на битот и традицијата, столетија на ред заплиснувани од асимилаторските аспирации и погубната дискриминација на ентитетот од чинот на одронување, но и заедничката одбрана од освојувачите на Македонија, се уште само еден снажен примерен прилог кон усвоените, во времето на нашето минато (и денешно) живеење, цивилизациски принципи за "исправениот од" и општочовечкото право на животот и достоинството.

И така, заедно чекорејќи го еден до друг долгиот од низ вековите, се стаса до Втората светска војна и трагиката на Евреите на 11 март 1943 година. И се случи геноцидот над Евреите во Македонија, како продукт на антисемитското законодавство на фашистичка Бугарија, сојузничка на третиот рајх, под чија окупација потпадна Македонија во Втората светска војна. Тоа доведе до промена на демографската мапа, а во нас остана траумата од злосторничкиот чин.

МИНИСТЕРСТВО НА ВЪТРЕШНИТѢ РАБОТИ И НАРОДНОТО ЗДРАВЕ

# КОМИСАРСТВО ЗА ЕВРЕЙСКИТѢ ВЪПРОСИ

СОФИЯ, БУЛ. „ДОНДУКОВЪ" № 51

До Господина
Делигата при еврейската
община

гр. С К О П И Е

Телегр. адресъ: Комисарство еврейскитѣ въпроси, София

Телефони: 80-40; 88-47; 88-48; 70-46

[illegible]
№ 71
26. I. 1943 год.
гр. Скопие

| Вашъ знакъ | Ваше съобщение | Наше съобщение | Нашъ знакъ |
|---|---|---|---|
| 2 | отъ 15.I.943 год. | отъ 21 Януар 1943 | 1575 |

Относно

Съобщава Ви се, че заповѣдьта Ви № 1, издадена възъ основа на чл. 19 отъ Наредбата на Министерския съветъ отъ 26.VIII.1942 год., е одобрена отъ Господина Комисаря съ забележка, да се допълни, като се прибави нова ТОЧКА 9, а именно: "забранява се на евреитѣ да посещаватъ магазинитѣ и пазарищата по-рано отъ 10 часа преди обѣдъ въ всички дни".

Отговорете, какви сѫ съображенията Ви, евреитѣ да могатъ да посещаватъ Народния театъръ въ празнични дни, а не въ нѣкой другъ день презъ седмицата, напримѣръ сѫбота?

Одобрена е и заповѣдьта Ви № 2, издадена възъ основа на чл. 21 отъ сѫщата наредба.

И двѣтѣ заповѣди могатъ, следъ поправката, да бѫдатъ приведени въ изпълнение.

На вратитѣ на хотелитѣ и заведенията, забранени за посещения отъ евреи, наредете да се поставятъ означения, по приложенъ къмъ настоящето образецъ, даденъ отъ Комисарството, като се следи най-зорко за приложението на това нареждане.

ПРИЛОЖЕНИЕ: 1 образецъ.

НАЧАЛНИКЪ: /М. Павлова/

Наредба на Комесаријатот за еврејски прашања во Скопје од 15.01.1943 година со која на Евреите им се забранува да купуваат во дуќаните и пазарите пред 10 часот наутро

МН.БЪРЗО

М.В.Р.Н.З.
КОМИСАРСТВО ЗА ЕВРЕЙСКИТЪ
ВЪПРОСИ
№ 8
13.III.1943 год.
С О Ф И Я

До г.г.Делегатитѣ
при еврейскитѣ общини въ
Битолска, Бѣломорска и
Скопска области.

КОПИЕ: г.г.Областнитѣ
директори въ Битоля, Ксанти
и Скопие.

Приложени, изпращатъ Ви се преписи отъ 126 постановление на Министерския съветъ, взето въ заседанието му отъ 2.III.т.г., протоколъ № 32 и отъ Наредбата за ликвидация на имуществата, собственость на лицата отъ еврейски произходъ, населени вънъ отъ предѣлитѣ на Царството.

Да се взематъ мѣрки за точното изпълнение на наредбата и постановлението.

ПРИЛОЖЕНИЕ: 6.

НАЧАЛНИКЪ
АДМИНИСТР.ОТДЪЛЕНИЕ:/п/ Я.Калицинъ

В.Р.Н.З.

ПОМ.НАЧАЛНИК
АДМИНИСТР.ОТДЪЛЕНИЕ: МПавлова
/М.Павлова/

Наредба на Комесаријатот за еврејски прашања во Скопје од 13.03.1943 година во врска со ликвидацијата со еврејскиот имот. Постапката се водела додека македонските Евреи биле во логорот во Монополот во Скопје

Во историското минато на македонскиот народ, за конкретни настани и процеси, како што е тоа случај и со геноцидот на Евреите, често се употребувани неадекватни и непрецизни термини. Еден од нив е и терминот "иселување" употребуван во бугарската државна администрација, кој се однесува и ја означува депортацијата и геноцидот на Евреите во Македонија. За да се укаже на заблудата (но и на злоупотребата) што ја создава документацијата од бугарската провиниенција околу геноцидот на Евреите во "новоослободените земји", односно во Македонија, во која без исклучок терминот геноцид е заменет со терминот "иселување", беше мотивот да се зафатам со овој проблем од блиското историско минато на Македонија.

Серијата закони, наредби, правилници и други акти со антисемитска содржина на Министерството за внатрешни работи и народно здравје (МВРНЗ) усвоени од Народното собрание на Бугарија и одобрени со указ(ите) на цар Борис III, беа педантно и ригорозно спроведувани на територијата на Македонија, окупирана од фашистичка Бугарија во Втората светска војна (април 1941-септември 1944). Изработени по примерот на антисемитското законодавство на нацистичка Германија, владата на Богдан Филов[1], потписничка на Тројниот пакт и сојузничка на силите на Оската (Рим-Берлин-Токио), со послушност на дисциплиниран сојузник, го следи нацистичкото законодавство, педантно го дополнува своето и ревносно, со поданичка оданост го применува во Македонија, за разлика на односот на владата во Софија кон бугарските Евреи.

Од богатиот антисемитски корпус на закони, под чиј удар се најдоа Евреите во Македонија, меѓу првите е "Законот за

[1] Б. Филов, археолог и универзитетски професор; министер-претседател на Владата на Бугарија од 1940 до 1943 година, и регент од септември 1943 до септември 1944; ја приклучива Бугарија кон силите на Оската и ја спроведува окупацијата на Македонија; страстен привржeник на беликобугарската сан-стефанска идеологија, осуден како воен злосторник од Народниот суд на Отечественофронфовска Бугарија.

заштита на нацијата"[2], кој стапи во сила веднаш по бугарската окупација на Македонија. Истиот е одобрен со царскиот указ број 3 на 21 јануари 1941 година, а неговиот втор дел исклучиво се однесува на лицата од еврејско потекло. Законот, со неговите 19 члена (15-33) ги прецизира нормите за целосното исклучување на еврејското население од економскиот и општествениот живот и ги уточнува методите за ликвидација на еврејскиот имот. Изработен по моделот на расистичкото законодавство на Третиот рајх, како исклучителен закон од нацио-фашистички тип, тој изобилува со мерки за казни, бројни и разновидни ограничувања, а кои се во функција на програмата за целосна дискриминација на лицата со еврејско потекло.

Така на пример, во "Општите одредби" (гл. II), на лицата од еврејско потекло не им е дозволено да бидат бугарски државјани, со што им е одземено правото на глас (не можат да бидат избирани или да бидат избрани); не можат да заземаат државни, општествени и други функции во јавната власт; не можат да бидат ни трговски претставници, но затоа пак не можат да се откупат од воената обврска и ќе служат само како војници - работници; следи ограничувањето и за школувањето; забрана за мешани бракови итн.

"Законот за заштита на нацијата" со посебен член (гл. III, чл. 23) со дискреционо право и со дозвола на Дирекцијата на полицијата го одредува местото на живеење; член 24 (гл. IV) им забранува на лицата од еврејско потекло да поседуваат имот; а со членовите 25 до 33 (гл. V) е озаконета забраната за вршење стопанска и професионална дејност.

---

2 Министерството за внатрешни работи и народно здравје (МВРНЗ) во Софија го донесува Законот за заштита на нацијата кој во вториот дел ги уточнува методите за ликвидација на еврејските имоти и целосното исклучување на еврејското население од економскиот и општествениот живот. Евреите во Македонија во Втората светска војна 1941-1945, Зборник на документи. Избор и редакција: Жамила Колономос, д-р Вера Весковиќ-Вангели, Изд. МАНУ, Скопје 1986, том I, док. 1, стр. 327-334 (во натамошниот текст *Евреите во Македонија I*)

Овој основен закон за легализација на дискриминацијата, во текот на бугарската окупација постојано е дополнуван и проширувaн со нови членови, наредби и прописи, но и со клаузулата истите да се применуваат само во т.н. новоослободени земји, т.е. во Македонија. Сите идни дополнувања беа во функција на заострување на казнените мерки против Евреите. Меѓу првите е "Правилникот за применување на законот за заштита на нацијата"[3] од 17 февруари 1941 година кој стриктно се применува брз сите лица од еврејско потекло, независно од нивното државјанство и е прецизен во своите одредби и ограничувања. Беше го довел во прашање биолошкиот опстанок на Евреите и пред нивното депортирање.

Мошне погубни за егзистенцијата на еврејското население во Македонија се "Законот за еднократен данок на имотите на лицата од еврејско потекло"[4] (утврден со указ бр. 45 од 13 јули 1941) и "Наредбата бр. VI-131 за применување на Законот за еднократен данок на имотите на лицата од еврејско потекло"[5]. Според овој закон се "оданочуваат сите имоти без оглед на нивниот вид" движен и недвижен имот, наследство итн., а данокот се собира во корист на државната каса, или поточно во корист на владеачката номенклатура.

За да нема недоразбирање, член 18 од споменатата "Наредба" прецизира: "Со овој член се поставува во содејство 'Законот за заштита на нацијата' во однос на лицата од еврејско потекло, жители на ослободените земји во текот на 1940 и 1941 година. Предвидените рокови во 'Законот за заштита на нацијата' почнуваат да течат од 14 јули 1941 година, на кој датум е објавен во 'Државен вестник', 'Зако-

---

[3] Правилник за примена на Законот за заштита на нацијата донесува дополнителни толкувања за примена на законот во врска со лицата од еврејско потекло и нивните општествени организации. Евреите во Македонија I, док. 2, стр. 335-339.

[4] Закон за еднократен данок за целокупниот подвижен и недвижен имот на лицата од еврејско потекло. . Евреите во Македонија I, док. 4, стр. 345-357.

[5] Наредба на МВРНЗ во Софија за применување на Законот за еднократен данок, со подробни упатства за неговата примена и санкции. Евреите во Македонија I, док. 3, стр. 340-354.

нот за еднолкратен данок на имотите на лицата од еврејско потекло´."[6]

Овој ист Закон е уште еднаш дополнет на 2 јули 1942 година со т.н. "Толковен закон на чл. 6 од Законот за еднократен данок на имотите на лицата од еврејско потекло"[7] според кој вредноста на имотот се утврдува според неговата пазарна цена на 31 декември 1940 година.

Од метастазираниот антисемитизам на бугарската влада биле зафатени сите ресорни министерства. Секое од нив имало мандат да донесе некој закон или наредба компатибилна со антисемитската политика на царството. Во тој контекст делува и Министерството на војната, кое на 12 март 1942 година ја издава "Наредбата бр. V-230"[8] упатена до сите обласни директори на царството, под шифра "мошне итно и строго доверливо", а се однесува на обезбедување на редот во забранетите зони, односно во гетата. Ограничувањето на правото на движење на Евреите, и со воведениот полициски час, покрај веќе создадените егзистенцијални проблеми, драстично ја влошува и така веќе ограничената можност во снабдувањето со основните прехранбени артикли, поради што Еврејската општина во Скопје (како бројна и себеси се сметала за централна), од околискиот комесар за снабдување бара промена на времето за продажба на леб, бидејќи "поради полицискиот час за Евреите коишто пред 6 часот наутро не можат да се движат", тие се лишени од можноста да се снабдат со овој прехранбен производ[9], (затоа што лебот

6 Исто, док. 3, стр. 354.

7 Известување на Скопската извозна банка до обласниот даночен началник за сумата на влоговите и акциите на Евреите од Скопје и Белград за 1939 и 1940 година. Евреите во Македонија I, док. 6, стр. 358-361.

8 Дел од Наредбата министерот на воината на Бугарија за обезбедување на редот во забранетата зона, односно за ограничување на правата на Евреите и на другите народи и народности во бугарија. . Евреите во Македонија I, док. 50, стр. 409-410.

9 Еврејската општина од Скопје бара од околискиот комесар за снабдување во Скопје измена на времето за продажба на леб, поради

е рационализиран и владее режимот на купонски систем на сите во Македонија). Снабдувањето со леб, од Еврејската општина е итакнато како една од многуте сериозни причини за прекршување на наредбата за полицискиот час востановен од 21 часот до 6 часот наутро. И покрај овој евидентен проблем, Еврејската општина на 8 јуни 1942. го издава упатството во кое препопрачува "Сите Евреи од град Скопје и во иднина, како и досега, најстрого да ги почитуваат сите закони и наредби од власта", обрнувајќи притоа посебно внимание на: ограничувањето на движењето; да не се напушта местото на живеење без дозвола; да не потпаѓаат под влијание на 'туѓите' пропаганди, со препораката 'да се биде крајно внимателен."

Бугарската фашистичка влада следејќи го во чекор германскиот антисемитизам и неговата програма за биолошко уништување на Евреите, но и на другите "инфериорни" раси, познати под името "Конечно разрешување на еврејското прашање" (Ванзе кај Берлин, 24 јануари 1942), со царскиот указ бр. 52 ја потврдува одлуката на Народното собрание од 28 јули 1942 година која "го уредува Законот за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите мерки за уредување на еврејското прашање."[10] Со овој Закон почнува да се стега обрачот околу и онака смалениот животен простор на Евреите во Македонија. Во него се "инсистира на застрување на мерките и се бараат поцелеобразни и попрецизни ограничувања на мерките за лицата од еврејско потекло и нивните подметнати лица или лица што ги кријат." Тој им дава виза и на сите самоволија на бугарската администрација во согласност со предходно донесените закони. А цинизмот да биде поголем, се бара, измените во законите на

---

утринскиот полициски час за Евреите. Евреите во Македонија I, док. 51. стр. 410-411.

[10] Указ број 52 на царот на Бугарите Борис III, чие извршување е во надлежност на министерот на МВРНЗ, а се однесува на утврдување на Закон за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите потребни мерки за уредување на еврејското и поврзаните со него прашања. Евреите во Македонија I, док. 98. стр. 463-464.

Министерскиот совет што се однесуват на Евреите да бидат одобрувани од Народното собрание. И веднаш, веќе на 9 јули 1942, изгласано е овластувањето на Министеркиот совет за строга примена на "Законот за разрешување на еврејското прашање".[11] Под итно, следат нови дополнувања и нови толкувања на предходно донесените закони. Така, веќе на 22 јули 1942 година со "Наредбата со дополнување на глава II од Законот против шпекулацијата со недвижен имот", "на еврејските религиозни општини во земјата им се одземаат имотите кои остваруваат приход".[12]

Указот број 68 на цар Борис III, од 28 јули 1942-та, ја одобрува "Наредбата за измена и дополнување на Законот за еднократен данок на имотите на лицата од еврејско потекло"[13], донесена од Народното собрание на 22 јуни, со која, преку воведувањето на институцијата "ревизија" на декларираниот имот, се докрајчува егзистенцијата на еврејското население во Македонија.

Во овој контекс, од аспект на целосното економско уништување и потполната деградација на човечкото достоинство, но и од аспект на дисциплинираната примена на антисемитската политика на Бугарија во Македонија, по моделот на третиот Рајх, интересен е документот - дописот

---

[11] Закон за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите потребни мерки за уредување на еврејското прашање, док. 99, стр. 465; Царот на Бугарите Борис Ш, издава Указ бр. 69 со кој ја одобрува Одлуката на Министерскиот совет од 22 јуни 1942 година во врска со издавањето на наредбата за дополнување на Законот против шпекулата со недвижен имот на лица од еврејско потекло. . Евреите во Македонија I, док. 107, стр. 473-477 и.т.н.

[12] Централниот конзисториум на Евреите во Софија со циркуларно писмо ги известува еврејските општини за примената на новиот Закон, со кој им се оддземаат недвижните имоти на верските општини и бара податоци за нивната материјална состојба. . Евреите во Македонија I, док. 105, стр. 470.

[13] Царот на Бугарите Борис III издава Указ бр. 68 со кој ја одобрува Одлуката на Министерскиот совет од 22 јуни 1942 година во врска со издавањето на наредба за измена и дополнување на Законот за еднократен данок на имотите на лицата од еврејско потекло, Евреите во Македонија I, док. 106, стр. 471-473.

на еврејската општина во Скопје, со кој, на 19 август 1942, го известува Централниот конзисториум во Софија за висината на полициските такси што Евреите морале да ги плаќаат секој месец за престојот на бугарската територија како бивши државјани на Југославија[14], иако таа во Втората светска војна не постои како државен субјект.

Но, тука е и забраната "за излегување од населените места без оглед кој и да е повод, на сите лица од Еврејско потекло"[15], воспоставена е институцијата гето, идната судбина на Евреите од Македонија е во директна зависност од решенијата од Ванзе. Тие се наскоро инкорпорирани во антисемитското законодавство на Бугарија. Министерскиот совет со одлуката донесена на 26 август 1942. при МВРНЗ го формира комесарството за еврејските прашања на чело со Александар Белев и ги утврдува неговите компетенции[16]. Со оваа "Наредба" од шесте глави и 59 члена, отпочнуваат и подготовките на бугарскиот окупатор за ликвидирање на Евреите од Македонија. Имено, според член 1 од "Наредбата", "сите мерки за решавање на еврејското прашање се концентрираат на Комесарството", а еврејските општини се исто така под негова надлежност (чл. 7). Тука е и "поуката" дека "против наредбата на Комесарот не може да се изјавува никаква желба" (чл 4).

Режимот во гетата се заострува: Евреите не можат да живеат во хотели или згради ако истите не се одобрени од Комесарството за еврејски прашања, а од 15 септември на секоја

---

[14] Еврејската општина во Скопје го известува Централниот конзисториум на Евреите во Бугарија за висината на месечните полициски такси за престој како бившои државјани на Југославија на бугарската територија. Евреите во Македонија I, док. 123, стр. 494.

[15] Дел од наредбата на Антон Козаров, областен директор на Битолската област за воведување на полициски час и забрана за движење на еврејското население. Евреите во Македонија I, док. 123, стр. 496.

[16] Министерскиот совет со Одлука бр. 4567 од 27 август 1942, издава наредба при МВРНЗ да се формира комесарство за еврејски прашања и ги определува неговите компетенции. Евреите во Македонија I, док. 126, стр. 498-514.

влезна врата мора да стои натписот "Еврејско живеалиште", на продавниците и канцелариите "Еврејско претпријатие" (чл. 22), а остананува задолжително и носењето на жолтата давидова ѕвезда (чл 14)[17].




Вака изгледал натписот на влезните врати на еврејските станови

"Наредбата за која станува збор, всушност, беше уште едно дополнување на "Законот за заштита на нацијата", одново го прецизира статусот на Евреите и во посебна глава (II) ги обработува основните "реевантни" параметри за утврдување на еврејското потекло. И одново под закана на остра казна следи наредбата за задолжително изјаснување на "лицата коишто под сила на досегашните закони и наредби биле сметани за Евреи, а се такви или се сметаат за такви, должни се во рок од еден месец од нејзиното влегување во

[17] Истото, на стр. 504, според член 16: "Сите Евреи... носат на левата страна на градите значка во форма на шестокрака ѕвезда со црни краишта, со дијаметар најмалку 3 см., изработена од целулоид или од слична материја, со светло-жолта боја чиј образец е одобрен од Комесарството за еврејски прашања", а "значката се носи на облеката. Лицата коишто на улица и во општествени објекти одат по џемпер, кошула, полувер и сл. треба да носат значка соодветно на џемперот, кошулата, полуверот и сл. (став II, чл. 15)"

сила да го објават своето потекло, според начинот на чл. 16 од "Законот за заштита на нацијата". Комесарството набргу го изготвува и списокот на лични имиња кои се должни да ги носат Евреите (чл. 12); одземено им е правото "да се посетуваат автомобили, радиоапарат, телефон" (чл. 23), како и да стапуваат во брак со лица од бугарско потекло (гл. II, чл. 24).

Главата IV од оваа "Наредба" го третира местото на живеење и "иселувањето" на Евреите, со што всушност се санкционира институцијата гето и тие можат да го напуштат само со специјална дозвола на полицијата (чл. 27); додека пак, пропишаните норми во глава V во целост ги ограничуваат во вршењето на било каква стопанска дејност, а ставот 3 од чл. 36, сепаратно ги третира Евреите во Македонија: "Евреите од ослободените земји[18] се должни, без исклучок да ја ликвидираат од нив вршената слободна професија, трговија или индустрија во рок од две недели од влегувањето во сила на оваа Наредба, ако тоа не го направиле досега."А ликвидацијата на еврејскиот имот се врши под исклучителна контрола и надзор на Комесарството за Еврејски прашања. За неизвршување на оваа "наредба" следи казната затвор од 5 години и парична казна, двојно поголема од вредноста на конфискуваниот имот (чл. 38), што е детално образложено во глава VI, која во целост се бави со проблемот на имотот и капиталот на Евреите.

Извршени се корекции и во членот 33, глава VII од "Законот за заштита на нацијата", со кои се укинати некои "привилегии" на мешаните бракови и на крај, во "Посебните одредби" (гл. VIII) се специфицирани казнените мерки: затвор, парични казни, конфискацијата на имотот во полза на државата, односно во "полза на касата за општествено помагање". Каков цинизам!

Овие казнени мерки се однесуваат не само на Евреите кои не ги усогласиле своите дејанија со цитираната "Наредба", но и на оние лица што им помагаат, независно од потеклото.

---

[18] Термин што бугарскиот окупатор го употребувал за окупираната територија на Македонија.

Кон крајот на август 1942 (27 август), неполни 8 месеци пред депортацијата на Евреите, Александар Белев ќе го назначи Иван Захариев за помошник кмет на Скопската градска општина и за делегат на Конзисториумот на Скопската еврејска општина[19]. Со именувањето на Иван Захариев за делегат на Комесарството за еврејските прашања, организираното ликвидирање на Евреите од Македонија влегува во својата завршна фаза.

Имено, од септември 1942 година ќе уследи нова серија на наредби со закани ии строги казни на Комесарството за еврејското прашање од Софија. Веќе на 4 септември 1942 , комесарот за еврејски прашања Александар Белев, ја издава "Наредбата" бр. 2[20] и пристапува кон примена на член 22 од предходната "Наредба" за преземање строги мерки за уредување на еврејското прашање: поставување на натписите по строго утврдената шема 'еврејско живеалиште', а на сите производи што ги изработувале Евреите, мораше да стои 'еврејско производство'. Рокот е определен - 15 септември 1942 година.

Со "Наредбата" број 3, исто така издадена од Комесарството за еврејски прашања на 4 септември 1942, Александар Белев ќе им дозволи одредени "привилегии" на лицата од еврејско потекло, но исклучиво со бугарско државјанство. Со неа биле опфатени сите оние коишто до 1 септември 1940 година склучиле брак со христијански обред или пак се покрстиле

---

[19] Наредбата на Ал. Белев, комесар на комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија за именување на Иван Захариев Илиев за помошник кмет на Скопската еврејска општина и за делегат на Конзисториумот на Скопската еврејска општина. Евреите во Македонија I, док. 141, стр. 534-535.

[20] Александар Белев, комесар на Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, со наредбата бр. 2 пристапува кон примената на членот 22 од Законот за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите мерки за уредување на еврејското прашање. Евреите во Македонија I, док. 134, стр. 518-521.

пред 23 јануари 1941 година[21]. Од овие "привилегии" беа исклучени Евреите во Македонија.

Веќе, на 8 септември, со "Наредбата" број 5, влегуваат во сила економските санкции според член 45 од "Законот за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите мерки за уредување на еврејското прашање."[22] Со неа е пропишана забраната "лицата од еврејско потекло да неможат да држат кај себе, во каква и да е форма, готови пари ниту предмети (од вредност) и да расолагат со поседуваните од приватни лица, заштеди, суми добиени од осигурување, подароци преку тестамент, собрани побарувања од нетрговско потекло со продажба на имот, од надоместоци од одземен имот" и сл. (став 1, чл. 1), а сите скапоцености мора да бидат депонирани на чување во Бугарската народна банка.[23] Комесарството за еврејски прашања, исто така преку воспоставениот модел "наредба" го регулира и прекинувањето на договорите за кирија[24], од 27 септември 1942, сите Евреи во Македонија се обврзани да ја носат жолтата давидова ѕвезда - значката[25], со предупредувањето истата "здраво да се сошие на облеката со светло жолт конец" 9ав 3, чл. 5)[26]. За одбегнувањето да се носи давидовата ѕвезда пропишана е казна строг затвор и парична казна во висина од 100.000 лева (чл.8).

---

[21] Александар Белев ја издава Наредбата бр. 3 за применување на членот 33 од Законот за заштита на нацијата. Евреите во Македонија I, док. 132, стр. 522-524.

[22] Александар Белев ја издава . Евреите во Македонија I на Законот за овластување на Министерскиот совет за преземање на сите мерки за уредување н аеврејски. Евреите во Македонија I, док. 131, стр. 518-521.

[23] Истото, стр. 529-531.

[24] Александар Белев, комесар на Комесарствоти за еврејски прашања при МВРНЗ издава по делегатите на комесарствата за еврејски прашања за регулирање на наемнината на еврејското население. Евреите во Македонија I, док. 137, стр. 529-531.

[25] Александар Белев ја издава Наредбата бр. 32 со која ги обврзува сите Евреи од 29 септември 1942 година задолжително да носат Давидова давидова ѕвезда. Евреите во Македонија I, док. 142, стр. 535.

[26] Истото, стр. 537, чл 5 и 7.

За успешно следење на Евреите или поточно, за контрола над нив, Комесарството за еврејски прашања Александар Белев издава итно упатство за управување на еврејските општини и ги задолжува сите Евреи, дека секој од нив "мора да биде член на општината" што беше уредено со посебен правилник[27]. Одново следи упатство за носење на жолтата давидова ѕвезда, соопштението за издавање дозволи за евентуално преселување и слични наредби и упатства.[28]

До кој степен осиромашило еврејското население во Македонија од примената на антисемитистичкото законодавство, сведочи барањето на Иван Захариев, комесар на Комесарството за еврејски прашања во Скопје до Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија од декември 1942, со кое се бара да бидат изнајдени какви и да е можни форми за вработување или давање дозвола за работа на дел од еврејското население поради неговото нагло осиромашување и загрозеност на елементарната егзистенција: "Уште по воспоставувањето на бугарската власт во Скопје, на лицата од еврејско потекло, поради чисто национални причини, им беше откажано снабдувањето со дозволи за продолжување на трговско-амбулантната дејност. Освен тоа, поради ликвидирањето на еврејските трговски претпријатија, поголем дел од трговците и погоре наведените амбулантни трговци останаа без работа и средства за егзистенција". Понатаму Захариев образложува: "Должен сум да Ве известам дека по причина на фактот што Евреите во новоослободените земји немаат бугарско државјанство, па обезбедувањето на дозволи за амбулантна трговија и за поставување во трговски претпријатија се отежнува и за поставување во трговски претпријатија се отежнува и од тоа што индустриско-трговската комора и инстанцијата на трудот

---

27 Александар Белев издава итни напаствија до делегатите при конзисториумите на еврејските општини за начинот на управување со општините. Евреите во Македонија I, док. 142. стр. 543-545.

28 Истото, но и док. 149, стр. 546 и док. 150, стр. 547.

не им даваат такви дозволи, имено поради тоа што не се бугарски државјани"[29].

Во втората половина на декември 1942 година се привршуваат и подготовките за физичкото ликвидирање на Евреите од Македонија. Од Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, одново се бараат детални податоци за бројот на Евреите во Македонија[30], но исто такви детални податоци и за целокупниот еврејски недвижен имот и неговата вредност[31]. Се води строга сметка и за подвижниот имот, особено ако истиот се преселува од едно на друго место.

Во првите јануарски денови на 1943 година следи наредбата за апсолутна забрана за посета, односно за движење на јавни места и престојување во хотелите, а од 21 јануари 1943 "им се забранува на Евреите да ги посетуват продавниците и пазарите, порано од 10 часот претпладне, односно во сите денови"[32].

---

[29] Иван Захариев, делегат во Скопје на Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, бара да се изнајдат можни форми за вработување или давање дозвола за работа на дел од еврејското население поради неговото нагло осиромашување и загрозување на елементарната егзистенција. Евреите во Македонија I, док. 234, стр. 646-647.

[30] Иван Ѓошев, началник на сектор во Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, бара од делегатот во Скопје на Комесарството за еврејски прашања да му достави подробен увид за добиените давидови ѕвезди и значки. Евреите во Македонија I, док. 276, стр. 686.

[31] Иван Ѓошев, началник на сектор во Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, бара од делегатот во Скопје на Комесарството за еврејски прашања да му достави поподробни податоци за целокупниот еврејски недвижен имот и неговата вредност, како и податоци за имотот конфискуван од државата. Евреите во Македонија I, док. 277, стр. 687; исто. док. 291, стр. 706-707.

[32] Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија бара од делегатот на Комесарството за еврејски прашања во Скопје, итно да постапи според член 19 од Наредбата на Министерскиот совет од 26. VIII 1942, со која на лицата од еврејско потекло им се забранува да ги посетуваат општествените и јавните локали и институции во Скопје.

На 18 јануари 1943 година комесарот Иван Захариев го известува Комесарството на еврејскии прашања при МВРНЗ во Софија дека согласно одлуката на Министерскиот совет од 19 октомври 1942 година, конфискуван е целокупниот имот на еврејската општина во Скопје во полза на државата[33], но исто така, и во Битола и Штип.

Дека Македонија имаше статус на окупирана територија од фашистичка Бугарија, за што, во поново време спорат некои бугарски научници, наспроти нејзината вербална и писмена прокламација дека тоа се новоослободени територии, сведочи и извештајот на германскиот амбасадор во Софија, Адолф Бекерле, испратен до Министерството за надворешни работи на Третиот рајх, на 22 јануари 1943 година. А тој специјален статус на окупирана територија се прекршуваше врз грбот на целокупното население, особено врз антифашистите и Евреите. Бекерле во извештајот пишува за својот разговор со министерот за внатрешни работи Петар Грабовски и изразил незадоволство бидејќи "само се зборува за еврејското прашање, а не се дејствува доволно енергично и дека бил категоричен дека евакуацијата на Евреите треба најпрвин да ги погоди Евреите од новоослободените земји", со други зборови од Македонија[34].

Кон ова истражување на Бекерле, би го приопштиле и извештајот на Александар Белев, комесар на Комесарството за еврејски прашања, до министерот Петар Габровски, а во контекст со водените разговори на 2 февруари 1943 година

---

Евреите во Македонија I, док. 278, стр. 701-702; истото док. 288, стр. 702; док. 304, стр. 723.

33 Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања од Скопје го известува Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Спфија, за имотот на Скопската еврејска општина конфискуван во полза на државата. Евреите во Македонија I, док. 300, стр. 716-718.

34 Извештај на Адолф Х. Бекерле, амбасадор на Германија во Бугарија, до Министерството за надворешни работи на Третиот Рајх во Берлин, за "разговорот со Петар Габровски, министер за внатршни работи и народно здравје во Бугарија, по повод прогонувањето на Евреите. Евреите во Македонија I, док. 305, стр. 724-725.

со Тодор Денекер, специјалист по еврејското прашање за "Иселување на Евреите од Македонија и Беломорието: а) Рајхот е готов да им даде помош на сојузниците за целосно решавање на еврејското прашање со примање на еврејското население од Македонија и Беломорието... Ако се прифати иселувањето на Евреите само од Македонија и Беломорието, сепак ќе треба да се преземат извесни претпазливи мерки..."[35] Понатаму се соопштува: б) Бројот на Евреите што ќе се иселат треба да биде претходно утврден за да се преземат неопходни мерки; в) Иселувањето треба да започне во почетокот на март, при што месечно може да се иселуваат 10.000 - 20.000 луѓе, што е еднакво на 10 - 20 иселенички возови.

Александар Белев го известил министерот Петар Грабовски дека во разговорите со Теодор Денекер точно се утврдени времето и бројот на Евреите коишто ќе бидат депортирани ("иселени") од Македонија и нивното сместување во концентрациони логори , а кои треба да бидат подготвени до пожетокот на март. Тука е и договорот со германскиот партнер, дека од времето на предавањето на Евреите на Германците "бугарската власт престанува да се интересира за нив"[36]

Според еден друг извештај на Теодор Денекер од 18 февруари 1943, Александар Белев без да го дочека решението на Министерскиот совет "самоволно испратил полномошници во Тракија и Македонија за да ги проучат можностите за собирање на Евреите во логори" и констатирал дека ангажманот на Белев ќе ги забрза подготвителните работи околу депортацијата[37].

---

[35] Извештај на Александар Белев, комесар во Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, до Петар Габровски, министер за внатрешни работи и народно здравје на Бугарија, за водените разговори со Теодор Данекер, помошник на германскиот воен аташе во Софија, специјалист по "Еврејското прашање" за исселување на Евреите од Македонија и Беломорието. Евреите во Македонија I, док. 313, стр. 731-734.

[36] Истото, фок. 313, стр. 732.

[37] Извештај на Теодор Данекер, помошник на воениот аташе во германската амбасада во Софија, до главната управа на државната

А, за да биде ароганцијата на окупаторската власт уште поголема, комесарот Иван Захариев во првите денови на февруари 1943 година, бара толкување од МВРНЗ за отворање младински курсеви при еврејски јазик и еврејска култура при Скопската еврејска општина[38], но, исто така, бара и одговор од Софија во врска со плаќањето на месечните полициски такси за престојот на Евреите во Македонија, бидејќи беа третирани за странски југословенски државјани[39]. Се забрзува и постапката околу уточнувањето на списоците на еврејското население и ликвидирањето на целокупната стопанска дејност[40], и се издава наредба на поштенската штедилница со која се забранува издавање пари на Скопската еврејска општина[41], а во оптек се и други наредби од личен карактер.

Предвидувањата на Теодор Данекер брзо се обистиниле. На 22 февруари 1943, во Софија е потпишана спогодба за "иселувањето" на 20.000 Евреи од Македонија и Тракија, помеѓу комесарот на Комесаријатот за еврејски прашања

---

безбедност на Третиот Рајх во Берлин, за одлуката на министерскиот совет на Бугарија за депортирањето на Евреите од Македонија и Беломорието. Евреите во Македонија II, док. 337, стр. 760.

38 Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања од Скопје, бара од Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ. Евреите во Македонија I, док. 323, стр. 744.;

39 Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања од Скопје, бара од Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ изграденстав во врска со плаќањето на месечните полициски такси за престојот на Евреите во Македонија. Евреите во Македонија I, док. 324, стр. 745.

40 Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања од Скопје, ја известува Скопската еврејска општина за наредбата на Комесарството до трговско-индустриската комора и Сијузот на занаетчиите и трговците за ликвидирањето на целокупната стопанска дејност на Евреите најдоцна до 5 февруари 1943 година, а која е во согласност со Наредбата за државјанство. Евреите во Македонија II, док. 333, стр. 755-756.

41 Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања од Скопје, издава наредба до Поштенската штедилница во Скопје да не издава пари на Скопската еврејска општина без негово специјално одобрување. Евреите во Македонија II, док. 339, стр. 761-762.

Александар Белев и германскиот полномошник Теодор Данекер, капетан на заштитните одреди[42]. Веднаш следат и наредбите на Министерскиот совет за депортирање на Евреите, за конфискација на недвижниот имот во полза на државата и се подготвени одлуките за продажба на движниот имот[43]. Комесарството за еврејски прашања подготвило и правилник за организирање на привремен концентрационен логор[44], лоциран во копскиот Монопол. На 8 март 1943 година назначен е и командантот на логорот - Пеју Драганов. Тука е и одлуката на министерот Петар Грабовски за "Иселување" вон границите на земјата до 20.000 лица Евреи без разлика на пол и возраст, населени во новоослободените земји и сместени во логорите во Скопје, Пирот, Горна Џумаја (денес Благоевград), Дупница и Радомир[45].

***

"Антиеврејскиот демонизам како една злосторничка идеја" во Македонија беше реализирана на 11 март 1943., кога сите Евреи од Македонија, вклучувајќи ја и еврејската заедница во

---

[42] Спогодба за иселување на 20.000 Евреи од Македонија и Тракија. склучена меѓу Александар Белев, комесар на Комесарствотоза еврејски прашања при МВРНЗ во Софија и германскиот помошник Теодор Данекер., капетан на заштитните одреди. Евреите во Македонија II, док. 344, стр. 765-767.

[43] Одлука на Министерскиот совет на Бугарија за депортацијата на Евреите од Македонија и Беломорието и за конфискација на нивниот неподвижен имот во полза на државата. Евреите во Македонија II, док. 351, стр. 773-775.

[44] Комесарството за еврејски прашања при МВРНЗ во Софија, издава Правилник за организирање на привремен концентрационен логор за собирање на сите лица од еврејско потекло. Евреите во Македонија II, док. 365, стр. 787-790; исто док. 366, стр. 791.

[45] Извештајот на Петар Габровски, министер за внатрешни работи и народно здравје во Бугарија до претседателот на министерскиот совет во врска со спогодбата меѓу Александар Белев и Теодор Данекер за иселување надвор од границите на Бугарија на 20.000 Евреи во Македонија и Тракија и за формирањето на привремен концентрационен логор во Скопје. Евреите во Македонија II, док. 364, стр. 787.

Штип беа депортирани во привремениот концентрационен логор во Монополот во Скопје[46].

Така, овој антички и библиски народ, чии животни врвици беа вкрстувани со столетни непредвидливи токови на историските збиднувања тргна на својата последна "Вија долороза", организирана од бугарската полиција и војска со асистенција на германскиот Гестапо и СС. И така, 2.150 семејства, со вкупно 7.762 члена во три транспорта тргнаа од железничката станица во Скопје кон логорот на смртта Треблинка во Полска:

- Првиот транспорт со скопски Евреи тргна на 22 март 1943 година
- Вториот транспорт тргна на 25 март со дел скопски, сите штипски и група битолски Евреи;
- Третиот транспорт тргна на 29 март. Тој ги носеше последните преостанати 2.500 Евреи од Македонија.

А, кога станува збор за Треблинка, треба да се има предвид дека освен работниот логор "Треблинка 1", во половината на 1942 година беше изграден логорот за уништување или центарот на смртта "Треблинка 2" на СС специјалната команда. Документацијата од Варшавскиот архив што се однесува на концентрационен логор "Треблинка 2", не остава сомнеж дека тоа беше логор за уништување на Евреите, независно од фактот што во него беа уништени извесен број Полјаци и Цигани (Роми).

Според забелешките и записниците на истражниот судија на Нирнбершкиот процес., Лукашевич, еден транспорт, кој по правило бил составен од 60 вагони (сточни), а во секој вагон имало по 100-мина,"од моментот на пристигнувањето

[46] Малубројната еврејска заедница во Велес беше под ударот на истото антисемитско законодавство. Податоците околу бројот на Евреите во Велес меѓусебно не се согласни. Според Жамила Колономос се работи за две еврејски семејства со вкупно 8 членови, а според списокот на депортираните, се четири члена. Тоа се семејствата Ково: Аврам Исак Ково, роден 1901 година, шивач и семејството на Аврам Илија Ково, роден 1904, електричар по занимање, неговата сопруга Буна Илија Ково, родена 1912 и ќерката Солна Илија Ково, родена 1938 година.

на вагоните на логорската рампа до усмртувањето на жртвите биле потребни 30 до 45 минути, вклучително и пеколот во гаснитте комори кој траел просечно до 15 минути, додека за ликвидација на целиот транспорт биле потребни само два часа. Жртвите по пристигнувањето во Треблинка, всушност живееле уште по неполн час"[47].

Згаснувањето на еврејските огништа во Македонија во мартовско - априлските дни на 1943 година, кога се запалија кладите во Треблинка до денес, кај македонскиот народ, на кој му беше туѓ и непознат антисемитизмот, ја остави тешката траума на геноцидот. Со своите сограѓани Евреи тој живееше во хармонија и пријателство. Промената на македонската демографска мапа остави празнина и пустош во познатите еврејски маала, а во нив стана само поракаta на талмудските мудреци: "... добро чувај ја својата душа за да не заборави за оние нешта што ги видоа твоите очи".

[47] Архив на Главната комисија за злосторствата на Хитлер во Полска, Варшава.

*Костадинка Васкова*

# ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

По балаканските војни и по Првата светска војна територијалната целост на Македонија била нарушена. Вардарскиот дел на Македонија по Првата светска војна влегол во составот на Кралството на СХС, односно Кралството Југославија, во кое на Македонците не им биле признаени националните права. Тешкотиите од ваквата поделеност ја почувствувале и Евреите од Врадарска Македонија. Голем број од нив се иселиле во Европа, во Америка и во Палестина.[1] Во периодот меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија имало три еврејски општини и тоа во Битола, во Скопје и во Штип. Економски ослабнати од војните, Евреите во Битола и Штип бројно се намалиле, а извесен подем бележи Скопје, градот кој постанал центар на тогашна Вардарска бановина[2].

## *Евреите во Штип низ историјата*

Според еден сумарен турски пописен дефтер од 1512 година, во Штип живееле 38 еврејски семејства дојдени од Солун.[3] И во наредните пописи:од 1519, 1530, 1550 и последните од 1573 година е забележено намалување на еврејската општина

---

1 Д-р Александар Матковски, Историја на Евреите на Македоноја, Скопје, 1983, стр. 12.

2 Арон Асса, Македонија и еврејскиот народ, Скопје, 1992 година, стр. 65.

3 Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV век до XIX век, Демографски проучувања, Скопје, 1981, стр. 44.

во Штип, што покажува дека истата била мошне пропулзивна и динамична, во зависност од условите за живот и работа.[4] Меѓутоа, од средината на XIX век, еврејскиот елемент во Штип бил во постојан растеж, а според Васил К'нчев, во 1899 година го бележи својот максимален растеж од 800 Евреи. Во првите децении на XX век, поради зачестените настани на Балканот и во Македонија, па и во градот Штип, мноштво еврејски семејства и поединци ги напуштале Македонија и градот Штип. Прво поголемо емигрирање на Евреите од Македонија е забележано уште во 1910 година. Потоа, за време на балканските војни 1912-1913 година, и на крај, за време на Првата светска војна 1914-1918 година.[5] Пред Втората светска војна, во Штип живееле 140 фамилии со 550 членови.[6] Евреите во Штип со векови живееле на релативно мал простор во центарот на градот, на десната страна на реката Отиња. Помеѓу двете светски војни еврејското маало се проширило со петнаесеттина куќи и на левата страна.[7] Во еврејското маало, куќите во поголем број биле со приземје и кат. Скоро по правило во приземните простории на куќите се наоѓале нивните стопански објекти: трговско-занаетчиските магази, дуќани и други објекти.

### *Стопанската положба на Евреите во Штип меѓу двете светски војни*

Поголем број Евреи од Штип се занимавал со ситна трговија. Имало неколку трговци на големо и не мал број занаетчии. Главно биле сиромашни. Во овој период имало околу 37 еврејски трговци дуќани на мало, од кои: 13 бакалници, 5 дуќани за предилно-памучен текстил, 2 за галантерија и

---

4 Цитирано според Благоја Цветковски, Составот и структурата на Штипската еврејска општина, Историја, год XIX, Скопје, 1983, бр. 2, стр. 193.

5 Арон Асса, Македонија и еврејскиот народ, Скопје, 1992, стр. 65-80.

6 Жамила Колономос, д-р Вера Весковиќ - Вангели, Евреите во Втората светска војна (1941-1945), Скопје, том I, стр. 14.

7 Б. Цветковски, цитат стр. 204.

технички предмети, 2 за брашно, 1 за канцelариски материјал, весници и списанија, 1 за стакларија и бижутерија, 1 за градежен материјал и 2 за овошје и зеленчук. Неколкумина се занимавале со откуп на жито и земјоделски производи. Имало неколку сарафи, но со воведување на девизните ограничувања, тие престанале со работа.[8] Околу 7 фирми се занимавале со ангро-трговија. Браќата Јаков и Јозеф Леви, од истоимената фирма биле акционери и членови на Управата на Брегалничката банка. Со ангро-трговија се занимавале Евреите: Јаков и Јозеф Леви, Мошон Јаков Сион и синовите на Мордо Јакар. Трите фирми биле за колонијална стока. Жак Хаим Леви имал фирма за брашно и жито; Давид Мошон Сион имал фирма за брашно; Мордо Сион имал фирма за нафта и нафтени деривати, како и свој возен парк за вршење камионски превоз и Барух Менахем Сион имал фирма за тутун, цигари и сол.

Од индустриски објекти во Штип имало една полундустриска мелница-"Брегалница". Покрај Јордан Пуздерлиев, сопственик на оваа мелница бил и Давид Мошон Сион.[9] Занаетчии, во пошрока смисла на зборот, меѓу Евреите во Штип можело да се набројат до 45, но, тој број во некои години меѓу двете светски војни се менувал. Составот на занаетчиите бил следниов: 13 касапи; 6 опинчари; 4 тенекеџии; 4 кафеџии; 2 шивачи и 5 шивачки; 2 продавача на семки и слаткарски производи; 1 бербер и 1 кебапчија. Со ситни услуги се занимавале: 2 арабаџии; 3-4 амали и 2-3 чистачи на чевли. Меѓу Евреите од Штип имало и работници од кои 6 биле поштари, а некои квалификувани работници; околу 18-20 биле млади калфи, а имало и 10 чираци, вработени во разни работилници и трговски дуќани.[10] Еврејските дуќани и работилници, по правило, во саботите и на еврејските

---

[8] Исак Сион, Хаим Леви, Доаѓање, живеење и депортација на Евреите од Штип, Фонд Евреите во Штип, 1986, стр. 6-8.

[9] Коста Сидовски, Развитокот на индустријата на територијата на денешна СР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Скопје, 1980, стр. 39.

[10] Исак Сион, Хаим Леви, Доаѓање... (цит. стр. 79).

празници не работеле. Во неделите и на државните празници Евреите работеле интерно во своите работилници.[11]

Кога ќе се сумира наведеното, може да се констатира дека не бил мал бројот на членови на Штипската еврејска општина кои биле вклучени во некој вид стопанисување.

*Верскиот, образовниот, културниот и општествениот живот на Евреите меѓу двете светски војни*

Евреите од Штип имале своја верска општина. Со општината раководел Одбор или Конзисторија. На чело на Одборот бил Арон Леви, познат трговец, гросист, менувач и лихвар. Општината ја негувала еврејската култура, обичаите и јазикот. Се грижела за верската, културно-образовната и хуманитарната дејност во својата Авара и ги издржувала рабините.[12] Старата синагога изгорела во текот на балканските војни, била запалена и урната. Нема податоци, ни кога била изградена, ни како изгледала. Должноста на рабин во Штип многу години ја вршел Давид Манхам Натан. Подоцна, во 1937, по завршувањето на Сараевското училиште за рабини, за нов рабин во Штип дошол Маир Касорла од Битола.[13]

Општината покренувала и спроведувала акци од хуманитарна природа, особено се грижела за помагање и заштита на сиромашните и болните сонародници и семејства. Изворот на фондовите бил од добротворен прилог, "печа", што ја давал секој Евреин во согласност со својата материјална можност.

Општината самоиницијативно отворила и го издржувала еврејското основно училиште, кое имало затворен карактер и било сместенои во приватна куќа, а потоа во старата синагога. Програмата на ова училиште била следната: читање хебрејски, читање и пишување на еврејско-шпански,

---

[11] Каталог "Жидови на тлу Југославије", Загреб, 1988.

[12] Новата синагога-Аварата била изградена во 1936-1937 година. Се наоѓала место пред сегашниот Дом на културата "Ацо Шопов"

[13] Исак Сион, Хаим Леви, Доаѓање... (цит. стр. 8-10).

односно ладино со адаптирани хебрејски букви, елементарна аритметика и по нешто од најстарата еврејска култура.[14]

Помеѓу 1925 и 1930 година, од редовите на еврејската младина била организирана аматерска драмска секција, која успеала да подготви и изведе неколку претстави на еврејско-шпански, односно ладино во зградата на тогашниот хотел "Гранд".[15]

Релативно малиот броен состав на шпанската еврејска општина не условувал забележителна активност на културно -образовно, спортско и друго поле. Сепак, не биле изолирани во тесни етнички рамки, туку учествувале во општествениот живот на Штип и во сите организирани акции од страна на Партијата, СКОЈ и работничките синдикати: излети, екскурзии, штрајкови, демонстрации и друго против ненародните режими. Преку таа активност, во редовите на еврејската младина била прифатена идејната и политичката платформа на Паријата. Во 1937-1938 биле формирани посебни еврејски антифашистички организации, како што е "Омер ацаир" (чувари на редот), а во 1939-та "Техелет-лавани" (Сино-бели).[16] Од нивните редови се и првите членови на СКОЈ и КПЈ во Штип. Први членови на КПЈ биле Исак Сион и Хаим Леви. Сите младинци Евреи кои биле организирани до војната во споменатите организации[17] во Штип, пристапиле и биле активни учесници во НОД во Штип од самиот почеток на организираната борба против окупаторот.

---

[14] Жамила Колономос, "Пословице, изреке и приче", Београд, 1978, стр. 26.

[15] Исак Сион, Х. Леви, Доаѓање... (цит. стр. 12).

[16] Исак Сион, Х. Леви, Доаѓање... (цит. стр. 12-13).

[17] Користени се посебните изјави на Исак Сион и Хаим Леви, Документирно одделение при општинскиот Одбор на Сојузот на борците од НОВ во Штип. Изјавите се отчукани на машина.

*Димитриј Тартаковски*

# СОРАБОТКА НА БЛАГОЈ ЈАНКОВ - МУЧЕТО СО ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП

За активноста на Благој Јанков-Мучето во Штип во периодот од октомври 1942 до август 1943 година и за неговата соработка со некои личности од еврејската зедница во Штип, среќаваме податоци единствено во реконструкцијата на штипската партиска организација. За личноста на Благој Јанков - Мучето и за неговата соработка со Евреите во Штип, дознавме преку истражувањето на Исак Сион, човекот кој успеа да го преживее геноцидот на штипските Евреи. За време на бугарската блокада на Штип, Благоја Јанков - Мучето бил во Штип, во својство на инструктор на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија[1] и учествувал во работата на штипската партиска организација во исфрлањето на јадрото на партизанскиот одред во декември 1942 година.[2] Судбината на одредот е позната.

За време на својот престој во Штип, Благој Јанков-Мучето настојувал да стапи во контакт и со некои личности од еврејската заедница за да ги организира и Евреите во борбите против бугарскиот окупатор. Податоци за работата на Благој Јанков-Мучето меѓу еврејската заедница, среќаваме во искажувањата на Исак Сион[3], во реконструкцијата на нас-

---

[1] Благој Јанков - Мучето инструктор на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија е од октомври 1942 година.

[2] Јадрото на Штипската партиска организација го сочинувале: Васил Доганџиски, Герас Цунев, Јаким Стојков и Ванчо Китанов.

[3] Исак Сион почина во 1995 во Белград.

таните на штипската партиска организација. Исак Сион, како еден од неколкумината преживеани Евреи од Штип, напишал многу за последната ноќ пред блокадата на Евреите. Според она што досега е познато во историографијата, еврејската заедница во Штип знаела за престојната блокада. Имено, Евреите од Тракија веќе биле депортирани и низ Македонија почнале да се шират гласини дека се очекуваат и депортирања на Евреите и од оваа територија, но, не се знаел точниот датум. За депортирањето знаела и Комунистичката партија на Македонија, како и инструкторот Благоја Јанков. Членовите на Месниот комитет на Штип и Благој Јанков веќе размислувале како да им се помогне на еврејските семејства. Несомнено е дека партиската организација во тој поглед покажала голема хуманост. Таа ги предупредила еврејските семејства за претстојната блокада и за потребата тие да се скријат. Меѓутоа, основното прашање што било поставувано било дали е можно тие да бидат спасени.

Одговорот за тоа го дава Исак Сион, кој решил да не бега и да не се крие, бидејќи немало каде да бега и да се крие, зошто знаел дека бугарската полиција можела повторно да изврши проверки по куќите. Од друга страна, треба да се има предвид дека во овој период на територијата на Источна Македонија немало ниту една партизанска единица, кај која би можела да се засолнат оние што бегале. Видовме како заврши обидот за формирање на партизански одред во октомври 1942 година. Зачи, навистина немаше кој да ги прифатии Евреите, доколку се дадеа во бегство. Исто така, треба да се има предвид дека штипската еврејска заедница била концентрирана на едно место, па поради тоа бугарскиот окупатор лесно и многу успешно би ја извршил блокадата. Затоа не треба да зачудува безнадежноста кај Евреите за бегство, како и бегството и преживувањето на овој злочин само на неколкумина Евреи.

Според тоа блокадата се случила според очекувањата. Бугарите успеале да ги соберат сите штипски Евреи на централниот плоштад. Оттаму ги упатиле на железничката станица во Штип, а потоа со вагони ги транспортирале до

Скопје, до Монополот - собирен центар за сите македонски Евреи.

Според Сион, таа ноќ на штипскиот плоштад имало 100 до 115 еврејски семејства, или вкупно 747 лица. Според моите истражувања, овој број е преголем, како што всушност покажуваат и најновите историски истражувања[4], во кои се вели дека во Штип во тоа време не живееле повеќе од 550 Евреи. Можеби Исак Сион греши, а можеби во Штип во тоа време дошле Евреи од други места.

Неспорен е фактот дека околу 2,5 % од штипското население е депотирано од Штип за Треблинка, со возови кои заминале од Скопје на 22, 25 и 29 март 1943 година и дека таму сите се убиени. Набргу по депортирањето бугарскиот окупатор го започнал ликвидирањето на еврејската сопственост, која во Штип чинела околу 1.5 милиони левови или околу 18 000 американски долари.

Исак Сион бил еден од малкумината коишто успеале да избегаат за време на депортирањето на Евреите од Штип. Тој успеал да се засолни кај својот пријател Фирус Демир и неколку недели се криел кај неговите пријатели во Штип.

Под раководство на инструкторот Благој Јанков-Мучето преземена е акција за откривање на златото на Евреите, кое тие го закопале во своите домови пред депортирањето. Во оваа акција учествувал и Пепо Леви, кој исто така го преживеал еврејскиот геноцид и направил план за откривање на златото бидејќи знаел кои фамилии каде го закопале.

Акцијата била извршена од членовите на штипската партиска организација и од илегалците кои во тие моменти се наоѓале во Штип. Целата акција била координирана од Благој Јанков. Акциите за откопување на златото на еврејските семејства биле изведувани ноќе и завршиле успешно. Најденото злато требало да послужи за опремување на првите партизански одреди. Според изјавите на Исак Сион, со пронајденото злато биле купени првите митралези за првиот

---

4 Меѓу најновите историски истражувања се и истражувањата на Бернард Черк изложени во неговата книга "Бугарските Евреи"

партизански одред. По успешното бегство, Исак Сион бил во илагалство и одржувал врски со Благој Јанков. Кон средината на мај, Благој Јанков му соопштил дека се вршат подготовки за исфрлање на партизански одред и дека како илегалец е предвидено и тој да замине со него. Јадрото на одредот, на 19 мај 1943 година, како и предходниот од декември 1942 година, бил разбиен Исак Сион успеал да избега и повторно да се засолни во Штип.

Благој Јанков-Мучето, како инструктор на Покраинскиот на КПЈ за Македонија, се потврдил како голем хуманист, вложувајќи ги сите свои сили да им помогне на Евреите од Штип. Фактот што лично, заедно со членовите на штипската партиска организација укажувал на претстојната блокада и барал начини за спасување на Евреите, говори за неговата личност. Објективните услови и силата на бугарската окупаторска војска и полиција, како и развојот на НОД во овој период на територијата на источниот дел на Македонија го оневозможиле спасувањето на Евреите.

*Фешка Бојаџиска*

# ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ

Депортацијата на Евреите е предмет на повеќе документарни написи. Како настан во Штип, депортацијата ќе биде забележена со неколку поединости. Фашистичката расна теорија ја подготвуваше најголемата трагедија на Евреите, па и на Евреите од Македонија. Првите преговори за депортацијата на Евреите започнуваат кон крајот на 1941-та. Преговорите на бугарската влада и германските претставници, во 1942 година се интензивираа. 11 март 1943 година е фатален ден за сите македонски Евреи, за оние од Скопје, Битола и Штип. Неколку стотици лица од државната безбедност и полицијата беа задолжени да го извршат принудното иселување на Евреите од Македонија и да ги експидираат во логорот на смртта, од каде ниту еден веќе не се врати. Логорот Треблинка во Полска, стана заедничка гробница за 7.132 Евреи од Македонија и на Евреите од Штип.

Утринските часови на 11 март 1943 година беа последните слободни мигови за македонските Евреи. На тој ден, точно во 4 часот, градот беше блокиран. Целта на бугарската војска и на десетте групи полицајци и агенти им беше еврејското маало. Дојдоа и сите дома затечени Евреи ги изведоа на плоштадот. Тој ден од Штип беа депортирани 131 семејство со 551 лице.

Во шест часот, во групи од по 15 до 20 луѓе, под стража беа спроведени до железничката станица. Болните и изнемоштени лица беа префрлени со камиони. Евреите со себе можеа да ја понесат најнужната облека и храна за ден-два. На железнижката станица беа претресени и сите скапо-

цености им беа ограбени. Грабежот траеше три часа. Во 11 часот блокадата на градот беше повлечена. Речиси сите жители на Штип над десетгодишна возраст отидовме на железнижката станица да ги испратиме Евреите. Стоеја во дворот на станицата, оградени со вооружена војска и полиција. Сликата беше страотна. Децата бараа вода. Многу од нас донесоа чаши и шишиња со вода. Едвам пронајдоме и простор и добри војници за да ни дозволат на жедните да им подадеме вода. Натоварени во 14 вагони во придружба на полицијата, во 16 часот композицијата со нашите сограѓани тргна кон Скопје. На 23 март 1943-та, од железничката станица тргна вториот транспорт за Полска со околу 40 вагони Евреи, придружувани од цело одделение гестаповци. Во нив беа и сите штипски Евреи. На 1 април 1943-та Евреите беа предадени во Треблинка.

Долго време градот беше како мртов. Евреите беа дел од нашиот живот. Со нив растевме, си игравме, имавме многу заеднички зделки. Како да однесоа дел од нашата радост и младост, велеа штипјаните Арсов, Голев, Ценев и многу штипјани.

Исак Сион, Хаим Леви, Леон Капуано, Витол Симон, Исак Леви, Исак Хаим, Бејка Рубиса и Моис Рубиса се Евреи кои ја избегнаа трагедијата. Овие осуммина од депортирањето во Треблинка избегаа од најразлични причини и околности.

Во својата изјава Исак Сион раскажува: "Бев собран во мешана група со 25 Евреи. Во групата се наоѓаа и неколку деца од 6 до 7 години. Кога го минавме мостот на реката Брегалница и на свиокот ја искачувавме нагорницата, бевме подалеку од другите групи. Тој момент го сметав за најдобар за бегство. Фатив едно дете и одбрав војник за да му се обратам со молба детето да го одведам по нужда. Детето го одведов до најблиската грмушка и му реков да се врати само и да молчи, а јас се стркалав во Брегалница. Во врбјаците на реката останав некое време. Ползејќи и исправен, чекор по чекор, дојдов до куќата на Васил Златев. Во јуни и јули истата таа 1943, година речиси сите еврејски куќи во Штип беа срушени до темел. Сета покуќнина, облека, постелнина,

дотраени маси, столови и алати, како и некои безвредни предмети, во април и мај се продаваа, по ниски цени, под тополата пред затворот (денес ЦОУ "Ванчо Прке"). Убавиот мебел, персиските ќилими и сета постелнина и гардероба, чеизот на еврејките, чаршафите, завесите, прекривките плетени, везени, бродирани и шиени, потоа многу алати, машини и трговска стока и разни други предмети, сé до последната вредна ситница, беше однесено од окупаторот. Целото еврејско маало, од десната страна на Отиња, стотина работници со копачи и лопати, ѕид по ѕид уриваа, ги прекопуваа празните куќи на Евреите и ги срамнија со земјата. Правот што се дигаше од уривањето на еврејските куќи, како да се спојуваше и топеше од жешкото јулско сонце, како што се топеа и согоруваа Евреите во пламените јазици на крематориумите на кои е запишана пораката: 'Ваква трагедија никогаш повеќе да не се повтори во било кој дел од светот, од било кој народ'."



Група еврејски младинци од Штип, 01.03.1943 година, по 10 дена депортирани во Треблинка. (Жени Лебл, Плима и слом, Дечје новине, Горњи Милановац 1990)

*Трајко Донев*

# ПРИЧИНЕТИ ШТЕТИ ОД ОКУПАТОРИТЕ ВО ПЕРИОДОТ 1941-1945 ВО ШТИП И ШТИПСКО

Германските и бугарските фашистички окупатори во периодот од 6 април 1941 година, до 30 деќември 1945 година, на Југолсавија и на Македонија, на народите на бившите југсловенски простори им нанесле огромни материјални штети и и човечки жртви.

Воениет штети нанесени на стопанството и на вонстопанските дејности во Штип и штипско се огромни. Тие, и покрај настојувањата на формираните комисии за проценка на истите, не можеле да бидат комплетни и сеопфатни. Времето во кои биле изготвувани и методологијата што била применувана во утврдувањето на вредностите, како и временскиот период во кој требало да бидат готови податоците, влијаеле некои од штетите да бидат испуштени или заборавени.

Меѓутоа, треба да се истакне дека формираните комисии правеле максимални напори за обезбедување на сеопфатност на направените штети во градот и општината Штип.

Материјалните штети за Штип и штипско се прикажани како штети на ниво на околија што ја сочинувале самиот град и општините Радање, Лакавица, Горни Блван и Драгоево.

За целосно и навремено извршување на задачите од овој домен, биле формирани следниве комисии:

-Државна комисија за војни штети на Претседателството на Владата на Југославија;

- Земска комисија при Претседателството на Владата на Македонија

- Комисии за воени штети при обласните, околиските и градските општини и општинските НОО и МНОО во селата.

Вака формираните комисии на ниво на бивша Југославија, ветувале сигурност за брзо и ефикасно извршување на поставената задача. Формирањето и работата на комисиите било уредено со Уредбата бр. 203/1 што ја донела Владата на ФРЈ од 25 април 1945 година.

Уредбата за утврдување и оценување на воените штети ги содржела основните начела за потребата од формирање на комисиите, нивното функционирање и дејност. Во исто време Уредбата ги задолжувала сите земски комисии, во согласност со административната поделеност на земјата да се формираат и да отпочнат со работа сите комисии што се формирани за едно подрачје.

На подрачјето на Штипската област, била организирана Обласна комисија за оценување на воените штети, Околиска комисија за оценување на воените штети и Комисија за воени штети при Месните НОО во селата.

Податоците за воените штети на ниво на Штип и штипско се обработени на ниво на тогашната Штипска околија што ја сочинувале: Градската општина со седиште во Штип и општините Раданска, Горно Балванска, Лакавичка и Драгоевска.

Во составот на Комисијата на Штипска околија влегувале: Љупчо Ефремов, претседател на Комисијата и Ристо Соколовски и Штерју Штерјов, членови.

За работата на Комисијата за воени штети навреме биле донесени потребните упатства и биле упатени на обласните, околиските и општинските и на комисиите при МНОО во селата.

Донесените упатства биле именувани како: упатство 1, упатство 2 и упатство 3. Со нив биле санкционирани целите и задачите на комисиите што требале да се постигнат; поставеноста на комисиите и нивното делување, меѓусебната соработка на комисиите што отребала да се обезбедува поради целосно извршување на поставените задачи.

Упатството број 2 ја третирало суштината на воените штети и поблиску одредувало што е тоа воена штета; ја

одредувало матодологијата на работењето, поставеноста и работата на комисиите, нагласувајќи ја работата на комисиите, како посебно значајна и одговорна.

Упатството број 3 ги утврдувало: степенот на погоденоста на крајот во кој се истражувале настанатите штети; видовите штети и проценката на вредностите со примена на конкретна методологија за утврдување на штетата.

Комисијата во Штип, главно, утврдила дека на стопанството и вонстопанските дејности на Штип и Штипско им се нанесени огромни материјални штети и човечки жртви.

Штетите предмет на истражувањето биле поделени во групи:

- штети што Германците ги направиле при бомбардирањето на градот на 6 април 1941 година и штети што ги направиле германските воени сили при навлегувањето во градот.
- штети што Германците ги направиле при излегувањето или при налетот на нашата НОВ и ПОМ и
- штети што континуирано ги правиле Бугарите за време на окупацијата, од доаѓањето во Штип, па сé до нивната капитулација на 9 септември 1944 година.

Штетите над Евреите во Штип се оценуваат како штети што заеднички ги направиле Германците и Бугарија, бидејќи и едните и другите еднакво учествувале во грабежите и уништувањето на еврејскиот имот, сé до уништувањето и на самите Евреи во логорот Треблинка - Полска.

Најголемата штета што на Македонија ѝ е направена во Скопје, Битола и Штип е онаа што Бугарите и Германците заеднички ја направија на 11 март 1943 година. На овој ден, како што е познато, бугарскиот фашистички окупатор, помогнат од германскиот окупатор, од домовите на Евреите од Скопје, Битола и Штип, ги изнел сите Евреи и ги отерал во логори, каде во гасните комори на смртта ги уништил за никој од таму да не се врати жив.

Иако во Фондот РНОО во во Штип, кутија број 1, е нагласено дека на Земската комисија во Скопје при Претседателството на Владата на Македонија ѝ се доставени комплетни декларации

со опис и попис на направените материјални штети над штипските Евреи, вклучувајќи ги и материјалните проценки, копии од овие декларации не се најдени ниту во Фондот на РНОО во Штип, ниту пак во Републичкиот фонд на Владата на РМ во кој се наоѓаат сите материјали од работата на земската комисија, а се депонирани во Архивот на Македонија.

Според писмото на Еврејската општина број 997/1 од 31 XII 1945., Комисијата на Владата на Македонија е известена дека вкупната штета над Евреите се проценуваат на околу 2.000.000.000 динари и тоа:

| | |
|---|---|
| уништени дуќани, стока и готовина | 700.000.000 дин. |
| оштетени и урнати згради | 150.000.000 дин. |
| уништена и однесена покуќнина | 250.000.000 дин. |
| уништен национален имот | 150.000.000 дин. |
| изгубен доход за 4 години | 600.000.000 дин. |
| одземен накит и други вредности | 150.000.000 дин. |
| Вкупно штети во овој дел: | 2.000.000.000 дин. |

Во писмото на еврејската општина притоа не се направени проценки на вредностите на изгубените, односно лишени од живот лица.

Се напоменува дека нацистите и бугарските фашистички окупатори до 11 III 1943 на принудна работа во трудовите единици одвеле 700-тини лица, а дека на 11 III 1943 година во логорите на смртта одвеле 7.219 лица.

Во Историскиот архив во Штип, постои список на "Ратни штети на штипските Евреи" од 1945 година. Според овој список утврени се следниве елементи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вкупно Евреи во Штип | 564 лица, од кои |
| - | до 10 година | 48 |
| - | од 11 до 15 години | 71 |
| - | од 16 до 20 години | 67 |
| - | над 21 година | 378 |
| 2. | Број на згради според списокот | 109-12.130.000 дин. |
| 3. | Сума која би ја обезбедила жртвата | 305.031.000 дин., |

со тоа што жртвите се оценувани во зависност од староста и тоа:

| | |
|---|---|
| - за жртвите од 1 до 30 години | 720.000 дин.; |
| - за жртвите од 31 до 35 години | 600.000 дин.; |
| - за жртвите од 36 до 50 години | 600.000 дин.; |
| - за жртвите од 51 до 75 години | 320.000 дин.; |
| со тоа што за оние над 75 години е | 48.000 дин., |
| износ што би можел да се оствари лицето. | |
| Покуќнината е во вкупен износ: | 4.760.000 дин. |
| | |
| Вкупната штета над Евреите изнесувала: | 321.921.000 дин. |

Спред изнесеното се оценува дека заедничките штети на Бугарите и Германците над штипските Евреи се оценуваат на 321.921.000 динари, пресметани спиред курсот на динарот од 1938 година.

Утврдената штета што германците и Бугарите ја имаат напавено над Евреите во Штип, сигурно не е најточна. Секако дека постојат грешки и пропусти, но таа е огромна, а во некои делови и со средства ненаплатлива, особено кога станува збор за човечките животи.

Треба да се констатира дека штетите се огромни и ненадоместливи и дека за тоа бугарскиот и германскиот фашизам сноси голема одговорност, оговорност која со средства тешко може да се плати, бидејќи овој вид штети се ненадоместливи.

# СЕЌАВАЊА

***Фейка Бојаџиска***
ШТИПСКА ХРОНИКА (извадок)

Евреите од Штип имаа своја општина. Со опшината раководеше Одбор, наречен "Конзисторија". Седиштето на Одборот се наоѓаше во куќата на Арон Леви. Се преселил во неа по изградбата на новата синагога, "Аварата". Евреите дадоа значаен поттик на развојот на трговијата и занаетчиството во Штип. Се занимаваа со ситна трговија и занаетчиство. Беа познати трговци на свила, басми и кадифе, разни украси и конци, тантели и копчиња. Разменуваа трговска стока, разменуваа пари, злато. Без пречки тргуваа по Балканот и Европа и беа сериозни конкуренти на многу трговци од големите градови. Исак Хаим Леви тргуваше со злато во многу европски земји. Евреите беа добри мајстори за правење волнени кебиња, јамболии и шајак. Беа мајстори и во државните работилници каде се изработуваше шајак за потребите на војската.

Куќите на Евреите беа наредени од двете страни на Отиња, од дрвеното мовче, па сè до "Аварата". Куќите беа како "насадени" во тој мал простор. Беа ниски, слепени една до друга, меѓусебе поврзани со капиџици. Имаа и порти што излегуваа веднаш на улица. Во големи и раскошни куќи живееја најбогатите Евреи. Класичен мебел и персиски ќилими ги красеа собите и салоните во кои имаше и библиотеки и клавири.

Од "Аварата" во подножјето на Исарот, по стариот пат кон Офицерскиот дом, па сè до него, беа наредени еврејските дуќани за текстил, ситна бижутерија, златарите, книжарите,

месарите, продавниците за брашно. Во една од помалите улички што го поврзуваше Офцерскиот дом со центарот на градот, беа наредени повеќе дуќани за семки, бадеми, орасли и, медени бомбони, блага и солена леблебија и други ситни примамливи лижавчиња, што ги купуваа и трошеа децата, но и постарите во големи количини. Сусамките, бадемките и орасли ите беа во најразлични бои и форми и секогаш свежи и вкусни. "Еврејските" семки беа познати не само во нашиот град, туку и пошироко. Ги правеа од горчливите семки на кајсиите. Со трпение ги кршеа семките, ги киснеа, ги миеја и сушеа, а дури потоа ги печеа за од нив да ги направат највкусните грицкалки.

Евреите беа солидарни. Си помагаа еден на друг. Синовите ги праќаа на високи школи, а ќерките најчесто им беа шивачки. Жените беа големи домаќинки. Правеа убави зимници, торти и тестенини, а како шивачки беа вистински уметнички. Сите млади носеа да шијат кај нив. Одеа и да научат од нив. Еврејките ја донесоа сета мода во облекувањето и ја лансираа во Офицерскиот дом. Таму за прославите се собираше исклучиво богатиот свет: претставниците на власта, трговците, чиновниците и офицерите. Евреите беа "прима" гости во Официрскиот дом. Еврејките први почнаа да одат на плажа на Чардаклиско езеро. Облекуваа едноделни костуми за капење, пливаа и се сончаа. Тоа за нас беше сензација во таа 1936 - 1937 година.

Евреите беа "саботјани". Не работеа в сабота, не јадеа, дури и не палеа ни оган. Нé викаа нас Македонците да им запалиме. Во саботите, сите до еден, одеа во "Аварата", нивната црква. Наседнати на столчиња како ученици, ја кажуваа својата молитва. Сите постари Евреи, секое утро, пред да ги отворат дуќаните, доаѓаа во "Аварата", каде беше и седиштето на Одборот. Таму ги "претресуваа" сите настани од предходниот ден. Договараа трговски зделки, планираа, се советуваа.

Евреите имаа и свој фонд - "шпаркаса". Во неа, секој Евреин, секојдневно приложуваше свој динар. Тој фонд го користеа за работата, за случаи на несреќа и како помош на

онис што не успеале во животот. Помагаа до три пати, а кога лицето не ќе успееше и по третпат, тогаш оставаа натаму само да се снаоѓа. Единствениот Евреин во Штип кој не успеа во трговијата беше Руфел. Иако му отворија тенеќеџиски дуќан, тој остана да продава јајца.

Немаше Евреи во власта. Немаше ни судија Евреин за да дели правда. Евреите ги избегнуваа караниците и не се впуштаа во расправии. Кога ќе се случеше некаков инцидент во нивно присуство, ги користеа изговорите: "тука бев, ама ништо не видов, "шинигещти - ѓорме дм", "сега поминав, ама не го видов". Кога Евреин ќе беше многу навреден, ќе проколнеше: "да даде бог да имаш, па да немаш". Плашливоста, ненаметливоста и самоодржувањето ги правеше мудри, а донекаде и итри. Ако требаше да се ослободат од некого, ќе го испратеа во погрешна насока, ќе му дадеа погрешна информација. Секој постар штипјанец ќе ви каже како Саламо ги надитри жандарите. Кога двајца жандари го прашале Саламо каде отишол Ване, кој пред малку седел до него, Саламо, како по обичај, им го погажал спротивниот правец. Знаејќи дека Саламо не ја кажува вистината, жандарите го натерале да оди пред нив за да им покаже точно каде отишол Ване. Немал каде, па тргнал пред жандарите. Ги водел по улички и сокаци, додека не се изморил, односно додека не ги скрил трагите на Ване. Измалтретирани од одењето по летната горештина, жандарите седнале да се одморат под една сенка. За да се ослободи од нив, и од непожелните последици, Саламо легнал до нив - на земја. Нозете ги ставил под сенка, а главата под жешкото сонце. Жандарите му рекле дека легнал наопаку и дека ќе му зоврие мозокот на сонце. Саламо почнал да пелтечи, па со своето меко "л", почнал да се "јадосува": "будла, будла Саламо! Да крше таа зелен глава. Зелен глава голема грешка! Нека узреи на жешко с'нце! Друг пат да не прави така, да не греши! Будла, будла Саламо!"

Душевниот немир и плашливоста кај Евреите се создавани од антиеврејските закони кои имаа за цел Евреите

да ги ликвидираат како економски фактор. Властите почнаа да донесуваат низа закони за прогонување на Евреите од Кралството Југославија. Пред да се донесат законите, на Евреите им беше забранет пристап во државната служба. Оние што беа вработени во администрацијата, мораа да ги напуштаат своите работни места. Поради тешката состојба, многу од нив го напуштаа својот роден град и заминуваа во Америка и во некои други земји. Со настапувањето на фашизмот, во 1935 година, а потоа во 1939 година, емиграцијата на Евреите од Македонија стануваше сѐ помасовна.

Заедничкото живеење и тешката положба, ги зближуваа и обединуваа интересите на Македонците и Евреите и на другите националности во овој град. Здружени, тие наоѓаа многу допирни точки во економскиот живот и во културно - просветната взаемна дејност и активност.



Хаим Леви

*Хаим Леви*
УЧЕСТВОТО ВО НОБ ВО ШТИП И ШТИПСКО

Мојата активност во напредното движење започна веднаш по окупацијата на нашата земја од страна на фашистичка Германија и фашистичка Бугарија.Тогаш ми стана јасно, бидејќи веднаш се видоа грозотиите, маките и немаштијата што ни ги донесе окупацијата. Веднаш се видоа страшните мерки и понижувања што се надвиснаа и над еврејското население во Штип. Со таквата ситуација создадена во нашата земја, произлезе и моето сознание дека единствениот спас е во заедничката и единствена борба на сите народи во Македонија против окупаторот и неговите помагачи. Ова стануваше уште појасно со нападот на фашистичка Германија на СССР во јули 1941 година. По овој напад јас се запознав со Васил Доганџиски и Киро Кукушев кои беа познати како комунисти. Тие често доаѓаа во едно еврејско кафеанче во еврејското маало, во кое кратко време работеа Кукушев и брат. Кафеаната стана седиште на младите Евреи и во неа Кукушев и Доганџиски често навраштаа со цел на младите да им ја објаснуваат новонастанатата политичка ситуација. Тука јас се запознав со нив. Од нив првпат дознав дека во Штип постои напредна организација (комунистичката партија), која е единствено подготвена за борба против окупаторот. Тие ми оставија добат впечаток и се уверив дека навистина мораме да бидеме обединети за една бескомпромисна борба против окупаторот.

Меѓутоа, мојата организирана активност во НОБ почнува со доаѓањето на Исак Сион во Штип, во јули или август 1941 година. Инаку, тој бил организиран уште за време на бивша

Југославија како банкарски службеник во Љубљана. Другарот Исак веднаш по неговото доаѓање, врз основа на директивата на Месниот комитет во Штип разви извонредна партиска активност меѓу нас, и во тој поглед беше целосно подржан од сите Евреи, а посебно од младите кои беа подготвени за една активна борба против фашистичкиот окупатор.

Во јули, или во почетокот на август 1941 година, Исак Сион закажа состанок. Состанокот се одржа во нашата куќа и на него беа повикани: брат ми Пепо Јуда Леви, студент по медицина; брат му на Исак Сион, Аврам Барух Сион, студент по рударство; Исак Јаков Леви, трговски помошник; Моис Давид Сион, ученик-матурант и Хаим Леви.

Групата претставуваше прва организирана воспитна група оформена од Исак Сион. Групата одржуваше состаноци скоро секоја недела. На почетокот, активностите на групата беа секојдневно и организирано да ги следи најновите информации на Радио Моска, и истите секој поединечно да ги пренесува на однапред определен круг луѓе. Другарот Исак на секој член од воспитната група му определи посебни задачи. Така, јас бев задолжен да организирам една или две воспитни групи, а останатите другари од групата беа задолжени да организираат народна помош, собирање на оружје, воспоставување на врски со селаните, посебно преку постарите луѓе, бидејќи познвале многу селани. На состаноците на воспитната група се третираа прашања сврзани со општо - политичката ситуација, со активностите на комунистите во светот и во нашата земја, испитување на можностите за бескомпромисна борба против окупаторот, неопходно собирање народна помош во пари и натура.

Членовите на воспитната група посебно работеа на своето идејно и воено воспитување. Заеднички ја проучувавме историјата на СКП (б), разни воени правила од бивша Југославија како што се ракувањето со оружје и други. Оваа прва воспитна група, од голем број симпатизери, успеа да собере парична помош, алишта, пиштоли и напуштена муниција. Најважното беше што сите бевме многу добро

примени, бидејќи во нас сите млади и стари Евреи имаа доверба и во секој поглед имавме подршка.

Инаку, во тоа време, лично добро ги познавав и другарите Ванчо Прков, Славчо Стојменски и други, и тоа уште од гимназијата. Со нив често разговарав, така што и тие знаеја дека преку Исак Сион сум организиран член на воспитната група.

Кон крајот на месец септември 1941 година, на еден состанок на воспи̂тната група, другарот Исак Сион ни соопшти дека сегашната ситуација ни помага да бидеме подготвени за борба против бугарскиот окупатор и дека сите членови на воспитната група сме предвидени за излегување и формирање на Првиот партузански одред. Тогаш разбравме дека тој прв партизански одред треба да се формира на Плачковица. Сите пет членови на воспитната група без колебање и со чувство на одговорност и гордост го прифативме повикот за излегување во одредот, за тоа поединечно се изјаснивме дека изразуваме подготвеност за тоа.

На следниот состанок другарот Исак, како секретар на нашата група, ни кажа дека треба да бидеме подготвени за излегување во секој момент. Тогаш секој од нас по вторпат изрази непоколеблива подготвеност и се искажа дека сме подготвени за излегување на Плачковица. Се сеќавам дека на тој состанок бевме поединечно определени за учество во првата акција - напад на полицискиот участок во градот пред да излеземе на Плачковица. Се сеќавам дека другарот Исак Леви како крупен и снажен човек го определија да го нападне стражарот на участокот, а јас и Аврам Сион да упаднеме во ходникот на участокот, да ги земеме пушките и брзо да ги поделиме на нашите. На тој состанок ни беше кажано дека има уште една група, која пред да излезе на Плачковица, ќе треба да изврши сличен напад на една селска општина, така што по извршените задачи сите ќе треба да се собереме на определеното место на Плачковица.

Скоро цел месец бѐвме во очекување на договорената акција над полицискиот участок и излегувањето на одредот на Плачковица.

За жал до напад на участокот не дојде. Другарот Исак на крајот само накусо ни соопшти дека акцијата се одлага поради некои организациони причини. Тогаш не можевме но да насетиме вистинската причина, а од конспиративна гледна точка, ниту се распрашувавме. Дури сега ми е јасно дека била во прашање познатата Шарлова политика.

Некаде кон крајот на октомври 1941 година, а по директива на Исак, јас формирав втора воспитна група со млади работници Евреи. Во таа воспитна група членуваа: Исак Синто Леви, чевларски работник; Барух Моис Леви, чевларски работник; Бирја Мордохај Бононо, чевларски работник и Жак Давид Сион, ученик.

Во деќември 1941 година година, Исак Сион како секретар на групата ни соошти дека нашата партиска воспитна група по одлука на Месниот комитет треба да се реорганизира и да бидеме распоредени во други партиски партиски ќелии со другари Македонци. Ние тоа го прифативме како еден многу добар гест и бевме апсолутно задоволни.

Оваа наша прва еврејска воспитна група беше реформирана и веднаш сите бевме распоредени во следните групи: тројца другари меѓу кои и Исак Јаков Леви, Аврам Барух Сион и Моис Давид сион ги презеде Васил Доганџиски, а двајца меѓу кои брат ми Пепо Леви и јас не презеде Тошо Арсов.

На првото водување на состанокот што го одржавме со Тошо Арсов но соопшти дека сме примени за членови на КПЈ, ми се чини тоа беше некаде во средината на деќември 1941 година.

После три-четири дена бевме повикано на состанокот во куќата на Панче Зенделски. На состанокот присуствуваа: Панче Занделски, Боро Доганџиски, а на друг состанок присуствуваше Илија Брашнаров. Веднаш по тој состанок другарот Тошо, како секретар му соопшти на брат ми Пепо дека тој ќе биде префрлен во друга партиска ќелија, бидејќи не беше пријатно од конспиративни причини двајца браќа да бидеме во иста ќелија. Оттогаш брат ми Пепо го префрлија во ќелијата што ја водеше Ленче Арсова.

Во групата на Тошо Арсов бев до април 1942 година.

Втората и третата воситна група ја организирав во јануари и февруари 1942 година, а по директива на другарот Тошо Арсов.

Во првата воспитна група, како што реков членуваа: Исак Синто Леви; Бирја Мордо Жан Бонано; Барух Моис Леви и Жак Давид Сион.

Во втората група членуваа: Исак Моис Леви, работник; Давид Хаим Леви, кројачки работник; Витал Мушон Сион, работник и Давид Самуел Сион.

Во третата воспитна група членуваа: Матилда Барух Сион, матуриран гимназијалка, вработена во аптеката на Балванслиски; Адела Челебон Леви, младинка домачинка; Ана Модро Јакар, младинка и Пава Хаим Леви, ученичка.

Сите членови на овие три групи уште од почетокот на 1942 година се водеа како скоевци. Другарот Тошо Арсов настојуваше и бараше од мене да издвојам два-три најактивни младинци и да ги предложам за прием во Партијата. Ова не беше реализирано само поради тоа што настана реорганизацијата на мојата ќелија. Инаку, се сеќавам дека Тошо Арсов посебно водеше сметка и се интересираше за работата и активноста на младите скоевци и секогаш ми свртуваше внимание дека треба кај нив посебно да се развие борбеноста и готовноста за една беспоштедна борба со окупаторот.

Инаку, активноста на сите овие групи беше повеќестрана, посебно во објаснувањето и пропагирањето меѓу Евреите на целите на борбата на македонскиот и на другите народи на Југославија против окупаторот. Редовно на сите нас ни се објаснуваше дека нема друг спас,освен една беспоштедна борба со окупаторот и ние како Евреи се раководевме дека друга алтернатива не постои.

Исто така, воспитните групи дадоа голем придонес што успеале да развијат и да соберат разни водови помош, како парична, така и материјална, па дури и во злато. Групите успеаја да пронајдат и оружје: два три пиштола за кои немавме муниција, а подоцна се пронајде и муниција. Подоцна разбрав дека еден од овие пиштоли, преку Тошо Арсов му беше предаден на другарот Благој Мучето.

Со членовите на групите проучувавме и некои воени правила за ракување со оружје (пиштол, пушка) од бившата југословенска војска и на тој начин се вршеа подготовки за една активна борба против окупаторот.

Реков дека во почетокот на април 1942 година дојде до расформирање на нашата партиска ќелија, која ја раководеше Тошо Арсов. Тогаш бев поврзан со другарот Славчо Стојменски. Првиот партиски состанок со Славчо Стојменски го одржавме во нашата куќа, на состанокот присуствуваа: Славчо Стојменски, како секретар на ќелијата; Димо Кантарџиски, правник; Киро Бихач, работник; Марјонка Лазарева, работничка и јас.

Во таков состав оваа партиска ќелија беше сé до моето поаѓање во затвор во ноември 1942 година, со исклучок на другарот Димо Кантарџиски, кој мислам дека присуствуваше само на уште еден или два состанока, така што ќелијата потоа остана без него.

Активноста на оваа партиска ќелија се одвиваше во континуитет. Посебно беше зајакната нашата акција за собирање за собирање на народна помош. Во тој период, од април 1942 година, па сé до моето затварање во ноември 1942 година, јас бев сé уште секретар на горespоменатите три скоевски групи, кои ги формирав по мој предлог и по инсистирање на другарот Тошо Арсов.

Инаку познато ми е дека и останатите членови на нашата Шартиска ќелија имале исто така разни задолженија и на состаноците редовно се изнесуваше што е сé направено и постигнато од минатиот состанок до новиот.

Другарот Славчо Стојменски многу инсистираше и бараше од нас да ја приучиме Историјата на СКП (б) и често не испитуваше. Исто така не испитуваше и за некои правила, ракување со пушки и пиштоли, како и строево правило од бившата југословенска војска. Славчо беше извонредно агилен, точен и педантен и со својата предаденост и верност на нашата Партија на сите нас ни служеше за пример.

На еден партиски состанок, кој се одржа во нашата куќа, другарот Славчо го донесе другарот Мирче Ацев. Тоа беше летото, месец јуни 1942 година. На тој состанок, откако се

запозна со нашите активностуи, другарот Мирче Ацев, прогласен за народен херој, многу ни зборуваше за борбите кои ги водеа партизаните од Србија и од други места од Југославија, за политичката ситуација во светот, за активностите и успешните борби на Црвената армија. Посебно ја истакна неопходноста и нашата подготвеност за активна борба против окупаторот, во која мораме да дадеме свој придонес за ослободување на нашата земја. Изрази голема решителност за активна и бескомпромисна борба со окупаторот. На сите ни остави добар впечаток и успеа уште повеќе да не мобилизира.

Како резултат на еднавонредна партиска активност, поголем број Евреи откриле и кажале каде се наоѓаат нивниот накит и златото, кое подоцна подоцна беше откриено, откопано и целосно искористено од страна на Партијата, односно искористено за целите на борбата што ја водеа нашите народи. Сметам дека откривањето на скриениот накит и златото и нивнбото ставање на располагање на Партијата, претставува редок случај во историјата, имајќи го предвид ситносопственичкиот менталитет на луѓето. Тоа зборува за посветеноста и довербата во целите што постави нашата Партија. Најважно е дека тоа говори за големата активнот и работа на Партијата меѓу масите. Посебно морам да истакнам дека дејноста на Партијата беше извонредно голема меѓу организираните млади работници и интелектуалци (учениците и студентите) Евреи, кои беа подготвени да ја извршат секоја поставена партиска задача во борбата против германскиот и бугарскиот окупатор.

Нивна најголема заслуга е што успеале да се соберат и да направат идејни скици со точно назначени места во куќите каде што беше скриен накитот и златото. Тие податоци ги собра брат ми Пепо Леви, студент по медицина и ги предаде на другарот Васил Златев, а тој пак ги предаде на Месниот комитет во Штип.

Оваа акција им̀ беше доверена и директно раководена од другарите Исак Сион и Васил Златев. Познато ми е дека во

нашата куќа беа пронајдени и ископани две тегли со накит и злато, а на други места уште 4-5 тегли.

Инаку мојата активност во селата во Штипка околија започна по директива на Тошо Арсов, во декември 1941 година. Другарот Тошо Арсов беше запознат дека нашата фамилија има прилично познати меѓу селаните кои работеле со татко ми и чичко ми и затоа од него добив директива да се поврзам со некои од нив. Да споменам дека Тошо секогаш даваше голема важност и потреба за нашето организационо поврзување со селаните во борбата како активни борци и соборци. Бугарскиот окупатор преку разни реквизиции на селски прехрамбени производи тотално го експлоатираше селското население и нивниот труд, така што во оваа линија беше поставена партиска задача да ги придобиеме селаните.

Врз основа на таа директива јас во декември 1941 година прв пат отидов со велосипед во селото Суво Грло. Таму се поврзав со фамилијата Штериеви, бидејќи го познавав сите нив, преноќевав и одржав два состанока. Главниот меѓу нив беше стариот Вангел, кој целоно го подржуваше моето излагање. Тие се согласија дека треба веднаш да почнеме со собирање оружје, да се саботира реквизицијата на окупаторот и што побргу да се организира една група од млади луѓе. Со слична задача бев и во јануари и во февруари 1942 година во селото Драгоево, каде се поврзав со Јово Ѓурковиќ. На тој состанок Јово рече дека има собрано нешто оружје и дека истото добро го скрил. Чинам дека кажа дека има три пушки, два пиштола со муниција и друго.

Во март-април 1942-та се реорганизира нашата партиска ќелија, така што тогаш Тошо Арсов ме поврза со Славчо Стојменски. Веднаш на првиот состанок јас го запознав Славчо со нашата активност во селата Суво Грло и Драгоево. Тој истакна дека треба уште повеќе да зајакне нашата активност и дека мораме да имаме добри бази по селата.

По директива на другарот Славчо, ком ми беше и секретар на партиската ќелија, јас бев во селата Љуботен и Долани. Во селото Љуботен се сретнав со Митко Шеќерински, кој работеше во Лакавичка општина и во Љуботен имаше

воспитна група. Во селото Долани се поврзав со другарот Јаким, кој веќе бесше развил доста голема активност и веќе имаше една организирана група од пет-шест луѓе во четирите села (Суво Грло, Драгоево, Љуботен и Долани) во коишто до затварењето во ноември 1942 бев три-четири пати. Познато ми е дека Партиската организација во Штип тогаш беше развила голема активност и во други села, како што се: Криводол, Чардаклија, Мустафино и дуги, но јас немав увид во тоа.

На 21 ноември 1942 година ме затворија. Во 5 часот наутро. Сѐ уштѐ беше мрачно, кога нашата куќа ја блокира бугарската полиција и наеднаш упадна внатре. Бев многу болен. Имав гнојна ангина и многу висока температура. Ме врзаа и врзан ме одведоа в затворот во полицискиот участок и ме затворија во ќелија. Дента, попладнето, меспроведоа окован со воз во Скопје, во Централниот истражен затвор. Истата ноќ, главниот бугарски полициски истражител, некој Гајдев, бидејќи се увери дека од мене не може да добие никакви информации, ме соочи со другарот Киро Бихач. Дури тогаш ми стана јасно кој ме предал и мене, и Славчо Стојменски и Васил Доганџиски, тогаш членови на Месниот комитет. Во исто време тој издал и некои другари и од Кочанската партиска организација.

*Исак Сион*
УЧЕСТВОТО ВО НОБ ВО ШТИП И ШТИПСКО

Со окупацијата на Македонија од страна на фашистичка Бугарија, еврејската заедница во Штип, како и сите други, се најде во тешка положба. Во првите денови на Априлската војна сите еврејски трговски и занаетчиски душани беа целосно ограбени од окупаторот. Окупаторскара власт уште од првите денови, во април, мај и јуни 1941 година мобилизираше групи Евреи и Цигани на кулучка работа за расчистување на урнатините настанати од бомбардирањето на градот во времето на воените дејствија во април 1941 година и на материјали и оружје останати и расфрлени по разни делови на градот по сломот на старата југословенска војска. Бугарската окупаторска власт уште од почетокот почна сукцесивно да воведува редица антиеврејски закони за ограничување на движењето, ограничување и забрана на бавање со трговска и друга дејност, воведе еднократен данок и друго, така што голем број, особено посиромашни еврејски семејства, се најде во тешка положба. Еврејската заедница во Штип во надминувањето на тешката економска положба на тие семејства беше доста солидарна. Еден број такви фамилии беше помаган од роднините, а за обезбедување на поминок на оние што се наоѓаа во најтешка положба, во рамките на заедницата, беше организирана скромна, но мошне ефикасна помош. Напредното движење во Штип, уште од првите денови на Априлската војна, разви голема дејност во мобилизирањето на масите, особено на работничката и школската младина против денационализаторската и експлоататорската политика на бугарската окупаторска власт. Таа дејност особено се засили

во текот на јули и август 1941 година, кога почнаа да допираат вести за вооружена борба и за востанија на народите на Југославија под раководство на КПЈ и прерасна во народноослободително движење. Евреите, особено младината во Штип, гледаа со симпатии на таа дејност и активно се придружија кон тоа движење. Еден број млади Евреи организирано се приклучи кон тоа движење. Особено активна беше партиската група на Евреите, што ја водев јас. Во состав на оваа група беа: Исак Јаков Леви, трговски помошник; Пепо Јуда Леви, апсолвент по медицина; Хаим Јуда Леви, трговски помошник; Аврам Барух Сион, студент по рударство и Моше Давид Сион, ученик.

Исто така, како и ќелијата, и јас со партиската воспитна група на Евреите што ја водев, одржував редовни состаноци, најмалку еднаш во неделата. На состаноците ја разгледувавме политичката ситуација и ги ги запознавав членовите на групата со актуелните партиски задачи што ми се поставуваа преку ќелијата, се разбира без нејзино спомнување, поставувавме задачи секој член на групата да дејствува во одредени средини на Евреите, главно меѓу помладите, а и меѓу некои од постарите, со задача да соберат околу себе симпатизери и тие организационо поставени да се опфатат, Организиравме прибирање на оружје, муниција и опрема, собирање пари и материјали за народна помош и друго. Тоа што тие го собираа, ми го предаваа мене, а јас на Ванчо Прке.

На состаноците разработувавме и делови на историјата на СКП (б), распоредувавмечитање на напредна литература, како на пример "Како се калеше челокот" и други, разработувавме некои партиски материјали, кои преку ќелијата доаѓаа до мене итн.

На повеќе состаноци проучувавме една војна книга од старата југословенска војска, што случајно ни беше дошла до рака, како еден вид подготовка за вооружената борба за која требаше да се подготвиме.

Исто така, летото 1942 година, во еден неделен ден, штипскиот фудбалски клуб на Бело Брдо се натпреваруваше со Велешкиот клуб. На крајот од натпреварот, Доганџиски

ми рече дека веднаш треба да одржиме состанок на Месниот комитет со еден делегат од партиското раководство од Велес, што беше дошол со велешките фудбалери. Мене ме задолжи да најдам куќа во која ќе се одржи состанокот.

Вечерта, се собравме во приземјето на куќата на Хаим Леви, во една од собите. На состанокот, од името на партиското раководство од Велес присуствуваше Никола Кирков. Состанокот продолжи до два часот по полноќ. Сите поднесовме извештај за работата на секторите за кои бевме задолжени, за работата на ќелиите и партиските воспитни групи што ги водевме, за работата на СКОЈ и друго. Стана збор и за политичката ситуација во Штип, за активностите на организацијата.

Васил Доганџиски редовно одржуваше состаноци со тројца младинци Евреи што му беа доделени да ги води како партиска воспитна група, уште од февруари или март 1942 година. Во таа група беа Исак Јаков Леви, Аврам Барух Сион и Моис Давид Сион. Тие во меѓувреме беа формирале свои подгрупи со младинци Евреи, секоја со по 4-6 члена, што ги водеа како членови на СКОЈ. Состаноците со групата, Доганџиски ги одржуваше во својата куќа или во една од нивните куќи. Контактите со нив, било тие да одат дома кај него, или тој да одеше по некој пат кај нив, на Доганџиски, како познат комунист во Штип, не му беа лесни, бидејќи врските можеа да укажат дека развива политичка дејност. Освен тоа, тој и инаку имаше голем број обврски како политички секретар на Месниот комитет и беше, покрај редовната работа како раководител на Шивачката задруга, оптоварен преку глава. Затоа, еден ден, во август 1942 година, ми даде задача јас да го превземам водењето на таа партиска група. Постапив по неговиот предлог.

Пепо и Хаим Леви, како членови на Партијата, поврзани во одвоени ќелии, исто така водеа свои скоевски групи на младинци Евреи. Хаим водеше две групи со околу 12 членови на СКОЈ, а Пепо Леви една група од 5-6 члена.

Така може да се смета дека кон крајот на 1942 година, околу 34 -35 младинци Евреи, меѓу нив и некои постари, биле

организационо и активно опфатени во организацијата на Народно-ослободителното дижење во Штип. Сега е доста тешко точно да се разграничи, кој во чија група беше. Со Хаим Леви, по ослободувањето успеавме да се сетиме на следните младинци, младинки и на некои постари Евреи кои беа активно опфатени во организацијата на СКОЈ и во партиските воспитни групи. Така, покрај неведените, можам да ги наведам и следните: Менахем Сабетај Натан, приучен шивачки работник без постојана работа; Матилда Барух Сион, завршена Матурантка и волонтер во аптеката на Балбанлиски; Пинхас Мордехај Бонано, кој есента 1942 година, како војник со едн група Македонци се беше вратил во Штип од заробеништво во Германија; Адела Челебон Леви, младинка-домаќинка; Исак Синто Леви, чевларски работник; Пава Хаим Леви, младинка-домаќинка; Бесалел Хаим Леви, работеше кај татко му во една мала кафеана; Жуди Мордо Јакар, домаќинка; Моис Хаим Леви, ученик; Пепо Мордо Јакар, трговец; Пепо Челебон Леви, младинец; Бирја Мордехај Бонано, трговски помошник; Самуел Јаков Коен, завршен матурант; Исак Моис Леви, младинец-работник во аптеката на Тодор Христов; Хаим Давид Бонано, кројачки работник; Анри Давид Сион, трговски помошник; Давид Хаим Леви, младинец; Барух Моис Леви, чевларски чирак; Витал Мушон Сион, кројачки калфа; Бирја Мушон Сион, трговски работник; Давид Самуел Сион, работник и уште неколкумина други на чии имиња неможам да се сетам.

Сите опфатени во групите, развиваа значителна дејност во објаснувањето и пропагирањето на НОБ меѓу Евреите, особено помеѓу помладите, а ги ширеа и целите на борбата на македонскиот народ од Македонија и на сите народи во Југославија против окупаторите, потоа потребата од подготвување за учество во оружената борба, прибирањето на оружје, организираа широко прибирање на прилози во пари, материјали, па и злато. Некои од овие активисти беа нашле два пиштола, од кои еден беше на буренце од голем калибар, за кој долго не можеше да се најде муниција. Во 1942 година организацијата дојде де една мала количина такви куршуми

и, колку што се сеќавам, Благоја Јанков - Мучето, како илегалец во Штип, еден период го носеше тој пиштол.

Помошта собрана од активистите Евреи, значајна по своите ефекти, беше придонес за јсакнењето на материјалната база на движењето во Штип и претставуваше видна манифестација на солидарноста и единствените стремежи на македонскиот народ и народностите во Штип, со заеднички напори и со заедничка борба да ја извојуваат слоибидата од бугарските фашистички окупатори.

Летото 1942-та, бугарската окупаторска власт мобилизираше 30-40 Евреи од Штип, на восраст меѓу 24-35 години на едномесечна работа на пробивањето на патот на Водно во Скопје.

КПЈ во Штип денесе одлука во одредени делови на градот, по ѕидовите, со големи букви да се испишат пароли за јакнење на Народноослободителната борба на македонскиот народ против бугарскиот фашистички окупатор и против теророт што тој го спроведуваше во Македонија. Беше утврден текстот на паролата со задача раководството на СКОЈ да одреди група младинци, членови на оваа организација во текот на ноќта да ги испишат паролите. Задачата беше успешно извршена. Акцијата беше предупредување за окупаторот и големо охрабрување за нашите затворени другари, утредента, кога ги спроведуваа кон судот, ги видоа испишаните пароли и нашата подршка во заедничката борба.

На судењето најголем дел од нашите затворени другари имале добро држење и ги одбиле сите наводи на оптужницата. Тогаш, Хаим Леви беше ослободен и по 2-3 дена беше пуштен од затворот. По 10-15 дена по ова, тој пак беше фатен и испратен во бугарскиот политички концентрационен логор во Јениќој, во близината на Ксанти.

Бугарските окупаторски власти и во 1942 година и во почетокот на 1943 година одвреме-навреме донесуваа нови мерки за ограничувањето на работата и движењето на Евреите. Во втората половина на 1942 година окупаторот донесе пропис според кој сите Евреи мораа да го носат на левиот ревер еврејскиот знак, во вид на значка. Поради тоа беше

воведен полициски час за забрана на движењето на Евреите ноќе, во време од 21.00 часот до 6 часот наутро и за забрана на движење надвор од градот.. За наплатата на еднократниот данок, кој Евреите слабо го плаќаа, одвреме-навреме испраќаа даночни комисии во куќите да извршат попис и со запленување на имотите, но без некои резултати. Економската положба на Евреите во Штип се влошуваше, а најсиромашните семејства некако поминуваа со помошта организирана меѓу себе. Некои занаетчии и покрај сите рестрикции работеле полулегално, а некои шивачки Еврејки работеа речиси до последен ден пред депортацијата.

До 10 март 1943 година, ни Евреите во Штип, но организацијата, не располагаа со информации, ниту пак имаше видливи знаци дека бугарскиот окупатор подготвува депортрација на сите Евреи.

На 10 март 1943 година, попладнето, некаде меѓу 3 и 4 часот, ме побара Ристо Наков, поранешен офицер од старата југословенска војска, што јас по задача на Месниот комитет го држев на лична врска. Тој во тоа време работеше на штипската бензиска станица. Ми рече дека малку пред тоа, бугарската полиција се снабдила на станицата со бензин за два камиона или за околу 100 километри; дека командантот на бугарскиот окупаторски полк цел ден држел состанок во полицијата и дека по се изгледа се подготвува некаква акција или блокада против Евреите, или против илегалците и компромитираните комунисти. Со Ристо одевме полека по корзото крај Отиња и оддалеку видовме дека пред полицијата навистина се паркирани два камиона.

Знаејќи дека кај Воинови и кај Фируз се чуваат илегалци, јас прво настојував што побргу да ги известам нив за овие случувања. Нешто по ова, кај фурната во еврејското маало го најдов Тошо Воинов, кој во тоа време се враќаше од работа дома. Тошо го запознав со најновата информација и му реков дека илегалците кај него таа ноќ да бидат претпазливи и го задоилжив истото да му го пренесе на Фируз.

Со овие информации ги запознав и Пепо Леви, тогаш член на Партијата и Моис Сион, Исак Леви и Аврам Сион,

тогаш членови на партиската воспитна група. Заедно, детално ги претресовме и разгледавме информациите. Притоа не сме можеле да видиме што подготвуваа Бугарите за сите Евреи, вклучувајќи ги и старците, жените и децата. Ако се работеше само за фаќање на возрасните Евреи, на неколку несеци пред ова, во летото 1942 година, 40-мина возрасни Евреи со покана беа повикани во Скопје, на едномесечна присилна работа на патот за Водно. Бугарите тогаш видоа дека сите повикани се јавија, биле на работа еден месец, а потоа беа пуштени.

При тоа разгледување на станицата ние петмината ценевме дека камионите со обезбеден бензин за 100 километри можат да бидат користени на релацијата Штип - Скопје, колку што всушност и е долга таа. Со нив и под полициска стража можеа да бидат превземени релативно ограничен број луѓе. Состанчењето на командантот на бугарскиот полк во полицијата, сепак укажуваше дека ќе биде спроведена блокада на градот. Бидејќи Евреите живееја на тесен простор во центарот на градот, се мислеше дека полицијата може да го блокира еврејското маало, а ако притреба ќе ја ангажира и бугарската војска. Но, сепак, се чинеше дека бугарската окупаторска власт подготвува блокада на целиот град, а тоа пак на помисла дека ќе го претресат целиот град. Такви блокади Бугарите веќе беа спровеле во Велес и во некои други градови во Македонија. Таква вест, неколку пати пред тоа, се разнесе и за Штип. Во такви случаи, илегалците што се криеја во градот, бегаа надвор од него.

Таков беше начинот на интерпретацијата на тие информации и резонирањето на спомнатата група еврејски активности тоа предвечерје, кое, како времето што одминуваше, внесуваше сé поголемо неспокојство и грижа околу тоа што ќе стане и што да се превземе. Во случај блокадата да има карактер на општ претрес и да не биде против Евреите, се сметаше дека при евентуалното засолнување на организираните Евреи за таа ноќ надвор од градот, организираните Евреи по блокадата можеле да бидат изложени на разни мерки од страна на окупаторот, поради прекршувањето на окупатор-

ската забрана за движење на Евреите надвор од градот и во време на полицискиот час. Во близина на Штип, во тоа време не постоеше партизански одред, а места за чување на илегалци во градот беа многу ограничени. Да не се дојде во ситуација, наеднаш голем број активисти Евреи да се најдат во илегалство, јас со спомнатите активисти дојдов до заклучок, оние од организираните Евреи што можеа да се засолнат таа ноќ кај некои од своите пријатели Македонци тоа да го направат, а за останатите да се направи обид преку организацијата да се обезбеди да се сместат во некои куќи на активистите во градот.

Во меѓувреме јас го побарав и го најдов Васил Златев, го запознав со информацијата добиена тоа попладне дека бугарската полиција набавила в бензинската станица бнзин за околу 100 километри, и дека камионите се паркирани пред бугарскиот полициски участок, дека командантот на бугарскиот окупаторски полк тој ден, цел ден држел состанок во полицијата и дека се подготвува некоја акција или блокада против Евреите или против комунистите - илегалци и компромитираните комунисти. Му реков дека со ова веќе го имам запознато Тошо Воинов и дека го задолжив да го извести и Фируз заради илегалците што се чуваа кај него. Васил Златев го замолив да види дали ќе може да обезбеди еден број младинци Евреи таа ноќ да бидат во куќите на нашите активисти Македонци. Во случај на општа блокада не би било тешко да се објасни дека случајно се нашле кај своите пријатели на вечера или седенка.

Бидејќи времето беше мошне кусо и се приближуваше полицискиот чс за Евреите, во ова не се успеа. Само Исак Леви се смести кај една блиска македонска фамилија, таа нош. Сите останати активисти Евреи останавме во своите куќи.

Во меѓувреме, градот сѐ повеќе бруеше од вести дека се подготвува блокада, дека сите возрасни мажи Евреи ќе бидат интернирани, дека не само машките, туку дека сите Евреи ќе ги интернираат, дека ќе бидат интернирани и сите компромитирани комунисти, дека полицијата порачала некои фурни

да испечат одредена количина леб и др. Полицискиот час веќе беше почнал, по улиците во и околу еврејското маало беа пставени полициски стражи, така што не можеше да се превземе ништо. Преку ноќта, меѓу Евреите владееше немир и неспокојство, во исчекување да се види што ќе донесе утрото. Околу полноќ, бугарската војска почна да се распоредува по градот, а рано утредента, сите Евреи беа собрани, а со нив и сите Еврејски активисти.

На сите еврејски фамилии тогаш им беше наредено да се облечат и со најпотребните работи да излезат на плошрадот во рок од еден час.

Кога го видовме ова, јас со брат ми Аврам, почнавме да размислуваме, дали и како можеме да избегаме. Гледавме околу нашата и околу соседните куќи дали можеме некаде да се пробиеме низ блокадата, а да не бидеме фатени. Но погоден излез не можевме да најдеме. Секаде наоколу се наоѓаа бугарски окупаторски воени стражи. Рокот од еден час за излегување на плоштадот се приближуваше. Многу фамилии ги напуштаа своите куќи и доаѓаа на плоштадот. Во еден миг со брат ми Аврам се бевме определиле двајцата од задната страна на куќата, преку ѕиданите авлии, да се префрлиме во некоја од штотуку напуштените соседни еврејски куќи и таму да се скриеме, а после ден-два, во погодна прилика, да бегаме. Бевме ја избрале и куќата во која привремено ќе се криеме. Мислевме ако полицијата востанови дека нас нè нема, дека ќе не бараат во нашата куќа, но оваа комбинација се откажавме по помислата дека по собирањето на Евреите, бугарскиот окупатор може веднаш да почне да ги претресува сите куќи и да нè најде. Така, не ни остана друго, освен и ние да излеземе на плоштадот.

Тука, на плоштадот, окупаторските полицајци, почмннаа сите да не стројат и да формираат помали групи. Така, една по една група, под стража, пеш нè спроведуваа кон железничката станица. Во тоа двете мои сестри, Естела и Матилда, врат ми Аврам и јас, бевме одредени во ред по двајца во една мешана група од околу 25-мина, машки, женски и неколку мали деца од 6-7 години. Тргнавме кон железничката станица

под стража на четири бугарски полицајци. Веднаш по тргнувањето од плоштадот јас гледав дали можам да бегам низ некоја од неколкуте попречни улици и скршнувајќи леводесно низ соседните уличиња да се скријам во некоја порта. Но, насекаде во попречните улици гледав бројни бугарски воени стражи. При одењето крај бавчите пред мостот, забележав дека четирите бугарскиполицајци што ја водеа нашата група не беа толку строги. Секој од нив ја држеше својата пушка во десната рака, слободно, речиси мошне лабаво. Преку еден до друг во колоната им укажав на тоа на некои повозрасни и испитав дали би биле подготвени по четворица од нашата страна да извршиме едновремен напад на секој полицаец, да го разоружаме, а потоа сите да бегаме. Речиси сите повозрасни изразија подготвеност за таква акција, но, јас бргу увидов дека освен еден, никој од нас не служел војска и не знаеше да ракува со оружје, поради што акцијата може да биде голем ризик, а можеби и катастрофа за целата група и затоа се откажав од тоа.

Во меѓувреме видов дека едно наше мало дете се одвои од групата на страна и застана да врши мала нужда. Полицајците не го спречија во тоа. Така и јас се одвоив малку од групата, за наводно и јас да вршам мала нужда. Стражарот ни мене не ме спречи, а групата продолжи полека напред. Застанав и чекав малку да се оддалечат. Кога се оддалечија едно стотина метри, легнав во ендекот крај патот и чекав групата уште малку да се оддалечи. Во тоа забележав дека од правецот на градот се приближува едно бугарско воено возило. Тогаш бргу станав и почнав да трчам десно од патот кон реката Брегалница. Местото каде што се издвоив од групата беше 700-800 метри од камениот мост на Брегалница. Теренот по кој трчав беше природно избразден на одделни места, и стасав до реката. Така облечен веднаш ја прегазив и преминав на нејзиниот лев брег. Продолжив уште малку и во некои големи камења, застанав да ја исцедам малку водата од облеката. Потоа, некое време одев покрај реката узводно, се скрив меѓу дрвјата и чекав да помине денот.

Прикквечерината се упатив на кон Бело Брдо и преку Отиња се доближив до куќата на Фируз, во која влегов кога веќе се стемни.

Кај Фируз дома, беше само мајка му. Кога ме виде ме прегрна. Солзи почнаа да ѝ течат низ лицето. Бргу ми свари чај за да се стоплам. По кратко време, си дојде и Фируз. Рече дека пак има вести во градот дека повторно се подготвува блокада. Веднаш излеговме од куќата и се упативме кон едно лозје оддалечено од градот. Таму останав цела ноќ. Фируз дојде пред да се раздени и рече дека немало блокада и заедно се вративме во неговата куќа.

Така едноставно јас успеав да избегам. Исак Јаков Леви, по два дена самиот ѝ се пријави на полицијата, која потоа го спроведе во Скопје во логорот во Монополот.

Ноќта меѓу 10 и 11 март 1943 година, сите илегалци што се криеја во градот и еден број активисти Македонци, кои се сметаа за компромитирани, избегаа надвор од градот. Следната ноќ, по депортирањето на Евреите, поради вести дека Бугарите одново подготвуваат блокада илегалците пак се засолнија надвор од градот.

Сите овие детали ги изнесувам а донекаде да ја илустрирам ситуацијата која со сета своја сложеност и со сите свои тешки дилеми наеднаш и неумоливо се испречи пред нас Евреите активисти на движењето во Штип, барајќи во најкусо време, во минути, судбоносно одлучување.

За Евреите, младинци и возрасни, опфатени во оргнизацијата на народноослободителното движење во Штип, одговорно тврдам дека беа крајно дисциплинирани и подготвени под раководството на КПЈ да се борат, да се жртвуваат и да ги дадат своите животи во тешката борба против фашистичките окупатори, за слобода и за посветла иднина на македонскиот и на сите народи на Југославија, во тој ред и за својата слобода. Тоа во голема мерка се однесува и на не мал број активни симпатизери на народноослободителното движење, непосредно неопфатени во организацијата.

Ако мнозина од овие Евреи активисти и симпатизери на народноослободителното движење во Штип не успеале да ја

избсгнат бугарската блокада, најмалку се виновни тие самите. Мојата лична голема претпазливост и внимателност, мојата недоволна и ненавремена рештелност во најсудбоносните моменти да во предвечерјето на 11 март 1943 гидина, покрај некои објективни околности и во значителна мерка придонесоа кон тоа, толку малку Евреи од Штип да ја избегнат блокадата и депортацијата на 11 март 1943 година.

Откако н 11 март 1943 година поминав во илегалство, кај Фоируз Демир останав 3-4 дена. Четвртит ден поминав во куќата на Страшо Рибарски-Грофот. Кај него останав еден ден. Тогаш кај него се одржа состанок на народноослободителниот одбор за народна помош, во неговиот тогашен проширен состав. По состанокот, вечерта, јас по распоред поминав во куќата на Трајко Ставрев.

Во тоа време, неколку дена по депортацијата на Евреите, Васил Златев, член на Месниот комитет од Штип беше испратен како курир во Скопје. Тој успеа да се доближи до зградата на Монополот во Скопје, каде беа собрани сите Евреи од Македонија и успеа да дојде во врска со депортираниот Пепо Леви. Тој лично и со активно ангажирање на останатите организирани младинци Евреи од Штип, разговарал со неколку штипски Евреи, кои изразиле подготвеност да придонесат за јанење на материјалната основа на НОД и за таа цел дале опис на точните места во своите куќи каде го закопале златниот накит и златниците. Тие податоци Пепо му ги даде во едно кратко писмо на Васил Златев со порака дека Евреите вредностите ги ставаат на располагање на Организацијата, како нивен придонес за јакнење на борбата за ослободување од фашистичкиот окупатор.

Врз снова на тие податоци, организацијата во Штип, во текот на неколкукратните акции во втората половина на март и првата половина на април превзеде мерки, Васил Златев и јас, со посебно одредени ударни групи од членови на шартијата и СКОЈ, илегално, ноќе, да се префрлиме во одредените, инаку напуштени куќи, да ги истражиме и да ги ископаме местата наведени во описот даден во писмото на Пепо. Значи, да настојуваме да ги пронајдеме надевените

златни вредности. Како резултат на тие акции, на пет места, во три еврејски куќи беа пронајдени три големи и две мали тегли полни со златен накит и златници, кои веднаш, како која беше откопувана, беа предавани на Месниот комитет на Партијата.

Откако ја завршивме задачата со откопувањето на наведемните златни вредности во еврејските куќи, некаде во првите денови на април, јас како илегалец добив распоред, преку село Долани да одам во село Луботен. Од Штип до Долани отидов во придружба на Митко Шектерински. Во Долани престојувв едн ден во куќата на Китанови. Вечерта, пак со Митко Шектерински отидовме во Луботен кај Страхил Георгиев.



Исак Сион

*Исак Сион*

# ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП ВО ВОЈНА И МИР*

Во Штип со векови на мошне тесен простор, во центарот на градот, на десниот брег на реката Отиња опстојуваше еврејското маало. Меѓу двете војни тоа се прошири со петнаесетина куќи и на левиот брег на Отиња. Тука, пред војната живееја околу 160 семејства со околу 560 жители.

Главно се занимаваа со ситна трговија. Имаше и неколку дуќани на големо. Голем број се занимаваше и со занаетчиство. Некои се занимаваа и со ситни услужни дејности. Повеќето беа сиромашни.

За пример, според сеќавањата, ќе наведам дека Евреите во Штип држеа 27 дуќани на мало со разни асортимани.

Непосредно по Првата светска војна имаше неколку менувачи сарафи, но сите набргу престанаа да работат поради големите девизни ограничувања, или со таа работа се занимаваа полулегално. Со трговија на големо се занимаваа околу 7 фирми. Помал број трговци Евреи се занимаваа со посредништво.

Во некои од овие дуќани, носителот на работата, повеќе по роднинска линија како помошник или ортак, или на друга основа ангажираше уште некој Евреи. Од индустри објекти, тогаш во Штип имаше само една полуиндустриска мелница на Брегалница. Оваа мелница на почетокот на триесеттите

---

* Реферат одржан на собирот на женските секции на Сојузот на еврејските општини на Југославија, Скопје, 1985 година

години ја поседуваше еден Македонец. Свој интерес во таа мелница имаше и еден богат Турчин. Давид Мошон Сион, наречен "El Roho", како трговец на големо со брашно, тесно соработуваше со овие сопственици. Тројцата секојдневно беа во продавницата "El Roha" каде расправаа за набавката на пченицата, мелењето, цените и за други работи. Никогаш во чаршијата не се беше чуло за некакви кавги меѓу нив. Напротив беа и лични пријатели и честои се посетуваа. Турчинот набрзо се пресели во Турција, па El Roho ја продолжи соработката со Македонецот. Давид Ел Рохо повеќе години беше претседател на Еврејската општина во Штип.

Двајцата браќа Јосеф и Леви, сопственици на истоимената продавница на големо со колонијална и друга стока беа знажајни акционери и членови на Управниот одбор на локалната Брегалничка банка.

Изгледа дека единствената аптека во Штип до Првата светска војна ја државше некој Евреин, аптекар од Солун. Меѓу Евреите се спомнуваше како "La farmasita de Haim Ardite". Непосредно по војната аптеката ја преземаа други. Скоро сите трговци Евреи, со нелколку исклучоци, своите деловни книги ги водеа на ладини јазик.

Занаетчии во поширока смисла меѓу Евреите во Штип можеше да има околу 45, но тој број, со години значително варираше. Најмногубројни беа месарите. Ги имаше околу 13. Заедно со неколку Македонци беа здружени во две заедници. Поголемата од нив, во чаршијата попиларно ја нарекуваа "Компанија". Таа беше главен лиферант за месо во тогашниот воен гарнизон и за дрги поголеми потрошувачи вршеше откуп на стока во Источна Македонија и поголем дел извезуваше во Грција.

Еден од шесте опинчари со многубројното семејство во 1935 година се исели во Израел, каде живее и денес. Меѓу лимарите беше и стариот "Klomfer" Саламон Салтиел, кој умре некаде во 30-те години, за кој се знае дека бил еден од првите активни прvoборци во Штип. Двајцата браќа биле шивачи и шиеја ефтина машка конфекција, која на пазарот ја продаваше Давид Леви, наречен "El Hadji". Шивачки имаше

околу 5. Освен овие, уште десетина млади евреjќи одвреме-навреме се занимаваа со шиење за да обезбедат дополнителни средства за семејствата. Единствениот кебапчија беше Хаим, наречен "La Turka", постар Евреи со брада, познат како пријатен и духовит и човк. Својата стока редовно ја рекламираше: "Кој ќе купи, тој ќе печали". Од дејностите што се однесуваат на давање различни услуги ќе ги спомнам двајцата пајтонџии, тројцата амали и двајцата чистачи на чевли. Амалите имаа посебно изработен самар за поголем товар. Во чаршијата беа познати под имињата: Синто "El Paio", Ера "El Pio" и Јуда "El Pasariko". За работата што ја извршуваа не беа голијати. Беа мошне слабички, а носеа товар и по сто килограми. Во саботите и на празниците обелекуваа скромна, но чиста и испеглана облека, а понекогаш носеа и вратоврски. Меѓу Евреите од Штип имаше и повеќе наемни работници. Од нив 6 постари беа делумно квалификувани, а околу 18 беа калфи.. Беа вработени во разни занаетчиски работилници и дуќани, во кои имаше и десетина чираци.

За да дојдат до било какви средства, наколку самохрани постари жени по два-три дена во неделата работеа како перачки кај некои еврејски семејства за дневница - "a dornal", или од некои трговци земаа на акорд, на лупење поголеми количества семки од кајсии. Една од тои жени беше приучена за бабица, а друга беше позната како повикувачка на свадби, веридби и други приредби.

Кога сé ќе се собере, било во трговијата или во занаетчиството, било како работници или нешто друго, бројот на ангажираните членови на заедницата не беше мал. Меѓутоа, времето тогаш беше такво што налагаше голем број членови на семејствата максимално да се ангажира, за семејствата доста скромно да опстанат. Еврејските куќи и продавници, по правило во саботите беа затворени. работеа само оние кои заради природата на работата беа должни да работат. Работеа и Евреите вработени кај занаетчии и трговци Македонци. Во саботите на улиците во еврејското маало се чувствуваше поголема живост и вистинска празнична атмосфера. Еврејските кафеани во дсаботите беа полни. Се

пиеше кафе, се расправаше за настаните, се играа карти или турска табла наречена "шеш-беш".

Шамашот секој петок навечер, во точно време, го обиколуваше еврејското маало и од средината на секој заеднички двор обрнуваше внимание дека почнува сабота, гласно извикувајќи: "Asyendandolo ke ja es tarde", односно "Запалете ги (светлата), зошто веќе е доцна".

Посебно место меѓу еврејските празници заземаше Песах. .Подготовките за овој празник беа долги. Се приготвуваа мацеси и друг вид слатки за Песах. Се приготвуваа заеднички од неколку домаќинки на неколку семејства. Тие во еврејските куши што поседуваа мали фурни го месеа и ги печеа потребните количини за секое семејство со ред. Само тој дел од подготовките траеше повеќе од десет дена.

Старата еврејска синагога во Штип пред Првата светска војна, или во текот на Балканските војни беше запалена, и заедно со повеќе еврејски куќи околу неа до темел беше уништена. Поради овој настан сите Евреи од Штип избегаа во Солун. По повеќемесечно талкање по Солун, повеќето повторно се вратија во Штип.

По Првата светска војна, во текот на дваесетите години се покрена иницијатива за изградба на нова синагога. Иницијатор и главен организатот на изградбата беше Давид Менахем Сион, кој во тоа време најверојатно беше претседател на еврејската општина.

Како проектамнт и технички надзорник на изградбата на новата синагога беше ангажиран Евреинот Фердо Краус од Војводина, претприемник од Сента. Изградбата беше завршена околу 1925 година. Зградата беше голема и убава и освен за редовни потреби се користеше и за разни свечености и собири.

Почесно место во неа доживотно му беше доделени на Хаџи давид, кој и по сменувањето од должноста претседател, Евреите од Штип го сметаа за важна личност и безгранично го почитуваа.

За него се говореше дека во дваесетите години, во текот на кампањата за изборите за пратеници за тогашното Народно

собрание, кај него дошол кандидатот за партеник на една од двете странки што се менуваа на власта. Човекот сакал преку него да обезбеди на престојните избори, Евреите да гласаат за него. Хаџи давид му одговорил: "Не грижете се господине пратеник. Јас ќе ги соберам Евреите оваа недела и ќе им речам половината да гласаат за радикалите, а другата половина за демократите". Се зборуваше дека овој тогашен кандидат бил разочаран од одговорот. Оваа анегдота ми ја раскажа еден мој пријател од Штип, како карактеристика дека постарите Евреи не сакале да се ангажираат во тогашмната политика, ниту на принципиелна, ниту на идеолошка основа.

Несомнен е фактот дека работничкатаи ученичката младина активно учествувале во општото напредно движење во градот. Постојат многу фотографии од тој период,од кои се гледа во општите, работничките, синдикалните, училишните и други акции, излети и приредби на младината на Штип, учествувале и повеќе младинци Евреи. Мислам дека една од овие фотографии се наоѓа во Музејот на град Скопје.

Во Штип имаше неколку хахами, и скоро сите работеа на доброволна основа. Сите тие и уште некои постари луѓе, секоја сабота претпладне се состануваа кај Хаџи Давид. Состаноците ги нарекуваа "Al ljoar". На овие состаноци се толкуваше и се дискутираше за Талмудот и за другите основи на традицијата и општествениот живот на Евреите. Во 1937 година, за нов рабин на Штип дојде младиот Маир Касорла, дипломиран на сараевското училиште за рабини. Постои и една оригинална фотографија од приемот што во својот дом го приреди Хаџи Давид со членовите на Одборот на еврејската општина, во чест на д-р Давид Албала, претседател и уште двајца неидентификувани функционери на тогашниот Сојуз на еврејските оштини од Белград.

На должноста претседател на еврејската општина во Штип, Хаџи Давид го замени Давид Мошон Сион, наречен "El Roko", трговец на големо со брашно, а него пак, околу 1937 година Менахем Јаков Леви, трговец со памучен текстил. Менахем беше последниот претседател на еврејската општина во Штип.

Еврејското училиште во Штип има долга традиција, но не беше училиште од современ тип, ниту пак имаше некој признат ранг. Програмата беше: читање хебрејски, читање и пишување на ладино јазик, основни математички операции и нешто малку од најстариот дел од еврејската историја. Имаше двајца учители. Сите деца над пет години, задолжително го посетуваа ова училиште. Во иста училница беа деца на различна возраст (од 5 до 10 години). Поради тоа, за време на часовите учителот го учеше секое дете одделно според возраста. по навршената десета година, децата повеќе не го посетуваа ова училиште. Училиштето го финансираше еврејската општина. Општествениот, културниот и забавниот живот беа доста развиени, со оглед на големината на еврејската заедница и можностите што ги даваше Штип, како релативно мал град. Во фрадот, според интересот и можностите беа посетувани спортски, културни и други манифестации. Во еврејските кафеани се собираа во работен ден, во попладневни паузи и приквечер. Тука се дознаваа новостите и се разменуваа сознанија за многу други работи. Во текот на долгите зимски вечери беше обичај луѓето да се собираат по куќите ("a pasar la ora") што во превод значи "да мине времето". Едно од собиралиштата им беше и еврејскиот клуб во кој им стоеја на располагање списанија и публикации, како "Жидов" и "Ханоар" и други, но, поради недостиг на простор, овој клуб повеќе служеше за некои одредени општествени разговори.

Во рамките на општествената заедница ви Штип делуваа извесен број општествени организации.

Организацијата на жените "Socjeta de las mudjeres", во Штип повеќе беше насочен кон давање помош на сиромашните Евреи. Голема подршка им даваше на иницијативите на младината, а и на акциите на самата еврејска општина.

Големата иницијатива за организирање на еврејската младина, кон средината на 20-те години, развиваше еден доста талентиран и образован млад човек по име Бесалел Симантов Асаел, кој со повеќе акции успеа да ја ангажира младината во повеќе активности. Успеа да организира

драмска младинска секција, која за кус временски период подготви и изведе неколку претстави на една театарска сцена во Штип. Подготвените претстави беа на ладини јазик. Тој беше организатор и режисер. За одредени стручни прашања од области на режијата и музиката консултираше неколку пријатели Македонци. Една од претставите се однесуваше на животот на Евреите во Царска Русија. Се сеќавам дека вечерта непосредно пред премиерата, пред Гранд хотелот имаше демонстрации и протести од руски бегалци, кои сакаа да го спречат изведувањето на претставата. Дојде и до тепачка, но со интервенција од некои Македонци и неколку постари Евреи работите се смирија. И претставата беше изведена. За втората претстава единствено се сеќавам дека се однесуваше на историјата на празникот Пурим и дека улогата на кралицата Естер ја играше една млада Дона.

Во тоа време беше формиран и еврејски младински хор. Остана забележен на фотографија. На фотографијата од 1927. во средина е Бесалел, како негов организатор. Четири девојки од тој хор на фотографијата сега се многу стари и живеат во Израел.

Во тоа време или подоцна постоеше фудбалски клуб "Hakoah". Капитен на тимот беше младиот талентиран фудбалер Исак Барул Леви, роден во 1910-та, трговец со кожа. Клубот одигра повеќе натпревари со штипска "Брегалница". Се зборуваше и за некој натпревар помеѓу "Hakoah" и "Esperansa" од Скопје и некој сличен клуб од Битола, но се чини дека до тоа не дошло.

Извесен број активисти, заедно со Бесалел, развиваа голема активност во собирање парични прилози за "Keren Kajemet" и за "Keren Hajesod" и во врска со тоа се организираа свечени приредби. Скоро секоја еврејска куќа во тоа време имаше добиено сино ќесе за ситни прилози за тие фондови. Со ваквите свои заложби Бесалел се здоби со голем авторитет и симпатии кај Евреите. Тој беше и успешен деловен човек. Водеше дуќан со канцелариски материјал во кој се продаваа и весници и списанија. Целата оваа генерација, во текот на војната му даваше голема подршка на НОД и борбата против окупаторот. Младиот професионален возач Менахем

Мошо Сион од Штип, од хахшарата замина самоиницијативно околу 1934-та. До тогаш во Штип го возеше своето такси. А извесно време превезуваше стоки и со камионот. Од хахшарата Менахем стигнал во Израел во кибуцот Акифим. Сега таму живее како пензионер. Во 1937-38 година младинците Барух Сион, Хаим Леви, Моис Давид Сион и Хаим Моис Леви, тогаш сите ученици, организираа огранок на Hasomer Hacair во Штип, во кој членуваа многу младинци и младинки. Овие четворица, заедно со уште неколкумина од тој огранок, дра-три пати учествуваа на маршовите на Hasomer Hacair.

Паралелно соваа организација во Штип во тоа време беше оргсанизиран и огранок Техалет Лаван. Од овој огранок околу 1939-1940 година за хахшарите беа подготвени младинците од Штип: Менахеј Сабетај Натан, Моис Давид Рубиса, Витал Семуел Сион и Исак Хаим Леви. Менахем Натан поради нежното здравје се врати хахшарот во Штип. Моис Рубеса беше повикан на отслужување на воениот рок. Војнта го затече во војска, кога по капитулацијата на стара Југославија беше одведен како заробеник во Германија. По завршувањето навојната се врати во Штип, каде живее и денес. Исак Леви и Витал Сион, по капитулацијата на Италија се приклучија во партизанските единици во Далмација. Вител денес живее во Риека, а Исак Леви како активен мајор почина во Ниш.

Младинците Евреи до војната организирани во Хошамер хасаир и Техелет лаван во Штип, уште од почетокот на војната му пристапија на НОД во Штип.

Во текот на Шестоаприлската војна од 1914 година во борбата против германските нацистички сили и нивните сојузници, на разни фронтови, загинаа следните Евреи од Штип, мобилизирани војници на Југословенската армија на стара Југославија.: Јосеф Мошон Леви, неговиот помлад брат Јаков и Дарио Мошон Леви.

Бугарската окупација на Македонија ја донесе врејската заедница во Штип во многу тешка положба. Сите еврејски заедници беа ограбени. Повеќе Евреи беа присилно мобилизирани за расчистување на урнатините на градот. Напреднотои движење на Штип, непосредно по Шестоаприлската војна разви голема

активност против денационализаторската и експлоататорската политика на бугарската окупаторска власт. Оваа активност прерасна во големо народноослободително движење кога во текот на јули и август 1941 година почнаа да пристигнуваат вести за вооружените акции и востанија шрум Југославија. И Евреите, особено младината од Штип активно се приклучи кон движењето. Посебна активност во тој поглед разви еврејската партиска група во чиј состав, покрај Исак Сион, тогаш веќе член на Партијата, влегоа и: Исак Јаков Леви, Пепо Јуда Леви, Хаим Јуда Леви, Аврам Барух Сион и Моис Давид Сион. На почетокот на октомври 1941 година, кога под раководство на Месниот партиски комитет и посебно именуваниот Воен штаб, во Штип се вршеа подготовки за формирање и стапување во непосредна акција на Штипскиот партизански одред, целата оваа група беше предвидена и подготвена уште на самиот почеток да влезе во состав на одредот кој, како што се проценуваше, на пожетокот требаше да брои 20 борци. Меѓутоа, одредот не се формираше.

Членовите на оваа партиска група постепено го ширеа своето дејствување и зафатија поголем број еврејски младинци и младинки во повеќе скоевски групи. Секој од спомнатите членови предводеше по една, две или повеќе скоевски групи. До крајот на 1942 година, како организирани припадници на НОД во Штип, покрај овие шестмина, имаше околу 32 познати младинци и младинки Евреи од Штип.

Сите овие младинци се определија за организирана борба против фашистичкиот окупатор и беа подготвени во таа борба да ги дадат и своите животи. Организирани во помали групи ги пропагираа целите на борбата против окупаторот и се подготвуваа за учество во вооружената борба, собираа оружје, организираа акции за собирање прилози во пари, материјали, дури и во злато. Оваа помош значајна по своите ефекти, не само за движењето во Штип, туку и пошироко.

Во првите месеци на 1942 година, Пепо Јуда Леви и Хаим Јуда Леви станаа членови на Партијата. Исак Сион, член на партијата од 1940 година, стана член на Месниот партиски комитет во Штип. Во измените во организацијата на НОД во

градот, водењето на овие тројца го беше презел тогашниот политички секретар на Месниот комитет на Партијата, Васил Доганџиски. Кон средината на 1942. бугарската окупаторска власт организира околу 30 до 40 млади Евреи од Штип за едномесечна работа на пробивање и изградба на патот кон Водно работата не беше особено тешка. Имаа можност, со одобрение, да одат на спиење кај роднини и пријатели во Скопје. После месец дена сите се вратија во Штип.

Во ноември 1942-та беше уапсен Хаим Леви. Во бугарската окупаторска полиција во Скопје беше подложен на големо измачување. На судењето одржано во февруари 1943 година во Штип, заради недоволно докази, беше ослободен. Меѓутоа, по неколку дена повторно беше уапсен и депортиран во бугарскиот политички концентрационен логор логор "Јени Ќој", во близина на градчето Ксанта.

Во средината на декември 1942-та партиската организација организација во Штип го формира на планината Пљачковица Првиот плачковички партизански одред. Јадрото на Одредот го сочинуваа четири борци, и во него непосредно потоа требаше да се приклучат поголем број борци од Штип, меѓу кои поголем број млади Евреи Меѓутоа, пред да се успее во тоа, ова малубројно јадро, четвртиод ден од излегувањето на терен беше нападнато од силни бугарски полициски сили и беше целосно разбиено. Тоа беше голем удар за НОБ.

Економската ситуација на Евреите во Штип во меѓувреме се влошуваше, но и најсиромашните семејства со помошта организирана меѓу самите Евреи, сé уште некако се снаоѓаа. Некои, и покрај сите рестрикции полилегално работеа по нешто. Така минуваа деновите.

Сé до 10 март 1943-та, ниту организацијата, ниту Евреите од Штип не располагаа со некои информации, ниту пак имаше било какви индикации дека се подготвува депортација. Доцна попладнето тој ден почнаа да се слушаат гласини дека му престои блокада на градот од страна на бугарската војска. Имаше толкувања дека блокадата се однесува на Евреите, а имаше и такви според кои блокадата се однесува на илегалците и комунистите. Во тоа време, во близина на Штип, а и низ

цела Источна Македонија немаше партизански одреди. Набрзо наиде полицискиот час и започна блокадата на целиот град. Утредента в зори ите Евреи од Штип беа изведени од домовите и со стража водени кон железничката станица. Со воз беа доведени до собирниот логор во зградата на Тутунскиот монопол во Скопје, а пред крај на март беа депортирани во злогласниот германски концентрационен логор Треблинка во Полска.

Во текот на спроведувањето на една од групите Евреи, Исак Сион успеал да избега од редот, да ја прегази Брегалница и потоа да се поврзе со партиската организација во градот. Извесно време, како илегалец престојуваше во Штип и по налог на Месниот комитет учествуваше во повеќе партиски задачи и акции. Од мај 1943 година сукцесивно беше во состав на повеќе партизански воени единици и тоа во Вториот пљачковички, во Шарскиот и Кумановскиот партизански одред. А при формирањето на Третата македонска ударна бригада во февруари 1943 година, во манастирот Прохор Пчински учествуваше како еден од делегатите од Штип. До ослободувањето на Штип работеше на организирањето на народната власт во Источна Македонија.

Во почетокот на 1944 година Хаим Леви под мошне тешки околности успеа да избега од бугарскиот логор "Јени Кјој" и илегално да се вклучи во антифашистичката борба во градот Пловдив, од каде, по капитулацијата на Бугарија се враќа во Македонија и како комесар на пионерскиот баталјон на 50-тата дивизија на НОВЈ, учествува во завршните операции за ослободување на Кочани, Штип, Велес, Скопје и Тетово.

Леон Капуано, апсолвент на ветерина од Штип, Шестоаприлската војна го затече во Загреб. Со семејството бега во Далмација. По капитулацијата на Италија, заедно со семејството успева да се префрли во Швајцарија и таму, во еден прифатен логор, останува до крајот на војната. Тука заедно со група Југославени работи за НОБ. По завршувањето на војната се враќа во Загреб, каде живее и денес.

## *Васил Златев - Шиљо*
## КАКО ГО СПАСИВМЕ ЗЛАТОТО НА ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ

Мартовско попладне 1943 година. На улиците невообичаена живост. Проверуваме. Околу полициската зграда има паркирано шест камиони. Срекаваме некои наши симпатизери. Некои од нив ни велат: "Денес и ноќе треба да бидеш претпазлив. Јас нема да спијам во својот стан..."

Ги пуштаме младинците да се движат низ градот и да не известуваат за сé што ќе забележат. И ние, членовите на Партијата, обиколуваме по одделни улици и чаршијата. Насекаде се слуша истото: "Подготвуваат нешто. Не треба да дозволиме да не изненадат. Има полицајци кои се дојдени во нашиот град од други места..."

Било каква акција на бугарската полиција во Штип во тоа време претставуваше голема опасност, бидејќи во градот имаше голем број илегалци, не само од Штип, туку и од други места од Македонија, зашто нашиот град беше центар преку кој се одржуваа врските со скоро цела источна Македонија. Тука се наоѓаа и партизанските курири од Скопје, Велес, Струмица, Кочани, Пробиштип, Берово и од Делчево.

Тогаш во Штип се наоѓаше и другарот Благоја Мучето, како инструктор на Покраинскиот комитет на Партијата, кој од 1941 година илегално живееше во градот и работеше во Месниот комитет на Партијата. Освен Благоја тогаш во градот беше и Вера Ацева, инструктор на Покраинскиот комитет за источниот дел на Македонија.

Тие денови неговото присуство во градот беше неопходно, бидејќи веќе беа при крај подготовките околу формирањето

на партизанскиот одред и неговото активирање штом ќе зазеленат шумите.

Дали полицијата ги насети нашите подготовки или можеби бил фатен некој од куририте на пат за Штип, а можеби биле провалени јавката и одганизацијата? Но, за таква работа тие не би довеле толку голем број полицајци. Според наша проценка, во градот ги имаше за педесет повеќе. Меѓутоа, кај фурнаџијата дознавме дека во Хаџиандовата фурна полицијата дента нарачала петстотини килограми леб.

Ја алармиравме целата партиска организација и СКОЈ. Сите беа на нозе, а ги активиравме и веќе подготвените скривници. Месниот комитет на Партијата постојано заседаваше со истурени посматрачници. Одвреме навреме и Комитетот се упатуваше до своите поединечни врски со надеж дека ќе добие посвежи информации за намерите на полицијата.

Многу веројатно беше полицијата да изврши атак врз партиската организација, бидејќи нашата сестрана активност во градот, секако, не можеше да остане незаблежана. Веќе подолго време полицијата немаше успех во борбата со нас. Чувствуваше дека сме тука, дека работиме, но не можеше да открие каде точно се наоѓаме. Широкиот круг наши симпатизери го спречуваше спроведувањето на многуте мерки од преземени од страна на окупаторот, што го доведуваше до бес, а понекогаш и до очајнички акции. Иако ги презедовме сите мерки на претпазливост, колку што поминуваше време се помалку верувавме во таквата можност, бидејќи полицијата мораше да биде свесна за тоа дека ние можевме навреме да бидеме известени за нивните не баш мали засилувања на пристигнатите камиони и.т.н.

Бев со Исак Сион, кој, исто така, беше член на Месниот комитет на Партијата. Одевме и оддалеку го посматравме просторот околу полициската зграда и двајцата полугласно размислувавме. Тој зборуваше како сам за себе: "Ако немаат намера да го блокираат градот и да нé уапсат, тогаш можеби ќе вршат интернирање на семејствата на нашите илегални другари?" Тоа беше пореално. Но, пореална беше претпоставката

што во мигот се роди кај нас двајцата: "Можеби вечерва ќе ги соберат сите Евреи од градот?"

Застанавме и се загледавме. Во тој миг ни беше јасно дека полицијата подготвува токму таква акција. Бевме сосема сигурни дека тоа ќе се случи во доцните попладневни часови или следната ноќ. За оваа наша претпоставка ги известивме и инструкторите на ПК, целата партиска организација и скоевците. Отидовме и ги известивме семејствата на нашите другари-илигелци да бидат претпазливи и кои можат да се засолнат, да одат во блиските села за да го избегнат интернирањето. Ги побаравме и сите другари Евреи со кои нашата Партија беше поврзана на кој и да е начин. Меѓу нив имаше доста голем број комунисти и скоевци. Нив ги ангажиравме да им обрнат внимание на другите за евентуалната можност од депортирање. За сите организирани другари Евреи веднаш определивме станови кадешто со првиот самрак ќе можат да се засолнат. На многумина им овозможивме да се засолнат во куќите во лозјата околу Штип.

Таа мартовска вечер целиот Месен комитет на Партијата, илегалците, освен оние за кои имавме скривници во градот - куририте од разни места, компромитираните другари и другарки, го напуштаа градот еден по еден или двајца по двајца и се упатуваа кон нашето лозје. Таму беше зборното место. Во градот оставивме врска, на којашто ѝ дадовме задача, штом ќе и се даде можност веднаш да не извести за сите настани во градот.

Таа вечер го напуштивме Штип. Во ниеден момент не можев да се ослободам од оние слики што ги доживеав во средбите со другарите Евреи - комунисти. Сите ги знаев. Какви другари беа!

"Ти мораш да се засолниш - им зборував на некои од нив - ќе одиш во станот кај... Или, ако не сакаш таму, тогаш со мене, ќе одиме надвор од градот..."

Сите очи беа исти: рамнодушни, безнадежни или очајни? Не. Ме гледаа топло, со другарски, човечки поглед од којшто се читаше решителност. Наместо одговор, Пепо ме праша: "Дали

би го оставил своето семејство на цедило, а ти да одиш во сигурно засолниште?"

- Доведи го целото семејство, сите ќе ги засолниме. И другите наши семејства - се лутев на него и на другите.

"Како да им го кажам тоа? Тие нема да веруваат дека дојде крајот на светот. Тие нема да сакаат да го напуштат своето огниште, прагот на својата куќа... Тука се родиле, израснале, живееле. Тука се радувале и плачеле..."

- Знам, друже, но сега се други времиња.

"И јас знам. И тие. Но, сепак... ќе видам. Ќе се обидам, но не верувам дека тие ќе се согласат да се кријат. Впрочем, јас мислам дека ништо нема да се случи вечерва. Нашите стари велат дека имаат врска со Скопје и дека навреме ќе ни јават ако постои некоја опасност. Можеби ова се подготовки против нашата Партија. Илегалците и компромитираните задолжително да се засолнат..."

Гледав кон градот што замираше. Се гаснеа светилките. Се приближуваше полицискиот час. Тоа е мојот град. Нашиот град, кадешто расневме, сознававме. Ноќва тука ќе се случи нешто. Сè презедовме. Засолнивме сè што требаше да се засолни. Го предупредивме секого којшто требаше да се потсети на опасност и претпазливост. Во лозјето определивме дежурства. Другите можеа да спијат. Таа ноќ никој не затвори око. Во сите наши разговори лебдеше само едно прашање: "Што се случува сега во градот?"

По патот што водеше кон градот доаѓаше средновечна жена. Ја гледавме оддалеку. Одеше и се сопнуваше на рамниот пат. Рацете ги држеше на лицето. Знаев, тоа е мојата мајка. Но, зошто се занесува лево и десно? Зошто толку несигурно гази. Плаче. Притрчав. Очајно прошепоти: "Евреите, синко, Евреите ги одвлекуваат и децата и старците и жените. Не им даваат ништо да понесат со себе. Само мала бовча од неколку килограми или куферче."

Ја пуштивме да одмори. Не ни беше доволно тоа што го дознавме. Сакавме да слушнеме многу повеќе. Постојано нешто прашувавме. А таа не гледаше и како да не разбираше за што ја прашуваме. Го повторуваше тоа што веќе ни го кажа

и додаде: "Многу жандари - полицајци. Многу, освен полицајци, во Штип како да нема никој друг. Ги водат кон железничката станица."

- Дојде ли Пепо со семејството кај нас да спие? - ја прашав, и покрај тоа што знаев дека прашањето е залудно.

- Никој синко не дојде. Никој. И јас сношти ја викнав Матилда. Само што отиде ти, ја сретнав неа. И реков дека е можеби подобро со семејството да се пресели кај нас. Ми се заблагодари и ми рече" "Ништо нема да биде, мајко. Не грижи се, ако затреба, ќе побегнам."

Брзо се договоривме. Го одредивме Ристо Кадифков веднаш да оди в град за да види каде се сместени нашите другари кај железничката станица и да процени дали би можеле нешто да направиме за да спасиме бар некои од нив. По него и ние еден по еден се упативме кон градот. Одевме во некои станови, коишто беа определени за другарите Евреи за да се засолнат таа ноќ. Заклучивме дека никој од нив не отишол во тие привремени илегални засолништва. Наскоро се врати и Ристо. Ни рече дека е невозможно да се воспостави каков и да е контакт со нашите другари. Ни рече: "Ги видов Пепо и Матилда. Ми се причини како да ги препознав Аврам и Мојсеј. Исак и другите не можев да ги видам. Два кордона полицајци ги чуваат во куп. Кај станицата вршат најбрутални насилства над Евреите. Ги соблекуваат и мажите и жените пред очите на нивните деца и ги претресуваат. Бараат злато. И го наоѓаат. На жените им ги сечат долгите коси и ги пребаруваат. Сите одземени предмети ги фрлаат во еден куп. Не прават никакви записници за одземените работи. Како сите Евреи да се наоѓаат пред непосредно ликвидирање. Таква е постапката со нив."

Штом собравме уште некои податоци, отидов во станот на Назим Фирус, кај кого што беа засолнети Благоја Мучето и Вера Ацева и детално ги запознав со ситуацијата. Таму го затеков и другарот Исак Сион. На нивните лица се читаше голема болка, која како да ја парализираше секоја мисла, секоја акција, секое движење.

По некое време Благоја прв проговори: "Но, ние мораме да стапиме во контакт со нашите другари. Уште еднаш мораме да им кажеме да ја искористат секоја, па и најмалата можност за бегство. Нема да има повеќе враќање од тој нивен пат. Тоа нема да биде обично интернирање. За тоа зборуваат бруталните постапки при одземањето на нивните вредносни работи. А штом им одзеле сé, кај себе повеќе немаат средства за евентуално поткупување на поединци, кои за пари би им направиле услуга."

Бевме како зашеметени. Колку добри другари имавме меѓу нив, а сега таму кај железничката станица, сосема немоќни самите себеси да си помогнат, а што е уште полошо, на лицата на сите нас се гледаше очај поради тешкото и мачно сознание дека и ние сме немоќни било што да сториме за спасување барем на поединци. Сепак, можеби ќе се измени ситуацијата во текот на денот. Да одиме повторно да видеме? Ништо не беше променето.

Таа вечер сите Евреи ги натоварија и ги поведоа кон Скопје. Со нив отидоа и сите наши другари, освен Исак Сион. Сите: Пепо, Бела, Матилда, Мојсеј, Аврам и многу други другари со кои растевме, со кои се сакавме како браќа и со кои ја делевме секоја веселба и тага.

Седевме во куќата на Назми и секој беше опседнат со своите мисли. Одвреме навреме некој ќе проговореше по нешто, па повторно ќе настанеше тишина. По долго молчење, Благоја рече гневно: "Пљачкаши, сега тие ќе навалат на нивните станови и дуќани. Се ќе однесат. Ќе го пронајдат и тоа што овие луѓе го скриле од страв да не им се случи токму вакво нешто. Дали не требаше уште поенергично да влијаеме врз нашите другари? Зашто дозволивме и нив да ги снајде истата судбина, како и другите? Ако не можевме да ги спасиме сите Евреи, барем можевме да спречиме да доживеат ваков крај оние што ни беа блиски."

"Ние отсекогаш сметавме на ваква можност, рече Сион, но не верувавме дека тоа ќе се случи вечерва. Инаку, можевме да се засолниме и можеби да дознаеме од одделни семејства каде ги скриле своите скапоцености. Тие радо би ѝ ги подариле

на нашата Партија, отколку да ги пронајдат Бугарите или да гнијат в земја неискористени."

"Луѓе, загубивме другари, луѓе... тоа е најважно, ако се загуби тоа злато, подоцна ќе се надомести, но само луѓето да ни се тука." Јас ги познавав сите организирани другари, по куса пауза продолжи Благоја Мучето и како да сакаше да се присети на секој лик на нашите другари. Беа толку добри комунисти. Решителни, храбри, со иницијатива. Денес се прашувам зошто не побегнаа, зошто вечерва не се засолнија во становите што им ги определи Партијата. Зарем не знаевме сите дека, сепак, еден ден ќе се случи вакво нешто со Евреите. Знаевме. Всушност го претпоставувавме истото што и тие самите. Па, сепак, освен редовната работа со нив и со целото нивно малцинство, ништо посебно не направивме за нив. Им дадовме летоци, ширевме вести, организиравме меѓу нив на поширок план собирање народна помош, го одржувавме моралот на определено ниво, ништо повеќе. Претпоставувавме дека со сите нив може да се случи нешто страшно, но и во тоа не верувавме. Но, сепак, во нас живееше и една вакква мисла: 'Бугарите се нишаат. Нема да смеат да преземаат каква и да е масовна акција...'"

"Ги загубивме другарите и му овозможивме на фашизмот да им ги зграпчи нивните имоти, што објективно не може да значи и јакнење на нивните сили, туку само најординарна пљачка. Тие тоа го направија уште на железничката станица. Ако имаат скриено богатство во визбите, не верувам дека Бугарите ќе го пронајдат. Да бевме поиницијативни можевме дел од тоа да употребиме за нашето движење. Но, ни ние не сакавме да споменуваме таква можност, секако, од чисто сентиментални и човечки причини на обѕири"

Тогаш некој од нас, мислам дека беше Сион, рече: "Со малку труд ние можевме да дознаеме што каде се наоѓа и да ги испревариме Бугарите."

"Од она што се случи синоќа, дури сега нашата организација во материјален поглед ќе ги почувствува последиците. Бевме на најдобар пат да купиме оружје. Сега таа можност сосема отпаѓа." За момент Благоја подзастана и погледна во

мене: "Или ако сака Шиљо да проба да направи нешто на тој план."

Одговорив како од топ: "На се сум готов. Јас и онака мислев да барам да одам во Скопје. Морам уште еднаш да го видам Пепо, па ако не успеам да му помогнам да побегне, барем уште еднаш да се видиме и да се поздравиме..."

Одлуката беше донесена на состанокот. На другарите Евреи одведени од Штип, Благоја им пишуваше на македонски, а Сион есперанто. По сеќавање ја цитирам содржината на писмото од Благоја: "Драги другари, собрани на состанок надвор од градот, Ви праќаме другарски поздрави, немоќни во оваа ситуација да ви дадеме некоја поголема помош, освен совети. Се плашиме дека окупаторот ќе биде немилосрден и дека на нас голораки ќе го искали својот бес поради огромните загуби коишто ги претрпува секаде на фронтовите низ целата наша земја. Не пропуштајте ја секоја шанса, секоја, па и најмалата можност да се отргнете од канџите на тие ѕверови. Јавките се оние истите што ви ги дадовме минатата ноќ. Бегајте и вратете се на веќе познатите врски. Деновиве ние ќе пробаме да прекопаме некои визби во вашите згради, и на тој начин да го спречиме пљачкањето на овие чакали, мршојадци, и покрај тоа што малку веруваме во успех. Да знаевме што ни подготвуваат Бугарите, можевме подобро да се подготвиме и да ги спасиме и луѓето и имотот. Вака... Да се надеваме на среќа. Пепо, не заборави дека сега ти раководиш со штипската партиска организација меѓу Евреите. Ги имаш сите права на секретар на Партијата. Организирајте бегство... Смрт на фашизмот - Слобода на народот! Мучето"

Ги зедов двете писма. Благоја ми ги кажа врската и јавката за Скопје. Го чекав првиот воз. Се радував како мало дете. Повторно ќе се видам со Пепо, а можеби и со другите. Писмата ги скрив во поставата од палтото. За време на војната патувањето со воз беше многу долго. Од Штип до Скопје се патуваше половина ден. Седев и будно ги гледав сите оние коишто се качуваа во нашиот вагон на следните станици. Се преправав дека спијам. Размислував и се прашував: зошто Благоја не напиша категорички Пепо да земе искази од бо-

гатите Евреи каде им се закопани златото и другите скапоцености и тоа да ми го предаде мене? Ако го направиме тоа Пепо и јас, тогаш ќе купиме оружје колку што ни треба, куририте нема да гладуваат, ќе можат да патуваат со возови и побрзо ќе ги извршуваат задачите.

Раката ми беше постојано на џебот во којшто ги сместив парите што ми ги даде Благоја. Имав девет илјади лева. Кога ми ги даде парите ми рече: "Земи го ова... Ако треба, потплати некој полицаец. Тие се лакоми. Сé ќе направат за пари. Нека внимава Пепо да не се доведе во непријатна ситуација. Податоци за закопаното богатство нека бара само од оние во коишто има целосна доверба дека нема од страв или под притисок да признаат и да го предадат."

*Престој во Скопје*

Стигнав во Скопје без некои посебни потешкотии. По скопските улици одев како ветер. Набрзо се поврзав со Партиската организација, а потоа отидов на јавка кај другарот Борко Темелковски - Лилјак. Му ја кажав целта на моето доаѓање и одлуката дека нашата организација по секоја цена треба да се поврзе со штипските Евреи за ако можеме некого од нив да извлечеме од логорот или барем нешто да дознаеме за скриеното злато за да можеме да го ископаме и да ги оневозможиме Бугарите да дојдат до него, туку да го употребиме за потребите на нашата борба.

Другарот "Лилјак" мирно ме сослуша и кога завршив рече: "Тешко е тоа. И нас овде нé изненадија. Полицијата ги концентрира силите, но освен нивните раководители, никој друг не знаеше со какви намери се собираат и на која страна ќе бидат употребени нивните сили. Одненадеж силно удрија. Го блокираа целиот еврејски кварт и никој не можеше да излезе од блокадата. Сите наши обиди да извлечеме барем некој од другарите останаа безуспешни."

"Сега сите се сместени во Монополот - продолжи Лилјак. Таму е формиран привремен логор. Како што дознавме, насоро ќе ги транспортираат. Скопската организација се обиде

да воспостави врска со логорашите, под изговор на својот другар да му дотури нешто за јадење. Носеше неколку кутии сардини. Тој другар беше фатен, претепан на самото место, одведен во полицијата каде што продолжиле со тепањето до доцна во ноќта. И денес тој другар лежи во несвест, целиот обложен во јагнешки кожи и кромид. Му ги скршија ребрата... Којзнае дали ќе преживее. Толку е големо обезбедувањето околу Монополот, што е многу тешко да се воспостави каква и да е врска со логорашите. Затоа мислам дека не треба да се изложуваш на опасности, коишто нема да ги донесат бараните резултати. Најдобро ќе биде да се вратиш назад и сево ова да им го пренесеш на Благоја и на Вера."

Го слушав постариот и поискусен другар и бев убеден дека е така како што зборуваше. Веќе го гледав возот со кој се враќам назад без завршена работа. И кога се поздравував со другарот Лилјак, решив веднаш да се упатам кон железничката станица. Но, штом се најдов на улица, повторно се почувствував слободен, сосема сам. Тогаш ми излезе ликот на другарот Благоја Мучето. Помислив: "Значи, ова ќе биде мојата прва партиска задача, којашто не ја извршив."Знаев дека никој нема да ме укори. Благоја немаше лутина во себе, тој никогаш не се налутил. Тој немаше остар збор во својот речник. Ќе ме погледнеше со својот благ, топол, човечки поглед, кој значеше тага, изневерена надеж и чекање. За да ме утеши ќе каже: "Тоа што ти не можеше не би можела ни целата Скопска организација, ниту ние. Оди и одмори се, а утре..." Одев по улиците и пред очите ми излегуваше тој другарски лик на човекот кого одамна го познавав, а во кој во најтешките ситуации на својот илегален живот и работа, не можев да забележам очај или страв или безизлезност од некоја ситуација. Во такви ситуации ќе кажеше: "Значи тие мислат дека сме во безизлезна положба, а ние ќе им докажеме дека тоа ни оддалеку не е точно." И тоа безброј пати го докажуваше во практиката.

Тој ден се прашував: "Дали е ова навистина најтешката ситуација од сите други во коишто сум бил? Зар би можел да се вратам во Штип, а да не видам како изгледа Монополот сега претворен во логор? Зар би можел да му зборувам на

Благоја за големиот број полицајци и агенти околу логорот, а лично да не ги пребројам? И на крајот - зар ќе се вратам во својот град, а да не се обидам уште еднаш да му ја стегнам раката на Пепо или барем оддалеку да се поздравам со него?"

Го забрзав чекорот. Наскоро бев кај зградата на Монополот. Уште стотина метри натаму, но веќе бев таму. Се прошетав на тротоарот покрај самата ограда од штици, којашто го делеше дворот на Монополот од улицата. Веќе не брзав. Одев како и сите незаинтересирани минувачи, трудејќи се, сепак, да бидам што понезабележлив. Посматрав сè околу себе, одвреме навреме фрлајќи погледи на дворот и зградата во која беа сместени сите Евреи од Македонија. За да не биде воочливо одвреме-навреме ќе влезев во некоја од слаткарниците на улицата. Ќе одморев, ќе изедев понекоја слатка и ќе продолжев да ги посматрам улицата, тротоарот, оградата, луѓето околу зградата и дворот.

Помина еден ден. Пробав да ги сумирам своите впечатоци. Не можев да донесам никаков заклучок што би ми дал некаква надеж за успех. Значи, точно беше дека обезбедувањето било такво што е невозможно да се пробиеш незабежен ни до самата ограда, а за во дворот не станува ни збор. Преноќив кај еден другар штипјанец кој живееше во Скопје.

Следниот ден помина како и предходниот. И третиот и четвртиот. А петтиот... е, сега веќе имав појасна претстава за целата ситуација. Околу тарабите, и надвор и внатре, имаше голем број цивилни агенти. Нив ги препознавав по нивното однесување: обичните минувачи и граѓани не можеа да се однесуваат како нив. Агентите ги препознавав по држењето на главата, по начинот како одеа и по движењето на рацете. Како рацете да им беа прицврстени на рамењата со тешки тегови. Тие по малку се правеа и важни, бидејќи беа вооружени, а другите граѓани беа голораки. Тие можеа да убијат и пред никого да не одговараат за злосторството, а другите граѓани си одеа секој по својата работа, не задржувајќи се. Во дворот имаше полициски патроли. Секогаш одеа во ист правец и по

исти патеки, не менувајќи ја маршутата. Околу целиот логор однадвор имаше два кордона: полициски и војнички.

Како што минуваше време, стражарските места се сменуваа, така што кордонот се разредуваше, а од еден до друг војник или полицаец имаше сè повеќе простор. Открив и нешто друго што беше многу позначајно за мене: од вториот, па до последниот, петтиот ден со сигурност утврдив дека полициските агенти цивили ги напуштаа своите места и заминуваа. Уште поважно беше што тие не се враќаа на работните места сè до самракот.

Размислував. Мојата средба со Пепо требаше да биде во 12,30 часот, кога агентите ги напуштаат местата, некаде до четири или пет попладне. Моето приближување до оградата треба да биде во моментот кога стражарите, кои одат рамномерно во круг, ќе бидат еден со друг свртени со грб. Тој кус интервал, тој момент во времето треба да се искористи за да се најдам во мртвиот агол од надворешната страна на оградата. Во случај да ме забележи патролата, требаше да имам добар изговор. На крајот, пак, од каде јас, дојден од провинција, треба да знам дека е забрането приоѓање на ова место, кога тоа е монополска зграда во која работи некој мој роднина, кого сакам да го посетам. Дури не мора ни секој скопјанец да знае дека бугарскиот окупатор на големо почнал да воведува нов хитлеровски поредок со создавањето на вакви логори.

Се спријателив со слаткарот. Но, не му се доверив. Кога немаше други гости ќе седневме заедно на маса и ќе зборувавме. Уште вториот ден забележа дека сум заинтересиран за зградата на Монополот и ми рече: "Таму ги затворија оние што се многу богати. Велат дека ќе ги носат во Германија." А јас му одговорив: "Јас и ти нема да станеме богати од тоа. Зарем се виновни децата, старците, жените? "Тоа е голема несреќа. Имав некои познати луѓе меѓу нив. Сега не смеам ни да помислам дека добро живеевме..."

Близу до железничката рампа имаше една барака. Забележав дека таму најмногу се собира медицинскиот персонал. Сите беа во бели мантили и со трака на црвениот крст на

раката. Најмногу беа жени и понекое машко. Не можев да одгатнам дали се лекари или медицински сестри со понекој лекар. Впрочем, тоа не беше ни важно. Но, кога слаткарот почна да се отвора, го прашав: "Од овие затвореници во Монополот веројатно нема да прават салама?" Човекот се задуши од смеење. Тргна уште еден чекор натаму и низ смеа додаде: "Можеби ќе им требаат за Источниот фронт. Не им оди баш сé како што треба..." Тогаш го прашав: "Тие сигурно добро постапуваат со нив? Види колку лекари и сестри има таму! Само не знам дали меѓу нив има и наши луѓе, или сите се доведени од Германија и од Бугарија?" Ми одговори вака: "Има и овдешни. Некои од нив знам, но не лично. Само една од нив, русокоса е убавка, одвреме навреме навраќа овде и гледа многу уморно и тажно."

Го посматрав движењето околу бараката. Чекав да ми ја покаже русокосата. Според описот и според нејзиното однесување би требало да биде една од оние коишто не се согласуваат со таквите ѕверски постапки на Бугарите спрема тие немоќни луѓе. Дојдоа и други гости, па останав сам на посматрачницата. Наскоро бев принуден да ја напуштам, бидејќи во слаткарницата влегоа и двајца полицајци, а јас не бев баш многу сигурен во мојот нов познајник.

Се упатив кон рампата. Ова е петти ден. Агентите си отидоа. Беше точно еден и половина часот. Попладне. Тогаш се состанаа полицајците од патролата и си го свртеа грбот едни на други. Претрчав и се залепив за самата ограда. Наидуваше една жена во бел мантил со трака на Црвениот крст на ракавот. Најучтиво што можев ја замолив да викне некој од групата штипски Евреи, ѝ реков дека гледам добрина во нејзините очи и однапред ѝ се заблагодарив. Таа за сето време се правеше дека нешто работи. Во рацете имаше некаков завој и го завиткуваше така за не се забележи дека разговара со мене. На мојата молба ништо не ми одговори. Се сврте кон оградата и се упати кон зградата на Монополот. Тогаш помислив дека можеби наидов на онаа русокоса за којашто ми зборуваше слаткарот. Имаше сини, уморни и тажни очи. Косата не ѝ ја видов. Немав кога.

Додека ѝ зборував гледав само во нејзининиот израз и во очите. И покрај тоа што бев убеден дека ќе ја заврши поставената задача, сепак малку се помрднав од местото. Патролата не свртуваше внимание на местото на коешто јас стоев. Си помислив: "Бугарите се гладни. Ќе ги сменат дури во два часот. Затоа сега ја вршат работата како тоа да им е кулук. Тие не гледаат ништо пред себе, а не пак олку далеку. Ниту едно чекање во животот, ни пред, ни потоа, сè до денес не ми беше подолго и помачно. Колку време помина од моментот кога отиде жената? Момент, пет минути или цела вечност?

Постојано гледав околу себе подготвен веднаш да реагирам ако настапи било каква промена. Бидејќи, ако ме фатат ќе ми најдат материјал што ќе ме компромитира, а не е конзервирана риба поради што овие бугарски хиени го претепале нашиот другар, токму овде кај Монополот. Во две кутии од цигари ги ставив сите три писма: едното од Благоја, другото од Исак и третото што му го напишав јас на мојот другар Пепо. Во писмото му го напишав следново: "Можеби мораше така да биде, но, ти секако, гледаш дека сè излезе многу глупаво. Зар ти навистина веруваш дека ве носат да ве интернираат? Јас ништо не им верувам. Тоа се злосторници какви што не памети земјава. Затоа и овој пат те советувам тебе и твоите другари - искористете ја секоја можност за бегство и секој пропуст и небудност на чуварите. Треба да се спасувате по секоја цена. И да не бидете сентиментални. Ништо не се добива од тоа ако одиме мирно на кланица со своите баби и родители. Нека останат живи оние што можат. За ова, секако, сега се свесни сите во логорот. Се сеќаваш дека еднаш зборувавме за закопаното злато по куќите. Ако некој од затворениците сака тие средства да ги стави на располагање на нашето движење, нека го направи тоа преку тебе. Партијата ќе ги употреби за борба против истите непријатели коишто немаат ништо човечко во себе и ги уништуваат само голораките, немоќните, децата. Поздрави ги сите штипјани, а особено сите наши другари. Тебе, Мојсеј,

Матилда, Бета, Аврам и другите, многу ве сака Шиљо. Во другата кутија има писмо од Мучето и од Исак."

Од зградата излезе еден човек. Го препознав по оденьето. Ми се приближи. Брзо, му реков да ми го викне Пепо... Слушна, разбра и веднаш се врати во зградата. Се ближеше два часот. Дали да останам кога ќе дојде новата смена на стража и во патрола? Треба да се повлечам. А кога ќе наиде Пепо, дали ќе можам да стигнам до него? Моментите решаваа сѐ. И кога веќе решив да се повлечам кон улицата, го видов Пепо како излегува од зградата. Тој знаеше како да се однесува за да не биде забележан. Тргна кон бараката. И на неговата рака имаше трака на Црвениот крст, но немаше бел мантил. Му ги фрлив право в раце и двете кутии цигари. Се повлеков во уличката отспротива, каде што можев да гледам дел од зградата и дворот на Монополот. На продавачот му реков дека не сум одовде и дека ги заборавив купоните. Човекот сомнително ме погледна и ме праша: "Те гледам веќе неколку денови како се вртиш овде. Внимавај да не те забележат. Опасни се овие гадови. Дали ти е роднина оној со кого разговараше?"

"Со никого не сум разговарал. Овде сум само на минување. Сигурно си ме заменил со некој друг" Ми даде леб и не сакаше да ми го наплати и покрај тоа што му покажав пет стотини лева, колку што мислев да му платам за услугата. Поради тоа само му се заблагодарив, се погледнавме двајцата и се насмевнавме. Така натоварен ја претрчав улицата и повторно се најдов на местото кадешто требаше да се најдам со Пепо. Се подготвив прво да му го дадам лебот и четирите големи кутии цигари од по сто парчиња, па дури потоа да му го дадам овошјето.

Стоев и си мислев дали сопственичката психологија ќе попушти пред реалноста на безизлезната и брза пропаст? Ќе можат ли овие луѓе да се ослободат од имотот, само затоа што Пепо и другите комунисти неколку минути ќе ги убедуваат дека треба да го сторат тоа. Беше тешко да се поверува. Но, иако се помирив со нивниот негативен одговор, чувствував задоволство, бидејќи ја извршив својата партиска задача за којашто никој не веруваше дека во такви услови ќе можам

да ја извршам. Совеста ми беше чиста. Но, зошто сé уште го нема Пепо? Помина повеќе од половина час. За мене стануваше се поопасно да стојам уште овде. Да се повлечам? Почнаа да ми пречат сиве овие пакети. Сепак, се повлеков во уличката отспротива. Погледнав во патролата, и кога видов дека дојде до определеното место се залепив до оградата, ги грабнав сите пакети, не водејќи повеќе сметка за тоа што прво да му дадам, туку одеднаш сите ги префрлив преку оградата. Пепо со секавична брзина ми даде парче хартија. Се оддалечив од оградата како човек кој го згрешил патот.

Одев полека додека стигнав до уличката. а потоа, потоа потрчав како да добив крилја. Брзав да го оставам на сигурно место писмото од Пепо, па повторно да се вратам на состанок со него. Стигнав во станот каде што престојував. Таму спиев во железен кревет, па писмото од Пепо го сместив во шупливата ногарка од креветот. Го напуштив станот и повторно полека се упатив кон Монополот. Имав време.

Со Пепо се видов уште еднаш. Ми рече натажено: "Се обидов да направам уште нешто, но не успеав. Поголемиот дел од нив веруваат дека повторно ќе се вратат назад и ќе живеат во својот крај, во своите куќи. Тоа што ти го дадов, тоа е сé. Ние ќе се обидеме да побегнеме. Можеби ќе имаме среќа кога ќе патуваме преку Србија. Поздрави ги сите другари, а особено Благоја и Исак. Благодариме за другарството и за ова што сега го правите за нас, а тебе не можам да ти кажам колку многу направи за нас со овие писма, цигари и друго. Ние гладуваме. Благодарам Шиљо. Убијте ги овие ѕверови..."Му видов солзи во очите. Се свртев и тргнав назад. Плачев. Ми беше сеедно дали некој ме гледа, дали ќе ме фатат, дали ќе ме затворат или ќе ме претепаат. Во тој наш последен поглед завршуваше едно долгогодишно другарство, завршуваше еден живот кој од нас создаде луѓе... борци. Одев полека и се сеќавав на многу моменти од нашиот заеднички живот. И како рефрен од сите сеќавања, постојано си повторував: "Пепо ќе побегне, го знам, добро го знам него, ќе побегне."Тоа беше моето претпоследно видување со Пепо.

Повторно отидов во станот, го зедов писмото од Пепо и откако го прочитав неколку пати, го ставив во поставата и тргнав кон железничката станица. Влегов во возот и кога тргна застанав на прозорецот. Очекуваа уште една, можеби, последна средба со Пепо. Не се излажав. Стоеше и ми мавташе пред самиот влез на Монополот, каде што немаше полицајци. Му мавтав со двете раце и уште долго стоев така со подигнати раце, иако веќе не ги гледав ни зградата, ни Пепо..."

*Повторно во Штип*

Штом се симнав од возот, прво отидов дома. Мајка ми ми кажа дека не се случило ништо важно по моето заминување, но, исто така ми кажа дека таа, а и сите другари биле вознемирени поради неизвесноста за време на моето седумдневно отсуство.

Веднаш потоа отидов кај Благоја. Се трудеше да остане мирен, но овојпат не успеа. Целиот треперешe и беше блед. Ме гушна силно и возбудено и почна да зборува: "Знаев дека ќе се вратиш здрав и читав. Но сепак, моравме да преземеме некои мерки на претпазливост. Ги променивме јавките, ги преселивме илегалците... Само јас останав на истото место." Му раскажав сè, но настојував да бидам што пократок. Му го дадов писмото што ми го напиша и нацрта Пепо. Потоа уште долго разговараше. Го интересираше секоја ситница од средбата со Пепо. Неколкупати ме праша: "Но, како изгледа сега тој, раскажи ми сè до ситница." Повеќепати морав да се враќам на тоа. На крајот му реков дека треба да направиме план за копање на визбите во куќите на оние петмина коишто единствено се согласија да се одречат од својот имот. Всушност на четворицата, бидејќи петтиот му беше стрико на Пепо, кого Пепо брзо го убеди, особено затоа што тој своето богатство го чуваше закопано во визбата на куќата во која живееше Пепо со свото семејство.

Се договоривме следната ноќ да започнеме со копањето, но предходно требаше да изберам луѓе за таа работа. Отидов

до некои другари и проверив дали тие денови дошло до некои промени во еврејските куќи. Сите одговори беа одречени. Значи, можеме да почнеме со копањето. Благоја ми нагласи дека Исак сигурно ќе може многу да помогне во читањето на цртежите на Пепо. Го најдов и Исак. Со него се договорив во нашата група да земеме уште тројца: Митко Кожинков, Ристо Кадифков и Митко Недев "В'нич".

Утредента со Исак ја разгледавме најпрво куќата на Пепо. Исто така организиравме разгледување и на сите други еврејски куќи. Подготвивме алат за копање, неколку дебели ќебиња, патент игли за прикачување, батериски ламби, ламба на петролеј и други поситни работи. Чекавме да почне полицискиот час. Бугарската полиција беше особено глупава... тие веруваа дека со започнувањето на полицискиот час престанува животот во градот. За нас тогаш всушност редовно почнуваше илегалната работа и се одвиваше многу подобро отколку преку ден. Знаевме сѐ, па дури и часот и минутата кога поминува патролата. Тие тоа го менуваа само тогаш кога вршеа блокада.

Од куќата бевме оддалечени само стотина метри. Штом настапи полицискиот час, еден по еден се префрливме до ѕидот. Тој ден со Исак го утврдивме местото каде што ќе го прескокнеме ѕидот таа вечер. Двајца поставивме да држат стража. Знак за опасност - кашлање. Се договоривме јас прв да го прескокнам ѕидот. Морам да признаам дека ми беше многу непријатно, да не кажам некој потежок збор. Чувствував дека не ми се оди. Ми беше страв од нешто. Во тоа чувство немаше ништо конкретно. Немав страв од полицијата или од војската, туку поради тоа што знаевме дека куќата е празна и дека таму пред десетина дена живееја наши другари. Кога поминавме покрај капијата која толку добро ја познавав, ми поминаа морници. Немаше каде. Задачата мораше да се изврши, а сѐ друго со силна волја требаше да се потисне во втор план. Се приближив на самото место за прескокнување. Ѕидот беше висок околу три метри, но скоро сосема рамен, дури мазен. Уште дента кога поминувавме оттаму, се прашувавме: "Кога ќе се искачиме до горе?"

Ми помогна Исак. Гребев со ноктите, ги барав и најмалите нерамнини и лазев по ѕидот нагоре. Кога ми се чинеше дека веќе треба да се дофатам за горната површина на ѕидот, го слушнав кашлањето на нашите стражари. Се вратив назад и легнав покрај ѕидот. По улицата минуваше некој сосед, кој задоцнил. Ништо друго не ми преостануваше, туку милион пати да го опцујам. Мислам дека таа вечер ми немаше рамен во пцовките, дури ни меѓу оние морнари за кои луѓето велат дека ги знаат најсочните пцовки на сиот свет. Толкав труд и маки да се искачам по рамниот ѕид, а да пропаднам поради некој кој не отишол дома навреме.

Повторно тргнав напред. Ми се чинеше дека веќе бев истрениран и брзо стигнав до врвот. Се префрлив во дворот. Наслушнував. Погледнав кон влезот и прозорците на куќата. Немаше некакви знаци на живот. Од внатрешната страна ѕидот не беше ист, па можев да им помогнам на другите полесно да се искачат и да се префрлат преку него. Влеговме во визбата. Со Исак го толкувавме описот што ни го даде Пепо, а во него стоеше: "Наспроти вратата од визбата каде што е јагленот."Другите другари ги распоредивме на стража и како втора смена во копањето, бидејќи не верувавме дека со едно копање веднаш ќе го најдеме тоа што го бараме.

Кога влеговме во визбата, веднаш ги прекривме прозорците со дебелите ќебиња, така што ни малку светлост не можеше да се пробие во визбата. Ја запаливме петролејската ламба и дури тогаш не фати страв. Во визбата имаше уште една врата на некоја шупа, каде што исто така, имаше јаглед. Која е вистинската врата? Пишуваше - вратата од визбата. Наспроти нас имаше куп јаглен, а и во шупата имаше јаглен. Сепак, решивме да копаме наспроти главниот влез во визбата. Исак и јас почнавме да копаме. Додека едниот копаше, другиот се одмараше, а потоа ја извадивме ископаната земја надвор од дупката. Во почетокот одеше побавно поради тоа што одвреме навреме прекинувавме со работата и одевме во дворот да провериме дали се слуша копањето. Кога заклучивме дека надвор ништо не се слуша, копањето брзо напредуваше. За кратко време направивме дупка широка метар и половина,

која до полноќ се повеќе се продлабочуваше, така што стана исто толку и длабока. Застанавме и се гледавме. И двајцата мислиме исто. Напразно копавме. Во оваа дупка никој никогаш ништо не скрил. Но мораше и натаму да се копа. Ја викнавме втората смена. Им објаснивме што треба да работат, а Исак и јас одмаравме и стражаревме во дворот.

До зори се сменивме уште двапати. Ископавме куп земја кој не би можел да го прескокне ни со најголем залет, но немаше резултати. Бевме толку уморни, што не можевме да стоиме. Нозете ни се тресеа како по долго симнување по некои стрмни планински страни.

Почна да се зазорува. Го оставивме сиот алат. Се договоривме следната вечер да ја продолжиме започнатата работа, но под услов сите преку ден добро да се одмориме. Повторно го прескокнавме ѕидот, еден по еден, и отидовме на одмор, бидејќи предходно секој од нас ѝ имаше јавено на својата партиска врска дека тој ден ќе отсуствува од другите задачи. Јас накусо го известив Благоја за синоќешниот неуспех, што тој не го прими толку трагично како што претставував. Ми рече: "Вечер повторно ќе пробаме. Сигурен сум дека ќе ја извршиме задачата, само ако имаме време и ако не ни се испречи нешто непредвидено. Јас цел ден ќе ја набљудувам куќата. Ќе организирам цело време да има обезбедување.

* * *

Следната вечер се уфрливме во дворот точно во исто време, како и предходната. Пред да тргнеме свратив кај Благоја. Тој ме запозна со ситуацијата: "Никој жив не наврати во близината на куќата, а не па да влезе во неа. Според тоа, влезот е слободен. Секако, вие морате да внимавате, да не бидете откриени. Претпазливи и будни до крајни граници..."

Сега почнавме да копаме друга дупка. Ја затрупавме првата и копавме друга, таму каде што ни се чинеше дека треба. Меѓутоа, како што растеше купот земја, така спласнуваа нашето одушевување и вербата за успешно извршување на работата. На крајот купот ископана земја достигна дури до таванот, а дупката беше исто толку голема, како и онаа од

предходната вечер. Застанавме. Гледавме еден во друг. Го прашав Сион: "што мислиш, дали сме на вистинското место?" "Не знам - рече Сион - на почетокот ми се чинеше дека овде треба да копаме. Сега повеќе не сум убеден во тоа".

"Да копаме уште" - рече Ристо. Менханички реков дека треба да копаме, но постојано мислев како Пепо можел да ни напише толку непрецизно, впрочем, зар неговиот стрико не би можел и него да го измами. Ваквите свои сомневања му ги соопштив на Сион. Тој сврте со главата и рече: "Ги знам нив. Не го излажале Пепо. Тој ужива голем авторитет кај сите свои роднини. Мислам дека сево ова е поради овие проклети врати." Сите знаевме дека таа друга врата во визбата и јагленот на двете места ни го расипаа целото одушевување. Но, повторно копавме до зори и пак ништо не најдовме. И овојпат оставивме сè и тргнаме назад. Малку подигнат над ѕидот го погледнав целиот град. Моќната бугарска полиција спиеше.Тргнавме назад, а јас отидов кај Благоја и му реков дека сигурно и овојпат сме копале на погрешно место.

Го зедовме писмото од Пепо и повеќепати го читавме и го препрочитувавме. Тогаш, дури тогаш како да ни падна в очи нешто ново и Благоја рече: "Можеби требаше да копаме отспротива втората врата."Си отидов оттаму да одморам со целосна надеж во успех. Долго се превртував во креветот, непрекинато мислејќи на тоа место, а тоа се наоѓаше во продолжение на првата јама што ја копавме првата вечер и делумно ја затрупавме. Да можев во тој момент веднаш да се вратам назад, тоа ќе го направев без никакво колебање.

Тоа попладне се разбудив порано. Го најдов Сион и разговаравме. Го запознав со тоа за што разговаравме со Мучето. И на неговото лице се читаше радост. Се удри по челото и ми рече: "Зар е можно толку неинтелигентно да ја копате таа земја, целата визба ја прекопавте?" Третата вечер се префрливме на веќе вообичаениот начин без никакви пречки, многу побрзо и поискусно. Кога влеговме во визбата, еден од другарите рече: "И вечерва, ако не направиме ништо, под темелите на куќава на Пепо би ставил експлозив и ѓавол

нека ја земе со се ова земјиште." Сион се насмевна и како за себе рече: "Никогаш во животот олку не сум копал..."

Почнавме со работа. Копавме и ја зголемувавме првата јама. Често се менувавме, убедени дека сме на вистинскиот пат, бидејќи ако првите две толкувања беа грешни, ова мораше да биде вака: Отспротива на онаа врата каде што е сместен јагленот, а јагленот беше сместен во шупата во визбата. Всушност, таа шупа беше направена за чување на јаглен и дрва. Тоа што го копавме веќе не личеше на јама, туку на долг ходник или ендек. Копавме без прекин.

И покрај тоа што не ни беше до шегување, сепак, оние кои одмораа одвреме навреме ќе направеа и по некоја шега. Така, еден од другарите рече: "Да работев вака на лозјето на татко ми сигурно ќе даваше двапати повеќе грозје..."

- И јас сигурно не би удрил ниту еден копач на било чие барање... А еве што направи Партијата од нас. Дисциплина... за среде ноќ да копаме, наместо да спиеме како луѓе.

- Ќе спиеш ти на гробишта ако не откријат вечерва Бугарите поради твојата врева. Зборуваш како грамофон. Стивни малку, му реков на другиот.

Мина полноќ. Иако сите гледавме со малку сомневање на сета таа работа, таа вечер копавме многу поживо и побрзо отколку предходната. Еден од другарите прашав: "Зошто копаш и се мачиш овие три ноќи?"

"Затоа што тоа го бара Партијата. А ти?" И јас исто така.

Ристо одговори исто како и Сион: "И затоа што ова и е потребно на Партијата, но и Бугарите да не пронајдат ништо."

"В'нич" и натаму копаше и молчеше. Нему сево ова како да му беше преку глава. Точно беше поминал еден часот по полноќ. Тогаш копачот удри во нешто, што не звучеше ниту како земја, ниту како камен. Сите застанавме. Го ставивме светлото над јамата, длабоко долу копавме со рацете. Тоа беше капак од емајлирано тенџере. По половина час рачно копање, од јамата извадивме цело тенџере, а во тенџерето имаше тегла со злато.

Седнавме околу и гледавме во теглата, додека пот ни се слеваше по образите. Еден од другарите опцу и додаде: "Ете заради што кулукувавте три ноќи." Другиот се смешкаше и рече:

"Во оваа тегла е собран огромниот труд на пролетеријатот..."Сите се насмеавме, а Сион како за себе рече: "Треба да го вратиме на пролетеријатот..."

Во визбата требаше да останеме уште неколку часа. Најсигурно беше да го напуштиме дворот в зори, бидејќи тогаш полицијата најцврсто спие. Особено сега кога треба да ја напуштиме куќата. Со "пленот" не смеевме да го менуваме утврдениот план и дневниот ред на нашата акција. Но, што да правиме за тоа време?

Да го броиме тоа шугаво злато - предложи некој. Да броиме - се согласија другите.

Ја истуривме содржината од теглата во тенџерето. На светлината од петролејската ламба тоа се преливаше во сите бои, а големината на парчињата беше различна. Љубопитно се загледавме и читавме: француски наполеон, турска лира, австриска, српски златен динар, римски, руски... Секој вид го стававме на посебно купче, па така ги пребројувавме и ги запишувавме на парче хартија. Освен вакви парични единици имаше и накит: гердани, нараквици, бисери итн. Колкава вредност имаше сето тоа, никој од нас не знаеше, ниту се разбираше во тоа. Кога сé преброивме и сé запишавме, повторно сé вративме во теглата и тргнавме кон дводот.

Таму направивме план за заедничкото одење до илегалниот стан каде што беше сместен другарот Благоја Мучето. Еден од другарите беше предходница, еден ја обезбедуваше десната страна спрема полициската зграда, еден беше заштитник. Сион и јас со златото до станот одевме со откочени пиштоли во џебовите. По патот ништо не се случи. Го пренесовме златото до станот и го предадовме на другарот Благоја. Тоа утро со него седевме малку подолго. Сите бевме радосни. Не беше шега, извршивме една многу деликатна и важна партиска задача. Јас тогаш мислев вака: "Нема повеќе илегалците да остануваат без храна, куририте ќе можат побрзо да патуваат, а не само преку планини и само пеш. Ќе купиме и доста оружје со муниција. Не само пушки, туку наскоро ќе имаме и пушкомитралези.."Благоја мирно нé посматраше и со нескриена радост почна да зборува: "Ова е крупна задача што ја извршивме

за нашата Партија. Нашите материјални средства се неопходни за купување многу работи и за набавка на храна, облека, обувки, оружје, но тоа посебно ќе ни помогне да ја купиме бугарската алчност и лакомост, заедно со нивната совест. Многу повеќе ќе направиме кога ги имаме овие средства, отколку без нив. Тие туѓи мртви капитали ќе ги ставиме во корист на општонародните потреби, но не треба да се заборави дека тоа не е сé и не е барем решавачко. Тоа што во сето ова е најважно - тоа е човекот борец, револуционер, подготвеноста на нашиот народ да издржи до крај на борбата. Овие средства малку ќе ни го олеснат патот, но тие сами по себе нема да решат ниту еден од клучните проблеми. Сваќате?"Сатививме, но, сепак прашавме: "Ќе преземеме ли веднаш некоја поголема акција за набавка на оружје и за побрзо формирање на одредот?"

"Секако дека побрзо ќе оди формирањето на одредот, но не баш веднаш. Бидејќи овие средства колку што ни се потребни нам овде во Штип, исто толку им требаат и на оние во Прилеп, Скопје, Струмица, Куманово, во Тетово. Не можеме да располагаме со нив како што сакаме само ние. Можеби ќе ги префрлиме во Скопје, а оттаму ќе бидат најдобро распоредени и поделени, според вистинските потреби. Благоја објективно ја постави секоја работа на свое место, а во нас ги корегираше нашите предимензионирани замисли, фантазијата која ги преувеличуваше можностите коишто ни ги овозможуваа пронајдените материјални средства.

На крајот се договоривме Исак и јас повторно да одиме во куќата на Пепо да го ископаме другото злато во кујната на куќата. За ова место Пепо напишал вака: "Во кујната под полицата во аголот, петнаесеттина сантиметри оддалечено од прозорецот. Пред да одиме на одмор, Благоја уште еднаш нé предупреди: "Другари, внимавајте. Ништо не му е подрагоцено и попотребно на нашето движење од нас самите. Одете на извршување на задачите, но настојувајте по секоја цена да не бидете откриени. Дури и по цена целото злато да биде засекогаш изгубено. Сваќате?"Дали баш сватиме сé онака како што ни зборуваше Мучето?

* * *

Таа вечер повторно бевме на местото од каде што ја посматравме куќата на Пепо. Мучето нѐ извести дека во текот на денот немало никакви промени околу куќата. Исак и јас седевме засолнети зад еден плот. Исак ме праша: "Тебе вечерва како да не ти се сите кози на број?"Му одговорив дека шест дена седев во Скопје за да се поврзам со Пепо сигурен дека или ќе се поврзам со него, или ќе загинам, бидејќи бев убеден дека во натамошните наши акции сѐ зависи од тоа злато, а дека изутрината слушајќи го Благоја, излегува дека тоа не било така и дека не било толку важно... Така му реков на Исака, а знаев дека Мучето е попаметен од нас двајцата, дека секоја работа ја поставува на свое место и дека тоа е единственото правилно гледање на таа работа.

- Ти линијашиш, Исак. Зар не беше и ти разочаран, дури и повеќе од мене првата, втората... Изгледаше поочаен од сите нас, а тоа значи дека си и придавал многу поголемо значење и важност на поставената задача, отколку што сега паѓаш под влијание.

"Точно е, Шиљо. Мислев дека се е изгубено. Но, луѓето се... Тоа е најточно. Еве... и вечерва ќе најдеме ново количество злато... И утревечер. Тоа можеше да значи нешто само ако се овде неговите сопственици, кои можат да го употребат."

- Мртви капитали - реков и замолчав.

"Тоа злато на некои од нив можело да им ја спаси главата. Тие не знаеле да го употребат. Нашата Партија ќе го... ?

- Доста - викнав. Сега и јас знам да морализирам, кога Благоја ни ги отвори очите. Зошто вака не се држеше и тогаш?

- Не се држев. Признавам. И јас имав капаци на очите како и ти!

- Не како јас, туку како коњ, така се вели тоа.

Го прекинавме разговорот. По подолго време молчење Исак праша: "А не ли е време, Шиљо?"

- Како би било вечерва да не одиме на задача - се пошегував за да видам како ќе реагира - зошто ни е тоа смрдливо капиталистичко злато? Ако сме поважни ние двајцата, тогаш да одиме да спиеме.

"Пак почнуваш." Мораме да одиме на задача... А, ако дојдат утре Бугарите и ако го пронајдат ова злато?

- Ајде на задача, Исак. Ќе го извадиме и ќе го фрлиме во клозетската јама за да не го најдат Бугарите.

"А пушките, митралезите? А поткупувањето на бугарските веледостојници?

- Зошто тоа?

"Заради нашите луѓе. Бидејќи тие се најважни."

Се погледнавме во мракот. Се слушнавме и тргнавме на задача. Во куќата влеговме на веќе познатиот начин. Влеговме во кујната. Прозорецот го покривме со кебе. Стоевме и гледавме. Јас реков: "Мора да биде овде" А, Исак ме прекина: "Подобро да размислиме отколку да им ги уриваме ѕидовите на луѓето."

- Ти сѐ уште веруваш дека ќе се врати некој од нив?

"И јас мора да верувам. Таму се сите мои... Знам дека нема да се вратат, но, сепак, некаде длабоко во себе очекувам, се надевам, не сакам да верувам, бегам од вистината. Зошто е тоа така, не можам да ти објаснам."

- Прости ми Исак... Кога мислам на овие наши другари, посебно на Пепо, и јас го чувствувам истото. Еве сега, кога влегувам во куќата, си фантазирав: колку би било убаво сега Пепо да ни ја отвори вратата од кујната. А, зошто не? Можеби успеал да побегне.

Не можевме ништо да работиме. Ги зедовме столчињата и седнавме во кујната. Ни навираа мисли, спомени, други сеќавања на другарите, неизбришливи сеќавања. Отидоа, а поголем број од нив не ни почнаа честито да живеат. Прв стана Исак. Како да немаше пауза и спомени. Совладувајќи го немирот во себе, рече: "Имаш право, мислам дека токму онаму треба да ја откоаме полицата. Ова ќе биде многу полесно, отколку она во визбата..."

Ја извадивме полицата. Го исчистивме шалтерот што беше зад неа. Се појави камен со пречник од триесет сантиметри. Не беше баш лесно да го ослободиме од цементот со што беше прицврстен, а кога го направивме и тоа, го извадивме каменот и видовме земјен ќуп. Во ќупот се наоѓаше тегла со злато. Мислам дека беше иста големина, како и онаа што ја ископавме

во визбата минатата ноќ. Седевме на подот и сè пребројавме и запишавме. Кога завршивме се вративме во станот на Благоја, но предходно целата полица и ќупот ги наместивме исто онака како што беа предходно.

На улицата беше мирно, а ние бевме нечујни со патиките шиени од шајак и со откочени пиштоли што цврсто ги држевме во џебовите. Благоја ме покани тоа попладне повторно да одам кај него. Ми рече дека ќе му требам, а на Исак му рече да дојде еден час подоцна по мене. И на двајцата на тргнување ни кажа да размислиме на кој начин би било најдобро да го пренесеме златото до ПК во Скопје, бидејќи тоа беше нашата следна задача. Сè што имавме извршено дотогаш беше само дел од задачата, но не во целина. Во тој миг во главата не ми дојде никаква мисла, никаков предлог. Ми се чинеше дека тоа нема да биде никаков проблем и дека најтешкото го пребродивме.

### *Нови трагања*

Во станот на Благоја Мучето дојдов како што беше договорено. Очекував една од моите следни задачи да биде да пренесам определено количество злато во Скопје. Јас не бев илегалец. Слободно се движев по градот и надвор од него. Поради тоа претпоставував дека Благоја токму затоа ме избра мене за тој вид задача. Меѓутоа, кога стигнав кај него, тој како прво ми постави задача да пронајдам скривница за откопаното злато. Ми рече: "Не е згодно да стои овде кај мене. За него мораме да имаме посебна скривница."Прашав дали ќе носиме нешто во Скопје? "Засега не, но за тоа добро ќе размислиме и ќе направиме план. Но, за ова време додека не го префрлиме, ќе ни треба скривница."

Му го предложив она исто место коешто тој го знаеше, во оџакот на мојата куќа, каде што во една посебно направена дупка во ѕидот го чував илегалниот партиски материјал.

"Само... - рече Благоја - само оттаму, треба да извадиш уште некој камен. Онаа шуплина ќе биде мала, бидејќи ние ќе продолжиме со копањето на другите визби..."

Таа ноќ ја правев новата скривница, којашто беше така направена што никој не можеше да ја открие, освен кога би ја урнале целата куќа. Изутрината скривницата беше готова. Во неа мораше да се стави целото пронајдено злато и многу повеќе партиски материјали и партиска техника. Така го издлабив ѕидот што тоа место личеше на вистински магацин каде што можеше да се внесе материјал или да се извади, но само од оџакот, кој насекаде беше исто црн и исчаден, бидејќи влезот беше повторно закамуфлиран, со порано извадениот чад и со новодобиениот со ложењето на огништето оздола. Бидејќи се беше готово, таа ноќ на двапати со Благоја го пренесовме златото во скривницата. Продолживме со копањето. И натаму Исак и јас раководевме со оваа работа, но бевме принудени да ангажираме и некои други луѓе, освен предходно спомнатите тројца другари.

Близу до денешниот здравствен дом и денес постои една жолта куќа. Предвидовме таму да оди Исак со уште еден другар. Но, со кого? Оние тројцата добија друга партиска задача. Исак ме праша: "Што мислиш ти - кого да земам?"

"Јас би го зел Предо. Тој е добар и за копање и за молчење, а ако треба, може и да пука." Исак се согласи со мене. Таа вечер отидоа во жолтата куќа. Предо одеше зад Исак. Кога дојдоа зад капијата, Исак почна да го крши катанецот обесен на дебел синџир. Предо го фати за раката и го праша: "Зар е добро тоа? Утре полицијата ќе види дека е скршен катанецот, ќе бидеме провалени?"

Меѓутоа, Исак заврши со кршењето и влегоа во зградата. Тогаш Исак одговори на поставеното прашање: "Бугарите не знаат каков катанец имало на вратата. Ќе ставиме друг, нов и се ќе биде во ред."

"Вистина... Колку малку треба да се сетиш за толку големи работи. Јас не мислев многу за тоа..."

По смеењето започнаа со работа. Исак, толкувајќи го описот на Пепо, го пронајде местото каде што треба да копа во ѕидот и по едночасовен труд, извади доста скриено злато.

Повторно сé закамуфлираа и не чекајќи ја зората се префрлија веднаш во друг стан за кој, исто така, имаа податоци

од Пепо. Патем, Исак му напомена на Предо: "Сега Предо на тебе е редот... Ти напред, а јас по тебе."

"А колку е далеку тоа" - праша Предо - додека Исак го ставаше синџирот на капијата и новиот катанец на жолтата куќа. "Можеме ли да стигнеме вечерва или да оставиме за утре?

"Еве, веднаш овде... соседнава зграда" - му одговори Исак.

"А баш мислев да се извлечам, имав уште некоја приватна задача за вечерва..."

Влегоа во куќата. Цела ноќ копаа и префрлуваа земја, а резултати немаше. Така помина и втората ноќ. Втората ноќ пред зори, Предо седна на купот земја што беше скоро до таванот на визбата и праша: "Исак да ми кажеш право кој ме предложи мене за ова копање?"

- Васко, Шиљо-му рече Исак отворено без да заобиколува.

"Знаев дека е тој. Сигурен сум дека тој секое утро нѐ чека таму негде отспротива и ни се смее на двајцата за тоа колку долго копаме, а ништо не ископавме.

"Не... Тој копа исто како нас, но на друго место. Само тој кога нема да најде ништо, малку повеќе пцуе од нас двајцата.

Отидоа и третата вечер. Пред одење се видов со двајцата. Предо беше замислен и ме праша: "Зошто и ти не дојдеш со нас? Му одговорив смеејќи се: "Јас сум ти раководител, а ти треба да слушаш што ќе ти се каже, а не вака. Јас не знам да копам..."

"Оф леле мајко, од кога и ти стана господин?"

- Зошто, зар Исак не ти помага во копањето?

И тој знае повеќе да раководи, а Предо е за копач и мотика - не ме прати ти мене таму да играм...

Точно. Предо - магарето секогаш го викаат на свадба за да носи вода, а не за да игра на музика. Уште малку се шегувавме, а потоа тие отидоа по третпат во истиот стан. Им посакав среќа и им реков: "Трета среќа, па што излезе. Ако и вечерва не најдете ништо, ќе баталиме."

За таа трета ноќ Предо , подоцна ми го раскажа следново: "Ги засукав ракавите и продолжив да копам. По получасовно копање наидов на еден огромен камен. Му го покажав на

Исак. Бевме деморализирани. Тој камен личеше на камен кога се прекопува улица или земја, кога теренот се подготвува за градење. Дали да го заобиколам или да се обидеме да го извадиме? Решивме да го извадиме. Го претпоставивме и следново: Ако е ставен овде со човечка рака, тогаш под него мора да е она што го бараме ние. Копав околу него. Настојував да го ослободам од околните камења и земја. На крајот, кога остана сам во огромната дупка, го гушнав и го повлеков настрана со целата сила. И што се случи? Паднав заедно со него. Каменот беше многу посилен отколку што изгледаше на прв поглед. Од внатрешната страна беше шуплив. Во неговата шуплина, под неа, во земјата беа пронајдени тегли со злато. Седев, го држев каменот и гледав вчудоневидено во теглите. Истото се случуваше и со Исак. Не знам колку долго така стоевме, додека на крајот Исак не ми кажа: 'Е, сега на работа - сé треба добро да преброиме и да однесеме на 'јавката'. Го пребројавме и го однесовме? Не знаев дека златото е потешко од каменот. Многу потешко."

* * *

Тие денови подолго отколку обично размислувавме дали да упаднеме во зградата што се наоѓаше близу денешна "Фототехника". Во таа куќа некогаш живеел човек во Штип познат по прекарот "жолта брада", инаку депортиран во Германија со штипската група Евреи. Влезот во таа зграда беше многу незгоден. Самата зграда беше во центарот. Долгото и големото движење на луѓето во близината правеше да е невозможно какво и да е поконспиративно приоѓање. Освен тоа, во непосредна близина на зградата се наоѓаше и едно постојано полициско стражарско место.

Набљудувањата на тоа стражарско место не ни дадоа задоволителни резултати. Беше тешко да се претпостави кога е буден стражарот за двајца-тројца од нас да можат да влезат незабележани во зградата. Можеше да направиме некој од нас да го замуабети стражарот додека влеземе внатре, но не беше јасно како ќе успееме да излеземе оттаму

пред зори? Требаше да најдам, да изберам луѓе и да се посоветувам со нив за извршување на поставената задача, бидејќи Благоја ми стави до знаење дека тој не се согласува на таков ризик, особено што тој ризик не ни е веќе неопходен. Тој ми рече: "Јас мислам дури дека со оваа работа треба да се прекине, бидејќи сега имаме многу други поважни задачи."

Сепак, сакав да пробам. За таа акција ги избрав другарите: Љубен Иванов - Бубето, познат како многу цврст, решителен и храбар другар, многу интелигентен и подвижен, кој се чини дека би успеал да му избега на стражарот пред нос и среде бел ден, а вториот беше Михајло Иванов - Мало, вешт и решителен другар. Разговаравме за настапот и ги прашав дали ќе можеме да се пробиеме?

"Тоа не се прашува така, рече Бубе, туку само кажи кога треба."

- Но, оној стражарот не треба ништо да забележи - реков.

"А, кој го прашува него дали се бричи владиката. Ќе упаднеме внатре и... готово. Тој нема да смее ниту да писне, дури и ако нè види"

- Но, како ќе се вратиме назад - инсисирав на одговор и смислена организираност.

"Тебе, Шиљо, како да те фатила паника. Остави ги тие ситници. Ќе се вратиме назад по истиот пат од каде што ќе влеземе. Тоа препушти ми го мене. Ние нема да одиме преку оној ѕид од каде што е влезот, на којшто гледа оној полицаец. Ќе одиме преку покривот.

Го одложив разговорот за тоа попладне. Но, и на тој состанок не можевме да се најдеме на иста линија. Се согласувавме дека треба да влеземе внатре и додека јас гледав многу тешкотии, Бубе не гледаше скоро ни една. Решивме таа ноќ да упаднат во куќата. Тргнаа боси. Понесоа бургии, клешти, некој француски клуч и под извонредно тешки услови се префрлија преку ѕидот и покривот во станот.

Таа ноќ се зареков дека наредната вечер нема да ги пуштам, само изутрината здрави и живи да се извлечат. Цела

ноќ ја пробдсав во станот и на улица, очекувајќи да се појават. Не ми беше чиста совеста што ги пуштив таму со толку голем ризик. Меѓутоа, ништо страшно не се случи. Тие како волшебници од никого незабележани в зори се вратиле во своите станови. Се сомневале дека таму ќе најдат злато, бидејќи немавме некои поконкретни податоци за тоа каде би можело да биде, зошто Пепо го напишал само ова: "Во таа куќа има закопано злато." Но, не кажал ни каде, ни како. Всушност, се обидовме да го пронајдеме, па ако успееме, в ред, а ако не, тогаш ни е чиста совеста, бидејќи сме го направиле она што можевме да го направиме, она што можевме им го зедовме на Бугарите.

Му реков на Бубе да прекине со работата, бидејќи нема смисла да се ризикува кога нема најосновни податоци за местото каде може да се најде. Бубе се заинати: "Започнавме и ќе продолжиме. Барем уште вечерва. Денес добро ќе се одмориме, а вечер пак ќе бидеме таму. Те молам немој да не спречуваш..."

Заради опасноста не спиев цела ноќ. Лутав околу како глуво куче и реков разлутено: "Ние сме виновни што ти немаш сон. Спиј ти братко мирно и не грижи се за нас. Ако дојде до блокада, за нас таму е посигурно отколку во нашите куќи. Бугарите ќе видат заклучена врата и ќе продолжат натаму, бидејќи тие веруваат само во клучеви и во брави."

Отидоа и наредната ноќ. Се отепале прекопувајќи ја визбата, барајќи места зад полицата, како што негде и го пронајдовме, но сé беше залудно.Утредента донесовме одлука таа куќа да ја оставиме и да се прекине со работата. Само Бубе сосема не се согласи, но како дисциплиниран другар на крајот ја прифати одлуката.

*Последно копање*

Извесно време прекинавме со копањето, бидејќи имавме други неодложни партиски задачи. Но, наскоро по таа куса пауза, решивме да ја прекопаме и последната куќа што беше наведена во писмото на Пепо. Само што Пепо ни имаше

дадено точни податоци за местото каде што треба да се копа, веројатно така како што ги добил од сопствениците.

Бидејќи Исак и јас и преку ден бевме доста ангажирани и имавме многу помалку време за дневен одмор, решивме и ние да учествуваме во копањето, но само како обезбедување. Во таа акција за копање, ангажиравме други другари. Така, сепак, би можеле да се одмориме од зори па некаде до девет часот претпладне, а потоа цел ден можеме да вршиме и други работи. Освен тоа, Благоја строго ни забрани директно да се ангажираме во копањето, бидејќи нашето присуство за извршување на задачите беше неопходно.

"Само уште ова да го завршиме - молеше Исак - нема повеќе друго."

Јас, исто така, барав да бидам со Исак, меѓутоа Благоја не се сложуваше. Најдовме компромис - онака како што предходно реков. Требаше да се копа во една куќа што се наоѓаше отспротива фурната, кај еврејската синагога. Доста незгодна местоположба, само поради можните минувачи во тоа време. Во близина немаше полициски и стражарски места. За оваа акција, освен нас двајцата го одбравме Митко Недев В'нич, бидејќи со нас беше во првата акција каде што се покажа одличен, па сметавме дека тој брзо ќе се снајде. Му ја соопштив одлуката и му дадов задача да набави алат. Таа иста вечер В'нич се уфрли во дворот на зградата. Пред тоа детално се договоривме, штом ќе го пронајде и ќе го откопа златото, да му дадеме знак низ процепот на капијата и да му помогнавме повторно да излезе надвор.

Требаше да се копа во дворот под ѕидот преку кој прескокнуваше. Во писмото на Пепо стоеше: "Во десниот агол..."Исак и јас требаше да бидеме обезбедување. Едниот близу капијата, а другиот педесеттина метри оддалечен од влезот. Копањето траеше повеќе од два часа. Јас редовно му давав до знаење дека сум на стража, со тивко удирање во ѕидот, на што В'нич редовно се јавуваше. Но, забележав дека од местото каде што стоеше Исак некој забрзано мавташе со раце. Знаев дека тоа е знак за некаква опасност.

Погледнав на спротивната страна и видов дека наидува еден полицаец. Но, со В'нич немав договорено знак за опасност. И да го имав немаше кога да му го дадам. Се повлеков покрај ѕидот и тргнав во правецот каде што стоеше Исак, во мракот на една двокатница. Исак ме праша: "Дали го предупреди В'нич на опасност?

- А со што да го предупредам?

- Значи, овој може да го открие?

- Може. Подготви го пиштолот.

- Сé ќе биде в ред... Зар не е подобро да не креваме врева, да му пријдеме и да го задавиме!?

"Подобро е, но ако нé почека, па ако биде кавалер да ни го даде вратот, а рацете да ги стави на задникот" - реков разлутено.

"Ние сме тројца. И да не сака ќе легне..."

"Ти ќе бегаш во овој правец, најкус за да се изгубиш од градот, а јас и В'нич во спротивниот правец."

Чекавме. Се сетив на зборовите на другарот Благој. "Веќе не е потребно да се ризикуваат животите на нашите луѓе за таков вид работа... Доволно е само ова што го пронајдовме досега."И не еднаш се прашував: "Зошто не го послушав? Ако пукаме на оној акмак или ако го задавиме, сеедно, утре ќе биде дар-мар во градот. Ќе апсат, ќе провалуваат... ќе ги упропастиме и оние задачи коишто успешно ги извршивме. А полицаецот ни се чинеше извесен. Одеше, одеше и застана точно пред капијата на онаа зграда во чиј двор се наоѓаше В'нич. Застанав, ги ставив рацете назад и не мрднав. Го слушнав Исак кога рече како за себе: "Оној како да знае дека работиме нешто баш таму."

- Сака да стане ортак со нас... но уште овојпат не може, за него оловото, а за нас златото. Само оној В'нич... замисли ако дојде до капијата да му каже дека нашол злато...

Исак се смееше и покрај тоа што ситуацијата воопшто не беше за смеење. Јас бев виновен за сé. Јас му ги дадов тие инструкции на В'нич: "Штом ќе го ископаш златото ќе дојдеш до капијата и само ќе кажеш - 'Шиљо, готово е, држи ја оваа тегла'."

Какво изненадување ќе биде за полицаецот кога под капијата ќе добие неколку килограми злато, а потоа ќе го начека и ќе го фати В'нич, токму во моментот кога ќе скока преку ѕидот, па ќе го одведе во полиција. Ова со шепотење го коментиравме Исак и јас. Тој се смееше. Бев многу напрегнат, но немаше никаков друг излез - мораше да се чека и никако да не се пребрза. Ќе го земеме ние златото и В'нич неоштетен, само додека се стрчаме до капијата - тој билмез нема ниту да не чуе, ниту да не види.

Ништо не се слушаше. В'нич како да престана да копа. И двајцата се наеживме и ги стегнавме мускулите. Отидовме неколку метри поблизу... На крајот полицаецот тргна кон нас. Се залепивме за капијата каде што беше мракот најгуст и чекавме. Тој одеше со рацете одзади - значи не нѐ забележал. Не дишевме. Поминуваше на седум осум метри од нас. Полека, чекор по чекор. Ги слушнавме неговите чекори што се губеа во далечината. Ја претрчавме капијата и му дадов знак на В'нич. Одговори. Се доближив до капијата и праша возбудено: "А кој беше тој што пред малку стоеше овде?"

- Дали ја заврши задачата - го праша Исак, а јас се задушив од смеење и не можев ниту збор да проговорам. "Да, в ред е. Придржете ја оваа тегла оздола." Ја придржавме додека тој го прескокнуваше ѕидот, а потоа се упативме кон мојата куќа. Таму В'нич ни раскажа што сеслучило додека нѐ немало во негова близина. "Се приближив до капијата и таму го гледам ангелот - чувар, вистински бугарски полицаец кој те обезбедува додека ти го бараш златото" - му упаднав во зборувањето.

"Вам ви е до смеење, а мене ми се пресекоа нозете. Гледам не е облечен како нас, не ми личеше ниту на Шиљо, ниту на Исак. Кој ли е овој, помислив и само што сакав да го прашам, му ја забележав капата, тогаш беше свртен малку надесно..." Исак го замоли да признае што помислил во тој момент.

"Го опцув првин Шиљо, па потоа тебе, но не смеев гласно"- одговори 'В'нич'. "И што направи по пцуењето?"- пашавме. "Се вратив кај дупката и размилсував - дали да ја вратам теглата во дупката и да ја закамуфлирам или вака да

чекам. Се плашев да не направам бука со теглата, па да му го свртам вниманието на оној пред капијата, бидејќи мислев дека можеби случајно наишол."

- А што би направил да влезеше?

"Ќе го чекав зад капијата - ќе го удрев со казмата, а потоа ќе излезев со теглата како човек, а не како крадец да го прескокнува ѕидот.

"Мораш да признаеш В'нич, малку повеќе се исплаши, нели?"

"И уште како. А зарем вие не исплашивте?"

Го пребројавме најденото богатство, ја запишавме содржината на теглата, залепивме хартија и се разделивме.

Со ова копање, акцијата на копање злато беше завршена и покрај тоа што Исак претпоставуваше дека има уште во некои куќи. Но немавме повеќе време да се занимаваме со тоа.

* * *

Со Благоја се сретнавме истиот ден.. Разговаравме за начинот на којшто ќе се изврши префрлувањето на златото и другите скапоцености до Скопје. Сѐ се состоеше во предлогот да земам такси, добро да му платам на таксистот и да ја одвезам целата количина на определено адреса.

"Ние сакаме пратката сигурно да стигне во Скопје, на точна адреса. Бидејќи партиската организација во Штип вложила огромни напори во извршувањето на оваа задача и ги изложила на опасност животите на многу свои членови, не смееме да дозволиме ни најмала невнимателност, со што целата таа работа би паднала во вода. Се согласуваш ли ти Шиљо?"

По подолг разговор со Благоја Јанков Мучето и со другарката Вера Ацева, се договоривме златото да го пратиме за Скопје преку некомпромитирани членови на Партијата - курири и тоа во помали количества, само по сто до сто и педесет златници во куферчиња со дупло дно, во кои освен лични работи нема да има ништо друго. Така беше и направено.

Во пренесувањето на златото учествуваа Методи Џидров, Киро Аџиарсов, Ристо Кадифков, Трајко Сушев и други. Преку

овие другари со денови во Скопје се пренесувани по стотина златници до определено место и во точно определено време со сигурна лозинка. Така во 1943 година еврејското злато беше префрлено од Штип до Скопје. Меѓутоа, иако нашата Партија ја чуваше во тајност оваа извршена акција, таа набрзо стана јавна тајна, не за сите и секого, но скоро сите членови на Партијата и СКОЈ знаеја дека сме ископале дел од еврејското злато и сме го однеле.

Подоцна бугарскиот окупатор почна да урива многу од тие куќи. Тоа беше уште еден далеку поочигледен доказ дека депортирањето на Евреите наедно значеше и ликвидирање. На тие уривања работеа и некои скоевци, коишто целата заработувачка ја даваа како народна помош. Но, им беше свртено внимание да внимаваат на местата каде што може да има скриено злато. Двајца скоевци работеа на ист објект којшто веќе подолго време го уриваа. Во уривањето учествуваа сиромашни луѓе, кои немаа со што да се прехранат. За здравиот материјал: гредите, тулите и ќерамидите добиваа по десет килограми пченка на ден. Затоа уривањето беше бавно. Ние го исполнивме ветувањето што им го дадовме на сите штипски Евреи во писмото до Пепо, упатено од Благоја Мучето и од Исак Сион. Средствата добиени од нив ги употребивме во борбата против бугарскиот и германскиот фашистички окупатор.

# ДОКУМЕНТИ

## СПИСОК НА ЕВРЕИТЕ ДЕПОРТИРАНИ ОД ШТИП ВО КОНЦЕНТРАЦИОНИОТ ЛОГОР ТРЕБЛИНКА ВО ПОЛСКА

*"Еден ден рано изутрина го блокираа целиот град. Зачукаа на еврејските куќи побеснетите гестаповци и проклетите бугарски агенти и полицајци и жандари. И почнаа да ги исфрлаат на сокак, како добиток, жените, децата и мажите од сопствените куќи. А жандармите почнаа да ги гонат на станица со штикови на пушките, како да направиле којзнае каков престап. Ненаситните фашисти ги собраа сите Евреи од тука со кои од век си живеевме. Ги одведоа на станица каде ги соблекоа до гола кожа за да ги претресуваат. Им зедоа сѐ што најдоа за носење, за јадење, и парите до последниот лев. Им ги оставија само алиштата на грбот и по еден душек и јорган и така ги однесоа во скопскиот Монопол, каде ги собраа Евреите од цела Македонија. Таму ги држеа некое време како добиток, настегани еден врз друг, гладни, голи и боси. Потоа сите Евреи од Македонија ги испратија по разни логори,, каде опколени од џандари за по сто грама леб ќе ги тераат да работат додека не паднат.*

*На тој начин, ситематски, еден по еден ќе ги уништат. Додека Евреите го водеа во логорот да ги уништуваат, дотогаш овде на ниевните имоти се нафрлија да ги ограбуваат разни кметови, началници, жандарми, офицери и други. Ненаситните ограбувачи со коли ја издигаа еврејската сермија, разни мебели, храна и друго"*

*(Текстот е објавен во "Народен глас" бр.1, Штип)*

| реден број | број на список и семејс. | Презиме име и татково | пол | срод-ство | адреса | дата на раѓање | занимање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 6599. | 33/22 | ***Abravanell, Jakov Senor*** | M | FN | T. Lasaroff 33 | 22.3. 1892 | StraBenhandler |
| 6600. | | Abravanell, Flor Jakov | W | Ehfr | " | 13.11.1898 | Hausfau |
| 6601. | | Abravanell, Sol Jakov | W | To | " | 20.4.1923 | Schneiderin |
| 6602. | | Abravanell, Sara Jakov | W | To | " | 21.3.1932 | - |
| 6603. | 37/11 | ***Aroesti, Menachem Muschon*** | M | FH | Knias Simeon 68 | 14.6.1902 | Opankenmacher |
| 6604. | | Aroesti, Alegra Menachem | W | Ehfr | " | 15.11.1918 | Hausfrau |
| 6605. | | Aroesti, Miriam Menachem | W | To | " | 22.8.1914 | - |
| 6606. | | Aroesti, Menachem Muschon | W | Mu | Zar Biris 8 | 16.31863 | Hausfrau |
| 6607. | | Aroesti, Sinto Muschon | M | Rr | " | 28.4.1910 | Opankenmacher |
| 6608. | 35/6 | ***Assael, Besale* Simanto*** | M | FH | S ivnitza 7 | 15.1.1904 | - |
| 6609. | | Assael, Mari Bessore | W | Ehfr | " | 30.3.1912 | - |
| 6610. | | Assael, Simanto Bessore | M | So | " | 22.7.1932 | - |
| 6611. | | Assael, Reina Bessore<br>Реина, мајка на Бесале | W | To | " | 5.1.1936 | - |
| 6612. | 37/9 | ***Bonano, Isak Mordochai*** | M | FH | T. Lassaroff 41 | 28.1.1898 | Kaufmann |
| 6613. | | Bonano, Estrea Isak | W | Ehfr | " | 14.3.1912 | Schneiderin |
| 6614. | | Bonano, Mordo Isak | M | So | " | 8.11.1935 | Schuler |
| 6615. | | Bonano, Mayer Isak | M | So | " | 17.11.1937 | - |
| 6616. | | Bonano, Josef Isak | M | So | " | 22.2.1941 | - |
| 6617. | | Bonano, Rekula Mordochai | W | Mu | " | 16.3.1888 | Hausfrau |
| 6618. | | Bonano, Birija Mordochai | M | Br | " | 18.2.1918 | Schneider |
| 6619. | | Bonano, Pinchas Mordochai | M | Br | " | 23.11.1923 | Elektriker |

* Бесале е допишано со рака над прецртното Besoore. Нема податок кое име и точно. Сите имиња во овој список на кирилица се пренесени онака како што се допишувани во германските списоци.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6620. | 34/21 | ***Bonano, Mentesch David*** | M | FH | T. Lazaroff 33 | 30.1.1908 | Schuster |
| 6621. | | Bonano, Mari Mordo | W | Ehfr | " | 1.1.1915 | Hausfrau |
| 6622. | | Bonano, Sol Mordo | W | To | " | 20.2.1938 | - |
| 6623. | | Bonano, Dschamila David | M | Mu | " | 30.1.1890 | - |
| 6624. | | Bonano, Haim David | M | Br | " | 2.2.1991 | - |
| 6625. | 59/21 | ***Faradschi, Mordo T.*** | M | FH | T. Lazaroff 20 | 3.2.1917 | Drusker |
| 6626. | | Ferarschi, Sarina Mordo | W | Ehfr | " | 4.3.1924 | Hausfrau |
| 6627. | | Ferarschi, Luna Mordo | W | To | " | 23.7.1943 | - |
| 6628. | 38/18 | ***Faradschi, Todoriko Moddochai*** | M | FH | Knais Simein 66 | 4.11.1885 | Drusker |
| 6629. | | Faradschi, Sara Todoriko | W | Ehfr | " | 5.6.1895 | Hausfrau |
| 6630. | | Faradschi, Juli Todoriko | W | To | " | 28.1.1927 | - |
| 6631. | | Faradschi, Mosche Todoriko | M | So | " | 30.6.1920 | Areiter |
| 6632. | 38/13 | ***Hassan, Salvator Jechua*** | M | FH | Zar Boris 10 | 17.11.1922 | Arbeiter |
| 6633. | | Hassan, Mordo Jechua | M | Br | " | 18.1.1927 | Schuhmacher |
| 6634. | | Hassan, Pinchas Jechua | M | Br | " | 29.2.1930 | - |
| 6635. | 35/24 | ***Jakar, Samuel Mordo*** | M | FH | Zar Boris 9 | 2.5.1916 | Kaufman |
| 6636. | | Jakar,Pepo Mordo | M | Br | " | 27.8.1917 | Kaufman |
| 6637. | | Jakar, Schalja Mordo | W | Schw | " | 20.4.1920 | Hausfrau |
| 6638. | | Jakar, Ana Mordo | W | Schw | " | 5.9.1922 | Hausfrau |
| 6639. | | Jakar, Issak Mordo | M | Br | " | 11.11.1927 | Schuler |
| 6640. | | Jakar, Marika Mordo | W | Schw | " | 26.8.1930 | Schulerin |
| 6641. | 35/19 | ***Kapuano, Avram Jose*** | M | FH | T. Lasaroff 33 | 5.1.1890 | Strassenbandler |
| 6642. | | Kapuano, Sarina Avram | W | Ehfr | " | 1.1.1898 | Hausfrau |
| 6643. | | Kapuano, Sterina Avram | W | To | " | 15.4.1926 | - |
| 6644. | | Kapuano, Josef Avram | M | So | " | 30.3.1929 | - |
| 6645. | | Kapuano, Salvador Avram | M | So | " | 14.12.1932 | - |
| 6646. | 33/6 | ***Kapuano, Bessele Haim*** | M | FH | Zar Boris 4 | 1.3.1897 | - |
| 6647. | | Kapuano, Ema Bessele | W | Ehfr | " | 4.2.1895 | Hausfrau |
| 6648. | | Kapuano, Dora Bessele | W | To | " | 12.5.1923 | - |
| 6649. | | Kapuano, Esterina Bessele | W | To | " | 25.8.1925 | - |
| 6650. | | Kapuano, Sara Bessele | W | To | " | 7.6.1929 | - |
| 6651. | | Kapuano, Luca Bessele | W | To | " | 14.8.1932 | - |
| 6652. | | Kapuano, Sara Haim | W | Mu | " | 19.5.1871 | Hausfrau |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6653. | 33/15 | ***Kapuano, Dario Haim*** | M | FH | M. Raswigoroff 3 | 10.12.1895 | Kolonialwarenhandler |
| 6654. | | Kapuano, Gracja Dario | W | Ehfr | " | 15.12.1898 | Hausfrau |
| 6655. | | Kapuano, Josef Haim | M | So | " | 23.5.1923 | - |
| 6656. | | Kapuano, Pinchea Dario | M | So | " | 28.9.1929 | - |
| 6657. | | Kapuano, Hana Dario | W | To | " | 24.4.1932 | - |
| 6658. | 37/15 | ***Kapuano, David Haim*** | M | FH | T. Lasaroff 24 | 22.4.1906 | Kramer |
| 6659. | | Kapuano, Dona David | W | Ehfr | " | 16.3.1910 | Hausfrau |
| 6660. | | Kapuano, Mijiam David | W | To | " | 8.11.1935 | Schulrin |
| 6661. | | Kapuano, Esteria David | W | To | " | 10.1.1941 | - |
| 6662. | 33/10 | ***Kapuano, David Salamon*** | M | FH | M. Rasigovoff 2 | 4.2.1904 | Kaufmann |
| 6663. | | Kapuano, Rekula David | W | Ehfr | " | 7.5.1905 | Hausfrau |
| 6664. | | Kapuano, Berta David | W | To | " | 7.7.1929 | - |
| 6665. | | Kapuano, Adela David | W | To | " | 15.3.1932 | - |
| 6666. | | Kapuano, Salamon David | M | So | " | 23.5.1934 | - |
| 6667. | | Kapuano, Bembenu Salamon | W | Mu | Knias Simeon 68 | 14.9.1875 | - |
| 6668. | 35/17 | ***Kapuano, Haim Juda*** | M | FH | Benito Mussolini 11 | 19.5.1863 | Strassenhandler |
| 6669. | | Kapuano, Rejna Salamon | W | Ehfr | " | 29.9.1870 | Hausfrau |
| 6670. | 37/16 | ***Kapuano, Haim Juda*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 23.6.1865 | Strassenhandler |
| 6671. | | Kapuano, Rejna Juda | W | Mu | " | 31.8.1873 | Hausfrau |
| 6672. | 38/3 | ***Kapuano, Isak Haim*** | M | FH | Zar Simeon 2 | 17.1.1901 | Arbeiter |
| 6673. | | Kapuano, Dona Isak | W | Ehfr | " | 4.10.1916 | Hausfrau |
| 6674. | | Kapuano, Avram Isak | M | So | " | 2.9.1931 | Schuler |
| 6675. | | Kapuano, Haim Isak | M | So | " | 28.7.1936 | - |
| 6676. | | Kapuano, Sara Isak | W | To | " | 27.7.1941 | - |
| 6677. | 34/15 | ***Kapuano, Isak Mosche*** | M | FH | M. Rasvigoroff - | 20.1.1877 | - |
| 6678. | | Kapuano, Mari Haim | W | Ehfr | " | 20.9.1890 | - |
| 6679. | 36/15 | ***Kapuano, Menachem Salamo*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 27.5.1881 | Fleisher |
| 6680. | | Kapuano, Mathilda Menachem | W | Ehfr | " | 24.7.1892 | Hausfrau |
| 6681. | 38/2 | ***Kapuano, Sara Haim*** | W | FH | T. Lasaroff - | 18.6.1870 | Hausfrau |
| 6682. | | Kapuano, Betterina Haim | W | To | " | 22.2.1916 | Hausfrau |
| 6683. | 33/5 | ***Kapuano, Samuel Haim*** | M | FH | Zar Boris 3 | 5.5.1881 | - |
| 6684. | | Kapuano, Gracija Samuel | W | Ehfr | " | 9.6.1886 | - |
| 6685. | | Kapuano, Menachem Samuel | M | So | " | 25.4.1912 | Zahnarzt |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6686. | | Kapuano, Haim Samuel | M | So | " | 8.3.1910 | Kaufman |
| 6687. | | Kapuano, Margo Haim | W | Schw | " | 5.6.1915 | Kaufman |
| 6688. | | Kapuano, Samuel Haim | M | En | " | 6.8.1939 | - |
| 6689. | 36/1 | ***Kasorla, Mayer Mosche*** | M | FH | Zar Simeon - | 22.4.1910 | - |
| 6690. | | Kasorla, Julija Mayer | W | Ehfr | " | 20.4.1920 | Hausfrau |
| 6691. | | Kasorla, Juda Mayer | M | So | " | 2.11.1941 | Geistlicher |
| 6692. | 33/23 | ***Koen, Beja Haim*** | W | FH | M. Rasfigoroff 15 | 24.7.1889 | Hausfrau |
| 6693. | | Koen, Hana Haim | W | To | " | 3.1.1921 | - |
| 6694. | | Koen, Klara Haim | W | To | " | 16.3.1930 | - |
| 6695. | 38/6 | ***Koen, David Josef*** | M | FH | T. Lasaroff 45 | 16.11.1902 | Schlosser |
| 6696. | | Koen, Matilda David | W | Ehfr | " | 28.12.1911 | Hausfrau |
| 6697. | | Koen, Jana David | W | To | " | 1.5.1930 | Shulerin |
| 6698. | | Koen, Redjina David | W | To | " | 4.3.1932 | Shulerin |
| 6699. | | Koen, Josef David | M | So | " | 8.6.1935 | Shuler |
| 6700. | | Koen, Sara David | W | To | " | 4.2.1939 | - |
| 6701. | | Koen, Bischu David | W | To | " | 16.11.1942 | - |
| 6702. | | Koen, Djamila David | W | Mu | " | 23.12.1870 | Hausfrau |
| 6703. | | Koen, Wida David | W | Schw | " | 7.8.1916 | Shulerin |
| 6704. | | Koen, Rebeka David | W | Schw | " | 20.2.1939 | Shulerin |
| 6705. | 33/12 | ***Koen, David Mosche*** | M | FH | M. Raswigoroff 3 | 10.2.1870 | Kaufmann |
| 6706. | | Koen, Perla David | W | Ehfr | " | 9.2.1887 | Hausfrau |
| 6707. | | Koen, Sara David | W | To | " | 18.7.1927 | - |
| 6708. | 33/14 | ***Koen, Jako Mosche*** | M | FH | M. Rasfigoroff 15 | 3.5.1896 | Kaufmann |
| 6709. | | Koen, Raschel Jako | W | Ehfr | " | 7.7.1898 | Hausfrau |
| 6710. | | Koen, Samuel David | M | So | " | 12.7.1920 | - |
| 6711 | | Koen, Birja David | W | To | " | 20.7.1921 | - |
| 6712 | | Koen, Luna Jako | W | To | " | 12.6.1925 | Schneiderin |
| 6713 | 34/5 | ***Levi, Albert Issak*** | M | FH | Zar Boris 12 | 4.3.1900 | Kolonialwarenhandler |
| 6714 | | Levi, Raschel Issak | W | Ehfr | " | 20.1.1906 | Hausfrau |
| 6715 | | Levi, Issak Issak | M | So | " | 14.3.1928 | Schuler |
| 6716 | | Levi, Meri Issak | W | To | " | 26.2.1933 | - |
| 6717 | | Levi, Issak David | M | Va | " | 24.3.1860 | - |
| 6718 | 34/9 | ***Levi, Aron Jossef*** | M | FH | Benito Musolini 12 | 21.10.1896 | Lederhandler |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6719 | | Levi, Dischu Avam | W | Ehfr | " | 30.3.1902 | Hausfau |
| 6720 | | Levi, Samuel Aron | M | So | " | 25.6.1925 | _ |
| 6721 | | Levi, Jakov Aron | M | So | " | 22.2.1929 | _ |
| 6722 | | Levi, Josef Avam | M | So | " | 6.5.1932 | _ |
| 6723 | | Levi, David Aron | M | | " | 28.7.1936 | _ |
| 6724 | 35/5 | *Levi, Aron Mechano* | M | FH | Zar Boris 30 | 14.9.1900 | _ |
| 6725 | | Levi, Bunosa Aron | W | Ehfr | " | 27.5.1906 | _ |
| 6726 | | Levi, David Aron | M | So | " | 27.10.1930 | _ |
| 6727 | | Levi, Derissa Mechano | W | Mu | " | 19.7.1873 | _ |
| 6728 | | Levi, Lisa Aron | W | To | " | 27.10.1930 | _ |
| 6729 | 34/23 | *Levi Baruch Boher* | M | FH | T. Lazaroff 33 | 1.10.1868 | Kaufmann |
| 6730 | | Levi Mirijam Baruch | W | Ehfr | " | 10.11.1870 | _ |
| 6731 | 35/7 | *Levi, David Avram* | M | FH | Sliwnitza 4 | 10.2.1894 | _ |
| 6732 | | Levi, Hanna David | W | Ehfr | " | 15.1.1885 | _ |
| 6733 | | Levi, Schimon David | M | So | " | 15.12.1918 | Schneider |
| 6734 | | Levi, Sterina David | W | To | " | 1.1.1909 | Hausfrau |
| 6735 | | Levi, Salvador David | M | So | " | 12.11.1921 | _ |
| 6736 | | Levi, Perla David | W | To | " | 16.11.1924 | _ |
| 6737 | | Levi, Menachem David | M | So | | 12.8.1929 | Schuler |
| 6738 | 35/2 | *Levi, David Issak* | M | FH | T. Lasaroff 33 | 13.4.1891 | Mehlhandler |
| 6739 | | Levi, Perla David | W | Ehfr | " | 17.5.1895 | Hausfrau |
| 6740 | | Levi, Issak David | M | So | " | 19.2.1922 | Strassenhandler |
| 6741 | | Levi, Jako David | W | So | " | 23.5.1925 | Sshlosser |
| 6742 | | Levi, Marika David | W | To | " | 12.2.1928 | _ |
| 6743 | | Levi, Schana David | W | To | " | 13.5.1933 | _ |
| 6744 | 33/16 | *Levi, David Jussef* | M | FH | M. Raswigoroff 18 | 15.12.1894 | Kolonialwarenhandler |
| 6745 | | Levi, Sarina Dario | W | Ehfr | " | 8.3.1884 | Hausrau |
| 6746 | | Levi, Bela Dario | W | To | " | 12.9.1922 | Schneiderin |
| 6747 | | Levi, Josef Dario | M | So | " | 15.12.1923 | Arbeiter |
| 6748 | | Levi, Avram Dario | M | So | " | 12.11.1933 | _ |
| 6749 | 34/24 | *Levi, Haim David* | M | FH | T. Lazaroff 12 | 11.1.1863 | Priester |
| 6750 | | Levi, Dona Haim | W | Ehfr | " | 15.3.1883 | Haufrau |
| 6751 | | Levi, Schana Haim | W | To | " | 20.1.1917 | Scheiderin |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6719 | | Levi, Dischu Avam | W | Ehfr | " | 30.3.1902 | Hausfau |
| 6720 | | Levi, Samuel Aron | M | So | " | 25.6.1925 | - |
| 6721 | | Levi, Jakov Aron | M | So | " | 22.2.1929 | - |
| 6722 | | Levi, Josef Avam | M | So | " | 6.5.1932 | - |
| 6723 | | Levi, David Aron | M | | " | 28.7.1936 | - |
| 6724 | 35/5 | ***Levi, Aron Mechano*** | M | FH | Zar Boris 30 | 14.9.1900 | - |
| 6725 | | Levi, Bunosa Aron | W | Ehfr | " | 27.5.1906 | - |
| 6726 | | Levi, David Aron | M | So | " | 27.10.1930 | - |
| 6727 | | Levi, Derissa Mechano | W | Mu | " | 19.7.1873 | - |
| 6728 | | Levi, Lisa Aron | W | To | " | 27.10.1930 | - |
| 6729 | 34/23 | ***Levi Baruch Boher*** | M | FH | T. Lazaroff 33 | 1.10.1868 | Kaufmann |
| 6730 | | Levi Mirijam Baruch | W | Ehfr | " | 10.11.1870 | - |
| 6731 | 35/7 | ***Levi, David Avram*** | M | FH | Sliwnitza 4 | 10.2.1894 | - |
| 6732 | | Levi, Hanna David | W | Ehfr | " | 15.1.1885 | - |
| 6733 | | Levi, Schimon David | M | So | " | 15.12.1918 | Schneider |
| 6734 | | Levi, Sterina David | W | To | " | 1.1.1909 | Hausfrau |
| 6735 | | Levi, Salvador David | M | So | " | 12.11.1921 | - |
| 6736 | | Levi, Perla David | W | To | " | 16.11.1924 | - |
| 6737 | | Levi, Menachem David | M | So | | 12.8.1929 | Schuler |
| 6738 | 35/2 | ***Levi, David Issak*** | M | FH | T. Lasaroff 33 | 13.4.1891 | Mehlhandler |
| 6739 | | Levi, Perla David | W | Ehfr | " | 17.5.1895 | Hausfrau |
| 6740 | | Levi, Issak David | M | So | " | 19.2.1922 | Strassenhandler |
| 6741 | | Levi, Jako David | W | So | " | 23.5.1925 | Sshlosser |
| 6742 | | Levi, Marika David | W | To | " | 12.2.1928 | - |
| 6743 | | Levi, Schana David | W | To | " | 13.5.1933 | - |
| 6744 | 33/16 | ***Levi, David Jussef*** | M | FH | M. Raswigoroff 18 | 15.12.1894 | Kolonialwarenhandler |
| 6745 | | Levi, Sarina Dario | W | Ehfr | " | 8.3.1884 | Hausrau |
| 6746 | | Levi, Bela Dario | W | To | " | 12.9.1922 | Schneiderin |
| 6747 | | Levi, Josef Dario | M | So | " | 15.12.1923 | Arbeiter |
| 6748 | | Levi, Avram Dario | M | So | " | 12.11.1933 | - |
| 6749 | 34/24 | ***Levi, Haim David*** | M | FH | T. Lazaroff 12 | 11.1.1863 | Priester |
| 6750 | | Levi, Dona Haim | W | Ehfr | " | 15.3.1883 | Haufrau |
| 6751 | | Levi, Schana Haim | W | To | " | 20.1.1917 | Scheiderin |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6752 | | Levi, Mois Haim | M | So | " | 5.3.1919 | Handelsgehilfe |
| 6753 | | Levi, David Haim | M | So | | 13.7.1923 | Schneider |
| 6754 | 33/15 | ***Levi, Haim Mosche*** | M | FH | M. Raswigoroff 7 | 5.7.1880 | Getreidehandler |
| 6755 | | Levi, Esterina Haim | W | Ehfr | " | 30.3.1893 | Hausfrau |
| 6756 | | Levi, Mois Haim | M | So | " | 22.9.1921 | – |
| 6757 | | Levi, David Haim | M | So | " | 5.12.1923 | – |
| 6758 | | Levi, Pava Haim | W | To | " | 23.3.1924 | – |
| 6759 | 34/16 | ***Levi, Haim Nissim*** | M | FH | M. Raswigorov 7 | 23.3.1899 | Alwarenhandler |
| 6760 | | Levi, Dora Haim | W | To | " | 2.4.1932 | - |
| 6761 | | Levi, Marika Haim | W | To | " | 27.20.(?)1936 | - |
| 6762 | 34/7 | ***Levi, Issak Baruch*** | M | FH | Zar Simeon 2 | 17.4.1910 | Lederhandler |
| 6763 | | Levi, Dora Issak | W | Rhfr | " | 12.1.1915 | Hausfrau |
| 6764 | | Levi, Schana Issak | W | T | " | 1.10.1938 | - |
| 6765 | | Levi, Beja Issak | W | Mu | " | 21..1888 | Hausfrau |
| 6766 | 34/10 | ***Levi, Jakov David*** | M | FH | Zar Boris 8 | 21.5.1868 | Kaufman |
| 6767 | | Levi, Mira Jakov | W | Rhfr | " | 23.10.1870 | Hausfrau |
| 6768 | | Levi, Josef David | M | Br | " | 8.1.1870 | Kaufmann |
| 6769 | | Levi, Bimbunu Josef | W | Schw | " | 21.3.1880 | Hausfrau |
| 6770 | 35/4 | ***Levi, Mair Mosche*** | M | FH | T. Lasaroff 41 | 1.2.1911 | - |
| 6771 | | Levi, Luna Mair | W | Ehfr | " | 10.4.1923 | - |
| 6772 | | Levi, Mosche Maire | M | So | " | 1.3.1941 | - |
| 6773 | 35/22 | ***Levi, Mari Juda*** | W | FH | Sliwnica 1 | 22.5.1890 | Hausfrau |
| 6774 | | Levi, Pepo Juda | M | So | " | 16.6.1916 | Apothekar |
| 6775 | | Levi, Bessale Juda | M | So | " | 18.9.1925 | Arbeiter |
| 6776 | | Levi, Dora Juda | W | To | " | 16.6.1927 | Hausfrau |
| 6777 | | Levi, David Juda | M | So | " | 1928 | Lehnrling |
| 6778 | | Levi, Rufel Juda | M | so | " | 9.3.1930 | Schuler |
| 6779 | | Levi, Jakov Juda | M | So | " | 14.6.1933 | - |
| 6780 | | Levi, Boena Juda | W | To | " | 29.8.1935 | Schulerin |
| 6781 | | Levi, Mari Juda | W | To | " | 29.8.1935 | - |
| 6782 | 35/11 | ***Levi, Marika Avram*** | W | FH | Zar Simeon 9 | 15.3.1890 | Hausfrau |
| 6783 | | Levi, Sterina Avram | W | To | " | 5.10.1928 | - |
| 6784 | | Levi, Rufel Avram | M | To | " | 15.1.1934 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6785 | 34/14 | ***Levi, Mois Issak*** | M | FH | Zar Simeon 2 | 20.1.1896 | Fruchtehandler |
| 6786 | | Levi, Rebeka Mois | W | Ehfr | " | 30.3.1900 | Hausfrau |
| 6787 | | Levi, Isak Mois | M | So | " | 14.2.1925 | Apothekergehilfe |
| 6788 | | Levi, Viktorija Mois | W | To | " | 28.7.1933 | - |
| 6789 | | Levi, Baka Mois | M | So | " | 10.3.1926 | - |
| 6790 | | Levi, Schana Mois | W | To | " | 12.5.1932 | - |
| 6791 | | Levi, Miriam Isak | W | Mu | " | 2.5.1876 | - |
| 6792 | 33/17 | ***Levi, Mosche Isak*** | M | FH | T. Lasaroff 33 | 13.1.1890 | - |
| 6793 | | Levi, Rekula Mosche | W | Ehfr | " | 3.3.1866 | Hausfrau |
| 6794 | 35/3 | ***Levi, Muschon Haim*** | M | FH | T. Lasaroff 41 | 15.8.1875 | Strassenhandler |
| 6795 | | Levi, Hana Muschon | W | To | " | 10.9.1923 | - |
| 6796 | | Levi, Rebeka Muschon | W | To | " | 10.4.1920 | - |
| 6797 | 35/18 | ***Levi, Nissim Haim*** | M | FH | M. Rasvigoroff 7 | 2.3.1887 | - |
| 6798 | | Levi, Gracija Nissim | W | Ehfr | " | 30.1.1889 | Hausfrau |
| 6799 | | Levi, Albert Nissim | M | So | " | 23.2.1922 | Schneider |
| 6800 | | Levi, Mosche Nissim | M | So | " | 3.10.1928 | Schneider |
| 6801 | | Levi, Bela Nissim | W | To | " | 3.1.1930 | - |
| 6802 | | Levi, Rufel Nissim | M | So | " | 14.2.1907 | - |
| 6803 | 34/11 | ***Levi, Rufel Josef*** | M | FH | Kn. Simeon 83 | 27.1.1907 | Zimmermann |
| 6804 | | Levi, Palomba Rufel | W | Ehfr | " | 16.3.1916 | Hausfrau |
| 6805 | | Levi, Josef Rufel | M | So | " | 22.3.1937 | - |
| 6806 | | Levi, Marika Rufel | W | To | " | 3.1.1939 | - |
| 6807 | 34/13 | ***Levi, Rufel Mordoschej*** | M | FH | M. Rasvigoroff 18 | 20.10.1913 | Speditor |
| 6808 | | Levi, Sinjora Rufel | W | Ehfr | " | 30.1.1914 | Schneiderin |
| 6809 | | Levi, Ester Rufel | W | To | " | 21.2.1941 | Hausfrau |
| 6810 | | Levi, Dudun Mordoschej | W | Mu | " | 4.10.1878 | |
| 6811 | 35/23 | ***Levi, Salomon Juseff*** | M | FH | Zar Boris 11 | 20.8.1902 | Bauholzhandler |
| 6812 | | Levi, Haun Salomon | W | Ehfr | " | 22.9.1910 | Hausfau |
| 6813 | | Levi, Rachel Salomon | W | To | " | 11.3.1932 | Schulerin |
| 6814 | | Levi, Berta Salomon | W | To | " | 26.4.1936 | Schulerin |
| 6815 | | Levi, Juseff Salomon | M | So | " | 25.12.1937 | Schuler |
| 6816 | 34/18 | ***Levi, Salomon Mosche*** | M | FH | T. Lasaroff 33 | 20.10.1900 | - |
| 6817 | | Levi, Klara Salomon | W | Ehfr | " | 3.10.1909 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6818 | | Levi, Reina Salomon | W | To | " | 4.3.1930 | - |
| 6819 | | Levi, Stella Salomon | W | To | " | 7.10.1935 | - |
| 6820 | 34/6 | *Levi, Samuel Jakov* | M | FH | P. K. Javoroff 14 | 23.4.1908 | Kolonialwarenhandler |
| 6821 | | Levi, Esterina Samuel | W | Ehfr | " | 10.2.1912 | Hausfrau |
| 6822 | | Levi, Dora Samuel | W | To | " | 30.5.1934 | - |
| 6823 | | Levi, Schak Samuel | M | So | " | 10.2.1936 | - |
| 6824 | | Levi, Buena Jakov | W | Schw | " | 20.4.1900 | Hausfrau |
| 6825 | | Levi, Issak Jakov | M | Br | " | 3.11.1915 | Kolonialwarenhandler |
| 6826 | 33/18 | *Levi, Streja Isak* | W | FH | Zar Simeon 12 | 3.3.1905 | - |
| 6827 | | Levi, Mojs Isak | M | So | " | 23.1.1929 | - |
| 6828 | | Levi, Rebeka Isak | W | To | " | 19.5.1933 | - |
| 6829 | | Levi, Issak Isak | M | So | " | 6.11.1942 | - |
| 6830 | 35/20 | *Levi, Tschelebon Bocher* | M | FH | Zar Boris 3 | 20.10.1893 | Kaufmann |
| 6831 | | Levi, Luna Tschelebon | W | Ehfr | " | 5.11.1903 | Hausfrau |
| 6832 | | Levi, Adela Tschelebon | W | To | " | 1.9.1922 | - |
| 6833 | | Levi, Jusef Tschelebon | M | So | " | 15.8.1925 | Schneider |
| 6834 | | Levi, Ester Tschelebon | W | To | " | 15.8.1925 | - |
| 6835 | | Levi, Rebeka Tschelebon | W | To | " | 20.3.1934 | - |
| 6836 | 36/21 | *Levy, Baruch Josef* | M | FH | Zar Boris 11 | 5.4.1908 | Holzdndler |
| 6837 | | Levy, RebekaBaruch | W | Ehfr | " | 3.3.1910 | Hausfrau |
| 6838 | | Levy, Josef Baruch | M | So | " | 1.1.1934 | - |
| 6839 | | Levy; Benuta Baruch | W | To | " | 2.2.1938 | - |
| 6840 | 38/14 | *Levy, David Baruch* | M | FH | Zar Boris 7 | 11.6.1900 | Kramer |
| 6841 | | Levy, Flor David | W | Ehfr | " | 24.9.1898 | Hausfrau |
| 6842 | | Levy, Vital David | M | So | " | 17.7.1922 | Adraiter |
| 6843 | | Levy, Nachama David | M | So | " | 11.2.1925 | Lehrling |
| 6844 | | Levy, Anete David | W | To | " | 2.1.1921 | Hausfrau |
| 6845 | | Levy, Juli David | W | To | " | 21.4.1931 | Schulerin |
| 6846 | | Levy, Raschel David | W | To | " | 26.9.1936 | - |
| 6847 | 36/23 | *Levy, Djoja Haim* | W | FH | Zar Boris 14 | 4.11.1862 | Hausfrau |
| 6848 | | Koen, Stella Mois | W | En | " | 14.9.1932 | - |
| 6849 | 38/1 | *Levy, Haim Bessale* | M | FH | Zar Simeon 1 | 4.1.1885 | Kafetier |
| 6850 | | Levy, Sara Haim | W | Ehfr | " | 6.12.1888 | Hausfrau |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6851 | | *Levy, Bessale Haim* | M | So | " | 14.11915 | Arbaiter |
| 6852 | | Levy, Matiko Haim | W | To | " | 28.8.1924 | Hausfrau |
| 6853 | | Levy, Rekula Haim | W | To | " | 17.1.1933 | Schulerin |
| 6854 | | Levy, Luna Haim | W | Mu | " | 25.7.1849 | - |
| 6855 | 37/14 | ***Lavy, Mayer Jaka*** | M | FH | Maria Luisa 31 | 16.5.1907 | Fleischer |
| 6856 | | Lavy, Rosa Mayer | W | Ehfr | " | 28.8.1915 | Hausfrau |
| 6857 | | Lavy, Ester Mayer | W | To | " | 6.2.1938 | - |
| 6858 | | Lavy, Jako Mayer | M | So | " | 10.11.1941 | - |
| 6859 | | Lavy, Ester Jako | W | Mu | " | 15.2.1872 | Hausfrau |
| 6860 | 36/17 | ***Levy, Menachem Bochor*** | M | FH | Lasaroff 41 | 17.1.1900 | Kaufmann |
| 6861 | | Levy, Dudun Menachem | W | Ehfr | " | 14.10.1906 | Hausfrau |
| 6862 | | Levy, Regina Menachem | W | To | " | 5.6.1926 | - |
| 6863 | | Levy, Sara Menachem | W | To | " | 17.3.1929 | - |
| 6864 | | Levy, Baruch Menachem | M | So | " | 8.7.1933 | - |
| 6865 | 36/4 | ***Levy, Menachem Jakov*** | M | FH | Zar Boris 13 | 28.1.1890 | Kaufmann |
| 6866 | | Levy, Palomba Menachem | W | Ehfr | " | 28.8.1903 | Hausfrau |
| 6867 | | Levy, Jack Menachem | M | S | " | 10.12.1922 | Handelsgehilfe |
| 6868 | | Levy, Stella Menachem | W | To | " | 26.5.1926 | Schulerin |
| 6869 | | Levy, Baruh Menachem | M | So | " | 11.4.1930 | Schuler |
| 6870 | | Levy, Jakov Baruh | W | Va | " | 16.2.1852 | - |
| 6871 | | Levy, Paloma Jakov | W | Mu | " | 7.4.1855 | Hausfrau |
| 6872 | 36/14 | ***Levy, Sinto Haim*** | M | FH | Zar Simeon 5 | 8.11.1885 | Arbeiter |
| 6873 | | Levy, Palomba Sinto | W | Ehfr | " | 5.10.1890 | Hausfrau |
| 6874 | | Levy, Isak Sinto | W | So | " | 19.3.1922 | Schuster |
| 6875 | | Levy, Haim Sinto | M | So | " | 30.12.1924 | Schneider |
| 6876 | | Levy, Baruch Sinto | M | So | " | 9.3.1930 | Schuler |
| 6877 | 34/8 | ***Maslinos, Haim Mosche*** | M | FH | Zar Simeon 2 | 14.4.1867 | - |
| 6878 | 37/17 | ***Natan, Alberto Haim*** | M | FH | T. Lasarov 20 | 1.2.1891 | Kaufmann |
| 6879 | | Natan, Eleonora Alberto | W | Ehfr | " | 10.8.1898 | Hausfrau |
| 6880 | | Natan, Moris Alberto | M | So | " | 12.9.1925 | Schuler |
| 6881 | | Natan, Josepo Alberto | M | So | " | 14.6.1928 | Schuler |
| 6882 | 38/4 | ***Natan, Menachem David*** | M | FH | P.K. Jaworoff 13 | 17.12.1867 | Geistlicher |
| 6883 | | Natan, Hanu David | W | Ehfr | " | 24.5.1879 | Hausfrau |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6884 | | Natan, Mois David | M | So | " | 14.4.1916 | Angestellte |
| 6885 | | Natan, Sara David | W | To | " | 1.2.1920 | Schneiderin |
| 6886 | | Natan, Menachem | M | So | " | 17.6.1913 | Schneidergehilfe |
| 6887 | | Natan, Sarina Menachem | W | Schw | " | 22.10.1906 | Schneiderin |
| 6888 | 35/1 | ***Natan, Dona Pinchas*** | W | FH | T. Lasaroff 41 | 10.6.1865 | Hausfrau |
| 6889 | 37/12 | ***Natan, Juda Haim*** | M | FH | Maria Luisa 31 | 4.12.1907 | Fleischer |
| 6890 | | Natan, Soluna Juda | W | Ehfr | " | 5.5.1905 | Hausfrau |
| 6891 | | Natan, Geratia Juda | M | So | " | 5.6.1936 | - |
| 6892 | | Natan, Jakov Juda | M | So | " | 7.7.1938 | - |
| 6893 | | Natan, Baruch Juda | M | So | " | 18.1.1940 | - |
| 6894 | | Natan, Josef Juda | M | So | " | 25.11.1942 | - |
| 6895 | 34/25 | ***Natan, Juda Haim*** | M | FH | T. Lasaroff 12 | 15.5.1893 | Handelsgehilfe |
| 6896 | | Natan, Lutscha Juda | W | Ehfr | " | 1.3.1903 | Schneiderin |
| 6897 | | Natan, Sol Juda | W | To | " | 5.5.1923 | Schneiderin |
| 6898 | | Natan, Djamante Juda | W | To | " | 8.5.1925 | Schneiderin |
| 6899 | 35/14 | ***Natan, Menachem Muschon*** | M | FH | Sliwnitza 6 | 1.10.1895 | Arbeiter |
| 6900 | | Natan, Rashel Menachem | W | Ehfr | " | 12.5.1908 | Hausfrau |
| 6901 | | Natan, Schaana Menachem | W | To | " | 18.5.1939 | - |
| 6902 | | Natan, Mosche Menachem | M | So | " | 25.4.1932 | - |
| 6903 | | Natan, Rejna Menachem | W | To | " | 13.8.1937 | - |
| 6904 | | Natan, JosefMenachem Белиса | M | So | " | 26.11.1941 | - |
| 6905 | 34/3 | ***Natan, Miriam Sabetaj*** | W | FH | T. Lasaroff 20 | 13.1.1864 | Hausfau |
| 6906 | | Natan, Menachem Sabetaj | M | So | " | 4.4.1915 | Schneider |
| 6907 | 37/13 | ***Natan, Mordo Baruh*** | M | FH | Slivnitza 5 | 30.3.1915 | Fleischer |
| 6908 | | Natan, Sara Baruch | W | Ehfr | " | 4.11.1918 | Hausfrau |
| 6909 | | Natan, Garsja Baruch | W | Mu | " | 5.12.1868 | Hausfrau |
| 6910 | | Natan, Haim Baruch | M | Br | " | 7.1.1921 | Fleischer |
| 6911 | 36/10 | ***Natan, Josef Haim*** | M | FH | Zar Simeon 12 | 5.10.1902 | Kramer |
| 6912 | | Natan, Hanu Josef | W | Ehfr | " | 6.1.1909 | Hausfrau |
| 6913 | | Natan, Haim Josef | M | S | " | 15.6.1927 | Lehrling |
| 6914 | | Natan, Menachem Josef | M | So | " | 15.3.1930 | Schuler |
| 6915 | | Natan, Avram Josef | M | So | " | 17.6.1931 | Schuler |

Вснида Старата

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6916 | 37/18 | ***Rubissa, Avram Haim*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 5.4.1901 | - |
| 6917 | | Rubissa, Redjina Avram | W | Ehfr | " | 12.2.1907 | - |
| 6918 | | Rubissa, Alegra Avram | W | To | " | 14.6.1926 | - |
| 6919 | | Rubissa, Raschel Avram | W | To | " | 22.3.1931 | - |
| 6920 | | Rubissa, Hana Avram | W | To | " | 18.10.1939 | - |
| 6921 | | Rubissa, Haim Avram | M | So | " | 10.11.1941 | - |
| 6922 | 35/13 | ***Rubissa, Birja Haim*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 30.1.1880 | Klempner |
| 6923 | | Rubissa, Raschel Birja | W | Ehfr | " | 14.12.1898 | Hausfrau |
| 6924 | | Rubissa, Schiron Birja | M | So | " | 7.11.1924 | Klempner |
| 6925 | 34/1 | ***Rubissa, David Haim*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 23.11.1903 | Klempner |
| 6926 | | Rubissa, Esterina David | W | Ehfr | " | 13.4.1962 | Hausfrau |
| 6927 | | Rubissa, Anna David | W | To | " | 22.10.1923 | - |
| 6928 | | Rubissa, Schana David | W | To | " | 14.11.1925 | - |
| 6929 | | Rubissa, Pepo David | M | So | " | 20.5.1925 | - |
| 6930 | | Rubissa, Gracia David | W | To | " | 30.5.1934 | - |
| 6931 | 35/12 | ***Rubissa, Nissim Lijan*** | M | FH | Zar Simeon 5 | 10.10.1907 | Kutscher |
| 6932 | | Rubissa, Hanu Nissim | W | Ehfr | " | 1.3.1912 | Hausfrau |
| 6933 | | Rubissa, Liaju Nissim | M | So | " | 12.9.1932 | - |
| 6934 | | Rubissa, Dschoja Nissim | W | To | " | 12.10.1930 | - |
| 6935 | | Rubissa, Kinis Nissim | M | So | " | 3.1.1931 | - |
| 6936 | | Rubissa, Klara Nissim | W | To | " | 29.1.1938 | - |
| 6937 | 38/7 | ***Rubissa, Salamo Liau*** | M | FH | Zar Boris 6 | 8.6.1898 | Arbeiter |
| 6938 | | Rubissa, Malka Salamo | W | Ehfr | " | 17.7.1906 | Hausfrau |
| 6939 | | Rubissa, Wida Salamo | W | To | " | 18.11.1929 | Schulerin |
| 6940 | | Rubissa, Josef Salamo | M | So | " | 28.1.1931 | Schuler |
| 6941 | | Rubissa, Liau Salamo | M | So | " | 1.12.1933 | Schuler |
| 6942 | | Rubissa, Matika Salamo | W | To | " | 28.6.1936 | - |
| 6943 | 35/21 | ***Rufel, Haim Bochor*** | M | FH | Benito Musolini 15 | 10.3.1870 | Kaufman |
| 6944 | | Rufel, Gracia Haim | W | Ehfr | " | 25.8.1880 | Hausfrau |
| 6945 | | Rufel, Schak Haim | M | So | " | 15.3.1915 | Kaufman |
| 6946 | 37/20 | ***Saadi, Mordo Bochor*** | M | FH | T. Lasaroff 33 | 15.10.1915 | StraBenhandler |
| 6947 | | Saadi, Dchul Mordo | W | Ehfr | " | 10.2.1915 | Hausfrau |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6948 | | Saadi, Isak Mordo | M | So | " | 1.10.1940 | - |
| 6949 | 35/9 | *Sion, Avram David* | M | FH | Zar Simeon 12 | 15.10.1908 | Handwerker |
| 6950 | | Sion, Marka Avram | W | Ehfr | " | 25.2.1913 | Hausfrau |
| 6951 | | Sion, David Avram | W | To | " | 13.3.1933 | - |
| 6952 | | Sion, Gracija Avram | W | To | " | 18.4.1939 | - |
| 6953 | | Sion, Gracia David | W | Mu | " | 15.10.1877 | Hausfrau |
| 6954 | | Sion, Jakov David<br>Има и син Исак | M | Br | " | 10.3.1921 | Schuster |
| 6955 | 35/8 | *Sion, Avram M.* | M | FH | D. Grosdanoff 1 | 5.1.1882 | Handwerker |
| 6956 | | Sion, Storina Avram | W | Ehfr | " | 10.5.1885 | Hausfrau |
| 6957 | | Sion, Matilda Avram | W | To | " | 20.2.1916 | Schneiderin |
| 6958 | | Sion, Salomon Matildi | M | En | " | 18.9.1938 | - |
| 6959 | 33/3 | *Sion, Avram Mosche* | M | FH | Benito Musolini 18 | 18.3.1904 | - |
| 6960 | | Sion, Sterina Avram | W | Ehfr | " | 16.10.1912 | Hausfrau |
| 6961 | | Sion, Ana Avram | W | To | " | 27.1.1938 | - |
| 6962 | | Sion, Gracija Avram | W | To | " | 21.3.1940 | - |
| 6963 | 34/2 | *Sion, Baruch Liatacha* | M | FH | T. Lasaroff 41 | 15.3.1892 | Trager |
| 6964 | | Sion, Sterina Baruch | W | Ehfr | " | 14.5.1901 | Hausfrau |
| 6965 | | Sion, Sara Baruch | M | To | " | 12.3.1939 | - |
| 6966 | 36/3 | *Sion, Baruch Menachem* | M | FH | T. Lasaroff 24 | 25.12.1885 | Kaufman |
| 6967 | | Sion, Mari Baruch | W | Ehfr | " | 5.5.1890 | Hausfrau |
| 6968 | | Sion, Stella Baruch | W | To | " | 17.12.1918 | - |
| 6969 | | Sion, Avram Baruch | M | So | " | 22.4.1921 | Student |
| 6970 | | Sion, Matika Baruch | W | To | " | 14.11.1923 | - |
| 6971 | 37/21 | *Sion, David Avram* | M | FH | Zar Boris 2 | 8.1.1880 | Obsthandler |
| 6972 | | Sion, Dudun David | W | Ehfr | " | 24.2.1880 | Hausfrau |
| 6973 | | Sion, Baruch David | M | So | " | 13.11.1908 | Obsthandler |
| 6974 | | Sion, Luna Baruch | W | Schw | " | 18.6.1914 | Hausfrau |
| 6975 | | Sion, Uachana Baruch | M | En | " | 22.7.1942 | - |
| 6976 | | Levi, Rekula Menachem | W | V | " | 31.6.1883 | Haufsfrau |
| 6977 | 36/22 | *Sion, David Menachem* | M | FH | Zar Boris 14 | 5.6.1884 | Arbeiter |
| 6978 | | Sion, Dudun David | W | Ehfr | " | 6.12.1890 | Hausfrau |
| 6979 | | Sion, Baruch David | M | So | " | 9.13.1920 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6980 | | *Sion, Marika David* | W | To | " | 8.4.1923 | - |
| 6981 | | Sion, Menachem David | M | So | " | 10.8.1910 | Arbeiter |
| 6982 | | Sion, Jana Menachem | W | Schw | " | 21.9.1921 | - |
| 6983 | | Sion, Mathilda Menachem | W | En | " | 11.10.1942 | - |
| 6984 | 38/10 | ***Sion, David Menachem*** | M | FH | Sliwnitza 5 | 22.10.1877 | Arbeiter |
| 6985 | | Sion, Sunhula David | W | Ehfr | " | 17.2.1879 | Hausfrau |
| 6986 | | Muslinos, Alegra Mosche | W | En | " | 25.2.1922 | Hausfrau |
| 6987 | 33/2 | ***Sion, David Moshe*** | M | FH | Knjaz Simeon 76 | 16.8.1876 | Mehlhandler |
| 6988 | | Sion, Sonhula David | W | Ehfr | " | 10.4.1888 | Hausfrau |
| 6989 | | Sion, Maschel David | M | So | " | 16.3.1916 | - |
| 6990 | | Sion, Anri David | M | So | " | 13.4.1918 | - |
| 6991 | | Sion, Jako David | M | So | " | 1.9.1926 | - |
| 6992 | 34/4 | ***Sion, David Samuel*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 20.1.1877 | - |
| 6993 | 38/5 | ***Sion, David Samuel*** | M | FH | D. Grosdanoff 1 | 17.3.1907 | Arbeiter |
| 6994 | | Sion, Rekula David | W | Ehfr | " | 28.1.1918 | Hausfrau |
| 6995 | | Sion, Baruch David | M | So | " | 4.4.1942 | - |
| 6996 | | Sion, Solina Samuel | W | Schw | Sliwnitza 7 | 8.10.1920 | Schneiderin |
| 6997 | | Sion, Dona Samuel | W | Mu | " | 6.2.1888 | Hausfrau |
| 6998 | 36/8 | ***Sion, Donna David*** | W | FH | Zar Simeon 15 | 18.10.1867 | Hausfrau |
| 6999 | 34/17 | ***Sion, Dudan David*** | W | FH | M. Rasvigoroff 8 | 20.10.1886 | Hausfrau |
| 7000 | | Sion, Mois David | M | So | " | 26.7.1919 | Arbeiter |
| 7001 | | Sion, Raschela David | W | To | " | 11.3.1931 | - |
| 7002 | 34/19 | ***Sion, Gavriel Mosche*** | M | FH | T. Lazaroff 33 | 13.12.1896 | - |
| 7003 | | Sion, Diamanto Gavriel | W | Ehfr | " | 27.2.1901 | - |
| 7004 | | Sion, Jako Gavriel | M | So | " | 20.1.1924 | - |
| 7005 | | Sion, Mair Gavriel | M | So | " | 30.3.1927 | - |
| 7006 | | Sion, Alegra Gavriel | W | To | " | 3.8.1913 | - |
| 7007 | 36/18 | ***Sion, Gawriel Mosche*** | M | FH | T. Lazaroff 33 | 3.10.1890 | Arbeiter |
| 7008 | | Sion, Dudun Gawriel | W | Ehfr | " | 4.5.1899 | Hausfrau |
| 7009 | | Sion, Anna Gawriel | W | To | " | 15.2.1929 | - |
| 7010 | | Sion, Marika Gawriel | W | To | " | 24.4.1934 | - |
| 7011 | | Sion, Jack David | M | Schw | " | 3.8.1913 | Arbeiter |
| 7012 | 33/4 | ***Sion, Gracia David*** | W | FH | Zar Boris 19 | 5.5.1885 | Hausfrau |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7013 | | Sion, Kerolina David | W | To | " | 10.5.1923 | | - |
| 7014 | | Sion, Matilda David | W | To | " | 15.8.1928 | | - |
| 7015 | 38/11 | ***Sion, Haim Salamo*** | M | FH | Zar Boris 4 | 4.2.1911 | Arbeiter | |
| 7016 | | Sion, Marika Haim | W | Ehfr | " | 4.2.1917 | Hausfrau | |
| 7017 | | Sion, Jana Haim | W | To | " | 18.11.1934 | Schulerin | |
| 7018 | | Sion, Bella Haim | W | To | " | 14.6.1936 | | - |
| 7019 | | Sion, Matika Haim | W | To | " | 19.2.1941 | | - |
| 7020 | 35/15 | ***Sion, Isak Merkado*** | M | FH | Benito Musolini 11 | 15.3.1907 | Schneider | |
| 7021 | | Sion, Raschela Isak | W | Ehfr | " | 18.2.1911 | Hausfrau | |
| 7022 | | Sion, Julia Isak | W | To | " | 19.4.1934 | | - |
| 7023 | | Sion, Rufel Isak | M | So | " | 27.8.1935 | | - |
| 7024 | | Sion, Dora Isak | W | To | " | 9.1.1941 | | - |
| 7025 | 36/5 | ***Sion, Isak Pinkas*** | M | FH | Zar Simeon | 4.5.1890 | Kaufmann | |
| 7026 | | Sion, Esteria Isak | W | Ehfr | " | 10.8.1904 | Hausfrau | |
| 7027 | | Sion, Mathilda Isak | W | To | " | 11.11.1925 | | - |
| 7028 | | Sion, Pinkas Isak | M | So | " | 29.1.1929 | Schuler | |
| 7029 | 36/12 | ***Sion, Jakov Mosge*** | M | FH | M. Raswigoroff 18 | 13.5.1901 | Kaufmann | |
| 7030 | | Sion, Esterina Jaklov | W | Ehfr | " | 10.2.1905 | Hausfrau | |
| 7031 | 36/6 | ***Sion, Joschua Pinkas*** | M | FH | Zar Simeion (?) | 10.10.1886 | Kaufmann | |
| 7032 | | Sion, Donna Joschua | W | Ehfr | " | 15.7.1890 | Hausfrau | |
| 7033 | | Sion, Hanna Joschua | W | To | " | 8.8.1928 | Schulerin | |
| 7034 | | Sion, Mosche Joschua | M | So | " | 1.9.1930 | Schuler | |
| 7035 | | Sion, Mathilda Joschua | W | To | " | 25.3.1935 | Schulerin | |
| 7036 | 34/26 | ***Sion, Josef Mosche*** | M | FH | M. Raswigoroff 12 | 9.3.1890 | Cafetier | |
| 7037 | | Sion, Raschel Josef | W | Ehfr | " | 12.9.1900 | Hausfrau | |
| 7038 | | Sion, Albert Josef | M | So | " | 5.5.1923 | Freiseur | |
| 7039 | | Sion, Sinjora Josef | W | T | " | 10.8.1925 | Schneiderin | |
| 7040 | | Sion, Luna Josef | W | To | " | 10.8.1927 | Schneiderin | |
| 7041 | | Sion, Mordochej Josef | M | So | " | 12.12.1929 | Zimmermann | |
| 7042 | | Sion, Bujana Josef | W | To | " | 1.12.1931 | Schulerin | |
| 7043 | 33/1 | ***Sion, Josef Mosche*** | M | FH | Zar Simeon 10 | 17.9.1890 | Getreidehandler | |
| 7044 | | Sion, Wida Josef | W | Ehfr | " | 19.8.1896 | Hausfrau | |
| 7045 | | Sion, Schena Josef | W | To | " | 20.9.1918 | | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7046 | | Sion, Ana Josef | W | To | " | 16.7.1922 | | - |
| 7047 | | Sion, Diana Josef | W | To | " | 15.1.1926 | | - |
| 7048 | | Sion, Mosche Josef | M | So | " | 10.5.1931 | | - |
| 7049 | | Sion, David Josef | M | So | " | 22.10.1934 | | - |
| 7050 | 37/8 | ***Sion, Lijau Jakov*** | M | FH | P. K. Jaworoff 1 | 8.12.1907 | Schoffor | |
| 7051 | | Sion, Lisa Lijao | W | Ehfr | " | 20.1.1915 | Hausfrau | |
| 7052 | | Sion, Jakov Lijao | M | So | " | 1.6.1939 | | - |
| 7053 | 36/20 | ***Sion, Mathilda Menachem*** | W | FH | Zar Simeon 5 | 5.4.1883 | Hausfrau | |
| 7054 | | Sion, Mois Menachem | M | So | " | 12.2.1912 | Kramer | |
| 7055 | | Sion, Lutscha Menahem | W | To | " | 15.5.1920 | | - |
| 7056 | | Sion, Lisa Menachem | W | To | " | 1.12.1924 | | - |
| 7057 | | Sion, Pinchas Menachem | M | So | " | 27.9.1927 | Lehrling | |
| 7058 | 37/19 | ***Sion, Menachem Aron*** | M | FH | Knias Simeon 76 | 17.2.1899 | | - |
| 7059 | | Sion, Redjina Menachem | W | Ehfr | " | 21.8.1902 | | - |
| 7060 | | Sion, Aron Menachem | M | So | " | 16.7.1927 | | - |
| 7061 | | Sion, Grasija Aron | W | Mu | " | 18.2.1876 | Hausfrau | |
| 7062 | 36/9 | ***Sion, Menachem Avram*** | M | FH | Zar Simeon 4 | 15.2.1870 | Kaufmann | |
| 7063 | | Sion, Klara Menachem | W | Ehfr | " | 29.11.1875 | Hausfrau | |
| 7064 | | Sion, Baruch Menachem | M | So | " | 13.5.1916 | Kramer | |
| 7065 | | Sion, Biria Menachem | M | So | " | 11.2.1913 | | - |
| 7066 | | Sion, Mathilda Menachem | W | Schw | " | 18.3.1920 | Hausfrau | |
| 7067 | | Sion, Wida Menachem | W | En | " | 10.2.1943 | | - |
| 7068 | | Sion, Oro Menachem | W | Schw | " | 17.6.1898 | Hausfrau | |
| 7069 | | Sion, Lutscha Menachem | W | En | " | 6.11.1928 | | - |
| 7070 | | Sion, Hanna Menachem | W | En | " | 30.4.1929 | | - |
| 7071 | 37/10 | ***Sion, Menachem Merkado*** | M | FH | Zar Boris 13 | 15.1.1895 | Lehrer | |
| 7072 | | Sion, Luna Menachem | W | Ehfr | " | 30.4.1898 | Hausfrau | |
| 7073 | | Sion, Julia Menachem | W | To | " | 29.9.1923 | | - |
| 7074 | | Sion, Avram Menachem | M | So | " | 20.4.1927 | Lehrling | |
| 7075 | | Sion, Perla Menachem | W | To | " | 22.3.1923 | | - |
| 7076 | | Sion, Rafael Menachem | M | So | " | 19.1.1931 | | - |
| 7077 | | Sion, Emma Menachem | W | To | " | 26.2.1933 | Schulerin | |
| 7078 | 36/16 | ***Sion, Mois Samuel*** | M | FH | Benito Musolini | 9.11.1907 | Frisor | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7079 | | Sion, Esterina Mois | W | Ehfr | " | 24.2.1913 | Hausfrau |
| 7080 | | Sion, Samuel Mois | M | So | " | 2.5.1937 | - |
| 7081 | | Sion, Menachem Mois | M | So | " | 7.10.1939 | - |
| 7082 | | Sion, Donna Mois | W | To | " | 14.7.1941 | - |
| 7083 | 37/7 | ***Sion, Mordo Jakov*** | M | FH | Benito Musolini 41 | 1.10.1896 | Kaufmann |
| 7084 | | Sion, Raschel Mordo | W | Ehfr | " | 8.6.1900 | Hausierer |
| 7085 | | Sion, Juli Mordo | W | To | " | 18.2.1926 | Schneiderin |
| 7086 | | Sion, David Mordo | M | So | " | 22.3.1930 | Schuler |
| 7087 | | Sion, Jakov Mordo | M | So | " | 30.8.1931 | Schuler |
| 7088 | | Sion, Baruch Mordo | M | So | " | 6.1.1933 | Schuler |
| 7089 | | Sion, Sara Mordo | W | To | " | 4.2.1936 | - |
| 7090 | 36/2 | ***Sion, Mosche Jakov*** | M | FH | Zar Boris 9 | 25.1.1860 | Kaufmann |
| 7091 | | Sion, Miria Mosche | W | Ehfr | " | 1.2.1865 | Hausfrau |
| 7092 | 33/8 | ***Sion, Mosche Jakov*** | M | FH | Zar Simeon 12 | 14.2.1882 | Kolonialwarenbandler |
| 7093 | | Sion, Miriam Mosche | W | Ehfr | " | 23.5.1890 | Hausfrau |
| 7094 | | Sion, Hana Mosche | W | To | " | 4.11.1927 | Hausrau |
| 7095 | | Sion, Berechi Mosche | W | To | " | 14.5.1929 | - |
| 7096 | | Sion, Sica Mosche | M | So | " | 16.1.1913 | - |
| 7097 | | Sion, Awram Mosche | M | So | " | 5.2.1931 | - |
| 7098 | 33/11 | ***Sion, Moschon David*** | M | FH | Zar Simeon 19 | 19.4.1868 | - |
| 7099 | | Sion, Dian Moschon | W | Ehfr | " | 12.3.1878 | Hausfrau |
| 7100 | | Sion, Bele Bessale | W | Schw | " | 3.1.1907 | Hausfrau |
| 7101 | | Sion, Moschon Bessale | M | En | " | 15.8.1931 | - |
| 7102 | | Sion, Mordochaj Bessale<br>Бесале син му в затвор | M | En | " | 15.8.1931 | - |
| 7103 | 33/9 | ***Sion, Nissim Diatschu*** | M | FH | Zar Simeon 12 | 17.5.1907 | Schuhmacher |
| 7104 | | Sion, Oro Nissim | W | Ehfr | " | 16.5.1916 | Hausfrau |
| 7105 | | Sion, Flor Nissim | W | To | " | 19.2.1940 | - |
| 7106 | 34/12 | ***Sion, Pinchas Mosche*** | M | FH | Zar Simeon 5 | 6.3.1940 | Kaufmann |
| 7107 | | Sion, Zeida Pinchas | W | Ehfr | " | 16.12.1879 | Hausfrau |
| 7108 | 36/7 | ***Sion, Pinkas Menachem*** | M | FH | M. Raswigoroff 10 | 4.5.1862 | Kaufmann |
| 7109 | | Sion, Bonoso Pinkas | W | Ehfr | " | 7.12.1860 | Hausfrau |
| 7110 | 36/13 | ***Sion, Salamo Merkado*** | M | FH | Schkoroff 1 | 3.5.1889 | Kafetuer |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7111 | | Sion, Dschamila Salamo | W | Ehfr | " | 11.8.1895 | Hausfrau |
| 7112 | | Sion, Rufel Salamo | M | So | " | 3.9.1923 | Zimmermann |
| 7113 | | Sion, Alberto Salamo | M | So | " | 5.6.1927 | Lehrling |
| 7114 | | Sion, Garalia Salamo | M | So | " | 5.6.1927 | Lehrling |
| 7115 | | Sion, Julia Salamo | W | To | " | 15.10.1932 | Schulerin |
| 7116 | 34/22 | ***Sion, Salomon Jakov*** | M | FH | M. Razwigoroff 8 | 3.1.1918 | Fleischer |
| 7117 | | Sion, Dschulja Salomon | W | Ehfr | " | 22.10.1918 | - |
| 7118 | 38/9 | ***Sion, Samuel David*** | M | FH | Zar Boris 6 | 16.3.1887 | Synagogenwachter |
| 7119 | | Sion, Sunhula Samuel | W | Ehfr | " | 24.1.1888 | Hausfrau |
| 7120 | | Sion, David Samuel | M | So | " | 7.10.1921 | Schuhmacher |
| 7121 | | Sion, Flor Samuel | W | To | " | 8.8.1923 | Hausfrau |
| 7122 | | Sion, Juda Samuel | M | So | " | 24.11.1925 | Lehrling |
| 7123 | | Sion, Israel Samuel | M | So | " | 16.8.1927 | Arbeiter |
| 7124 | 35/16 | ***Sion, Samuel Teresta*** | M | FH | M. Rasvigoroff 9 | 5.3.1896 | Cafetier |
| 7125 | | Sion, Dschulja Samuel | W | Ehfr | " | 6.4.1900 | Hausfrau |
| 7126 | | Sion, Matilda Samuel | W | To | " | 8.2.1924 | - |
| 7127 | | Sion, Rejna Samuel | W | To | " | 15.2.1927 | - |
| 7128 | | Sion, Oro Samuel | W | To | " | 5.3.1929 | - |
| 7129 | | Sion, Miriam Samuel | W | To | " | 15.4.1935 | - |
| 7130 | | Sion, Ger da Samuel | M | So | " | 15.4.1935 | - |
| 7131 | 35/19 | ***Sion, Wital Menachem*** | M | FH | Zar Boris 9 | 27.10.1909 | Chauffeur |
| 7132 | | Sion, Luna Wital | W | Ehfr | " | 3.1.1916 | Haufrau |
| 7133 | | Sion, Julia Wital | W | To | " | 30.10.1939 | - |

Списоков с дел од комплетните списоци на депортираните Евреи од Македонија, прв пат публикувани во зборникот на документи на Жамила Коломонос и Вера Весковиќ - Вангели "Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945), МАНУ, 1986. Имињата на депортираните се разделени по семејства. Покрај редниот број на лицето, даден е и редниот број на семејството, онака како што било заведено во германскиот список и бројот на списокот во кој било заведено односното семејство. Колоната за државјанство во овој список е испуштена - сите депортирани Евре се заведени како бивши Југословени (Ehemalig jugoslawischen).

## РЕЧНИК НА ГЕРМАНСКИ ЗБОРОВИ ВО СПИСОКОТ

Angelstelte - службеник
Apothekar - аптекар
Apothekergehilfe - аптекарски помошник
Arbeiter - работник
Altwarenhandler- трговец со стари предмети
Bauholzh ndler- трговец со дрвена граѓа
Цафетиер - кафеџија
Chauffeur - возач
*Друцкер - печатар*
Elektriker - електричар
Fleischer - месар
Friseur - фризер, бербер
Fr chteh ndler - трговец со оружје
Geistlicher - свештеник
Getreideh ndler - трговец со жито
Handelsgehilfe - трговски помошник
Handwerker - занаетчија
Hausfrau - домакинка
H ndler - трговец, препродавач, ситничар, праматар
Holzh ndler - трговец со дрва
Kafetier - кафеџија
Kaufmann - трговец
Klempner - тенекеџија, водоводџија
Kolonialwarenh ndler - трговец со колонијална стока
Kr mer - ситничар, продач на мало
K tscher - кочијаш
Lasttr ger - носач, амал (обично на тежок товар)
Lederarbeiter - кожарски работник
Lederh ndler - трговец со кожи
Lehrer - учител, наставник, професор
Lehrling - чирак

Mehlh ndler - трговец со брашно
Obsth ndler - трговец со месо и овошје
Opankenmacher- опинчар
Priester - свештеник
Schneider - шивач
Schneiderin - шивачка
Schneidergehilfe- шивачки помошник, калфа
Sch ler - ученик
Schneider - ученичка
Sch ster - чевлар, кондураџија
Sch lerin - чевларка
Schuhmacher - чевлар
Strassenh ndler- уличен продавач
Schlosser - бравар
Speditor - шпедитер
Schlosser - бравар
Student - студент
SchØffor - шофер
Synagogenw chter- црковен чувар, клисар
Tr ger - носач, амал
Zahnarzt - заболекар
Zimmermann - градежен дрводелец

# БЕА СО НАС

УЧЕНИЧКИ ТВОРБИ НА ТЕМА
"11 МАРТ 1943 - ШТИП"

*Добрила Јовева*[*]

ЗА НАГРАДАТА "11 МАРТ 1943 - ШТИП"

Наградата за ученици од основните и средните училишта од Штип "11 март 1943 - Штип" е востановена со помош на Хаим Леви, наш согра́ѓанин кој долго години живееше во Сараево, како полковник во пензија. Хаим Леви беше еден од тројцата штипски Евреи кои успеаја да се спасат оној судбоносен 11 март во 1943-та година, кога штипските Евреи во утринските часови беа однесени на железничката станица, па во скопскиот Монопол, а оттаму во логорот на смртта во Треблинка, во Полска.

Во пеколните мигови на војната Хаим Леви беше во македонските партизански редови и заедно со штипските борци ја помина голготата на денови и години во борба за слобода. По ослободувањето, Хаим Леви беше носител на високи функции и добитник на многу признанија, меѓу кои и на Партизанска споменица од 1941 година.

Во знак на сеќавање и почит кон многубројните штипски Евреи кои ја најдоа смртта во пламените јазици во логорот Треблинка во Полска и по повод 45-годишнината од депортирањето на Евреите од Штип, Хаим Леви со личен паричен влог, иницираше, а со Одлука на Собранието на општина

---

[*] Согласно чл. 5 од Одлуката за формирање на Фондацијата за доделување на наградата "11 март 1943 - Штип", Собранието на Општина Штип со решение за именување претседател на Одборот за доделување на наградата, Добрила Јовева (УЦНО "Славчо Стојменски) ја именува за претседател на Одборот. Одборот покрај претседател има и 9 членови.

Штип[**], во 1987 година ја основа Фондацијата за доделување на наградата "11 март 1943-Штип". Фондацијата има за цел да ги поттикнува талентираните ученици и секции од основните и средните училишта на слободни ученички активности.

Наградата прв пат е доделена на 11 март 1988 година и оттогаш редовно се доделува секоја втора година во знак на сеќавање на животот и страдањата на Евреите. Освен на поединци, наградата се доделува и на групи и секции кои се истакнале во воншколските активности. Првата награда на Фондацијата, во 1988 година, му припадна на Клубот на млади техничари при училишниот текстилен центар од Штип за остварени успеси во иноваторството и во активностите во областа на машинството, енергетиката, воздухопловството и фото-кино клубската работа. За одбележување се и наградите доделени на училишта, секции и поединци за резултати во негувањето на чистотата на јазикот; правописот; учеството во бројни радио емисии и др. Најголемиот број награди досега им се доделени на ученици за најдобри текстови во стих и проза на тема "Животот и страдањата на Евреите".Овој свечен настан што во Штип секоја година се совпаѓа со одблежувањето на денот на жртвите на холокаустот, свој одѕив наоѓа и во средствата за јавно информирање: "Нова Македонија", "Вечер", Штипскиот весник и на програмите на Радио Штип .

Во знак на сеќавање и почит кон настраданите Евреи во логорот на смртта Треблинка, и на сите настрадани Евреи во светот во крематориумите на смртта, штипјани заедно со претставници од Еврејската заедница во Македонија и со учениците добитници на наградата "11 март 1943", овој ден го одбележуваат со комеморација и пригодни свечености во Домот на културата и во Собранието на Општината.

Во Штип, секоја година одново, 9 март е синоним за соживотот на Македонците со Евреите, за страдањата на Евреите и за нераскинливите врски меѓу двата народа на овие простори.

---

[**] Одлуката на Собранието на општина Штип за формирање Фондација за доделување награда "11 март 1943 - Штип е донесена на 19 февруари 1987 година. Одлуката е заведена под бр. 0805 - 491/1 на 19 февруари 1987 во Штип и е објавена во Службен гласник на Општина Штип

*Марија Ашкилова*, УМС "Јане Сандански"

# ЖИВОТОТ И СТРАДАЊАТА НА ЕВРЕЈСКИОТ НАРОД

Едно студеникаво февруарско попладне со другарките и другарите седевме пред монументалниот паметник подигнат во срцето на некогашното еврејско маало во Штип. Монотонијата на секојдневните шеги, цагорот и смеата го пресеков со прашањето: "Зошто ги убија овие луѓе? Кому и што им згрешија за да бидат толку сурово репресирани? Зошто на толку суров начин им ги уништија поколенијата, најмилите, невините-нивните деца?" Одговор нема. Никој неможе и несака да најде разбирање за безумниот чин, за страотниот злостор, за геноцидот врз сите генерации Евреи во она време. Никој нема разбирање за злочинот што не избледува од сеќавањата, и по повеќе од педесет години.

Ненадејно наиде човек во години. Му го поставивме и нему истото прашање. Ни рече дека е тука роден, дека најблиските соседи му биле Евреи и дека со нив делел и добро и лошо, и како во занес продолжи да раскажува:

"Е деца, пред Втората светска војна во Македонија живееја речиси 10.000 Евреи, а во Штип околу 560 и тоа во строгиот центар на градот, од двете страни на Отиња. Токму ова место беше центарот на нивното маало, а ене онаму беше нивната синагога-Аварата, подигната околу 1925-та.

Јас израснав со нив. Си игравме заедно. Понекогаш, во занесот на детските игри знаевме и да се скараме, но секогаш останавме тоа што бевме - другари. Израснавме, но и натаму другарувавме и заедно ги пречекувавме најтешките моменти на животот. Виорот на Втората светска војна, германската фашистичка агресија и окупацијата од бугарските фашисти сите подеднакво нè погоди и ни го загорчи животот. Заедно ги делевме неволјите и грозоморите на војната, сиромаштијата, студот и гладот. Чувството на гордост, заедничка радост и задоволство ни ги разниша неразумната, нехумана, монструозна и агресивна дискриминаторска политика и дивеењето на мрачните фашистички сили.

Геноцидот без преседан, злочинот врз еврејското население се случи во сивилото на мартовското утро во 43-тата. Ги прекина и заедничкиот живот и радостите. Тој ден, тој 11 март, во најраните утрински часови започна блокадата на еврејското маало и масовните апсења и спроведувања на Евреите во скопскиот Монопол. Подоцна дознавме дека истата операција е извршена и

во Скопје и Битола. Низ прозорците занемено ги гледавме разгневените бугарски полицајци и агенти, немоќни да сториме нешто. Со солзи во очите, вџашени од страотната глетка, ги слушавме лелекот на децата и жените, ударите на кундаците и бугарските бајонети.

Долгата колона Евреи, под будното око на бугарските фашисти, пеш и со камиони се движеше кон железничката станица. Истото попладне, како стока ги натоварија нашите комшии, другари, дечињата на товарни вагони за Скопје. Заедно со Евреите од Битола и Скопје, нашите Евреи ги транспортираа во злогласниот концентрационен логор Треблинка во Полска. По пат умреа тројца, а во логорот изложени на најсурови тортури, систематски малтретирања, мачења и изживувања, смртта ја најдоа над 7000 Евреи од Македонија, а меѓу нив и нашите околу 550 Евреи. А повеќето од половината од нив беа жени, а на тој начин својот млад живот го завршија и околу 200 деца, момчиња и девојки".

Човекот прекина. Отсутно и длабоко се загледа во Споменикот. Повторно го вративме во реалноста. Сакавме да ни каже зошто тоа му го сторија на невиниот народ. Нешто ни одговори, но ние и натаму не го разбравме објаснувањето. А ни́ рече дека ѕверскиот злочин бил концепција на спогодба помеѓу фашистичка Германија и Бугарија за иселување на Евреите во германските источни области и дека така во Втората светска војна дошло до извршување на масовното истребување на еврејскиот народ. И натаму не ни́ беше јасно зошто е извршен таков злочин врз невин народ, за кој "гостинот" ни́ рече дека бил чесен, вреден, достоинствен. На нашиот раскажувач повторно му навреа спомени од детството и младоста:

"Ете овде, баш одве беше дуќанот на Аврам. Малку подолу беше дуќанот на Исак, а еве овде купував... А и за време на НОБ, Евреите беа едно со нас. Покажаа висок степен на отпор кон фашистичкиот агресор. Беа прогресивно ориентирани и беа организирани во партиски келии, а активно се вклучија и во напредното револуционерно движење. Околу 100-тина Евреи активно учествуваа во НОБ, а многу од нив и ги дадоа своите животи за слободата. И енергично ѝ се спротивставуваа на експлоатацијата на ненародните режими, не можеа да се помират со окупацијата на земјата. Особено беа ангажирани во собирање материјална и финансиска помош за движењето и негуваа блиски другарски односи на взаемна помош и полно разбирање со македонското население. На повикот од КПМ, околу 30-тина

штипски Евреи заминаа во илегала и беа подготвени да излезат во партизани, поради што беа изложени на апсења и репресии.

Нечуениот злочин ги раздели блиските пријатели и браќа, го прекина континуитетот на солидарност меѓу двата народа, но не успеа да го уништи гордиот и нескршлив дух на овој народ определен за развој и просперитет. Напротив, злочинот уште повеќе ги поттикна и ги мобилизираше прогресивните Евреи да дадат полн придонес во остварувањето на вековниот идеал - слободата. Преживеаните Евреи останаа со голема болка за загубата што длабоко ја носат во душата, но во 45-та, заедно со нас ѝ се радуваа на слободата на Македонија. Еве затоа овде, на спомеников, секоја година положуваме букети цвеќе и со почит и тага си спомнуваме на нашите Евреи и на нивните страдања и секогаш со желбата и вербата-'Било, никогаш да не се повтори!'"

"Да не се повтори!"- изговараме како во хор, вчудоневидени од неразумноста, бестијалноста, суровоста... Кон своите домови се упативме со мисла што успокојува 'некогаш било, никогаш да не се повтори'.



На 11 март секоја година во Штип во знак на сеќавање „Никогаш да не се повтори„

*Павлина Ренцова,* УМС "Јане Сандански"

## СЕЌАВАЊЕ

Нејната насмевка, како што ми раскажуваа кога ми раскажуваа за неа, не ми исчезнува од сеќавањето. Била родила во градов под Исарот, во куќа од левата страна на Отиња. Растела со хебрејски деца од градот. Била убава и дружељубива. Сарафот за неа секогаш умеел да каже само убави зборови: "Беше чудо од дете. Нејзината катран црна коса широко се распостилаше по нејзините плеќи, а праменот што ѝ паѓаше над левиот образ, ја правеше уште поубава, дури и поубава од Дева Марија, која во своите раце ја држи својата единствена рожба, а со сјајот од очите обземаше сѐ околу себе. Лицето ѝ беше топчесто, имаше испапчени јаготки, полнички усни и мал подбрадок. Секогаш беше насмеана, па дури и тогаш кога имаше зошто да тагува. Убавината ѝ ја дополнуваше итрина и бистрина на умот, поради што ја споредуваа со убавината на ведрите шумски срнички".

Како дете во основното училиште, ми раскажуваа дека личела на цвет што цути. Била висока кака јасика што се издига од подножје на шумичка и ја разубавува околината. Велеа, дека сончевите зраци небаре потемнуваат од светлината на нејзиното младешко лице и од убавината што ѝ ја дарила придодата.

Растела и се развила во убава мома како езерска вила, иако никогаш не се капела во ниту една од езерските води во близина. Убавината ѝ ја дополнувале: убавина на зборот, ведрина, радост, долги смеења и џагор со кој на околината ѝ дарувала свежина и живост. Кога минувала по сокаците, со сѐ она што го носи на себе и во себе, ја забележувале и млади и стари. А, никогаш не минувала без да ги поздрави и да им се насмее. Ја забележувале дури и растенијата, како во знак на благодарност за радоста нежноста со кои ги дарувала.

Многумина од врсниците ја посакувале, а таа, откако достојно ќе ги поздравела, мирно ќе одминела, а секогаш со вердина и милост другарувала со нив. Така ги сфаќала и оценувала и животот и околината - не сакала никому да му припаѓа. Сонувала за убавините на животот, мечтаела и многу ги сакала и им верувала на луѓето.

Во 1942 година ја завршила гимназијата во Штип, полна со елан да студира на некој од факултетите во земјава. Окупацијата ѝ ја одзела желбата и почнал да ѝ згаснува животот. Темните и црни облаци што се надвисиле над светот ги чувствувала многу тешки и често се прашувала што ќе се случи со неа, со нејзиното семејство, со нејзиниот народ, со народот во светот, но и натаму верувала во луѓето, човекот и разумноста, никогаш не помислувајќи на најлошото.

И така сѐ до тоа утро тој ден, тој март, таа 43-та, сѐ до тој тропот што се зачул и на нејзините порти, кога дошле по неа и на неа да ѝ ги земат убавината, ведрината, љубовта, надежите, желбите. Луѓето не ѝ рекле ништо, но таа како веќе да разбрлала: "Ова ќе биде ти биде последниот ден во овој град во кој се роди и издрасна со твоите блиски, пријатели и врсници, во овој град што многу го сакаше, иако стар, со калдрма и калливи улици и сокаци, некогаш и со непријатна реа, градот кој не би го менувала за ниту еден во светот".

"За еден час бидете готови и со себе понесете ги само работите што ви се најважни. Патот на кој ќе тргнеме ќе биде долг и тежок" - вреснал крволокот од онаа страна на портата. И навистина за само еден час, со најнужните работи во рацете, со потемнет сјај во лицето, со болка во душата и со најцрна мисла, заедно со мајка ѝ, татко ѝ, брат ѝ и најблиските, се свртела за последен пат кон својот дом... и тргнала на патот без повраток. Попусто се вртела наоколу за да препознае барем некој и да му остави аманет да ги чуваат спомените за да не згаснат убавините и добрините од сеќавањата, да не се заборави дека тука некогаш живеела и таа. Ударите на окупаторските чизми го покажувале патот кон железничката станица, кон Скопје, и подалеку - до логорот Треблинка. За сето време го заскривала лицето со нежните дланки, а некаде во градите, во тие младешки гради ја стискала главата, ги забивала долгите прсти во неа како да сака да ги искорне црните долги коси и да ја фрли сѐ од себе што подалеку тегобната мора. Страв ја обзел во секој атом на телото. Во еден миг почнала да се смее, толку силно што од нејзините големи црни очи тоа смеење измамило крупни солзи. Не се знае какви. Се излеале по образите, а таа чувствувала како ѝ истекува животот, а со него и животите на сите во големата толпа што тргнала кон Треблинка.

Така Пава Леви стаса до крајната цел. Таму, во гасните комори згасна Пава. Но, живее Пава во моите сеќавања, а со неа и толпата Евреи од мојот град. Во мислите и душата на моите сограѓани живеат спомените на Пава, на штипските Евреи, на Евреите од сиот свет, жртви на холокаустот.

*Наташа Пингова*, УМС "Јане Сандански"
ЖИВОТОТ И СТРАДАЊАТА НА ЕВРЕЈСКИОТ НАРОД

Во историјата има многу примери за исчезнување на цели народи, па дури и на цели цивилизации, кои на таинствен начин престанале да суштествуваат на оваа чудесна планета Земја... Таков е примерот со древната Сумерска цивилазија, со Мајите, Астеките... Во поновата историја најкарактеристичен пример за истребување на еден цел народ е токму примерот со Евреите, кои во Втората светска војна ја доживеаја трагичната судбина на најстрашниот геноцид и холокауст што човештвото воопшто го памети. Од вкупно 40-50 милиони жртви во Втората Светска војна, повеќе од 6 милиони се припадници на малиот, древен, бесмртен народ кој во логорите на смртта во Германија и Полска, во Аушвиц, Дахау, Треблинка и други, ја доживеја грозоморната судбина на насилно масовно уништување во гасните комори. Хитлер го згази благородниот еврејски народ, кој го задолжи човештвото во науката, уметноста и во многу други свери на животот. Човештвово сигурно не ќе беше вакво, доколку во своите пазуви не ги имаше Исак Њутн, Алберт Ајнштајн, Карл Маркс, Феликс Менделсон и др.

Целокупната историја на овој народ, всушност, е една долга голгота, непрекината процесија, губилиште, вечно страдање. Уште кога од литиците на Синај и Вавилон Мојсеј го повел и го превел во егзодус големото еврејско племе во новиот свет, уште оттогаш трае и непрекинато продолжува несреќната судбина еврејскиот народ.

Големиот писател Данило Киш, Евреин по татко, имал само осум години кога пред негови очи фолксдојчерите жив го фрлиле татко му под огромните санти мраз во замрзнатиот Дунав во Унгарија. Подоцна Киш вака ќе напише за учеството на Евреите во Револуцијата:

"Судбината на мојот татко е најторжествениот реквием на мојата творечка партитура. Таа е Ахсферската предопределеност за Евреинот-вечниот скитник, за голготата на Јудеизмот. Тоа е мојот проблем што истовремено е и универзален проблем

на целото човештво, започнат со мојата семејна фреска сé до 'Енциклопедијата на мртвите'".

Хајмишклајтот, терминот што го утврдил Зигмунт Фројд, значаен Евреин, научник, е израз за Евреинот што скита - вечната коб на Ахсфер. 'Мојот јудизам е без зборови, како Менделсоновите песни' ќе рече Борхес. А Данило Киш упорно ќе трага по архивите и библиотечните вавилони за да сфати дека помеѓу еврејството и Револуцијата постои една латентна врска, еден постојан знак, една препознатлива нишка на равенство. Од 246 творци на Октомвриската револуција, вели тој, "најдов дека 119 биле странци и Евреи...". "Јудеизмот", вели Данило Киш, "е една латентна побуна". А што е побуната ако не 'ркулец и второ име на Револуцијата.

"... Пред твоите порти
со лице на гробар стој сур полицај,
под пазува нож од светот тој сокрил-
Рашела, се ближи злослутниот крај.
... Колоната оди... Ти побрзај в неа
да достасаш мајка и далечен род...
колоната оди... о, збогум Рашела,
ќе помниме ние за патот твој долг.

(*извадок од песната Рашела на нашиот познат писател Гого Ивановски*)

И познатата авторка од Израел Жени Лебл во својата книга Евреите во Македонија, пишува за страдањата на Евреите во Втората светска војна на почвата на Македонија и притоа ги набројува четирите илјади скопски Евреи, двете илјади битолски... А ги имало и во Штип, нешто помалку од илјада. Остатоци од познатото еврејско маало во Штип постојат и денес. Убавиот споменик со мошне карактеристична менора стои пред Народниот музеј и домот на АРМ за вечен спомен на генерациите што доаѓаат. За Евреите од Штип пишувал нашиот сограѓанин, писателот Христо Крстевски во својот роман "Жестина", во кој една од личностите, највермата другарка на Жестина е младата Еврејка Грација Капуано. Крстевски

во својот роман зборува за дождливиот пролетен ден, за 13 март 1943 година на штипската железничка станица, за бегството на Исак Сион, кој подоцна им се приклучил на партизаните. Тој едноставно се спасил од спроводот, послужувајќи се со итрина, одејќи под каменниот мост на Брегалница божем да врши нужда. Вујко ѝ на Жестина, Атанас Панев, железничарот, во романот вака се сеќава на тој настан: "Се сеќавам како денес да е. Како вчера да беше. Лани, некаде пред пролет, во една ладна, сува и ветровита среда. Ги довлекоа овде, на станица. Пет-шестотини луѓе: старци, жени, деца. Што пеш, што на камиони. Оваа побелена глава се нагледала сешто во животот... но тој метеж, тие пискотници, лелеци и ужас во очите...!"

Да. Тоа не се заборава и не може да се заборави. Постојано ќе нѐ навраќа на тоа пишаниот збор и создадените дела како спомени за едно изминато, колективно лудило што ќе остане да живее во срцата на младите генерации и на оние што доаѓаат. За да се сеќаваат. Да не го прават она што малку посеверно од нас го прават и ден-денес лудите господари на војната. Жестоките пци на војната и на вечните страдања на народите.



На спомен плочата во Штип – цвеќе за депортираните Евреи

*Драгана Митровиќ*, Гимназија "Славчо Стојменски"

## СЕЌАВАЊА

Си играв сама кога мама рече:
"Чедо ајде, ќе одиме негде" - бледа беше
"Каде мамо?" - го зедов само своете мече
... и тргнавме
Имаше многу луѓе, не бевме само ние,
мене ме носеше мама
и слушнав како јако срцето ѝ бие,
а тажна бев и мислев дека сум сама.
Патувавме патем долго време.
Ми беше ли само мене тешко
или надвор беснееше невреме?
Го стегнав цврсто моето мече
исто како мама мене,
и мислев дека се плаши од мракот
како што мислеше мама за мене.
Вагонот беше преполн,
темен и гаден - ладен
треперејќи мама ја гушнав
во образ ја бакнав
од солзи солен, од студот студен.
И не ми беше чудно
зошто солзите ѝ течат
зошто и јас плачев,
бев гладна и ми беше ладно,
... и сакав да спијам,
да сонувам дека сум дома
дека јадам и дека пијам,
дека на оган се греам,
сакав да сонувам дека сум среќна
како од радост пеам,
... не можев,
зашто денот беше сив
ноќта - црна
сонот - кошмар
и беше јаве
Стигнавме до врата темна
и ѕид со боцкава жица завиен

додека од студот ѕемнев
од страшните војни
во мајчина прегратка се криев.
Нé строеја и броеја
нé разделија во групи.
Каква судба тогаш кроеја
не можев да знам.
Тогаш мечето ми го зедоа,
и попусто плачев
- само ме гледаа,
се смееја.
Од тој ден почна ужас,
неподнослив страв и очекување,
очекување на ужас
кој ќе дојде со војниците,
и плачење, молење, преколнување,
водење луѓе
никогаш повеќе да не ги видиме.
А јас бев како цвет
што свенува,
без сонце
без ден што разденува.
Секој ден ни́ беше последен,
можеби утре мене ќе ме водат,
или мама...
Таа беше секогаш крај мене,
се плашеше,
и сјајот в очи што го имаше
го снема, се изгуби... и надежта,
чекавме да не однесат и нас
онаму кај сите што ги водеа
не смеевме да чекаме спас?
Бараката во која нé сместија
беше мала, преполна со луѓе
едни одеа, доаѓаа други.
И сите бевме исти
налик на скелети без глас,
како оние во дупките претрупани
само што ние бевме живи
а тие мртви.
Ние живите, бевме ко кучиња кутри

- со нас се однесуваа така,
и солзите ни̂ пресушија
и покрај големата наша мака.
Седев и молчев постојано, долго,
немоќна да плачам
а мама ја гледав немо,
а таа со слабата рака
ме галеше само.
Со насмевка не ја видов,
ни јас не се смеев, а дете бев тогаш,
                    несреќно, намуртено, тажно,
                    без збор убав
                    - и покрај сета љубов,
                    тешко беше да кажеш и "мамо".
Близу седеше една жена, млада мајка,
со детенце в раце што почна да плаче,
а таа му шепоти, раскажува бајка
за едно мало, а големо кралче...
Заспав тогаш веднаш до мама и јас,
во убав сон јас најдов спас.
... Ме разбуди жениниот глас,
со ужасен крик в срце што боде,
еден и ниеден веќе,
се слушаше само тивок плач:
"Сине немој,
дете мое врати се,
со што ли ја заслужив јас оваа казна,
не оставај ме, злато мое,
ќе ти каже мама сказна"
и пак: "... било едно кралче мало..."
му шепоти тажно мајката за кралот.
Деновите беа исти
и сиви и пусти,
сѐ до последниот
кога војниците си отидоа,
- дојдоа други
се плашев - ќе бидат лоши.
Тие повторуваа
"Слободни сме, слободни"
Тогаш сфатив слобода што е,
почувствував сончев зрак ме грее,

слушав - птица пее...
мислев- можно ли е
- дома ќе си одам,
безгрижен живот да водам.
Јa видов мама - се смее,
во очите нејни
пак се врати сјај.
беше тоа нов почеток,
на ужасот беше крај.

*Александра Бојаџиева,* ОУ "Ванчо Прке"

## КОГА ВИСТИНАТА НЕ Е СОН

Мартовска ноќ
црно парче простор
ја гризи светлината
Од зад Исарот полна месечина
патоказ кон рајот и пеколот
Дреме еврејската Авара
Тап чекор буди морничав страв
И ... тресок
Сара, Сара!
гледај, твојата ѕвезда паѓа
отвори ги очите Сара
ова ти е крај!
Ја зедоа Сара
во ракавици од кожа на човек
и ја однесоа на станицата
Возовите на смртта
озабени
пригушено го задушуваа
крикот на болката
Таа ги препозна
и крикна...
едните беа демони во зелено
а другите - Евреи
Сé замре наеднаш
Човек умре во Сарините очи
и подаде искршена ветка
А таа клекната на колена
подаваше раце кон бели крилја
И прстен над глава
Ѕвездата падна
Сара стана ангел

*Севинч Мехмеѿи*, УМЦ "Јане Сандански"
ПАТУВАЊЕ БЕЗ ВРАЌАЊЕ

Три тапи рамномерни удари на влезната врата ја вознемирија четирикатната трошна зграда, во која на приземјето, во станот број 2 живееше сама младата учителка Ирис. Беше околу 5 часот наутро. Глуво доба, во кое само Гестапо може да зачука на врата.

- Несомнено се тие! - вознемирено, во полусон рече Ирис. Стана од креветот. Во ушите и одѕвонуваа ударите. Наведната и потпрена на масичката сред соба, Ирис погледна во листот, на кој вечерта, пред легнување го запиша насловот за писмената работа "Другарството е посилно од сѐ" и помисли: "Знам, претчувствувам дека ќе ме одделат од моите драги ученици".

Тропањето толку засили што во еден миг се претвори во силен тресок и кршење на старата врата. По неколку секунди, пред нејзината висока става се најде полицаецот Петров. Неговиот мрачен поглед кажа сѐ. Ирис со своите дваесет и седум години и големата интелектуалност заклучи дека наближуваат тешки мигови.

- Вие сте учителката Ирис, а? - праша Петров.

- Да, - промрмори таа - јас сум.

- Ајде со мене, побргу, побргу, не облекувај се како за на бал, ајде, вие Евреите мислите дека со ладнокрвност ќе го убедите човека. Ха, ха, ха! - со голем цинизам трештеа зборовите на полицаецот.

- Каде ќе ме водите, в логор? - збунето праша Ирис.

- Ама, немој да си здодевна, излегувај веќе еднаш! - нервозно ѝ нареди Петров.

Излегоа на улица. Да, тоа беше на 17 февруаи 1943 година. Студено зимско утро. Ирис не ги чувствуваше сопствените чекори. Одеше механички. Мислеше само на едно, како ќе биде кога после 2-3 часа во училиштето ќе дојдат децата, а неа ќе ја нема. А толку ѝ беа драги, иако не беа сите Евреи, имаше и Македонци. Не правеше разлика меѓу нив. Сите ѝ беа исти и сите толку многу ги сакаше. Така замислена не ни сети дека стасале до зградата во која беше сместен Гестапо. Влегоа во една соба, во која имаше уште двајца: полицаецот Димитров и инспекторот Богданов.

- Учителката Ирис, значи?... праша Богданов.

- Да, јас сум - одговори Ирис.

Инспекторот Богданов почна да ја распрашува:

- Имаме некои податоци за твоето потекло. Всушност, што си ти? Еврејка или Македонка? Татко ти е Евреин, мајка ти - Македонка, а ти. Што си ти? Според тоа што го забележавме од следењето на твојот живот, за што ти ништо не знаеш, заклучивме дека ти си антифашистички ориентирана! Знам, добро знам дека ти со твојата мудра главичка ги тераш еврејските деца да ги молат родителите да се бунтуваат против останатите деца и родители. Е, да знаеш дека во тоа нема да успееш!

По сето тоа, Ирис мирно почна да одговара:

- Тоа што татко ми е Евреин, а мајка ми Македонка, тоа не би била никаква причина јас да ги делам децата. Моја цел е да се дружат, да си помагаат едни на други, бидејќи такви расипници како вас доведуваат до омраза меѓу децата, а тоа е најлошото. И сами знаете дека тие деца се во развој, дека сé што им се сугерира, се всадува длабоко во нив и се одразува подоцна во животот. Тоа е она што најмногу ме мачи и ме уништува - со воздишка заврши таа.

- Види види! - иронично рече Богданов - како ли само госпоѓицава е слободна, па дури и некако горда во своето излагање! Слушај, ти млада "учителке", во твоите жили сепак тече еврејска крв, тоа е докажано по твоето однесување, но сепак, самата помисла на тоа дека во себе имаш и нешто македонско не ми дозволува да те ставам в логор. Сепак, - со задоволство реши инспекторот - ќе носиш жолта ѕвезда.

"Жолта ѕвезда" - помисли Ирис, и веднаш се сети на сé она што го нуди белегот: ќе нема никаква слобода, никакова комуникација со луѓето, пред сé со своите драги ученици.

Тоа ѝ беше втор голем удар во животот по смртта на нејзините родители.

- Сепак ќе бидете барем слободна - продолжи Богданов - со жолтата ѕвездичка. Ха, ха, ха!

- Би ве прашала, односно би ве замолила нешто. Дали може барем уште некој ден да бидам во училиштето, да ја почувствувам уште еднаш топлината меѓу училишните клупи, веселиот разговор на младите деца. - рече Ирис.

- Ајде, оди уште некој ден да ѝ се нагледаат учениците на својата "бележана" учителка.

Откако ѝ ја ставија ѕвездата, ја пуштија да си оди. Нешто длабоко ја печеше во душата. "Што сум јас сега? Човек или бележана овца за колење?" - се прашуваше Ирис. Но, одговор не најде. Минувајќи низ улиците сети погледи врз себе. Помина покрај училиштето. Сѐ беше тивко, во тек беше училишен час. Сакаше да вресне, да трча, да избега некаде далеку, барем за малку да заборави на својата преголема болка. Но, победи реалноста. Стаса до станот, влезе и почна да плаче. Размислуваше.

"Постојам или не? А колку надежи во животот имав, колку бев среќна! А сега сѐ се сруши, сега, освен до училиштето, нема да одам никаде, бидејќи знам дека ќе бидам трн во многу очи. Само, не знам како ќе ме гледаат луѓето со кои бев блиска, кои многу ми значат. Леле, а учениците, како ли тие ќе реагираат!? Моите драги ученици!"

Некако ја дочека зората. Стана, се облече и тргна кон училиштето. Ги голташе солзите. Кога влезе во училницата ги виде наведнати глави на учениците, тажни поради вчерашното отсуство на нивната драга учителка. Се исправија и на усните им се разлеа блага насмевка проследена со милозвучното: "Добро утро, драга учителке!"

Во тој момент Ирис беше безгранично среќна, а воедно и тажна. Ги забележа нивните погледи упатени кон нејзината жолта ѕвезда. Уште еднаш ги погледна сите и почна да плаче. Брзо ја напушти училницата, го напушти и училиштето и трчајќи стаса дома. Од тој ден не одеше на работа.

Деновите минуваа. На 11 март 1943 година, во големата група Евреи, собрани на железничката станица , беше и таа. За последен пат фрли поглед врз градот во кој беше родена, во кој оствари дел од своите идеали. А сега, каде ќе оди? Тогаш никој не знаеше да ѝ одговори.

*Сеад Балтиќ*, УМС "Јане Сандански", Штип

## МАРШОТ НА ЕВРЕИТЕ

Некаде помеѓу денот и ноќта,
сонцето и дождот, рајот и пеколот
се зададе по калливиот пат
маршот на Евреите.
Чекор по чекор се длабеа стапки
по улицата на судбината
која тивко им ги бележеше трагите
по пожолтените лица
а некаде длабоко,
во поривите
на нивниот исколван крвоток
тлееше надеж и желба
за малечко парче сон
за сува корка топлина.

Вербата е посилна од смртта
Во логорите на стравот
изгубени соништа
Разгневени мечти
се скриле во длапките
на човечкото слепило

Капка црвено сонце
дали некогаш ќе ги огрее
Мигот на вечноста
дали ќе ги заобиколи
по вообичаената прошетка
по човечките илузии?

И кога неслучајно ќе погледнам
во тешката внатрешност
на сегашноста
во мислите сé уште ме вознемирува
страшниот марш на Евреите

*Силвана Панова*

## ГЛАСОТ НА ЕВРЕЈКАТА

Животот не е страдање.
Страдањата се живот
ко мојов во дланкиве
кои само црнило допираат
го земаат себично
го чуваат само за себе
и дури почнав
да го љубам
толку силно
иако црнило е
немо голтам очај
и пијам кога сум жедна
болка, друго нема
друго не остана
кожава трепери
се ежи, не спие
не молчи,
не може да сака
љубовта ја расплетоа
гласниците на гревот омраза заплетоа
нудејќи ни ја
за возврат
заедно со
безшумната музика
на гревот
и молкот ми е помил
од смртта
а околу мене
сé потсетува на смрт
не сакам да умрам
не давајте ме
на крвопијците

кои го пијат
изгубениот поглед
од моето лице
не сакам да умрам
не давајте ме
на кртовите
кои го глодаат
ослабеното тело
од мрачниот ужас
не сакам да умрам
не давајте ме
на бездушните
коренот што ни го мразат
што би сакале
да ме снема
ко вас мили мои
не сакам да умрам
иако имам
само
очи
неисплакани солзи
усни
недоречени зборој
срце
незалечени рани
душа
која сè уште љуби
младост
која пружа раце
кон светлината
кон слободата
што ли гледаат проклетите
кога нè гледаат
нè деградираа
до бескрајот
Но зар стивна
гласот на Еврејката?

*Васка Илиева*, УМС, "Јане Сандански"

## ПОСЛЕДНОТО ПИСМО ДО ЧИЧКО ИСАК

Четворица сме уште од конвојов на мракот
со Отиња што тргнавме во душата болни,
Ноќва умира и Сара, низ градиве разгранува плач,
Ана, јас и Јаков безнадежност сме полни.

Декември нѐ голта и здивот во мразулци мрежи
а надвор сеништа живи во марш последен се губат,
Го видов Давид од Скопје престрелан сред логорот лежи
Над мртвите тела прокобата и смртта се љубат.

И Арон од Велес плачејќи вчера ќеркичката ја гушна
и збуцан од бајонет и премрен кон комори тој тргна
Јас не знам дал врисок тој зад себе слушна
од џелат што ја закла, од крвта невина што гргна.

Надзорникот иде. Сирената ечи по нашите мошти
завршува таа во нашите бездни, во нашиот строј
А сношти? Сонив низ Штип двајца шетавме сношти
Збогум брате, јас не бев Исак, туку само еден број.

*Маријана Газинкова*, Гимназија "Славчо Стојменски"

ДАВИДОВА ЅВЕЗДА

Суво утро, пепелаво.
Наместо петел ранобудец
истрели зора зазорија.
Одмина ноќта без збогум,
Во воздухот пискотници
на молбите, со пцости
Изгорен мирис ги разјадува ноздрите
го тера мовот да исуши
Од пепелта изрти пламен
Бликнува крв од утробата
од душата.
Не прашувај
која мисла ми го бразди челото
Кој ја испарува росата од моите очи
и зошто говорот ми е сé погорчлив.
Ја проколна ли некој
та прегоре ѕвездата златна
што гради ми грееше
та отвори најголема рана
во срцето мое и твое и негово
во срцата на шест милиони
за да згаснат молкум
оставајќи само пепелава трага
да ја носи ветрот
вчера, денес, утре,
како лузна, како бездна
Но, утрово се појави желба
за живот
и повторно светна
и шепна:
Проколната не е Давидовата ѕвезда

***Јован Делев***, ОУ "Ванчо Прке", Штип

## МОЛИТВА ЗА АНА

Немир се всели во мојата душа
Студенило ми ги зеде дамарите
Погледот закован за дневникот на Ана

Парче сино небо опкружено
со темни облаци е Аниното
"тајно скривалиште"
Се роди таму и воскресна
вистинската ТАА.
Се наведна и погледна
во душата. Кој направи
Евреите да страдаат повеќе
од другите луѓе. Се мешаат
сонот и јавето. Илјадници сеништа
оградени со бодликави жици.
Несноснив смрад на спржени
костури. Воздух обременет со реа
на еврејски сапун.
Тело вкалапено во сапун.
Дали мене тоа вистината
разумот ме лаже!
Се препушти на сонот и го допре
Петр.
Гестаповци бесмислено ѝ го
распарчија сонот.
Еден немирен дух осудија
на пцовисување, на небитисување.
Птица без крилја заробија
в кафез,
Едно новинарско перо згазија
и пеплосаа,
едно небо исцедија,

една младост згмечија
останаа само пожолтени страници
и една вистина голема колку вселената.
Илјадници Ани лутаа за
себепронаоѓање
илјадници срца треперea
за трошка бел ден-виделина.
Се витосаа в пустелија штура
Остана недорекот нивни
да говори за непрегорот
човечки.

*Содржина*


*Предговор* ..... 5

ПРИЛОЗИ ..... 9
*Трајко Донев* ..... 11
*Методија Соколовски* ..... 17
*Исак Сион, Хаим Леви* ..... 43
*Благоја Цветковски* ..... 79
*Киро Цацков* ..... 95
*Вера Весковиќ - Ванѓели* ..... 102
*Костадинка Васкова* ..... 125
*Димитриј Тартаковски* ..... 130
*Фетка Бојаџиска* ..... 134
*Трајко Донев* ..... 137

СЕЌАВАЊА ..... 143
*Фетка Бојаџиска* ..... 145
*Хаим Леви* ..... 149
*Исак Сион* ..... 158
*Исак Сион* ..... 171
*Васил Златев - Шиљо* ..... 182

*СПИСОК НА ЕВРЕИТЕ ДЕПОРТИРАНИ ВО ТРЕБЛИНКА* ..... 219

*УЧЕНИЧКИ ТВОРБИ "11 МАРТ 1943 - ШТИП"* ..... 241
*Добрила Јовева* ..... 243
*Марија Ашкилова* ..... 245
*Павлина Ренџова* ..... 248
*Наташа Пинѓова* ..... 250
*Драѓана Митровиќ* ..... 253
*Александра Бојаџиева* ..... 257
*Севинч Мехмети* ..... 258
*Сеад Балтиќ* ..... 261
*Силвана Панова* ..... 262
*Васка Илиева* ..... 264
*Маријана Газинкова* ..... 265
*Јован Делев* ..... 266

Печатница: ДАТА ПОНС, Скопје
Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Народна универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје
Штипските Евреи / група автори - Скопје, Еврејска зедница во Македонија, 1999. - 270 стр.: слики; 21 см.
Фусноти кон текстот - предговор Блаже Ристовски: стр. 5-6

ISBN 9989 - 878 - 24 - 2

Публикацијата е одобрена за предавање во печат од Еврејската заедница во Македонија (Одлука на Управен одбор на Еврејска заедница во Македонија бр. 27/3 од 28.1.1999 година). Печатењето е финансирано од Фондот на Еврејската заедница во Македонија. Според мислењето на Министерството за култура број 07 817/2 од 5. 2. 1999 година, за ШТИПСКИТЕ ЕВРЕИ се плаќа повластена даночна стапка.



СЕКАВАЊА

Си играв сама кога мама рече:
"Чедо ајде, ќе одиме некаде" - бледа беше.
"Каде мамо?" - го зедов само својто мече, и тргнавме.

Имаше многу луѓе, не бевме само ние,
мене ме носеше мама
и слушав како јако срцето нејзино бие,
а тажна бев и мислев дека сум сама.
Патувавме патем долго време.
Дали ми беше само вне тешко
или надвор беснееше невреме?
Го стегнав цврсто моето мече
исто како мама мене,
зашто мислев дека се плаши од мракот
како што мислеше мама за мене.
Вагонот беше преполн,
темен и гаден,
гладен-[illegible]ејќи мама ја гушнав
[illegible] образ ја бакнав
од солзи солен и од [illegible].
И не ми беше чудно
зошто солзите и течат,
зошто и јас [illegible].
[illegible]